**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“**

**ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

# ВГРАДУВАЊЕТО НА РОДОВАТА КОМПОНЕНТА ВО ДЕФИНИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС НА САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ: МОЖНОСТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СЕМЕЈНАТА ПОЛИТИКА

Менторка:
**Проф. д-р Слободанка Марковска**

Кандидатка:
**м-р Биљана Страмшак Ѓуровска**

## Содржина

Листа на кратенки.......................................................................... 4

ВОВЕД.......................................................................................................... 5

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ........................................................................................ 13

I ПОГЛАВЈЕ - РОДОВИТЕ ДИМЕНЗИИ НА РОДИТЕЛСТВОТО..............14

1.1. Историски и родови концепти на родителството...............................15
1.2. Родови улоги на родителите...................................................................16
1.3. Родови идентитети на родителите.........................................................19
1.3.1. Мајчинство.................................................................................... 24
1.3.2. Татковство..................................................................................... 26
1.4. Социјален и културен аспект на родителството – транзиција и трансформации.............................................................................. 28

II ПОГЛАВЈЕ - САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ..................................................31

2.1. Проблеми во дефинирање на поимот................................................ 32
2.2. Разновидност на поими и дефиниции присутни во литературата.... 35
2.3. Историја на самохраното родителство – историја на самохраното мајчинство.................................................................................. 38
2.4. Причини за промени во семејството и појавата на самохраните родители..................................................................................... 42
2.5. Начини на стекнување статус на самохран родител........................ 45
2.6. Проблеми на сиромаштија и стигматизација на самохраните родители..................................................................................... 47
2.6.1. Сиромаштија на самохраните родители............................. 47
2.6.2. Стигматизација на самохраните родители.......................... 49
2.7. Сиромаштијата на самохраните мајки............................................... 51
2.8. Самохраните родители – родова перспектива.................................. 53
2.9. Традиционални концепти на самохраното родителство и современата социјална реалност........................................................ 56

III ПОГЛАВЈЕ - РОДОВИ АСПЕКТИ НА СЕМЕЈНАТА ПОЛИТИКА.......... 59

3.1. Дефиниција и цели на семејната политика........................................ 60
3.2. Историски развој на семејната политика............................................62
3.3. Семејна политика и положбата на жената......................................... 68
3.4. Семејните политики, економската дискриминација и сегрегација на занимањата.............................................................................. 69
3.5. Семејна политика, структура на плата и родови стапици................ 71
3.6. Профили на семејна политика според улогата на хранител............ 73
3.6.1. Модел на цврст машки хранител........................................... 73
3.6.2. Модел на модифициран машки хранител............................ 75

3.6.3. Модел на мек машки хранител ............................................ 76
3.7. Родот и семејната политика ............................................ 77
3.8. Различни семејни модели – различни семејни политики ............................................ 79

IV ПОГЛАВЈЕ – САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ ВО ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И СЕМЕЈНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ............................................ 82

4.1. Родителското право во Република Македонија ............................................ 83
4.2. Постојните права на самохраните родители во македонското законодавство ............................................ 87
4.3. Родова анализа на семејната политика во Република Македонија.. 93
4.3.1. Социјална и семејна заштита ............................................ 94
4.3.2. Пензиско и инвалидско осигурување ............................................ 103
4.3.3. Работни односи ............................................ 104
4.3.4. Здравствена заштита ............................................ 109
4.3.5. Детска заштита ............................................ 112
4.3.6. Родова интеграција во македонското законодавство ............................................ 114
4.3.7. Меѓународни документи кои ја регулираат родовата рамноправност ............................................ 118

ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ ............................................ 121

1. Формулација на проблемот на истражување ............................................ 122
2. Цели на истражување ............................................ 123
3. Предмет на истражување ............................................ 124
3.1. Теоретско определување на предметот на истражување ............................................ 124
3.2. Дефинирање на клучните поими ............................................ 125
4. Хипотези во истражувањето ............................................ 127
4.1. Општа хипотеза ............................................ 127
4.2. Поединечни хипотези ............................................ 127
5. Метод на истражување ............................................ 128
5.1. Пристап – истражувачка стратегија ............................................ 128
5.2. Техники за собирање на податоци ............................................ 129
5.3. Дефинирање на истражувачкиот примерок ............................................ 131
5.4. Тек на истражување ............................................ 132
6. Резултати од истражувањето ............................................ 132
7. Дискусија ............................................ 174

ЗАКЛУЧОК СО ПРЕПОРАКИ ............................................ 207

Библиографија ............................................ 216

Прилози ............................................ 226

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЕЛС | Единици на локалната самоуправа |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| ЈУ | Јавна установа |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НВО | Невладини организации |
| НПАРР | Национален план за акција за родова рамноправност |
| ООН | Организација на Обединетите Нации |
| ПИОМ | Пензиско инвалидско осигурување на Македонија |
| ППП | Постојана парична помош |
| РМ | Република Македонија |
| СПИЛ | Проект за имплементација на социјалната заштита |
| СПП | Социјална парична помош |
| ЦСР | Центар за социјална работа |
| CEDAW | Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените |

## ВОВЕД

Прашањата за родот и родовите релации, сè повеќе се наметнуваат во социјалниот живот на луѓето во општеството. Тие стануваат предмет на интерес и дејствување како на тековните владини политики, така и на невладините организации. Односите меѓу мажите и жените, нивниот традиционален живот, разликите и општествените улоги стануваат значајни прашања од заедницата и составен дел на бројни дебати, дискусии, конференции. Постигнувањето рамноправност меѓу жените и мажите не е само женско прашање, туку прашање на човекови права и услов за социјална правда. Тоа е единствен пат за изградба на одржливо, праведно и развиено општество, и предуслов за постигнување на политичка, социјална, економска, културна и еколошка безбедност.

И покрај позитивните резултати и постигнатиот напредок на полето на родовата рамноправност, жените во многу земји, а особено во земјите во развој, сè уште се на маргините на општеството, сè уште се соочуваат со дискриминација, како на отворен, така и на прикриен начин. И додека жените сè повеќе и повеќе исполнуваат важни цели во општеството, конвенционалната претстава за нив и понатаму опстојува. Овој стереотип сугерира дека суштината на различноста на половите лежи во потчинувањето на жената и ја подвлекува старата поделба на улогите на мажите и жените, особено во односите во семејството.

Семејството како институција претрпе големи промени како резултат на транзицијата и плурализацијата на општеството. Се промени семејната структура, се зголеми стапката на разводи, се намали наталитетот, се одложува раѓањето на првото дете. Семејствата стануваат помалубројни, но се зголемува бројот на видови на семејства. Структурата на семејството станува сè поразновидна, се одржуваат различни животни стилови и се доживуваат длабоки промени во заедницата и во општествените односи.

Еден од поважните индикатори за трансформацијата на семејната структура е порастот на бројот на семејствата на самохраните родители.

Иако за нив можеме да говориме дека се одраз на отвореноста, сложеноста и различноста на променетите услови за живот, сепак мора да признаеме дека тие се поосетливи на притисоците на животните услови на кои се изложени. Од друга страна, од голема важност е начинот на кој заедницата ја доживува и прифаќа оваа нова семејна структура.

Република Македонија сè уште минува низ процесот на транзиција, а ефектите на општествена трансформација проследени со зголемена невработеност, намален животен стандард, зголемена сиромаштија, дејствуваат и на жените и на мажите. Последиците од општествената транзиција не се родово неутрални, и со тоа се оправдува прифаќањето на родовиот аспект во анализата на животот во такво општество. Под влијание на тековното секојдневие и актуелната економска криза сè повеќе се зголемуваат разликите меѓу луѓето, на економски, образовен и на културен план. Истовремено, разликите меѓу мажите и жените стануваат централна тема на нашето секојдневие, а новите современи трендови на глобализацијата ги погодуваат некои ранливи групи на жени, особено самохраните мајки.

Досега, во нашата земја не е спроведено поопсежно и подлабоко истражување за социјалниот статус на самохраните родители, кое би подразбирало и родова анализа. Недостигот на истражување на оваа категорија на граѓани веројатно се должи на фактот што во македонското законодавство не постои јасна дефиниција на поимот самохран родител, како и на непостоењето или недоволното законско регулирање на посебни права на самохраните родители. Истовремено, во РМ не е направена ниту анализа на родовата димензија на законодавството во областа на семејната политика, и покрај потребата за признавање на различните потреби на мажите и жените кои се наоѓаат во ист социјален ризик. При тоа, за преземање на позитивни мерки на семејна политика, неопходно е препознавање на проблемите и потребите на самохраните родители и нивните семејства во контекст на признавање на нивната положба во општеството и специфичноста на нивната животна ситуација.

Иако претставуваат особено ранлива категорија со изразени родови тонови, самохраните родители не се прецизно дефинирани со ниту еден закон во РМ. Во повеќе закони се издиференцирани одредени права и услуги кои може да го користи оваа категорија на граѓани, но сепак, поради недостигот на прецизна дефиниција на поимот, останува отворено прашањето, за кого конкретно се определени тие права и услуги. Недостигот на дефиниција резултира и со потребата од јасна определба за начините на кои одредено лице може да го стекне овој статус и неговото времетраење.

Сепак, одредени државни институции согласно својата надлежност собираат податоци за бројот на самохрани родители во РМ, со неизедначена терминологија. За прикажување на нивниот број, може да послужат податоците од ДЗС и ЗСД.

Според Пописот од 2002 година, во ДЗС се евидентирани 564.237 индивидуални домаќинства, поделени во различни категории. Меѓу нив се избројани 31.074 домаќинства на мајка со деца и 7.914 домаќинства на татко со деца[1]. Процентуално, од вкупно евидентираните 38.988 домаќинства на еден родител со дете или деца, 79,7% се домаќинства на мајка со деца, а 20,3% се домаќинства на татко со деца.

Согласно брачната состојба на мајката, во 2010 година се регистрирани 2958 вонбрачни мајки, а во 2011 година регистрирани се 2651[2]. Податоците се однесуваат на вонбрачни мајки на живородено дете.

Според ДЗС, во 2010 година се регистрирани 1720 разводи на брак, од кои во 43% имало издржувани деца. Од нив, 32% биле доверени на мајката, 9% на таткото а 2% и на мајката и на таткото. Во 2011 година регистрирани се 1753 раводи, од кои во 48% имало издржувани деца. При тоа, 37% биле доверени на мајката, 9% на таткото и 2% и на мајката и на таткото[3].

Во евиденцијата што ДЗС ја води за установите за дневно згрижување или сместување на малолетните деца, можат да се издвојат

[1] *Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, дефинитивни податоци,* Државен завод за статистика, (2005), стр. 46
[2] *Жените и мажите во Република Македонија*, Државен завод за статистика, (2012), стр. 17
[3] Op.Cit., стр. 23

податоци колку од нив живеат само со еден родител, и со кој од нив. Така, од евиденцијата на ЈУ за деца – Детските градинки, во 2010 година од вкупно 479 деца кои живееле само со еден родител, 62 живееле само со татко, а 417 само со мајка. Во 2011 година, од вкупно 548 деца кои живееле само со еден родител, 78 деца живееле само со татко, а 470 деца живееле само со мајка[4].

Од евиденцијата на установите за згрижување на деца без родители и родителска грижа (ЈУ Детски дом „11 Октомври" – Скопје; ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола и Приватна установа за згрижување деца без родители и родителска грижа СОС Детско село), во 2012 година биле сместени вкупно 142 деца кои предходно живееле само со еден родител, а од нив, 21 живееле само со татко, а 121 дете само со мајка. Само евиденцијата за децата сместени во установи за деца со воспитно-социјални проблеми (ЈУ за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" и ЈУ за рехабилитација на деца и млади) покажува скоро изедначена бројка. Имено, од вкупно 26 деца кои пред сместувањето во установа живееле само со еден родител, 11 живееле само со мајка, а 15 само со татко[5].

Со финансиска поддршка од канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, ЗСД го реализираше проектот „Ресурсен центар за лица во социјален ризик", чија цел беше воспоставување на изедначена електронска евиденција на корисниците на социјални услуги во сите ЦСР во РМ. Базата на податоци (Лирикус) стана оперативна во октомври 2010 година, и во неа тековно се евидентираат податоци за 26 категории на лица во социјален ризик. За потребите на овој труд, од програмата се извадени податоци за лица со нарушени брачни и семејни односи (разведени лица), и за самохрани родители[6]. Во програмата Лирикус евидентирани се вкупно 1959 разведени парови и 2177 малолетни деца на кои ЦСР им дава услуга, уредување на начинот на одржување на лични односи и непосредни контакти меѓу детето и родителот на кој

---

[4] *Јавни установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки, 2011*, Државен завод за статистика, (2012), стр.12

[5] *Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2011-2012*, Државен завод за статистика, (2012), стр.22

[6] Овие податоци се извадени од базата на програмата Лирикус во ЗСД, со напомена дека презентираните податоци ги опфаќаат електронски внесените досиеја до 31.12.2012 година.

детето не му е доверено при развод на брак. Од вкупниот број на деца, за 1370 е даден предлог да се доверат на мајката, 508 на таткото, 3 на трето лице и за едно дете е даден предлог да се смести во установа. За 295 деца не е даден одговор за каде е даден предлог за доверување.

Во недостиг на јасна дефиниција за поимот и категориите на лица кои можат да се препознаат во статусот на самохран родител, во програмата Лирикус тие се евидентирани по сопствено наоѓање на стручните работници од ЦСР. Во оваа категорија, вкупно се евидентирани 116 самохрани родители, од кои 32 (27,59%) мажи и 84 (72,41%) жени.

Сите статистички податоци покажуваат дека во реалноста, најголемиот број на самохрани родители се жени.

Независно од полот, тешко е да се биде самохран родител. Можат да се издвојат неколку основни проблеми со кои се соочуваат самохраните родители, особено самохраните мајки. Прво, треба да се истакне проблемот на предрасуди кон статусот – самохран родител. Кога станува збор за вдовица или вдовец, трагедијата е сама по себе голема и секој хуман човек чувствува загриженост за детето/децата кои остануваат само со еден од родителите. Но, македонското општество не е толку сензибилизирано кога станува збор за децата кои живеат со еден од родителите поради развод на брак или прекин на вонбрачна заедница, а самохраното родителство од страна на обичниот граѓанин, најчесто се перцепира токму преку оваа категорија. Трагедијата е уште поголема кога би станало збор за жена која сакала да роди дете без признавање на татковство, или да добие дете како резултат на вештачко оплодување. Следствено, како проблем се јавува и недостигот на сила на самохраните родители за континуирана борба, недостиг на кампањи и лобирање кои би помогнале во отстранувањето на предрасудите на општеството кон оваа категорија на граѓани. Целиот процес започнува од долгите бракоразводни постапки, релации суд – ЦСР, често и од изложеноста на семејно насилство, неможност на децата да им се обезбедат ни најосновните работи, презир кај работодавците, и така натаму. Како проблем се јавува и фактот што самохранитеа мајки најголем дел од времето го вложуваат во одгледување на детето/децата

и друга неплатена работа во домот, потешко наоѓаат работа отколку мажите, а и кога имаат работа, платата им е пониска од онаа на мажите.

Понатаму, кај самохраните мајки по развод на брак како проблем се јавува неплаќањето или пак нередовното плаќање на законската издршка за дете. Според стариот Закон за социјална заштита, законската издршка се вбројуваше во приходи на домаќинството, и тоа беше пречка за остварувањето на правото на ППП. Согласно новата законска регулатива, законската издршка доколку изнесува до 5000 денари не се вбројува во приход на домаќинството, но ако е повисока од оваа сума, повторно ќе претставува пречка за остварувањето на ова, со закон загарантирано право.

Трет проблем е сиромаштијата на самохраните родители, најчесто на самохраните мајки, што доведува до феминизација на сиромаштија. Но, главен проблем не е директна дискриминација на половите, туку интеракцијата меѓу општествената положба на жената и улогата во семејството. Сиромаштијата на жените е изричито поврзана со семејниот статус, што особено доаѓа до израз кога жената е самохран родител. Сиромаштијата ја погодува женската популација со најголем интензитет, имајќи предвид дека жената најчесто нема рамноправен пристап со мажот кон економските извори на егзистенција од една страна, а од друга, сиромаштијата го погодува целото семејство, па сепак, поради природата на одговорноста што ја има жената во семејството, сиромаштијата ја погодува многу повеќе жената отколку мажот. Феминизацијата на сиромаштијата е поврзана со недостигот на пристап до економските ресурси, кредит, наследство, сопственост на земјиште или поточно кажано отсуство на економски можности, продуктивни ресурси, услуги за жената и нејзината автономност.

За да можеме да ја обликуваме општествената, а воедно и семејната улога на самохраните родители, неопходно е, од една страна, да ја земеме предвид тежината на историската традиција и наследството, а од друга страна, да ги анализираме рефлектирањата од севкупните социо-политички притисоци и состојби кои директно или индиректно влијаат на нивната денешна положба во нашата земја.

Иако постојното законодавство е високо усогласено со меѓународно предвидените стандарди во областа на социјалната заштита и родовата рамноправност, сепак, останува отворено прашањето за имплементирање на усогласените законски прописи, како и воочливата неповолна состојба на жената во семејството и општеството, поради изразениот расчекор меѓу правната и фактичката положба на жените. Поради тоа, се наметна потребата за спроведување на пообемно истражување на фактичката положба на самохраните родители во нашата земја.

Во овој труд статусот на самохраните родители се разгледува од два аспекти, родовиот и социјалниот, и се анализира актуелната семејна политика во однос на подобрување на нивната положба во општеството. И покрај тоа што во македонското поднебје сè уште преовладува традиционалното сфаќање на семејните улоги на партнерите, во овој труд се повикувам на практиката на многу европски земји која покажува дека семејната политика може да послужи не само како инструмент за поддршка на луѓето да ги одгледаат своите деца или за совладување на последиците од демографските кризи, туку и како ефикасна алатка за постигнување на родова рамноправност и одговор на економските предизвици на модерниот свет.

Семејната политика треба да ги усогласува целите и аспирациите на различните семејни модели во секое општество и да предизвикува трансформации на современиот семеен модел кој често останува само како форма на различни партнерски односи. Државата треба да одговори на предизвиците кои доаѓаат во модерно време.

Во однос на структурата, трудот содржи 4 теоретски поглавја.

Во првото поглавје се говори за родовите димензии на родителството, преку прикажување на родовите улоги и идентитети на родителите, родот и мајчинството – татковството, и преку социјалниот и културниот аспект на родителството, транзиција и трансформации.

Второто поглавје ги опфаќа проблемите во дефинирањето на поимот самохран родител, како и причините за промена во семејството и појавата на самохраните родители. Истовремено, во ова поглавје е

разработена родовата (не)рамноправност во проблемите на самохраните родители.

Во третото поглавје се разработени различни подрачја на семејната политика, од аспект на нејзино дефинирање, цели, историски развој, профили на семејна политика според улогата на хранител, како и родови прашања од аспект на семејната политика.

Во последното, четврто поглавје, предмет на анализа се родителското право и положбата на самохраните родители во системот на социјалната заштита во РМ. Во овој дел, од родов аспект се разработени и правата и услугите што државата ги нуди на семејството, од аспект на социјална и семејна заштита, пензиско и инвалидско осигурување, работни односи, здравствена и детска заштита, како и родовата интеграција во македонското законодавство и меѓународните документи кои ја регулираат родовата рамноправност.

Трудот содржи и истражувачки дел во кој се прикажани резултатите од истражувањето со сите актери кои имаат определена улога во заштитата на семејството, на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства. Целта на спроведеното истражување е да покаже дали семејната политика во РМ е родово сензитивна и дали може да ги задоволи потребите на самохраните родители.

Се очекува дека од резултатите од истражувањето и препораките од овој труд ќе произлезат нови идеи и можности за вградување на родовата компонента во дефинирањето на социјалниот статус на самохраните родители, со надеж за унапредување на семејната политика. Истовремено, се очекува дека овој труд ќе поттикне ново размислување и поинаков пристап во разбирањето и интерпретирањето на различните потреби и проблеми на мажите и жените кои се наоѓаат во ист социјален ризик.

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# I ПОГЛАВЈЕ

# РОДОВИТЕ ДИМЕНЗИИ НА РОДИТЕЛСТВОТО

## 1.1. Историски и родови концепти на родителството

Во текот на историјата, се менувало сфаќањето за значењето на родителството. Се чини дека во западните општества во поново време, традиционалниот став за централната положба на детето во животот на возрасните бледее пред вредностите на индивидуализмот и материјализмот. Тоа се одразува во индувидуалните одлуки за (не)раѓање дете, желба за слободно одлучување, самопотврдување во кариерата, ослободување од материјалните и временските ограничувања, слобода во изборот на работното место и слободното време. Сепак, и денес родителството предизвикува силни промени во животот на возрасните. Тоа го менува мислењето, чувствата и однесувањето на родителите, ја менува нивната сопствена слика за себе си, и сликата која за нив ја има околината. Субјективното доживување на родителството е значајна промена во целокупниот идентитет на поединецот, што Сабатели и Валдрон (Sabatelli & Waldron), го опишуваат низ три димензии:

- родителско задоволство, кое го опфаќа задоволството од брачниот партнер, односот родител – дете и сопствениот успех во улогата на родител,

- барањата и стресот во родителските улоги, кои се надворешни притисоци за остварување на родителската улога во согласност со очекувањата и нормите на околината, временски и економски ограничувања, влошени односи со брачниот или вонбрачниот партнер, и

- чувството на родителската компетенција, за тоа колку родителот е способен и успешен како родител, за сопствената ефикасност и самопочитта[7].

Двата родитела носат и две субјективни доживувања на родителството, мајчинство и татковство. Историски гледано, родителството секогаш се поистоветувало со мајчинство, што се потврдува со постоечките истражувања во кои биле вклучени само

---

7 Sabatelli, R.M., Waldron, R.J., (1995.) Measurement Issues in the Assessment of the Experience of Parenthood, in *Journal of Marriage and the Family N. 57, p. 969-980*, p. 971

мајките. Дури на почетокот на 90-те години на XX век татковството почнало да се прифаќа како независен и посебен облик на родителство. Дури и истражувањата на мајчинството ја покажувале важноста на влијанието на таткото врз детето, поради неговото влијание на мајката, а постепено, сè повеќе се истакнувало и независното влијание на татковците врз развојот на детето, како посебен и специфичен аспект на родителство. Истражувањата за татковството добиле поголема важност, бидејќи современите општества поставуваат сè поголеми барања од татковците, во смисла на потполно и сеопфатно преземање на татковската улога.

За разлика од традиционалното сфаќање дека родителството може да се поистовети со мајчинството, дека мајчинството (за разлика од татковството) е биолошки втемелено, а со тоа и нераздвоен дел од идентитетот на жената, современиот поим на родителството се сфаќа како „рамноправно родителско партнерство“[8]. Рамноправните родителски партнери ги одбиваат традиционалните социјални притисоци, врежаните стереотипи за мајчинството и татковството, и родово поделените работни улоги во и вон домот. Тие заеднички и флексибилно одлучуваат за поделбата на обврските околу децата, и тоа согласно начелото за целисходност, економичност и правична распределба на материјалните и временските ресурси, а не според начелото на „машки“ и „женски“ работи, „мајчински“ и „татковски“ обврски. Со таквото заедничко родителство се избегнува негативната семејна клима која може да настане поради преоптовареноста на мајката, исклученоста на таткото или поради изразената родова поделба на трудот.

## 1.2. Родови улоги на родителите

Рибенс (Ribbens) сугерира дека улогите на мајките и на татковците се различни, дека тие имаат различни елементи на родителското

[8] Deutsch, F. M., (2001), Equally Shared Parenting, in *Journal of Current Directions in Psychological Science N. 10, p. 25-28,* p. 26

однесување кон нивните деца. Генерално, различните перспективи означуваат дека социјалните очекувања поврзани со статусот и позицијата на секој родител, влијае на моделот на однесување кој се очекува од нив. Мајчинството е концептуализирано како експресивен модел (модел на грижа и нега), додека татковството како инструментален модел (модел на „мост“ меѓу семејството и надворешниот свет)[9].

Ако се зборува за социјални конструкти, татковството се концептуализира во контекст на широк процес на демократизација и индивидуализам, и исто така е поврзано со ставот дека татковството е „во криза“. Еден од најзначајните аспекти на овој став е дека и во современиот начин на живот, мажите се придржуваат до улогата на „хранители“ во семејството, додека, од друга страна останува претпоставката дека мајчинството е суштински вкоренет „женски идентитет“.

Спротивно на ова, други автори сугерираат дека, наместо поткопување на позицијата на таткото во семејството, структуралните и економските промени означуваат дека „хранителството“ не е повеќе „синоним на машкоста“. Затоа, овие промени им нудат на татковците можност за излез од традиционално нормативните улоги, и откривање на еден „нов“ начин да се биде татко[10].

Во тој контекст, „вклученоста на татковците“ е пожелна цел за социјалната политика. Досега, ова е еден нејасен концепт без прецизна дефиниција, и исто така е многу тешко да се „знае“ квантитетот, или да се „измери“ природата на вклученоста на татковците од историска перспектива. И навистина, историските модели на татковството се многу малку познати. Веројатно, како што истакнуваат МекКи и О'Брајан (McKee and O'Brien) тие се разликувале според социјалните и структуралните фактори, како на пример, социјалните класи и географскиот регион[11].

---

[9] Ribbens, J., (1994), *Mothers and Their Children: A Feminist Sociology of Child Rearing*, London, SAGE Publications, p. 17
[10] Shulman, S., Seiffge-Krenke, L., (1998), *Fathers and Adolescents - Developmental and Clinical Perspectives*, London, Routledge, p. 34
[11] McKee, K., O'Brien, M., (1982), *The Father Figure*, London Tavistock, p. 34

Исто така, широките општествени и економски промени означуваат дека татковците не се во можност да ги следат „традиционалните“ модели на родителство, но исто така, не им е на располагање ниту алтернативен модел на „грижливо“ татковство. Од друга страна, верувањето дека мајките (речиси секогаш) ќе се грижат за своите деца и ќе ги негуваат, веројатно никогаш нема да се соочи со сериозен предизвик, и затоа, татковците и понатаму ќе имаат значителен степен на „волонтерство“ во родителството[12].

Претпоставката дека „наклонетоста“ за грижа може да се пронајде во развојот на родовите улоги на индивидуално ниво, игнорира спектар на директни влијанија на искуството на луѓето за родителство. Од аспект на самохраното родителство, Андерсон (Anderson), истакнува дека разликите во родителството и „ненадејното“ татковство укажуваат на тоа дека не само што мајките и татковците се суштински различни во своите родителски улоги, туку и дека грижата за децата е нешто што треба да се научи. Се разбира, од татковците[13]!

Затоа, Силва (Silva) истакнува: „Машкото родителство е само додаток на женската грижа. Ако грижата на мајките се сфаќа како „природна“, на ист начин како што татковството не е, тогаш активноста на татковците може да се сведе на биолошки акт, додека мајчинството претставува сложен сет на знаења“[14].

Од друга страна, феминистичката психологија укажува на фактот дека мајките, исто така, можат да чувствуваат амбивалентност кон своите деца, и дека не сите мајки се нежни и грижливи. Мајчинската грижа исто така е предмет на варијации. Сепак, аргументите кои тврдат дека репродукцијата на родово специфичното однесување, како што се грижата и негувањето, главно се психолошки, несвесни процеси, не водат доволно сметка за социјалната конструкција на родот, затоа што, како што тврди Грахам (Graham), „родот не е психолошки ентитет“[15].

---

[12] Ferri, E., Smith, K., (1996), *Parenting in the 1990s*, Family Policy Studies Centre, London, p. 37

[13] Anderson, K.J., et all., Requirements, Risks and Responsibility: Mothering and Fathering in Books about Raising Boys, in: *Analyses of Social Issues and Public Policy, Vol. 2, No. I., 2002, p.p.205-221, p. 210*

[14] Silva, E.B., (1996) *Good Enough Mothering?*, London, Routledge, p.62

[15] Graham, H., 1983, Caring: a Labour of Love, in: *A labour of Love: Women, Work and Caring,* London, Routledge, p.26

Без оглед на начинот на постигнување баланс меѓу грижата за домот и работните обврски, современите мајки страдаат од ограничувања што ги наметнува домаќинството. Затоа и родовиот систем се опишува како разлика помеѓу пазарот на трудот и домашниот труд на начин кој ги маргинализира и уништува оние кои ги вршат истите. Поради тоа, Пуг (Pugh) ќе истакне дека „Економијата е поделена на мајки и други. Мајките живеат низ призмата на три социјални пораки. Прво, дека успешниот работник е неограничен, целосно посветен, идеален (а со тоа и машки) работник, второ, дека платената работа е повеќе ценета и повеќе вреднувана од домашниот труд, и трето, дека најдобро е мајчинството да биде само интензивно и алтруистичко“[16].

И политички, и идеолошки, мајчинството е под силен притисок. Сепак, централно е прашањето за вклученоста на татковците, кои се ограничени од мајчинската „експертиза“, која ги маргинализира татковците како даватели на грижа за децата. Иако Билер (Biller) истакнува дека мајчинството и татковството имаат повеќе сличности отколку разлики во однос на заштитата, негата и грижата за децата[17], сепак, прашањето за сличностите и разликите останува едно од високо спорните прашања.

Од друга страна, иако стапката на фертилитет се намалува, тоа не значи дека во грижата за децата се вложува помалку време и енергија. Сепак, повеќето луѓе, и мажи и жени имаат тенденција да ја доживеат поделбата на домашниот труд и грижата за децата низ „традиционалните“ родови линии.

## 1.3. Родови идентитети на родителите

За опстанок на секое општество, есенцијално е да се родат деца, да се згрижени и заштитени. Но прашањата, кој ќе ја преземе одговорноста за тоа, под кои услови, до кој степен оваа обврска треба да се практикува, остануваат едни од најспорните области на

---

[16] Pugh, J.A., (2005), *Selling Compromise: Toys, Motherhood, and the Cultural Deal*, SAGE Publications, p. 78

[17] Biller, H., (1993), *Fathers & Families-Paternal Factors in Child Development*, Greenwood, Westport USA, p. 26

општествениот живот. Чувањето и одгледувањето на деца е главен приоритет на сите општества, влијае на сите членови, но најголем дел од обврските сепак го вршат жените. Зголемувањето на обврските на жените за одгледување на децата влијае не само на пазарот на труд, туку има и доживотен економски ефект[18]. Во својата книга, „*Втората смена*", Хокчилд (Hochschild), истакнува: „Жените како мајки се тие кои ја преземаат „втората смена" на домашниот труд, независно од нивната партиципација на пазарот на трудот"[19].

Длабоките промени на семејната структура во втората половина на XX век, го предизвикале и академскиот и политичкиот интерес. Големи промени се случиле во моделите на партнерствата, родителството и вработувањето, па така Бертхоуд (Berthoud) ќе истакне дека „природата на семејството се трансформираше во текот на цела една генерација"[20].

Истражувањата за родовата поделба на платената работа, покажуваат дека домашната работа е првенствено „женска" работа, и покрај фактот што татковците изразувале желба да бидат „повеќе вклучени" во грижата за децата, но примарно како „хранители"[21]. Значајните општествени и економски промени не биле проследени со слични поместувања во машките и женските активности за грижа во средината во која се одвива семејниот живот. Иако денес, во дискусиите за домашниот труд го користиме терминот „неплатен труд", домашните активности историски биле обезвреднувани поради нивната поврзаност со трудот на жените. Домашниот труд бил невидлив и непознат, бидејќи е приватен, неплатен, вообичаен, сработен од жени и се меша со љубовта и со слободното време. Со оглед на неговата економска и социјална маргинализираност, определувањето на овој труд на жените се состоел само во негативни одредници со јасна потценувачка смисла. Во дефинирањето на домашниот труд на жените, Анѓелка Милиќ ги издвојува следниве „епитети": „...тоа е непроизводствен,

---

[18] Hakim, C., 1996, *Female Heterogeneity and the Polarisation of Women's Employment*, London, The Athlone Press Ltd, p. 14

[19] Hochschild, A.R., 1989, *The Second Shift*, New York, Avon Books Inc., p. 17

[20] Berthoud, R., 2000, *The dynamics of Social Change, in Seven Years in the Lives of British Families: Evidence on the Dynamics of Social Change from the British Household Panel Survey, Bristol*, The Policy Press p.1-20, p. 3

[21] Warin, J., at all., (1999), *Fathers, Work and Family Life*, London, Family Policy Studies Centre, p. 48

непрофитабилен, нерентабилен, неразменски, труд од примитивен вид, бесплатен, потценувачки, општествено незначаен, без трајна вредност, рутински, некреативен, неформален, општествено неприфатлив"[22]. Но, оваа перспектива на внатрешни и надворешни улоги е доведена под знак прашалник поради динамичната природа на родот.

Есенцијалните конструкции на мајчинството ја поткрепуваат идејата дека мајките се соочуваат со предизвиците на родителството „полесно", и дека е сосема „природно" да бидат подобри родители во грижата за своите деца. Мајчинството е концептуализирано како „инстиктивно", за разлика од татковството, на кое се гледа како на зависно научено однесување. Тоа значи дека елементите на „ново" или „инволвирачко" татковство, според Луптон и Барклеј (Lupton and Barclay) можат да бидат особено проблематични за мажите[23]. И уште повеќе, мајчинството не само што е прикажано како вкоренет инстинкт, туку и како дел од женственоста. Се смета дека, да се биде мајка е „природен" феномен за жените, а не како нешто што му се заканува на женскиот социјален идентитет. Тоа не важи за татковците, татковството е различно од машкиот род. Затоа не се поставува прашањето, колку мажите се подготвени да направат транзиција во родителството, туку, кои процеси се инволвирани во асимилацијата на татковскиот идентитет во социјалниот идентитет на мажите?

Голем дел од политичките и идеолошките дебати за татковството во текот на последните две декади, биле фокусирани на нерезидентност, или на отсутноста на татковците и недостатоците на нивна одговорност, иако ситуацијата е многу посложена отколку што се сугерира. Затоа, Брадшоу и други (Bradshaw, I., at all), истакнуваат дека групите за човековите права на мажите се спротивставиле на овие дебати, тврдејќи дека двете структури и социјални ставови ги дискриминираат татковците и нивната вклученост во семејниот живот. Тие наведуваат три клучни прашања за вклученоста на татковците во семејниот живот. Првото е дека, во дводородителските семејства учеството на таткото во грижата за децата може да е лимитирано од нивното придржување кон идентитетот

[22] Milic, A., (2001), *Sociologija porodice*, Cigoja, Beograd, str. 87
[23] Lupton, D., Barclay, L,, (1997), *Constructing Fatherhood: Discourses and Experiences*, London Sage, p. 35

на главен хранител во семејството. Второто се однесува на врската меѓу идентитетот на главен хранител во семејството и платената работа, што ја објаснува разликата меѓу двете форми на работа, платената и неплатената (домашната). И третото, се однесува на содржината на неплатената работа на татковците, особено за грижата за децата[24].

Иако машкиот идентитет на родител во двородителските семејства е поврзан со нивната „хранителска" улога, некои автори сугерираат дека одговорноста за децата после развод на пример, може да означува дека татковците треба да го „преработат своето родителско сценарио"[25]. И повеќе од тоа, Морган (Morgan) сугерира дека семејните односи можат да бидат и извор на промени во родовите искуства[26].

Студиите кои го испитувааат родителството на татковците во контекст на менување на структурата на семејството и во контекст на родителство после развод на брак на пример, не дале одговор за тоа како татковците го градат знаењето за нивните активности за грижа за децата, како и за околностите во кои тоа се одвива. Рудич (Ruddich) го истражувала прашањето, што значи самохраното родителство за татковците, како и начините на кои „примарната одговорност" за децата ќе ја преземат татковци. Сето тоа зависи од социјалните услови. Татковците кои стануваат примарни носители за грижата за децата, се соочуваат со три клучни предизвици кои се резултат на брзите промени во социјалните услови. Прво, непосредно да одговорат на потребите на децата, второ, да се соочат со обврските од домашен контекст, и трето, да ги усогласат првите две, со нивните работни обврски[27]. Искуството на мажите како самохрани татковци е поврзано со пошироки прашања кои ја вклучуваат природата на татковството: одговорноста за децата, платениот труд и социјалниот идентитет.

Практичната смисла на грижата за децата има широк ранг на импликации за начинот на кој мајките и татковците го искусуваат родителството: неплатената работа (домашниот неплатен труд и

---

[24] Bradshaw, I., et all., (1999), *Absent Fathers?*, London Routledge, p. 96
[25] Smart, C., Neale, B., (1999), *Family Fragments?*, Cambridge, Polity Press, p. 55
[26] Morgan, D.H,J., (1996), *Family Connections: An Introduction to Family Studies*, Cambridge Polity Press & Blackwell Publishers Ltd, p. 79
[27] Ruddich S., (1994), Thinking Mothers/Conceiving Birth, in: *Representations of Motherhood, New Haven CT*, Yale University Press, p. 29-45

грижата за децата) претежно се реализирани од жени, додека платениот труд е својствен за социјалниот идентитет на мажите како „добри" татковци. Самохраното татковство нуди можност за истражување, како теоретските граници меѓу „традиционално" и „инволвирачко" татковство, грижата за децата и неплатениот домашен труд се спогодуваат со содржината на нормативните очекувања од татковството и практичните очекувања кои произлегуваат од грижата за децата.

Идејата за фиксен родов идентитет е проблематична, бидејќи се оддалечува од фокусот кон децата кои бараат грижа и заштита. Сепак, ја следи современата логика на „вклученоста" на таткото, која сугерира дека татковците треба да „учат" да бидат добри родители, и дека тие не можат да бидат добри како мајките, бидејќи на мајките се гледа како на „природни негователки".

Родителските практики се наметнати од родовите идентитети[28], кои може да се гледаат како продукт на интеракција меѓу современите дискурси и социјалните практики. Според Морган (Morgan), родот може да биде разбран во услови на разлики или на нееднаквост, и треба да го концептуализираме како процес[29]. Тоа ќе овозможи поголемо разбирање на родот и на семејството, и понекогаш и на нивната контрадикторна природа. Затоа Морган сугерира дека треба да се внимава да не се дозволи социолошките анализи да ја прикријат природата на родовите разлики или нееднаквости, укажувајќи дека јазикот на социолошката наука се употребува на начин со кој се прикриваат разликите меѓу мажите и жените. Според тоа, ако родот е разбран (како што сугерира Морган), како нешто што луѓето го прават, тогаш е можна анализата на мајчинството и татковството како две лица на родителските практики на грижа за децата.

---

[28] Dienhart, A., (1998), *Reshaping Fatherhood - The Social Construction of Shared Parenting, London*, Sage, p.107
[29] Morgan, D.H,J., (1996), *Family Connections: An Introduction to Family Studies*, Cambridge Polity Press & Blackwell Publishers Ltd, p. 75

### 1.3.1. Мајчинство

Што е мајчинство? Индивидуално искуство на жената која родила бебе или социјална улога која се „игра“ во согласност со нормите на културата или социјалната група? Иако жените се биолошки предодредени да родат и да дојат дете, дискурсот на биолошката конституција на жените нема никаква врска со посуптилните морални аспекти на улогата на мајката. Фактот дека љубовта на мајките се смета за транс-историски факт за постоењето на човекот, не е доказ дека овој став е универзален.

Со други зборови, ако природата на женското тело определува дека жените се предодредени за мајчинството, начинот на кој жените ја вршат оваа улога со векови, вклучувајќи морални ставови и општествените очекувања, има слаба врска со биолошките факти. Тоа веројатно е културен феномен што произлегува од машкиот поглед на женственоста и мајчинството. Сепак, во сите култури, некако „здраво за готово“ е прифатен фактот дека само жените треба да се грижат за децата. На овој начин, мајчинската функција останува еден од универзалните и трајни елементи на поделба на трудот според полот.

Основа за прифаќање на „оправданата“ улога на мајките во бракот и семејството е верувањето дека поделбата на улогите меѓу мажите и жените е комплетно природна, и дека врската меѓу мајката и детето има посебен карактер. Но, биолошките објаснувања се критикувани од голем број автори, кои сметаат дека разликите меѓу мажите и жените се резултат на процесот на социјализација, преку кој припадниците на двата пола се учат на одредени улоги дефинирани според нормите на културата. Според Елиот (Eliot), „Митот за мајчинството е инструмент на репресија со кој на жената ѝ се забрануваат сите активности и односи што се одделени или спротивставени на нејзината улога на мајка“[30].

Но, мајчинството го надминува полот, и затоа биолошкиот факт на раѓање треба концептуално да се разграничи од мајчинството кое вклучува активна посветеност на заштита и грижа. Поради

---

[30] Elliot, F. B., (1986), *The Family: Change or Continuity,* Macmillan Education, p. 54

размислувањето за мајчинството како потребен одговор за грижата за децата, „мајчинската работа“ не треба да се меша со поимот биолошка мајка[31]. Значи, иако грижата за децата генерално ги вклучува мајките и има силна поврзаност со приватната сфера на домот и семејството, може да се забележи дека семејните врски можат сами по себе да станат извор за промени во родовиот распоред.

Паралелно со идејата дека грижата за домот и за децата е во суштина женска работа, историски е прифатено дека и местото каде што се одвива грижата (домот) е женска територија. Грижата за децата вклучува задоволување на нивните физички потреби во контекст на домашна средина. Сепак, и покрај промените во структурирањето на семејството, дистрибуцијата на домашниот труд останала структурирана низ родови линии.

Истовремено, мајките ќе мора да научат да постигнат рамнотежа помеѓу веќе постоечки идентитети (сопруги, вработени жени) и новиот идентитет, како мајки[32]. Најкомплексна задача се чини дека е компромисот меѓу улогата на мајка и професионалниот труд. Секоја жена наоѓа своја стратегија за решавање на неизбежниот конфликт меѓу барањата на работното место и грижата на децата, и овие решенија играат клучна улога во успешната интеграција на старите и новите задачи.

И покрај постоечката идеја дека мајчинството треба да е универзално прифатено како единствен, дури и главен извор за грижа и заштита на децата, сепак, како што истакнува Силва (Silva), „мајките остануваат централно прашање во современите дебати за улогата на таткото како родител“[33].

---

[31] Ruddich S., (1990), *Maternal Thinking: Towards a Politics of Peace*, London, The Women's Press, p.47

[32] Ambrosini. A., Stanghellini. G., (2012), Myths of motherhood. The role of culture in the development of postpartum depression, in: *Ann Ist Super Sanità 2012 | Vol. 48, No. 3: 277-286* , Università degli Studi “G. d’Annunzio”, Dipartimento di Scienze Biomediche, Chieti, Italy, p. 280 (според Stern)

[33] Silva, E.B., (1996) *Good Enough Mothering?*, London, Routledge, p. 73

### 1.3.2. Татковство

Промените на традиционалните идентитети, култури и институции (како на пример семејството), се особено дискутабилен концепт. Кога станува збор за родот, се поставува прашањето дали современите трансформации можат да ги надминат крутите идеолошки, религиозни и културни претпоставки. Во рамките на дебатите за промената на институцијата семејство, особено на улогите кои се одигруваат во рамките на тој социјален простор, спорно е дали вистинската распределба на нови должности на родовите улоги може да ги надмине старите ригидни „норми".

Слични дилеми се препознаваат во дискусиите за новите родови улоги на татковците. Се поставуваат прашањата, што е татко, какви видови на татковство постојат, како се менувала улогата на таткото низ историјата и што ги предизвикало промените. Невозможно е да се дадат одговори на овие прашања без комплетно разбирање на процесите кои го обликуваат секојдневниот живот на семејството. Преку процесите на модернизација, индивидуализација, правење избор и детерминизам, татковството се обликува преку личен избор, партнерски конфликт или пак, се потпира на сè она што е прифатено во општеството како целина.

Врската меѓу родителите, децата и семејна структура е постојано променлива. Традиционалната улога на татковците како хранители на семејството е под постојан притисок. Дун (Dunne) аргументира дека родот е социјален конструкт, и дека традиционалните женски полиња на работа треба да се препознаат и вреднуваат. И повеќе од тоа, тој тврди дека: „Доколку мажите станат повеќе слични на жените, до степен на кој жените станаа повеќе слични со мажите, тоа може да предизвика промени и во патријархатот и во капитализмот"[34]. Ова сугерира дека промена во културата е потребна, како што во Шведска на пример, да се биде татко е круцијален дел од идентитетот на мажот[35].

---

[34] Dunne, G.A., (1999), A Passion for 'Sameness'? Sexuality and Gender Accountability, in: *The New Family?*, London, Sage p.p. 66-82, p. 69

[35] Bergman H., Hobson B., (2002), Compulsory Fatherhood: the Coding of Fatherhood in the Swedish Welfare State, in: *Making Men into Fathers: Men, Masculinities and the Social Politics of Fatherhood*, Cambridge, Cambridge University Press, p. 92-125, p. 106

Од аспект на грижата на татковците за децата, не треба да претпоставуваме дека татковците „се грижат“ исто како мајките, но исто така, не треба ни да претпоставуваме дека „родовата грижа“ е фиксен феномен. И како што истакнува Герсон (Gerson): „Еднаквоста“ не значи „идентичност“, но имплицира дека татковците треба да имаат фер и правичен дел од грижата за децата[36]. Имајќи ја предвид модерната репродуктивна технологија, во својата централна теза дека „мајчинската“ работа е работа која можат да ја вршат и мажи и жени, Радик (Ruddick) нагласува: „Биологијата не е фиксна, немаме идеја за потенцијалите и/или за границите на машките и женските тела во општество ослободено од родови стереотипи, општество кое ги почитува жените“[37].

Сепак, интимноста меѓу татковците и децата најчесто се прикажува како нешто што има хуманизациски и цивилизациски ефект на мажите. Но, не е можно разграничување на анализите на семејството и на родот од социјалните услови во кои тие егзистираат. Затоа, концептот на „машкоста“ го заматува вистинското прашање за родовите релации[38]. Потребно е разбирање на татковството од гледна точка во која се препознаени и социјалните и економските промени, со цел да се избегне материјализирањето на машкоста во обидот да се одговори на прашањето, што мажите прават како татковци. Исто така, не постои еден единствен модел на „добро татковство“ кои мажите би можеле да го следат, а во заедништво со пошироките аспекти на родовите релации, врските на татковците со семејството веројатно ќе доживуваат уште промени, непланирани и непредвидливи.

За да се утврди значењето на татковството, треба да се испита широкиот спектар на одлуки со кои татковците сè почесто се соочуваат. Овие одлуки се однесуваат на вечните дилеми за тоа кој и колку заработува, кој да ги чува децата, кој да се грижи за домаќинството, што после разводот, и друго. Новите улоги на татковците ја наметнуваат потребата за преиспитување на традиционалните погледи на партерството, на бракот и на професионалниот труд. Сето ова е дел од

---

[36] Gerson, K., (1993), *No Man's Land: Men's Changing Commitments to Family and Work*, New York, Basic Books, p. 37

[37] Ruddich S., (1994), Thinking Mothers/Conceiving Birth, in: *Representations of Motherhood, New Haven CT*, Yale University Press, p.p. 29-45, p. 41

[38] Jamieson, L., (1998), *Intimacy: Personal Relationships in Modern Societies*, Cambridge, Polity Press, p. 45

процесот на индивидуализација кој го вклучува распадот на традициите, како на пример улогите на партнерите во семејството.

Најголемиот проблем со концептот татковство е фактот дека практично е невозможно да се измери што тоа точно претставува. Сепак, „традиционалната“ улога на таткото е под интензивен притисок од динамиката на промените на семејството.

## 1.4. Социјален и културен аспект на родителството – транзиција и трансформации

Иако долгогодишните истражувања на променливата природа на семејството, платениот труд и родителството резултирале со некои промени во размислувањата за мажите, за жените и за семејството, сепак родителството (и другите форми на грижа) останаа длабоко родови активности.

Како основа на индустриското општество, родовите улоги ги поддржуваат социјалните структури. Промените и зголемениот индивидуализам означуваат дека и мажите и жените бараат близина во односите, бидејќи се смета дека семејството е најдобар интерес за секоја личност (независно од видот на семејството). Но, можноста да се направи избор, имплицира различни последици за мажите и жените, како на пример, економска зависност на едниот партнер. Сепак, зголемената родова еднаквост и поголемата економска независност на жените продонесоа кон тоа, мажите да не бидат единствените во семејството кои заработуваат. Но, тоа генерално не го промени машкото однесување, во смисла на учество во домашната работа.

Иако многу татковци можат да бидат способни за грижливо однесување кон децата, сепак татковството бара учење. За разлика од тоа, мајчинството сè уште се портретира како примарно инстиктивно, а за мајките се претпоставува дека се способни да го комбинираат „инстиктивното“ знаење со „експертски“ информации, и тоа го определува нивниот мајчински статус: „Додека жените постојано се

охрабруваат да бараат информации за бременоста, раѓањето, родителството, на мајчинството сè уште се гледа како на есенцијален дел од женственоста, а не како нешто што е само дел од женскиот род, како што татковството се разликува од машкиот род. Според тоа, мажите и жените се договараат за нивните родителски ангажмани во контекст во кој, мајките сè уште се сметаат за позначајни од татковците за добросостојбата на децата, и „инстиктивно" располагаат со поголем капацитет за грижа"[39].

Затоа, самохраното татковство најчесто е резултат на непланирани и најчесто непредвидливи промени во животот на мажот, како и на пошироките социјални структури и процеси. Од друга страна, тоа претставува и родово искуство, на кое директно влијаат дискурсите на моќта, очекуваните однесувања, различните чувства и начинот на кој се конструираат родовите разлики. Сепак, родовиот идентитет не е фиксна карактеристика на мажите и жените. Затоа, познатиот социолог Стивен Седман истакнува: „Не постои основен родов идентитет заснован на заеднички психолошки распоред, културни вредности или социјални положби со кои се обележуваат мажите и жените"[40].

Многу често се поставува прашањето, како родовото искуство може да се поврзе со искуствата на мајките и татковци. Социјалните практики кои ги позиционираат мажите и жените во еден унитарен, неделив род, не се огледало на објективната реалност, ниту пак поттикнуваат на заемно искусување на мажественоста и женственоста. Сепак, преку продукцијата на социјалните норми и културолошките кодови, како и нивната апсорпција во јазикот и социјалните практики, се оформува животот на мажите и жените.

Современото родителство се менува во контекст на пошироките општествени и економски промени, на хуманизацијата на човечките односи и разбирањето на родовите идентитети. Иако прецизната природа на овие промени останува спорна, последиците од промените се различни за мажите и за жените, особено после развод на брак или

[39] Lupton, D., Barclay, L., (1997) *Constructing Fatherhood: Discourses and Experiences*, London, Sage, p. 147
[40] Seidman, S., (1998), *Contested Knowledge: Social Theory in the Postmodern Era, (2nd. Ed)*, Oxford, Blackwell Publishers Ltd, p. 264

разделувањето на партнерите. Покрај тоа, постои несогласување за степенот на родовите разлики во капацитетите на мажите и на жените за грижа и нега. Затоа, според Луптон и Барклеј (Lupton and Barclay), разгледувањето на степенот во кој „мажественоста“ е одвоена од татковството, и природно есенцијалните погледи на мајчинството, сугерираат потреба за истражувања на динамиката на родовите идентитети во семејствата на самохраните родители[41].

[41] Lupton, D., Barclay, L,, (1997), *Constructing Fatherhood: Discourses and Experiences*, London Sage, p. 99

# II ПОГЛАВЈЕ

# САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ

### 2.1. Проблеми во дефинирање на поимот

Самохраните родители не се едноставна категорија, и затоа се јавуваат тешкотии при нивното дефинирање. Како синоними на овој поим, во стручната литература се јавуваат поимите некомплетно, дефициентно или непотполно семејство, семејство со еден родител, родител без брачен партнер, самохран родител, и други. Очигледно е дека во поголемиот број на дефиниции, поимот кој се дефинира упатува на категоријата семејство, а помалку на индивидуата на која се однесува. Она што е заедничко е фактот дека во тие семејства поради различни причини, најчесто недостига еден од родителите, а другиот мора да го реорганизира или да изгради нов начин на организирање на семејниот живот и сам да ги извршува секојдневните задачи.

Иако постои евиденција за формалните случувања во семејниот живот на граѓаните (раѓање, смрт, брак или развод), сепак не постои точен број на семејствата на самохраните родители. Причината за тоа може да лежи во проблемот на дефинирање на овој поим, како и поради фактот што тие претставуваат ситуации кои е тешко прецизно да се издиференцираат.

Семејството на самохраните родители (мајки и татковци) е биосоцијална група и општествена институција, специфична по извршувањето на основните функции на семејството. Таа специфичност е одредена со нејзиниот животен циклус, видот на дезорганизација и влијанието на општеството, како и од помошта што ја добива во зависност од вредностите и интересите на општествената заедница.

Оваа категорија не е единствена, па затоа е тешко да биде дефинирана. Терминот самохран родител се однесува на родителот кој самостојно, без другиот родител се грижи за детето или децата. Затоа дефиницијата на самохраниот родител зависи од тоа што се подразбира под самохран/а. Имено, поимот може да се однесува на лице кое е само, самостојно, осамено, препуштено само на себе, невенчано или без постојана врска. Во таквите семејства, едниот родител од различни причини излегува од семејниот состав, додека другиот мора повторно да се организира и да изгради нов начин на семеен живот и сам да

извршува бројни задачи. Затоа, можеби е оправдано тие лица да се нарекуваат родители самци, а не самохрани родители како што вообичаено се нарекуваат[42].

Најчесто самохраното родителство се дефинира врз основа на семејна структура, но личноста и во брак може да има период на самохрано родителство, ако само едниот родител секојдневно се грижи за едно или повеќе деца, без постојана физичка и емоционална поддршка од другиот партнер. На овој начин, и семејствата во кои едниот брачен партнер е подолготрајно отсутен (поради работа на друго место, болест или издржување на затворска казна), се семејства на самохрани родители. Ваквите семејства веројатно немаат финансиски проблеми какви што вообичаено се јавуваат во „вистинските самохрани семејства“, но сепак се самохрани според критериумите на емоционална поддршка и количината на одговорностите за одгледување на детето/децата што ги презема едниот родител врз себе. Друг пример на повремено или делумно самохрано родителство се семејствата на разведени родители кои живеат во ист станбен простор.

Повеќе автори[43] објаснуваат дека, по составот на семејството на самохраниот родител, треба да се прави разлика меѓу две групи. Првата група е семејство кое го сочинуваат само родителот и детето/децата. Ова се нарекува едноставно семејство на самохран родител, независно дали станува збор за мајка или татко. Другата група го опфаќа семејството на самохраниот родител и детето/децата, но и други роднини (баби, дедовци, браќа, сестри), или други лица со кои не постои роднинска врска, а живеат заедно. Овој вид на семејство се нарекува комплексно семејство на самохран родител, кое исто така може да биде водено од жена или маж.

Може да се забележи дека самохраните семејства се меѓусебно многу хомогени. Со оглед на самата структура на семејството, можеби е најисправно тие да се означуваат со поимот, еднородителски семејства. Но, ни овој термин не е најдобро решение, бидејќи со него целосно се

---

[42] Valent. D., Vranic. J., Katalinic. D., (2008), *Samohrano Roditeljstvo,* Odlej za izobrazbu uciteljica i odgoitelja predskolske djece, Zadar, str. 4

[43] Aranda. B. E., Hernández. R.L., Ramírez. M.T.G., Depression and Quality of Life for Women in Single-parent and Nuclear Families, (2009), in *The Spanish Journal of Psychology Copyright, The Spanish Journal of Psychology* Vol. 12, No. 1, 171-183, p. 171

елиминира улогата на другиот родител во одгледувањето на децата. Имено, во семејствата на децата со разведени или невенчани родители, улогата на родителот со кој детето не живее може да е голема, и тоа претставува еден од најзначајните фактори кои влијаат на квалитетот на родителските односи и животниот стандард на семејството.

Новите трендови на современото општество кои се однесуваат на постојаното зголемување на бројот на разводи и еднородителските (бинуклеарните) семејства, им наметнаа на стручњаците задача за разбирање на сите овие нови ентитети. До неодамна, разводот се сметаше за најтешка брачна дисфункција која доведува до целосна дезинтеграција на семејството. Но, постепено се оформувал системот на т.н. бинуклеарни семејства[44], кои настануваат после разводот, што укажува на фактот дека разводот не означува смрт за семејството. Таа промена во разбирањето на разводот како феномен на секојдневниот семеен живот го условила и новиот став на стручњаците дека разводот на бракот треба да се прифати како развоен феномен.

Согласно начините на нивното настанување, еднородителските семејства не се нов социјален феномен. Луѓето од секогаш умирале, се разведувале или разделувале. Ниту вонбрачните сексуални односи не биле некоја особена реткост. Но сепак, еднородителските семејства станале предмет на интерес во 60-те години од XIX век, кога после војната, традиционалното семејство доживеало бурни трансформации поради намалување на стапката на фертилитетот, поради порастот на бројот на разводите, вонбрачните раѓања, како и со зголемувањето на економската моќ на мајките. Под влијание на преовладувачката семејна идеологија која како општествена форма го нуди традиционалното нуклеарно семејство на пар со дете или деца, еднородителските семејства се доживувале или дефинирале како девијантни форми или како индикатори за криза во семејството. Неретко се сугерирало дека еднородителството е штетно за психолошкиот, социјалниот и интелектуалниот развој на децата. Но сепак, структуралните промени во

[44] Milojkovic, M., Srna, J., Micovic, R., (1997), *Porodicna Terapija*, Centar za brak i porodicu, Beograd, str. 76

семејството повеќе треба да се гледаат како знак на институционална еволуција, а не како социјална дезорганизација.

## 2.2. Разновидност на поими и дефиниции присутни во литературата

Традиционалниот образец на родителството подразбира родителска дијада на мајка и татко, кои се поврзани со невидливи врски на биологија и култура. Со своите комплементарни социјални улоги, мајката и таткото на свет донесуваат дете, и се грижат за него додека не порасне и целосно се осамостои. Но, современиот начин на живот неминовно наметна преиспитување на специфичните родови улоги на мајчинството и татковството, а со тоа и на нивните улоги во дијадата, мајка и татко. Новите трендови на преиспитување најмногу се окарактеризирани со две појави или пратики. Прво, тоа се браковите во кои партнерите доброволно се лишуваат од родителство, и второ, еднородителските семејства, од кои во најголем број се мајките со деца.

Еднородителските семејства претставуваат најраширен вид на нарушување на традиционалниот образец на родителството, иако истовремено не го надминуваат традиционално воспоставениот образец на асиметрични улоги и положбата на мајката и таткото. Имено, кога говориме за овој вид на семејства, треба да се знае дека во околу 80% од случаите, станува збор за мајка со дете. Значи, и во овој трансформиран вид на семејство, се одржува асиметријата на родово родителски улоги. Вакви семејства постоеле од секогаш, но, не се викале секогаш така, ниту пак имале општествен третман како што имаат денес, или барем се очекува да имаат. Разновидноста на терминолошките изрази сведочи за традиционалното поимање на бракот и семејството, но и на општествената положба на жената.

Анѓелка Милич, во својата книга *Социологија породице,* наведува неколку поими под кои се подразбирало дефинирањето на семејството на мајка со дете[45].

Еден од првите изрази со кои е вршено негативно означување или стигматизација на носителот на оваа појава, бил изразот „семејство на самохрана мајка". Во овој случај се изразува девијантност на улогата на мајката во вакво семејство, за разлика од „нормалниот" образец, бидејќи мајката се јавува како хранител на семејството. Независно од социјалната положба на мајката, ова семејство е третирано како загрозено, бидејќи наместо да се посвети на одгледувањето и на воспитувањето на детето, мајката треба да заработува.

Друг термин кој исто така изразувал легитимна дефициентност на овој вид на семејства со дете, е поимот „вонбрачна мајка" со дете. Овде веќе не станува збор ни за семејство, туку за невалиден и нелегален статус на мајката, кој истовремено е аморален, бидејќи се верувало дека една „чесна" жена не може да се доведе до ситуација да раѓа деца без официјално татковство. Во ваков случај, мајката била етикетирана и отфрлана од општеството, а издржувањето и воспитувањето на детето воопшто не се припишувале како обврски на таткото кој ја оставил мајката, туку на аморалната мајка која останала сама, и тоа не по своја вина. Според Шортер (Shorter), оваа пракса била најраспространета кај буржоаската лицемерна класа во XIX век, која воопшто немала толеранција во однос на прашањето за односите меѓу половите и обврските кон децата[46].

Обидот да се излезе на крај со овој феномен резултирал со израз кој е помалку идеолошко агресивен кон жената – мајка, како носител на овој вид на семејство. На почетокот на XX век, бил воведен поимот „непотполно семејство", што сепак во одредена мера покажувал дека станува збор за семејство, кое во структурален поглед е девијантно. Но, тука се доведува во прашање дефинирањето на принципот на легитимитет на семејството, поради трајното или привременото отсуство на татко во семејството, без никаква одговорност за издржувањето и

[45] Milic, A., (2001), *Sociologija porodice*, Cigoja, Beograd, str. 190
[46] Op. Cit., p. 192, (според Shorter)

одгледувањето на потомците. Без оглед на различните обиди за интерпретација на теорискиот принцип на легитимност, сепак, останува фактот дека ваквиот вид на семејство бил осудуван и неприфатен, при што главната вина за таквата состојба паѓала на мајката, потоа на децата, а таткото останувал без никаква вина.

Во 70-те години на XX век, се пристапило кон финална идеолошка неутрализација во дефинирањето на овој вид на семејство. Се прифатиле поимите „едно или дводородителски семејства“, кои во себе не носат никакви предходни квалификации, освен фактот дека во семејството постои еден или два родители, без разлика на полот.

Определувањето на овој поим зависи и од видот на дезорганизација со која семејството е погодено, па во литературата се сретнува и поимот самохрано семејство. Поради отсуство на едниот родител, самохраното семејство го сочинуваат едниот родител и детето/децата. Сето тоа влијае на сите функции на семејството, бидејќи во овој случај се прекинува репродуктивната, економската значително се намалува, а социјализаторската функција, иако станува доминантна, сепак се извршува со многу тешкотии.

Во определувањето на дезорганизација на семејството важна е причината за отсуство на еден од родителите. Казарчанин и др. разликуваат четири типа на самохрани семејства[47].

Прво, тука се семејствата на разведени родители. Во случај на развод на брак, како членови на семејството остануваат едниот родител и детето/децата, а другиот родител може да биде присутен или отсутен во различен степен. Притоа, степенот на присуство или отсуство не ја подразбира само материјалната помош (во вид на законска издршка за дете), туку го опфаќа учеството во сите видови активности на семејството, од кое повеќе не е дел.

Смртта на едниот родител (мајка или татко) претставува посебен, втор вид на дезорганизација на семејството, и така се формираат вдовичките самохрани семејства. И покрај загубата, економската функција на овој вид на семејство може да продолжи и релативно трајно,

---

[47] Kazarcanin. L., Gajic. Z., Vulevic. D., (1988), *Samohrana porodica – polozaj I zastita dece I samohranih roditelja,* Zavod za proucavanje socijanih problema grada Beograda, str. 7-8

бидејќи тука се подразбираат одредени видови на пензии и некои елементи на социјална и правна сигурност.

Семејствата на вонбрачни родители (мајки или татковци) можат да настанат како последица на вонбрачно родителство или по прекин на вонбрачна заедница. Во овој случај можни се бројни варијации, од потполно непознат идентитет на таткото или непризнато татковство, до ситуација кога по прекин на долготрајна вонбрачна заедница, родителот кој ја напушта заедницата, редовно допринесува за издржување на детето и учествува во низа други активности. Кај овој вид на дезинтеграција на семејството, значително може да се развие заштитната функција, а се отежнуваат социјализаторската и економската функција, особено поради негативниот став на околината кон вонбрачното родителство.

Како последен вид на самохрани семејства се наведуваат семејствата кои, на неодредено време или на некој подолг период, ги напуштил еден од родителите. Најчесто како причини се наведуваат работа во странство, подолготрајно лекување, издржување казна затвор, или некои субјективни причини. Иако отсуството на еден од родителите најчесто се толкува како привремено, и овој вид на семејство речиси никогаш во јавноста не се прикажува како непотполно, сепак учеството на отсутниот родител во животот на семејството е сведено на минимум.

## 2.3. Историја на самохраното родителство – историја на самохраното мајчинство

За историјата на самохраното родителство мошне се значајни економските фактори и бракот како институција, а особено вонбрачната репродукција која како комплексен феномен има влијание врз репродуктивните стратегии и врз сексуалното однесување на двата пола.

Постои изобилство на историски докази дека сиромаштијата, освен тоа што е последица од самохраното родителство, истовремено е и причина за појава на самохраните родители, поради нејзините

ограничувачки ефекти за брачни прилики (за склучување брак), односно поради недостигот на мажи кои биле економски „квалификувани“ за брак. Според Барбер (Barber) дури и во денешни услови, „депримирачките економски услови и високата невработеност на машката полулација во одредени делови на светот, придонесуваат за висок степен на вонбрачни раѓања“[48].

Но, економскиот детерминизам не е единствена причина за историските промени на бројот на самохраните мајки. Многу социјални историчари веруваат дека промените во самохраното родителство се должат и на промените во степенот на сексуалната слобода. Затоа, постојаниот пораст на самохраното родителство во многу Европски земји, најмногу во втората половина на XIX век, се должи на зголемувањето на сексуалната слобода која била поврзана со индустријализацијата на економијата и со урбанизацијата на населението.

Генерално, во тој период, промените во самохраното родителство биле поврзани со тековната индустриска револуција, и со појавата на сексуалното ослободување. Порастот на бројот на самохраните родители бил највоочлив во големите модерни европски градови, особено поради зголемувањето на бројот на млади девојки и жени кои мигрирале во големите градови поради можностите за вработување поврзани со урбаниот развој кој бил последица на индустриската револуција. Брзото и распространето ширење на бројот на самохраните мајки по индустриската револуција е без преседан и било голем предизвик за историчарите. Имено, многу од нив мислеле дека тоа било производ од сексуалното ослободување или моралната дегенерација. Како резултат на сексуалното ослободување голем број на момчиња и девојки покажувале поголема слобода во сексуалниот живот и покрај бројните традиционални ограничувања за сексуалното однесување. Тие ја искористувале приликата за сексуално искуство вон бракот, и со тоа се зголемил бројот на вонбрачни раѓања.

---

[48] Barber. N., (2005), Evolutionary Explanations for Societal Differences in Single Parenthood, in *Evolutionary Psychology Journal,* Vol. 3, No. 1, 142-174, p. 148

Сексуалното ослободување може да се објасни со менување на обрасците на сексуалното однесување, но тоа е далеку од задоволувачко ако се суди според критериумите на научно објаснување на тие промени. Проблемот е кружен. Имено, сексуалното ослободување е дефинирано како зголемена веројатност за сексуални односи вон брак, што неизбежно резултира со зголемен број на самохрани мајки. Ако не се појавеле податоците за зголемениот број на самохрани мајки, немало да се знае дека сексуалното однесување е „ослободено". Значи, ако сексуалното ослободување и самохраното родителство се неразделни појави, тогаш нивната поврзаност е кружно расудување на нивната историја.

Независно од тоа, самохраното родителство ретко е споменувано од антролопозите. Исто така, низ ерата на пишаната историја, самохраното мајчинство не било практична алтернатива, туку крајна нужда за жените кои не се омажиле. Со оглед на економските проблеми од самохраното родителство, „нелегитимните" деца биле социјална непожелност во Англија. Тие биле стигматизирани и доживувале вистинска правна дискриминација, на пример дека биле „неспособни" да наследат имот. Во таква социјална средина, жените ги одгледувале своите деца само поради недостаток на подобра алтернатива. Дури и можностите за склучување брак биле ограничени поради економски проблеми. Овој фемонен е илустриран во англиската историја, каде брачните парови ја одложувале својата венчавка бидејќи им недостасувале економски ресурси за воспоставување на независно домаќинство. Ако биле полово активни пред бракот, тие биле во зголемен ризик за вонбрачни раѓања. Немажените мајки подложеле на правни санкции и можеле да бидат казнети поради неморалност или „блудност".

Ограничувањата со кои се соочувале младите девојки во XVI век во Англија се очигледно различни од ситуацијата на денешните модерни жени. Употребата на ефективна контрола на раѓањата, на пример, значела дека жените не сакале да забременат, што денес се претставува со одложување на бракот. Како и да е, економските фактори влијаеле на самохраното родителство на многу комплексен начин во XX

век. Овој феномен често бил поврзуван со проблемите за склучување на брак на Афро-американските жени, на пример.

Афро-американските научници, посебно Вилсон (Wilson), го истакнуваат влијанието на намалените можности за вработување на Афро-американските мажи врз појавата на самохраното родителство[49]. Тој го истакнува падот на добро платените работни места во САД во 1950 година, што резултирало со вработување на мажите на ниско платени работни места, од чија плата не било можно издржување на цело семејство. Според Вилсон, тоа означувало дека голем број од Афро-американските мажи биле економски неквалификувани за брак. Намалувањето на бројот на „економски квалификувани“ мажи за брак се должело и на некои други фактори, како на пример, зголемениот морталитет на млади луѓе, склучување бракови на црните мажи надвор од нивните етнички групи, висока стапка на затворски казни.

Независно од единицата на анализа или времето кога било вршено истражувањето, податоците се конзистентни. Тие покажуваат дека младите жени кои се соочувале со недостаток на „квалификувани“ мажи за брак, поверојатно е дека многу рано во својот живот ја започнувале својата репродуктивна кариера и дека ги одгледувале своите деца со минимално татковско учество. Тоа е во согласност со антрополошкиот заклучок дека, ако мажите не вложуваат во своите долгорочни родителски инвестиции, жените гравитираат кон рана репродукција.

Иако историските истражувања на самохраното родителство покажуваат одредени економски карактеристики на мажите, сепак, големата партиципација на жените во високо платените позиции означува значително зголемување на економските можности на жените, што секако означува и големо влијание врз семејната структура. Општо гледано, постојат два различни видови на економска независност на жените. Од една страна, учеството на врвот на економската хиерархија им дава можност на жените за самостојно одгледување на децата, иако оваа опција поради економски и политички причини (на пример,

[49] Op. Cit. p. 150 (според Wilson)

владиниот придонес за детска заштита), е помалку пожелна во некои земји. Од друга страна, сиромашните жени кои се наоѓаат на дното на економската хиерархија, исто така можат да бидат независни од улогата на таткото, и тоа поради недостигот на економски квалификувани мажи. Тоа би значело дека, богатите жени би ја започнале својата кариера на самохрани мајки нешто подоцна во животот, откако би ја изградиле професионална кариера. За разлика од нив, сиромашните жени многу порано во животот ја започнуваат својата репродуктивна кариера, па паралелно со тоа, и порано стануваат самохрани мајки.

Сепак, раното самохрано родителство е единствен суштински адаптивен одговор на животната средина, во која има ограничени економски можности за жените и каде што тие не можат да очекуваат многу татковско инвестирање во нивните деца.

Значи, бројни концепти помагаат во објаснувањето на различните варијации во самохраното родителство низ времето, етничките групи и економските класи. Ова го поддржува погледот дека концептот на адаптација може да биде аплициран во модерните општества, дури и оние кои поминале низ демографски кризи. Со тоа, не само што се вкрстуваат информации од различни дисциплини (биологија, антропологија, историја, социологија, психологија), туку се нуди и просперитет на една општествена наука која надминува дисциплинарни граници и која може да обезбеди универзално објаснување за социјалното однесување што може да се примени во секое време, место, или историски контекст. На тој начин се обезбедуваат основните критериуми на научното објаснување на универзалноста и избегнување на стапиците на културниот релативизам.

## 2.4. Причини за промени во семејството и појавата на самохраните родители

Дваесеттиот век бил време на длабоки трансформации на општеството. Политичките, економските, социјалните и културните промени предизвикале промени во семејството, а особено видлив

резултат бил големиот број на разведени бракови. Високиот степен на разделувања или разводи, како и големиот број на вдовици и вдовци, биле доволни за истакнување на значењето на истражувањето на влијанието на овие феномени врз семејната организација и на условите за живот.

Според Елвуд и Џенкс (Ellwood & Jencks), во американското општество преовладува мислење дека промените на семејствата и појавата на сè поголемиот број на самохрани родители (најчесто мајки), се должат на три вида причини: економски, развојни и морални[50].

Од економска перспектива, причина за големата промена на семејството, е брзото ширење на самохраното мајчинство. Самохраните мајки ретко имаат високи приходи. За нив е проблематично времетраењето на работниот ден, бидејќи тие треба сами да се грижат за своите деца. Многу од нив добиваат мала поддршка од отсутниот татко. Иако сиромашните самохрани мајки имаат право на различни форми на државна помош, ниту законодавците, ниту гласачкото тело немаат понудено соодветна генерална помош, за да се намали бројот на мајки кои комплетно сами би ги одгледувале своите деца. Затоа, брзото ширење на бројот на самохрани мајки има одиграно значителна улога во зголемувањето на сиромаштијата. Од економска гледна точка, во однос на прашањето на сиромаштијата, самохраните мајки се група со многу висок ризик.

Наспроти ова, постои и заинтересираност за неекономските ефекти на самохраното мајчинство, поради загриженоста за недостатокот на машка родова улога во животот на детето, за можното намалување на дисциплината и контролата над децата, за легитимизација на „зависност“ од властите, како и за природата и квалитетот на односот на самохраната мајка и детето. Без аргументи во прилог на својот неоправдан заклучок, Меклеин (Maclean) истакнува: „Претпоставка за добар семеен живот, за вистинска и природна семејна средина е компромисот меѓу татко кој заработува и мајка која се грижи.

[50] Ellwood. T. D., Jencks. C., (2002), *The Spread of Single-Parent Families in the United States since 1960*, Harvard University, p. 22

Секоја друга комбинација е погрешна“[51]. Во посебна опасност се децата кои растат без татко, поради високиот ризик од социјални проблеми. Сепак, ништо од ова не е директна последица од самохрано мајчинство, ниту пак детето задолжително ќе има подобри услови за раст и развој само поради виртуелното присуство на двата родители.

Објаснувањето на моралните проблеми во текот на промените во семејството, зависи од тоа кој ги толкува. Имено, ако американските политичари и граѓани говорат за промените во семејството, тогаш во дискусиите ќе доминираат моралните прашања. Но, кога општествените научници би дискутирале на таа тема, ретко кога моралот би бил тема на дискусија. Дури и оние научници кои биле против ширењето на еднородителските семејства, сметале дека тоа е така, бидејќи тоа предизвикува социјални последици, е не затоа што тоа е морално погрешно.

Промените во семејната структура поради распаѓањето на „традиционалните“ морални норми, се должи на ширењето на предбрачните сексуални односи, вонбрачните раѓања и разводот на бракот. Оние кои веруваат дека таквите однесувања се неморални, треба да се потсетат дека таквите морални осуди зависат од вредноста на тврдењата. Ако предбрачниот секс е неморален, тогаш е погрешен и за оние кои ефективно употребуваат контрацептивни средства, а не само ако тоа резултира со бременост. Исто така, ако разводот на бракот ги крши непроменливите религиозни принципи, моралниот статус е непроменлив ако новата состојба е поповолна за двајцата партнери, или ако тоа е подобро за правилен развој на децата. Ако сакаме да ги разбереме причините за промените во семејството, ние треба да ги разбереме и изборите кои ги прават возрасните луѓе. Жените и мажите можат да донесат заеднички или поединечни одлуки за тоа, дали да имаат предбрачни сексуални односи, дали да се забремени, дали да се абортира, дали да се живее заедно, да се склучи брак или да се разведе, дали да се има вонбрачно дете.

---

[51] Maclean. M., (2003), *One Parents Families*, University of Oxford, Department of Social Policy, p. 75

Еден логичен одговор за порастот на бројот на самохраните мајки, произлегува и од револтот на жените кон начинот на кој биле третирани од мажите. Според Фурстенберг (Furstenberg) тоа произлегува и од распадот на консензусот за „родовите улоги“[52]. Појавата на женските движења и зголемувањето на бројот на жени кои учествувале на пазарот на трудот, го промениле и начинот на размислување за меѓусебните односи меѓу жената и мажот. Улогата на жената и во семејството и во општеството, драстично се променила во текот на 60-те и 70-те години на XX век. Ако женските очекувања се промениле повеќе од машките, тогаш тоа би можело да придонесе кон ширењето на самохраното мајчинство.

Брзиот пораст на еднородителските семејства се појавил како разултат на сè поголемото вработување на жените кои на тој начин можеле сами да го издржуваат своето семејство, поради порастот на разводите на браковите и поради дејствувањето на феминистичкото движење за еманципација на жените, т.е. со нивната свест за менување на улогите во нивниот живот. На пример, во Англија врз основа на пописот од 1971 година, била претставена импозантна бројка од 620.000 еднородителските семејства, и во нив преку милион деца[53]. Секое десетто семејство во Англија било семејство на самохрана мајка.

Но, многу важен е фактот дека не се менува само процентуалната застапеност на овие семејства, туку и нивниот внатрешен состав и квалитет. Сè поголем број на вакви семејства не настануваат поради надворешни фактори или поради случајни околности, туку како свесен избор на жените.

## 2.5. Начини на стекнување статус на самохран родител

Причините за настанување на еднородителските семејства се вовед во бројни разлики и специфичности, бидејќи тие го обликуваат стилот на живот, како и проблемите со кои тие се соочуваат во

---

[52] Ellwood. T. D., Jencks. C., (2002), *The Spread of Single-Parent Families in the United States since 1960*, Harvard University, p. 25 (според Furstenberg)

[53] Milic, A., (2001), *Sociologija porodice*, Cigoja, Beograd, str 192

секојдневниот живот. Финансиските проблеми, чувството на осаменост, неопходноста едниот родител да има улога и на мајка и на татко, се само некои од проблемите кои типично се јавуваат кај овие семејства. Особено е значајна и улогата на таквото семејство во средината. Имено, односот на општеството кон еднородителските семејства е различен во зависност од фактот дали тие настанале поради развод, смрт или како резултат на вонбрачно раѓање. Секое семејство минува низ сопствен животен циклус, при што секоја фаза бара прифаќање и решавање на одредени развојни задачи. Притоа, разводот, смртта или вонбрачното раѓање се настани кои значително влијаат на животниот циклус на семејството, кое во таков случај треба целосно да се реорганизира.

Постојат неколку начини на настанување на еднородителските семејства, поради смрт на брачен или вонбрачен партнер, развод на бракот, напуштање на семејството од страна на еден од партнерите, вонбрачно раѓање, а во поново време тука се вбројува и подолготрајното отсуство на еден од партнерите од различни причини (болест, работа во странство, издржување на затворска казна). Еднородителските семејства можат да се дефинираат како такви уште од самиот почеток на нивното настанување, како резултат на лична определба на мајката за таков облик на родителска организација, или поради различни други причини семејствата можат да станат еднородителски по извесен период.

Според Аранда и други (Aranda & others) самохраното родителство може да настане низ 3 животни ситуации. Прво, кога постоел заеднички соживот со партнер и дете, па бракот е разведен или парнерите ја прекинале вонбрачната заедница. Второ, кога не постоел предходен соживот, и жената одлучила самостојно да роди дете или вештачки да се оплоди. И трето, преку посвојување, кога лицето стекнува мајчинство или татковство низ правна постапка[54].

Независно дали станува збор за разделување, развод на брак или смрт на партнерот, и жените и мажите поминуваат низ тешки периоди. Но сепак, кај жените повеќе доаѓаат до израз проблемите во емоционалната и економската сфера кои секако влијаат на влошување

[54] Aranda. B. E., Hernández. R.L., Ramírez. M.T.G., Depression and Quality of Life for Women in Single-parent and Nuclear Families, (2009), in *The Spanish Journal of Psychology Copyright, The Spanish Journal of Psychology* Vol. 12, No. 1, 171-183, p. 171

на условите и намалување на квалитетот на живот. Родовите разлики во однос на тежината на родителските и домашните обврски, покажуваат дека најголемиот товар го носат жените. Тие одговорности се зголемуваат кога жената ќе стане вдовица, разведена жена или разделена партнерка, и дополнително, ако била невработена, кога ќе биде присилена да најде вработување поради променетите животни услови и зголемените потреби.

## 2.6. Проблеми на сиромаштија и стигматизација на самохраните родители

### 2.6.1. Сиромаштија на самохраните родители

Стапката на сиромаштија кај самохраните родители е речиси четири пати повисока од стапката на сиромаштија на целата популација[55]. Високата стапка на сиромаштија се должи на големите бариери со кои се соочуваат самохраните родители на пазарот на трудот. Исто така, недостигот на квалитетна, флексибилна и достапна детска заштита е многу значајна бариера, која тешко се надминува со една плата. Како проблем се јавува и релативно ограничената достапност на флексибилно вработување, а она што е на располагање има тенденција за ниско платено и несигурно вработување кое нуди мали прилики за развивање вештини и напредување. Постоењето на сиромаштијата и на стапицата на невработеноста ја зајакнуваат концентрацијата на самохраните родители во ниско платени работни места со скратено работно време.

Семејствата на самохраните родители се сиромашни, или се во висок ризик да станат сиромашни, поради губењето на приходите на партнерот кои се вреден ресурс. Како што покажало истражувањето на Мадруга (Madruga), не само што семејствата на самохраните мајки се со

[55] *Lone parents Experience of Isolation and Stigmatization*, (2006), Building Healthy Communities Programme, Research Report, p. 5

висок ризик од сиромаштија, туку значителна е и динамиката на сиромаштијата, која кај самохраните мајки трае подолго, и е поголема[56].

Според Јашари, речиси половина од семејствата што ги водат самохрани мајки живеат под нивото на сиромаштија[57]. Постои критична разлика помеѓу сиромашен брачен пар со деца и сиромашен самохран родител. Во просек, сиромашниот брачен пар испливува од сиромаштијата, но сиромашниот самохран родител, не. Бидејќи стапката на образование влијае на потенцијалот на личноста да се вработи и заработува, сиромаштијата може да се мери посредно. Поради тоа, нискиот степен на образование е моќен фактор за самохрано родителство, поради тоа што сиромашните жени имаат значително поголема веројатност за вонбрачно раѓање.

И покрај сѐ поголемата вклученост на жената на пазарот на трудот, женската и детската сиромаштија, особено во семејствата на самохраните мајки, остануваат многу под просекот. Кога на трошоците за превоз, даноци, храна, облека, ќе им се додадат и трошоците за одгледување дете, тогаш расположливите приходи доаѓаат до точка кога платената работа е едвај исплатлива. Тековните политички дебати и ставовите за социјалната заштита ретко ги земаат предвид долгите часови на продуктивното домаќинство, а особено остануваат невидливи заштитната, воспитната и другата работа на родителот (најчесто мајката) во домаќинството.

Наспроти тоа, вреднувањето на неплатената работа во домот би го променил погледот кон програмите за социјална помош. Вреднувањето на домашната работа на жените може да ги смени предрасудите и ставовите кои произведуваат „подкласни“ (underclass) самохрани мајки, кои се зависни од заштитните програми на државата, како и за сите други кои се врзани со невидливата и непрепознаената економија на домаќинството. Доутит (Douthitt) заклучува дека препознавањето на економската вредност на домаќинските работи е

[56] Aranda. B. E., Hernández. R.L., Ramírez. M.T.G., Depression and Quality of Life for Women in Single-parent and Nuclear Families, (2009), in *The Spanish Journal of Psychology Copyright, The Spanish Journal of Psychology* Vol. 12, No. 1, 171-183, p. 172

[57] Јашари, Х., (2007), *Социологијата и родот, мажите и жените во современото општество*, Евро-Балкан Прес, Скопје, стр. 115

нужна, и препорачува дека „реформските напори треба да се насочат кон сиромаштијата во поглед на време и на пари“[58].

### 2.6.2. Стигматизација на самохраните родители

Стигматизирањето на семејствата на самохраните родители не е нешто непознато, доколку се земат предвид доминантните правни и социјални дефиниции на семејството, и на значењето што тие дефиниции му го даваат на нуклеарното, брачно дводородителско семејство. Повеќето општества го поддржуваат ваквото семејство на значаен материјален и идеолошки начин. Најчесто, им се обезбедуваат финансиски бенефиции, даночни ослободувања, се поттикнува употребата на контрацептивни средства. Идеолошки и практично семејството се дефинира преку конструкцијата на бракот и разводот, и со ограничено препознавање на вонбрачните семејства.

Промената на структурата на семејството се соочува со различни општествени реакции, а негативниот општествен став кон семејствата на самохраните родители може да генерира општествена ранливост на оваа категорија. Структурата на семејството е обележје кое има потенцијал за создавање на стереотипи и за етикетирање на поединците. Во 80-те години на XX век, нуклеарното семејство е типизирано како функционално и „нормално“, а другите семејни облици биле типизирани како дисфункционални. Во контекст на традиционалното дводородителско семејство, особено е неповолна сликата за самохраните мајки. Стереотипот за разведените мајки бил обоен со нивниот неуспех во подрачјето на брачниот и семејниот живот, а невенчаните мајки биле девијантна појава, бидејќи не можеле да одговорат на родителските барања, семејните односи и животот воопшто[59].

---

[58] Colman. R., (1999), *Gender Equality in the Genuine Progress Index*, Maritime Centre of Excellence for Women's Health, (според Доутит), p.12
[59] Rabotek-Šaric, Z., Pecnik, N., (2009), *Stavovi prema samohranom roditeljstvu,* Studijski centar socijalnog rada, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, str. 7

Самохраните родители доживуваат стигматизација поради неприфаќањето на различните семејни модели од страна на поширокото општество, игнорирање поради нивната ситуација, стереотипниот и дискриминаторскиот третман што тие го доживуваат на различни сфери во животот. Стигматизацијата може да предизвика изолација, па дури и социјална исклученост. Социјалната исклученост означува ограничен пристап на индивидуата кон образованието и вработувањето, означува зависност од државните бенефиции и исклученост од сите ресурси во општеството поради сиромаштија и други фактори[60]. Самохраните родители може да чувствуваат стигматизација и изолација како резултат на сиромаштија, социјална исклученост, како и негативни и дискриминаторски однесувања кон нив, и на индивудуално и на институционално ниво. Тие чувствуваат стигматизација од страна на општеството, медиумите, владите, соседите, па дури и од членови на семејството.

Едно истражување во Хрватска пронаоѓа неповолни ставови кон лицата од „неконвенционални" семејни заедници. Секој десетти од 97 самохрани родители (мајки и татковци) од урбана средина на кои било спроведено истражувањето, одговорил дека меѓу најголемите проблеми со кои се соочуваат, било искажувањето на негативни ставови и стереотипи кон нив како самохрани родители. Тоа вклучувало осудување, исмејување, потценување, замерување или одбивање од потесната и поширокета заедница. Секој петти самохран родител се соочил со овие ставови и на пазарот на трудот[61].

Ставовите кон самохраните родители се менувале паралелно со демографските промени и промените на општествените ставови кон различните видови на семејство. До 70-те години на XX век самохраните мајки првенствено биле третирани како општествен и морален проблем, и не бил признаен ниту еден, било каков потенцијален позитивен аспект на самохраното родителство за семејството и за општеството. Истовремено, самохраните мајки биле во различен степен осудувани од

---

[60] *Lone Parents Experience of Isolation and Stigmatization*, (2006), Building Healthy Communities Programme, Research Report, p. 17

[61] Rabotek-Šaric, Z., Pecnik, N., (2009), *Stavovi prema samohranom roditeljstvu,* Studijski centar socijalnog rada, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, str. 7

околината во зависност од начинот на кој се стекнале со тој статус. Тоа отворало бројни прашања за нивната моралност и прашања за тоа во колкава мера „заслужуваат“ помош од државата. Притоа, вдовиците биле третирани како „најзаслужна“ категорија бидејки без своја вина останале без сопруг. Следни во „хиерархијата“ се разведените мајки, а најниско биле вреднувани мајките кои никогаш не се омажиле, бидејќи биле морално „неодговорни“.

Многу често родителот треба да се соочи и со стереотипите дека самохраните родители се лоши родители, и дека многу тешкотии со кои ќе се соочи неговото дете неправедно ќе бидат поврзани со статусот на неговиот родител кој е самохран. Понекогаш може да им се јави чувство дека целиот нивен идентитет е дефиниран од нивниот статус на самохран родител.

## 2.7. Сиромаштијата на самохраните мајки

Постојат две основни причини поради кои самохраните мајки се во висок ризик од сиромаштија: пониските приходи и фактот дека тие живеат со децата[62]. Присуството на децата во домаќинството придонесува кон сиромаштија на еден посебен начин. Бидејќи линијата на сиромаштија е прилагодлива кон големината на домаќинството, присуството на децата ја зголемува потребата од поголеми приходи и самохраните мајки кои живеат со едно или повеќе деца се категорија која многу веројатно ќе биде посиромашна од мајките во дворoдителски семејства. За мајките е поверојатно дека ќе живеат со децата отколку мажите, бидејќи после разводот на бракот децата најчесто им се доверуваат на чување и воспитување на мајките, како и поради фактот што можат да родат и вонбрачно.

Поголемата сиромаштија на самохраните мајки е предизвикана и од нивните помали приходи, што се должи на фактот дека во нивните

[62] Christopher. K., at all., (2000), *Gender Inequality in Poverty in Affluent Nations: The Role of Single Motherhood and the State*, The Policy Press, University of Arizona, p. 6

домаќинства се намалува приходот од таткото. Особено се во ризик оние во чие домаќинство нема ниту еден друг возрасен член, кој би придонесувал за зголемување на приходите. Иако родовите истражувања покажуваат дека висината на приходите не се разделени согласно брачната состојба на партнерите, може да се претпостави дека самохраните мајки заработуваат помалку од самохраните татковци од истите причини поради кои жените имаат пониски примања од мажите генерално.

И занимањата се сегрегирани по пол поради фактот дека голем број на општествени сили ги охрабруваат поединците да бараат родово специфични работни места, и поради родовата дискриминација во вработувањата и работните услови поставувани од страна на работодавците. Сегрегираните работни места создаваат и родов јаз во платите, а ниските приходи во „женските професии" можат да настанат и поради поголемата конкуренција во нив, бидејќи жените не конкурираат во типично „машките професии". Истовремено, постои и доказ дека половата пристрасност влијае на одлуката на работодавците колку треба да биде платена „женската работа", во споредба со работите во кои доминираат мажите. Ова е посебен вид на дискриминација во прашањето за „споредлива вредност", кое тука не е предмет на анализа.

Од друга страна, родителството ги намалува женските, но не и машките приходи, што исто така придонесува за родов јаз во приходите. Мајчинството може да ги намали приходите на жените поради фактот што кога имаат деца, жените може да го напуштат работното место или пак да работат со скратено работно време, а во случајот на самохраните мајки, тоа може да ги направи зависни од владините парични бенефиции. Кога мајките се враќаат на работа со полно работно време, тие сепак се изложени на акумулиран дефицит на искуство, а истовремено се со помалку енергија и намалена продуктивност.

Во дискусиите за родовата сензитивност на државите, Орлоф (Orloff) се фокусира на прашањето, колку државата ја олеснува или намалува женската зависност од мажите и од работодавците[63].

[63] Op. Cit., p. 9 (според Orloff)

Нејзината работа покажува дека големиот родов раздор во сиромаштијата не е неопходна последица за самохраните мајки, бидејќи државните политики можат да им помогнат да ги комбинираат вработувањето и мајчинството, преку законски задолженија на татковците да ја плаќаат определената издршка за децата и/или преку други парични транфери кои ќе ги извлечат самохраните мајки од евентуалната сиромаштија.

Како и да е, националните политики не се нужна причина за родови разлики во сиромаштијата општо. Но, самохраните мајки, се во посебен ризик од сиромаштија поради очигледните детерминанти.

## 2.8. Самохраните родители – родова перспектива

Жените се значително повеќе застапени во категоријата самохрани родители, но тоа е само една од постоечките родови разлики. Имено, и начинот на здобивањето со статусот самохран родител зависи од полот на родителот. Три четвртини од сите самохрани татковци го добиваат статусот со развод на брак, во споредба со 54% од самохрани мајки. Смртта на брачниот партнер е подеднакво веројатна за двата пола и зависи од возраста, како и од фактот дека двата пола имаат прилично иста стапка на смртност. Значително е поголема веројатноста самохраните мајки да немаат склучено брак, за разлика од самохраните неженети татковци чиј соодност е 1 спрема 5[64].

Истражувањата на половите разлики во однос на последиците од самохраното родителство покажале видни разлики во женскиот и машкиот начин на барање на помош, како и разлики во начинот на препознавање и доживување на социјалните разлики и искуства. Самохраните мајки потешко ги доживуваат последиците од самохраното

---

[64] Lee. G. Y., Paulin. D. G., *Expenditures of Single Parents: How Does Gender Figure in?, in Montly Labor Review, July, 2002,* p. 19

родителство, особено оние кои живеат во сиромашни социјални и срeдински услови, и се со понизок стапен на образование и со пониски приходи. Тие се соочуваат и со проблематичните врски со семејството и со поранешниот партнер.

Одредени истражувања биле насочени кон прашањето дали висината на трошоците на семејствата на самохран родител зависи од полот на родителот. Ако постои, тоа може да влијае на економската благосостојба на семејствата на самохраната мајка или на самохраниот татко, а особено на децата во тие семејства. Една од причините за недостигот на обрнување на внимание на родовите разлики е отсуството на одделни податоци за семејства на самохрани мајки и на самохрани татковци. Во студијата на Ли и Паулин (Lee & Paulin) од 2002 година[65], биле откриени неколку значајни социо-економски карактеристики на семејствата на самохраните родители, во зависност од тоа дали самохраниот родител е мајка или татко. Студијата покажала значителна родова разлика во трошоците за облека, односно семејствата на самохраните мајки трошеле 148% повеќе од семејствата на самохраните татковци. Исто така, се покажало дека самохраните татковци имаат и повисок степен на образование од самохраните мајки, со што се објаснуваат и пониските приходи на самохраните мајки. Во ова истражување, резултатите покажале дека 64% од самохраните татковци поседувале сопствен дом, а 63% од самохраните мајки изнајмувале. Исто како и приходите, и поседувањето на сопствен дом е значајна мерка на економска благосостојба, бидејќи сопствениците имаат полесен пристап кон кредитите, во случај на неопходност.

Според теоријата на „отсутност на таткото", развојот на детето во еднородителско семејство зависи од полот на родителот. Имено, самохраните татковци повеќе покажуваат традиционални родови улоги, и во нивните семејства повеќе се практикуваат традиционално родови ставови и однесувања. Киколт и Акок (Kiecolt & Acock) откриле дека мажите и жените кои израснале со разведен родител имаат поголеми либерални ставови во однос на улогата на жените во политиката, но

---

[65] Op.Cit., p. 18

нема разлики во поглед на прашањето за вработување на жените, ниту за „соодветните“ родови улоги на момчињата и девојчињата[66]. Утврдена е и поврзаност на родовите однесувања со семејната структура во детството, и тоа само кај жените. Имено, жените кои израснале во семејство на самохрана мајка имаат значително помалку традиционално родови однесувања и ставови, за разлика од жените кои израснале со двата родители. Жените кои израснале пак со самохран татко, покажале значително силни традиционално родови однесувања. Овие резултати ја поддржуваат хипотезата на теоријата на „реструктурирање на улоги“ дека децата стекнуваат соодветно родово однесување преку имитација на родови улоги, бидејќи растењето со вработена мајка, т.е. со нетрадиционално женски модел, ги зајакнува родовите ставови.

Полот на детето во интеракција со неговата возраст во времето на развод на неговите родители е дел од многу истражувања. Грозданчиќ истакнува дека бројни, често многу смели хипотези, настојувале да потврдат дека проблемите меѓу родителите и нивниот развод посилно влијаат на момчињата, отколку на девојчињата[67]. Притоа, се поаѓало од фактот дека после разводот, во најголем број на случаи за децата се грижат мајките, како и поради тоа што постои различен пристап на родителите кон децата во зависност од полот на детето, најмногу поради културолошки пропишаните „машки и женски“ улоги. Прашањето на машките и женските улоги во овие случаи наметнува одредени социјални очекувања кои имаат влијание на прилагодувањето на новото семејство. Имено, социјалните очекувања подразбираат дека жените се одговорни за т.н. социјални и емоционални задачи поврзани со тагата, бидејќи жените покажуваат повеќе тага од мажите. Од мажите пак, се очекува да вршат материјални и организациски задачи поврзани со тагувањето.

Кауфман (Kaufman) открил дека родот игра значајна улога во прашањето за промените во родовите улоги во родителството, што се поткрепува со фактот на голем број на вработени жени кои водат

---

[66] Kiecolt, K. J., Acock, A. C., (1988). The Long - Term Effects of Family Structure on Gender - Role Attitudes, in *Journal of Marriage and the Family*, No. 50, Vol. 3, p. 712

[67] Grozdanić, S., (2000), *Jednoroditeljske obitelji prema uzrocima njihova nastanka,* Studijski centar socijalnog rada, Pravni fakultet Sveucilista u Zagrebu, str. 7

домаќинство[68]. Затоа е потребно истражувачите на ова прашање да погледнат вон стереотипите и да ги идентификуваат функциите на родовите улоги во денешната сложена семејна структура.

Иако сме сведоци на значителен напредок на планот на третирањето на жените и на нивната целокупна општествена положба, сепак, се покажува дека одговорноста за целокупната биолошка и социјална репродукција на општеството сè повеќе се движи кон жената – мајка, а таткото останува и понатаму исклучен од овие трансформации. Наместо „поделено" родителство, реалноста и на најразвиените општества прави еден затворен репродуктивно-социјализаторски круг во рамки на биолошката врска меѓу мајката и нејзиното родено потомство. Дали тогаш имаме право да зборуваме за родителство, за партнерство, за еманципација на жената, за еманципација на родноста во модерното општество, или само бележиме некои показатели на рушење на една идеологија и култура која не може да се надмине себе си?

## 2.9. Традиционални концепти на самохраното родителство и социјалната реалност

Историски, самохраното мајчинство носело негативни културни вредности, а таквиот стил на живот бил економски неиздржлив за жената. Доминантно правна и културна норма бил бракот, а на самохраното родителство се гледало како на девијантно однесување. Дури и денес, бракот се гледа како норма во семејната политика.

Процесот на индивидуализација ги менува условите за живот, посебно на жената. Овој поим не се употребува со значење да направи разлика, или да означи самосвесна и самоопределена личност, туку означува процес на ослободување на поединецот од традиционалните општествени врски. Жените се погодени со процесот на индивидуализација на два начина.

---

[68] Chaudhury. S. R., (2006), *Child Influence in Female Headed Single-Parent Households: Agenda for Consumer Research,* New Mexico State University, p. 67 (според Kaufman)

Прво, на пазарот на трудот, индивидуализацијата го/ја одвојува работникот/работничката од соседството, пријателите, роднините и семејството. Пазарот на труд бара флексибилни и мобилни работници/работнички полни со енергија за работа. Второ, индивидуализацијата на рамноправноста на половите се одвива во сферата на личните односи на жените кои веќе не се дефинираат низ призмата на нивните семејства и статусот на нивното семејство. Бидејќи жените високо ги вреднуваат своите лични односи, се чини дека тие се повеќе од мажите подготвени да ставаат крај на таквите односи, ако нивните потреби и очекувања не се исполнети. Овој процес се одвива независно од ризикот за сиромаштија, кој е поврзан со тешкотиите со кои се соочуваат самохраните мајки.

Не постои прифатливо институционално решение за тоа, како работата и семејниот живот да станат компатибилни. Поединците наоѓаат сопствени решенија, а жените посебно мораат да покажат висок степен на флексибилност, бидејќи процесот на ослободување од традиционалните норми е во врска со директната дискриминација од вонбрачниот начин на живот.

Бракот и работниот однос традиционално се гледани како гаранции за социјална стабилност. Машкиот модел на договор за работа бил појдовна основа за цел сет на правни норми на социјалната и на политиката за вработување. Овој модел на полно работно време со долгорочни договори за работа, се доживувал како осигурување на семејните приходи од машката плата. Значи, мажот како работник, сопруг и татко имал обврска за издржување на семејството. Двата идеала, комплементарната конструкција на стандарден работен однос и традиционалнит брак не се во склад со денешната општествена реалност. Општествените промени и трендови резултираат со жени кои имаат помал број деца, намален број склучени бракови и пораст на разводите. Ова се показатели на процесот во кој жените се обидуваат да стекнат поголема самодоверба во своите економски и лични односи.

Семејството и вработувањето не се подеднакво важни за жените и мажите во текот на животот, а тоа има последици за самохраните мајки. Познато е дека финансиската сигурност е поврзана со константното

вработување. Жените кои го напуштиле работното место додека биле во брак, ретко се во состојба да постигнат финансиска сигурност преку вработување по разводот, а дури и да успеат во тоа, доживуваат висок физички и психички стрес. Генерално, тие мораат да ги носат последиците од компромисот меѓу семејните обврски и партиципацијата на работното место. Економски, тие последици често се неповратни, освен ако општеството престане да ги гледа последиците од одгледувањето на децата како приватен ризик.

Спротивно на сè уште широко прифатените очекувања, сепак за многу жени бракот не само што не ја гарантира економската сигурност, туку на некои начини и ја загрозува. Имено, многу жени можат да се одрекнат од професионална кариера со цел да се грижат за членовите на семејството. Така тие нудат услуги кои би требало да ги добијат од системот на социјална заштита на државата, за подоцна самите да станат корисници на тој систем.

Традиционално, социјалната и семејната политика се фокусираат на стандардниот работен однос и на бракот, истакнувајќи претпоставки дека семејните обврски треба да се вршат само во семејството, занемарувајќи ги со тоа семејните обврски во семејството на самохраната мајка. Од друга страна, има и брачни парови кои немаат деца, а ги користат бенефициите од социјалната и семејната политика.

Политиките кои се насочени кон страндардниот работен однос и кон бракот, ја отежнуваат состојбата на самохраните родители, бидејќи тие ја зајакнуваат традиционално родовата поделба на трудот. Тие ја попречуваат социјалната интеграција.

# III ПОГЛАВЈЕ
# РОДОВИ АСПЕКТИ НА СЕМЕЈНАТА ПОЛИТИКА

## 3.1. Дефиниција и цели на семејната политика

Најшироката дефиниција на семејната политика го опфаќа сето она што владата го прави за семејството, или како сите мерки кои се насочени кон семејството. Може да се заклучи дека семејната политика ги содржи сите цели и мерки насочени кон осигурување на семејството како општествена институција. Од мноштвото дефиниции за овој поим во достапната литература, би ја издвоила дефиницијата на Нада Стропник, според која, семејната политика е целовит и составен збир на мерки кои делуваат во корист на семејството, пред сè, на семејството со деца. Тие мерки помагаат во проблематични ситуации од економски, социјален, здравствен, станбен и сличен карактер, го ублажуваат финансискиот товар што за семејствата го претставуваат децата, овозможуваат усогласување на семејните и работните обврски, ги штитат трудниците и децата, и друго[69]. Семејната политика има многу заеднички елементи со другите политики, но нејзината посебност е во тоа што при разгледувањето на тие заеднички елементи ги застапува интересите на семејството, земајќи ги предвид неговите специфични потреби и неговата положба во општеството. При тоа, државата не смее да биде насилна, на секое семејство треба да му овозможи алтернативен избор на начини, како да реши некои свои проблеми.

Како дел од социјалната политика која селективно е насочена кон маргинализирани поединци и семејства со цел осигурување на минимален животен стандард, целта на семејната политика е да го подобри квалитетот на живот на семејствата, а нејзината економска содржина ја сочинуваат прераспределбата на доходот во корист на семејства со деца, особено со поголем број на деца. Мерките на семејната политика се сеопфатни, иако почесто се сретнуваат поголеми бенефиции за семејства со одредени обележја (поголем број на деца, деца со хендикеп, пониски приходи, само еден родител во семејството, и други). Таквото разликување се оправдува со различните потреби кои произлегуваат од особеностите на семејството.

[69] Stropnik. N., (1996), *Obiteljske politike u Europi*, Institut za ekonomska istrazivanja, Ljubljana, str. 105

Од друга страна, според Стропник, една од најважните цели на семејната политика е овозможување на изедначување на работните и родителските обврски, особено на мајките кои традиционално се примарни во грижата и одгледувањето на децата[70].

Државите со експлицитна семејна политика се ретки, а во пракса, оваа политика најчесто е составена од поединечни изолирани мерки од различни други политики, кои водат кон иста цел, подобрување на положбата на семејството и квалитетот на неговиот живот. Во економските, социјалните и другите облици на помош на семејствата со деца, се одржуваат основните вредности и ставови на општеството во врска со одговорностите на родителите, родовата еднаквост, комплементарноста на обврските на родителите, државата и приватниот сектор во однос на заштитата на децата. Спроведувањето на активна семејна политика значи дека соодветното општество е свесно за големината на трошоците за одгледувањето на децата, за младите семејства кои се во ранлив период од својот животен циклус, а особено ако се работи за самохран родител.

Од една страна, семејната политика ја спречува можноста за депривилегирана положба на родителот, пред сè на мајката, поради традиционалните очекувања за нејзината улога во одгледувањето на децата, но истовремено и на негативните последици од вработеноста на родителите врз здравјето на децата и нивната општа благосостојба. Во поголемиот број европски земји, преовладува ставот дека жените мора да имаат еднакви можности за вработување како и мажите. Затоа, некои мерки на семејната политика се непосредна последица од вработувањето на жените, посебно кога имаат предшколски деца. На пример, платено родителско отсуство, флексибилно работно време, скратено работно време, и слично. При тоа, се претпоставува дека родителите се вработуваат за да овозможат егзистенција или повисок животен стандард на своето семејство, со што посредно принесуваат и за општата економска и социјална благосостојба. Освен тоа, соодветните услови за усогласување на работните и родителските

---

[70] Stropnik. N., (1995), *Ciljevi, mjere i posledice populacijske i obiteljske politike,* Institut za ekonomska istrazivanja, Ljubljana, p. 216

обврски, го спречуваат губењето на т.н. човечки капитал, односно знаењата и вештините во чие стекнување вложувале и поединецот и целото општество.

Во определувањето на целите на семејната политика, би ја цитирала и Борнарова која издвојува основна цел и посебни цели на семејната политика. Основна цел е олеснување, поддршка и помош на семејството во однос на раѓање, одгој, воспитание и згрижување на зависните членови (децата и старите лица), а посебни цели кон кои може да е насочена семејната политика се:

- поттикнување/ограничување на фертилитетот,
- овозможување на пристап, партиципација и интеграција на жената на пазарот на трудот,
- креирање стабилна, продуктивна, задоволна и креативна работна сила,
- придонес кон рамноправност на половите преку промовирање на активно татковство[71].

## 3.2. Историски развој на семејната политика

Почетоците на семејната политика се пронаоѓаат во периодот меѓу двете светски војни во значајни европски земји (Франција, Германија и Шведска), кога државата на некој начин почнува да се меша во приватната семејна сфера, обидувајќи се така да промовира некои општи интереси. Изворно, семејната политика била замислена како пронаталитетна, испирирана претежно од стратешки, па и од економски причини. Државата го стимулира раѓањето на што поголем број на деца, бидејќи ѝ требаат нови поданици, како и поради фактот дека сигурноста на државата зависи од тоа колку здрави, млади и способни луѓе ќе има на располагање за производство и за војување.

[71] Борнарова. С., (нема година), *Семејна политика,* (учебник во подготовка), Филозофски факултет, Скопје, стр. 36 (цитирано со дозвола на авторката)

За илустрација, семејната политика во нацистичка Германија е редуцирана на експанзионистички и нацистички цели, поради фактот што Германија се подготвувала за освојувачка војна. Голема државна потпора била давана на чисто ариевските семејства кои биле стимулирани да раѓаат поголем број на бебиња, со паралелно уништување на неариевското граѓанство, посебно Евреите и Ромите, како припадници на ниски класи кои ја загрозувале силата на државата.

Од друга страна, плашејќи се од демографската и воената надмоќ на Германија, Франција развивала амбициозна семејна политика за зголемување на бројот на населението. Интересен е пристапот на француските политичари, кои го поттикнувале зголемувањето на бројот на селското наспроти градското население, поради уверувањето дека селаните се повеќе приврзани кон земјата и имаат силна патриотска вкоренетост. Наспроти овие стратешки цели, во Франција се истакнале и други причини за зголемувањето на бројот на децата. Имено, француските работодавци настојувале со детските додатоци да го намалат притисокот за зголемување на платите на работниците од побројни семејства. Веднаш после Втората светска војна, пронаталитетната политика ја прокламира и првиот претседател на Француската влада (Шарл де Гол), повикувајќи ги Француженките да родат „12 милиони убави бебиња“[72].

Треба да се обрне внимание и на шведската семејна политика која поради ниската стапка на фертилитет меѓу двете светски војни била пронаталитетно насочена. Во оваа земја децата родени вон брак биле изедначени со брачните деца уште од 1917 година. Во 1920 година бил либерализиран и разводот на бракот. Но, шведскиот пронатализам никогаш не бил насочен против контролата на раѓање. Девиза било дека секое дете треба да биде сакано. Пресудна улога во дефинирањето на шведската семејна политика имале Елен Кеј (Ellen Key), и брачниот пар Алва и Гунар Мурдал (Alva and Gunnar Myrdal). Според нив, шведското општество треба да функционира како добра „народна куќа“.

[72] Puljuz. V., (1994), *Socijalna politika i obitelj,* Pravni faultet, Sveuciliste u Zagrebu, str. 239 (според Jones)

Општеството, како и семејството, треба да промовира еднаквост, обзирност, соработка и помош.

Втората светска војна го поттикнала развојот на семејната политика и во други европски земји. Иако почетната инспирација за семејната политика била пронаталитетна, постепено се појавувале и други причини за материјална и сервисна поддршка на семејството, како на пример праведноста, подигнување на квалитетот на семејниот живот, социјализацијата на младите генерации, јавни сервиси за децата и друго. Во поголемиот број на европски земји, развојот на семејните политики течел постапно. Семејните политики се развивале независно една од друга и во различни насоки, во зависност од потребите, културните традиции, целите, финансиските можности, како и поради различното дефинирање на семејството. Но, државата нема друг избор, освен да обезбедува поддршка на семејството. Независно од различноста на ситуациите и настанатите промени, јасно се истакнуваат бројни елементи кои во голем размер ја објаснуваат еволуцијата на семејните политики:

- Генерализација на демографската транзиција. Ова не значи објаснување на семејството преку демографија, туку факт дека при секоја анализа на семејните политики, не смеат да се избегнат демографските предизвици.
- Економскиот развој (или недостигот од него). Се истакнува феноменот на урбанизацијата како економски индикатор со можеби најголемо влијание на еволуцијата на семејните структури.
- Зголемено значење на статусот на жените во општеството. Ширум светот, се забележува значителен напредок во образованието на жените, што е основен фактор за пролонгирање на возраста за склучување на брак и за подобрување на контролата на раѓање.
- Стареење на популацијата. Продолжениот животен век веќе ги води т.н. развиени земји кон претпоставките за проблемот на зависност и за „четврт“ период од животот[73].

[73] Prud'homme, N., (2004), *Changes in Family Structures in the World and Adaptation of Family Policies*, International Social Security Association, p.12

Во Европа постои одреден број земји кои во скромни размери развивале сериозна семејна политика. Во нив семејството се третира како приватен домен во чии внатрешни односи државата не треба да се меша. Кога сепак се воведуваат некои облици на семејна политика, тогаш семејството се третирало како целина. Таква семејна политика се сретнува во јужноевропските земји, како Португалија, Шпанија, Италија и Грција. Со одредени резерви, во оваа група може да се придодадат Велика Британија и Ирска. Интересен е случајот со Велика Британија која никогаш немала пронаталистичка опсесија, што веројатно се должи на островската изолираност и поголемата воена сигурност во односот со другите континентални земји. Како и да е, Втората светска војна го убрзала развојот на семејната политика во сите европски земји со сите нивни специфичности.

Може да се каже дека по Втората светска војна, европските земји прифатиле полиберален пристап кон семејството, и благодарејќи на тоа, државата на различни начини интервенира во семејниот живот. Државната интервенција се легитимира со потребата да се влијае на семејството во време на брзи промени на социјалните вредности, како и на настојувањето да се заштитат одредени членови на семејството (најчесто децата) од други, во случај да се загрозени или да се работи за настојување родителите да ги исполнуваат своите обврски. Значи, интервенцијата на државата треба да послужи за да се одржи семејството како темелна социјална институција.

Во текот на XX век значително се променил односот меѓу неплатениот (најчесто женски) и платениот труд (најчесто машки). Пред тоа, социјалниот поредок се темелел на платена машка работа надвор од домот, и неплатена и невреднувана женска работа во домот. Но, општествените промени го поставиле прашањето на функционалната организација на односот меѓу вработувањето и семејниот ангажман, односно меѓу производството и семејната репродукција. Со тоа се актуелизираат низа прашања за семејната политика.

Големиот демографски раст што Европа го доживеала по Втората светска војна, којшто најмногу се должи на подобрувањето на животните услови по тешките воени времиња и на отворените можности за

вработување, бил проследен со силна обнова на идејата за модерно граѓанско семејство. Познатата Парсонова теорија за семејството која се појавила во тоа време, отсликува татко со инструментална улога, кој заработува и ги одржува надворешните функции на семејството, и мајка со експресивна улога, која раѓа и чува деца, и ја одржува пријатната атмосфера во семејството. Таквото семејство со внатрешна топлина која ја создаваат жената и децата, и со надворешната функционалност која ја остварува мажот и таткото, најлесно може да се интегрира во поствоеното експанзивно индустриско општество.

Во 60-те и 70-те години на XX век, се појавиле бројни негативни демографски показатели, како на пример, намалувањето на стапката на фертилитет, зголемување на бројот на разводите, како и бројот на вонбрачни деца, се продолжил животниот век на населението.

Во објаснувањето на демографските промени, особено се значајни два фактори. Првиот е контролата на фертилитетот кој се проширил благодарение на контрацептивните средства кои најмногу ѝ биле на располагање на жената, која само благодарејќи на нив можела да го контролира раѓањето на децата. Како второ, на намалувањето на фертилитетот влијаело и вработувањето на жените, кое било од траен карактер и во тесна врска со подигнувањето на степенот на нивното образование. Вработувањето на жените им донело поголеми приходи и поголема партиципација во општествениот живот.

И покрај сѐ поголемото учество на жените во општествениот живот, сѐ уште е присутен и феноменот на сегрегација на жените при вработување. По некое непишано правило, жените повеќе се вработуваат во јавниот сектор, во образовните, здравствените или социјалните установи, а помалку се вработуваат во приватниот сектор. Овие демографски трендови и вработувањето на жените влијаеле на т.н. деинституционализација на семејството и масовна појава на нови облици на семејство, меѓу кои најбројни се еднородителските семејства.

Согласно предметот на овој труд, значајно е објаснувањето за развојот на семејните политики што го нуди Борнарова. Таа издвојува три фази[74]:

1. До 1970 година, период на многу активно учество на мажите на пазарот на трудот со цел обезбедување на економска и социјална благосостојба на целото семејство, и минимално учество на жените на пазарот на трудот и нивна доминантна улога во згрижување и нега на членовите на семејството (male - breadwinner; female – caregiver).
2. По 1970 година, период на поинтензивно вклучување на жените на пазарот на трудот со што расте потребата за насочување на мерките на семејната политика кон заштита на децата (породилни отсуства и отсуства од работа заради нега на децата). Во овој т.н. dual – earner модел, постапено опаѓа фертилитетот и старее населението, поради што се зголемува бројот на стари лица за сметка на бројот на деца.
3. По 2000 година, период на интензивно демографско стареење, во кој вработените родители (особено жените) во исто време се грижат и за своите деца и за своите стари родители. Ваквите притисоци кои доаѓаат од оптовареноста со неформалната семејна заштита влијаат врз семејните политики кои се обликуваат во насока на изнаоѓање на нови мерки кои ќе ја олеснат оваа семејна функција. Акцентот се става на отсуства од работа, флексибилни работни практики со кои се овозможува ускладување на семејниот и работниот живот, како и на бенефициите за обезбедување дневно и привремено згрижување на децата и на старите лица.

[74] Борнарова. С., (нема година), *Семејна политика*, (учебник во подготовка), Филозофски факултет, Скопје, стр. 39 (цитирано со дозвола на авторката)

### 3.3. Семејна политика и положбата на жената

Поголемиот број на социјални режими по Втората светска војна, се базирале на претпоставката на стабилна вработеност, стабилно семејство со позитивни демографски движења. Земјите од поранешните југословенски простори ги имале истите карактеристики. Семејната политика во социјалистичкиот период била насочена кон семејствата на граѓаните вработени во општествениот сектор. Постепено биле воведувани додатоци за деца, семејни додатоци, додека селаните и другите приватници биле надвор од интересот на семејната политика.

Значи, семејната политика била во служба на развојот на идеологија на социјализмот, чиј синоним бил општествениот сектор и самата држава, а приватниот сектор бил целосно занемарен. Наспроти силната идеолошка насоченост, поголем број од поранешните југословенски републики развивале модел кој е најблизок до моделот на два хранители. Основна причина за тоа била идејата за еднаквост и рамноправност меѓу жените и мажите, најпрво како работник или работничка. Позади тоа начело на рамноправност се криела потребата од евтина работна сила како предуслов за индустријализација, подобрување на економската ситуација и конкурентноста меѓу самите републики.

Социјалистичките земји развивале услужни сервиси за децата, за да им се овозможи на мајките да се појават на пазарот на труд како вработени жени. Вработувањето надвор од домот во периодот на социјализмот не било прашање на избор, туку било обврска која произлегла од владината идеологија на еднаквост, како и од потребата за заработување. Општеството осигурувало репродуктивни права за жената, општествена грижа за децата, заштита на жените во текот на бременоста и сигурност на вработувањето после породувањето. Но, и покрај законодавната и работната рамноправност, степенот на еманципација на жената бил ограничен со сѐ уште силната традиционална улога. Интересно е да се истакне дека, наместо да ги вклучи мажите во семејните обврски кога е жената вработена, социјалистичкиот концепт предлагал помош од државата. Тоа

резултирало со двојно оптеретување на жените во нивните професионали и семејни обврски.

## 3.4. Семејните политики, економската дискриминација и сегрегација на занимањата

Кластерот на политики насочени кон помош на семејството, често се дефинира како главен механизам преку кој државата се обидува да го намали конфликтот меѓу женските аспирации за постигнување на економска независност и нивните традиционални семејни улоги. Таквите политики се состојат од различни услуги и бенефиции што се предвидени од страна на државата за да ги задоволат потребите на семејствата со деца. Особено значајни се бенефициите за породилно отсуство и достапноста на јавните установи за згрижување на деца.

Треба да се зголеми конвенционалното разбирање на терминот „семејни политики", преку вклучување на дополнителна државна интервенција, т.е. преку разгледување на улогата на државата како работодавач. Во улога на работодавач, обезбедувач на сервиси и креатор на семејните политики, државата директно интервенира во поддршката на жените за влез на пазарот на трудот, преку нивно ослободување од товарот на семејните обврски. Оттука, за овие интервенции често се вели дека се пријателски семејни политики за жените.

Иако односите меѓу семејните политики во различни земји и учеството на жените на пазарот на трудот се доста комплексни, сепак, овие политики им овозможуваат на жените, особено на мајките на мали деца, да се приклучат на пазарот на трудот. Скандинавските земји обично се издвојуваат како главни примери за овој аргумент. Поточно, во овие земји јавните установи за згрижување на деца се целосно или во голема мера финансирани од државата, а породилното отсуство е долготрајно, и е со многу бенефиции. Овие активности го намалуваат конфликтот меѓу семејните улоги и посветеноста на работата, и им

овозможува на повеќе жени да се приклучат на економски активната работна сила.

Мерките на семејните политики треба да им олеснат на жените да се вработат и да ги заштитат своите права, но истовремено тие можат да им наштетат на нивните економски дострели, или директно, со намалување на нивното искуство на пазарот на трудот и времето посветено на платена работа, или индиректно, преку поттикнување на дискриминација од страна на работодавецот. Имено, родителското отсуство најчесто го користат мајките и со тоа го намалуваат времето посветено за платена работа додека децата се мали. Така, долгите родителски отсуства го намалуваат работното искуство на жените. Од друга страна, семејните политики кои овозможуваат долготрајни отсуства од работа или скратено работно време за грижа за децата, можат да ги обесхрабрат работодавците за вработување на жени на позиции кои бараат скапи квалификации и долги периоди за обуки. Ова може да ја намали способноста на жените успешно да се натпреваруваат со мажите за моќни и високо платени работни места.

Од друга страна, и работодавачите имаат интерес за семејни политики кои го хармонизираат семејниот живот и професионалните обврски, бидејќи со нив може да се намали конфликтот меѓу работата и семејството. Борнарова истакнува дека, семејните политики во функција на хармонизација на семејниот и работниот живот поддржани од страна на работодавачите се особено карактеристични за земјите со неразвиена семејна политика. Токму поради тоа, во тие земји поголемиот дел од мерките кои се воведуваат за хармонизација на работниот и семејниот живот ги планираат, финансираат и имплементираат самите работодавачи. Истите се воведуваат од неколку причини[75]:

- промени во демографските карактеристики на работната сила: намален фертилитет, стареење на работната сила, учество на мажот и на жената во работната сила,

[75] Борнарова. С., (нема година), *Семејна политика*, (учебник во подготовка), Филозофски факултет, Скопје, стр. 39 (цитирано според Poelmans & Caliguiri, 2008, со дозвола на авторката)

- пораст на стресот и согорување на работното место како резултат на неусогласен семеен и работен живот,
- пад на продуктивноста на работниците кој повлекува загриженост од страна на работодавачите.

Таканаречените пријателски семејни политики обично имаат за цел да се намали родовата нееднаквост, и затоа е потребно поголемо суптилно разбирање на импликациите на семејната политика. Државните интервенции во насока на промовирање на вработување на мајките ја зголемуваат економската активност на жените, но по цена на проширување на други димензии на родовата нееднаквост.

Напорите да се зголеми учеството на жените на пазарот на трудот, а со тоа и да се подобри економска автономија на жените, се вредни на свој начин. Сепак, токму тие инструменти на политиката бараат критичко разгледување. Бидејќи родовата поделба на трудот во домаќинството продолжува да биде многу нееднаква, политиките кои го олеснуваат родителското вработување преку намалување на конфликтните барања меѓу платената работа и грижата за децата, во пракса се главно насочени кон мајките. Имплементацијата на таквите политики, го намалува работниот труд на жените и ги охрабрува работодавачите да ги дискриминираат жените. Институционализираните опции за родителите да го намалат работното време или да имаат право на продолжено отсуство од работа, несомнено создаде повеќе флексибилна работна средина за родителот. Но, доколку мајките главно ги користат овие опции, тогаш, жените веројатно ќе страдаат од колективна економска криза.

### 3.5. Семејна политика, структура на плата и родови стапици

Во повеќето земји, особено оние со прогресивни семејни политики, спроведувањето на социјалните услуги е иницирано, организирано и контролирано од државата, а со тоа функционира во рамките на јавниот сектор. Јавниот сектор е признаен како еден од најпознатите атрактивни

места за вработување на жените, особено мајките, главно поради неговата заштитна природа, флексибилното работно време, и поголема толеранција на отсуството од работа.

Сепак, природата на работните места и поволните услови за работа во јавниот сектор не се подобни за подобрување на економските можности на жените во однос на професионалните позиции и заработувачката. Иако проширувањето на социјалните и здравствените услуги обезбедува нови работни места за жените, а со тоа овозможувајќи им на повеќе жени да се приклучат на економски активната работна сила, се чини дека токму тоа канализира несразмерен број на т.н. типично женски работни места, далеку од повеќе профитабилните и моќни „машки“ позиции. Пазарот на трудот со голем јавен сектор, кој нуди заштита при вработување и поволни работни услови, има поголема веројатност да ги привлече жените. Така, комбинираниот ефект на дискриминација од работодавачот од една, и атрактивните работни услови во јавниот сектор од друга страна, се очекува да резултира со недоволна застапеност на жените во високо платени работни места во земјите со добро развиени семејни политики.

Родовата сегрегација на занимањата и исклучувањето на жените од профитабилните работни места, во социолошката литература долго време се дефинирале како основни детерминанти на родовиот јаз во платите. Истражувањето на Семијонов и Мендел (Semyonov & Mendel) ја нагласуваат улогата на семејните политики како контекстуални фактори кои влијаат на професионалната сегрегација и родовата нееднаквост во приходите[76]. Со тоа се создава можност подобро да се разберат основните механизми кои придонесуваат за родова нееднаквост на пазарот на работна сила на напредните општества. Поточно, може да се очекува дека нееднаквоста во приходите согласно полот е поизразена во добро развиените социјални држави кои промовираат политики за поддршка на вработувањето на жените.

[76] Semyonov, M., Mandel, H., (2005), Family Policies, Wage Structures, and Gender Gaps: Sources of Earnings Inequality in 20 Countries, in *American Sociological Review, Vol. 70, p. 949 – 967,* The Hebrew University of Jerusalem, Tel Aviv University, Israel and Israel University of Illinois at Chicago, p. 952

## 3.6. Профили на семејна политика според улогата на хранител

Една од најголемите забелешки на социјалната политика е тоа што не ја зема предвид улогата на жените на пазарот на трудот и како корисннчки на социјална заштита. Социјалната политика долго време се потпирала на моделот на „еден хранител" во семејството, што по некое непишано правило бил мажот, додека водењето на домаќинството и грижата за децата, старите и болните, биле домени на женска работа. Работите значително се промениле во текот на XX век, со масовното вработување на жената, кое резултирало со цела лепеза мерки на семејна политика кои како појдовна точка ја имаат токму улогата на жената, особено нејзиното место во однос на платениот и неплатениот труд. Во согласност со предметот на овој труд, од типологиите на семејната политика, најзначајна е поделбата согласно улогата на хранителот на семејството.

Најпознатата типологија на семејната политика ја направила познатата британска авторка Џејн Луис (Jane Lewis). Во центарот на интересот на оваа типологија на семејната политика е односот на половите, платениот и неплатениот труд, јавната и приватната сфера, начинот на државна помош. Луис разликува: модел на цврст машки хранител, модифициран модел на машки хранител и мек модел на машки хранител[77].

Наспроти чудното именување на моделите кое може да биде критикувано од аспект на родова терминологија, сепак ќе ја разгледаме суштината на моделите.

### 3.6.1. Модел на цврст машки хранител

Моделот на цврст машки хранител најмногу е присутен во конзервативните држави во кои од секогаш се стимулирало

---

[77] Puljiz. V., (1999), Profili obiteljske politike, u *Revija za socijalnu politiku, Svezak 6, Br. 1*, Studijski centar socijalnog rada Pravnog fakulteta, Sveučilište u Zagrebu

вработувањето на мажите. Такви држави се Велика Британија, Ирска и Германија.

Овој модел ја нагласува економската улога на мажот во прехранувањето на семејството, додека жената се смета за сопруга и мајка која се грижи за другите зависни членови, најчесто децата и старите лица. Пречка за вработување на жената се недоволно развиените јавни сервиси за семејство и за деца, бидејќи државата не покажува интерес за институционалната и субвенционалната заштита за децата. Жените најчесто се вработуваат со скратено работно време. Државата јасно ги разграничува семејниот и јавниот живот, и не презема ингеренции во семејството. Се нагласува светоста и приватноста на семејството, иако во земјите каде преовладува ваков вид на семејна политика жените имаат можност на делумна или привремена работа.

Значи, земјите со цврст модел на машки хранител подвлекуваат јасна линија на разграничување меѓу семејните и јавните одговорности. Темелна претпоставка од која се поаѓа е фактот дека жената треба да се грижи за децата, а за тоа да добива релативно мала поддршка и помош.

Ирска покажала посебна поврзаност со овој модел на семејни односи. Во Ирска има 30% женска работна сила вработена во индустријата, а бракот претставувал пречка за вработување на жените во државните служби сè до 1977 година. Мажените жени кои се вработувале имале неповолен третман на работното место, ниски примања, а слабо биле развиени и јавните установи за згрижување на децата. Сè до 1984 година, жените во Ирска примале пониска социјална помош, и дури со притисокот на прописите на Европската Унија, се подобрил статусот на вработените жени во Ирска.

Овој модел на семејна политика долго време го поддржувала и Велика Британија. Во оваа земја се вложувале многу напори за образование на жените како мајки, домаќинки и хуманитарни работнички. До 1942 година, жената била третирана како зависен член во семејството, жените првенствено биле дефинирани како сопруги и мајки а потоа како членови на семејството зависни од платата на мажот. Женската вработеност во Велика Британија најчесто е со скратено работно време, кое е несигурно и непостојано. Исто така, голем број на

мајки на деца на предшколска возраст воопшто не се вработени. Тоа може да се објасни со релативно нискиот процент на јавни услуги за семејството, како и со малиот број на законски права по основ на родителство.

### 3.6.2. Модел на модифициран машки хранител

Во овој модел, жените имаат можност да работат со полно работно време и многу се заштитени со системот на социјална сигурност. Тука треба да се истакне дека мошне значајна е и хоризонталната распределба, односно трансферот на доходот од семејства без деца или со малку деца, кон семејствата со многу деца. Имено, надоместоците кои ги дава државата се многубројни и служат како компензација на трошоците за децата. Во овој модел, жената може да се посвети на својата кариера без да го занемари семејството, и затоа степенот на вработени жени со полно работно време е голем. Но, овој тип на семејна политика бара релативно високи издатоци за помош на семејствата, и тешко е применлива во сиромашните земји. Овде веројатно повеќе може да се зборува за родителски, отколку за модифициран машки модел на хранител.

Овој модел е карактеристичен за Франција. Високите семејни надоместоци во Франција можат да се објаснат со традиционално изразениот интерес на државата за зголемување на бројот на населението. Францускиот модел ја признава жената и како мајка и како работничка, а последица на пронаталитетно инспирираната семејна политика е значајното компензирање на трошоците за децата. Истовремено, и начинот на плаќање на тие надокнади, ги привилегираат мајките и жените. Во споредба со Велика Британија или Ирска, францускиот модифициран модел на машки хранител, во кој партијархалната контрола е повеќе доделена на сопружниците, отколку на синдикатите, работодавците или на владите, при што државната политика ја признала реалноста за улогата на жената и како мајка и како платена работничка, нуди реални предности и корист за жените.

### 3.6.3. Модел на мек машки хранител

Овој тип на семејна политика уште се нарекува и модел на двајца хранители, и ги изедначува професионаните и семејните обврски бидејќи ја поддржува жената во двете улоги, како вработена жена и како мајка. Државата има развиено многубројни услуги за децата во јавниот сектор, каде жените најчесто и се вработуваат. Во време кога детето има потреба од поголема грижа, мајката има право на голема можност за платено отсуство. Паралелно со тоа, постои јасна дистинкција меѓу машките и женските работи, како во семејството, така и на работното место.

Овој тип на семејна политика го пронаоѓаме во скандинавските земји, посебно во Шведска и во него се препознава јасна политика на рамноправност. Исто така, во тие земји традиционално се поттикнува вработувањето преку низа мерки на активна политика на вработување. Во текот на 60-те и 70-те години на XX век, шведските социјалдемократски влади, со воведувањето на жените на пазарот на трудот ја оживеале идејата за двајца хранители на семејството, односно за двајца вработени родители. Така жената, од зависен, станала рамноправен член на семејството. Жените добиваат компензација за својата неплатена работа како мајки и тоа по основ на вработување.

Моделот на двајца хранители нуди социјални права за сите возрасни кои зависат од пазарот на трудот. Но, сепак не може да се каже дека жените имаат постигнато потполна рамноправност. Иако масовно учествуваат на пазарот на труд, тие сепак ги вршат и најголем дел од домашните обврски (одгледување и воспитување на децата и другите зависни членови на семејството). Дури, постои и мислење дека оваа реорганизација на женскиот труд, како и фактот дека поголем дел од државните помошти ги користат жените, допринесува за сегрегација на половите, и тоа во рамки на платена работна сила. Затоа се верува дека францускиот модел нуди поголем избор меѓу семејството и вработеноста од шведскиот.

### 3.7. Родот и семејната политика

Социјалните улоги или очекувања детерминираат спектар на можности за жените и мажите. Разбирањето на родовите поделби е важно за семејната политика, делумно поради тоа што проблемите кои влијаат врз жените се дел од агендата која семејната политика мора да ја реализира, но, исто така, и поради тоа што одредени проблеми во социјалната заштита како сиромаштијата и староста, се поврзани со родот.

Феминистичките критики расправаат дека семејната политика е строго „родова". Иако Џејн Луис сугерирала дека сите доминантни модели на семејна политика претпоставуваат дека жените се зависни од „машкиот хранител", Пол Спицкер (Paul Spicker) понудил свое гледиште на нејзините понудени варијации:

- силен „машки хранител" кој претпоставува дека женските приходи се секундарни,
- модифициран хранител, кој на жените им дава специјален статус во однос на мајчинството, и
- слаб „машки хранител" кој им дозволува на жените да се однесуваат како хранители, исто како и мажите. Шведска е типичен пример за претставување на моделот на т.н. „двоен хранител"[78].

Онаму каде претпоставките се направени за положбата на жените, оваа тенденција го зајакнува инфериорниот статус на жените и нивната зависност. Онаму каде не се направени посебни одредби, сепак, оваа тенденција го поткопува нивото на заштита кои жените го добиваат доколку тие не заработуваат приход на иста основа како и мажите. Распространетата нееднаквост на платите и условите за работа значат дека „родовото слепило" во семејната политика може само да ги овековечи нееднаквостите.

Трите главни правци на феминистичката теорија, либералната, марксистичката и радикалната, имаат заеднички концепт за родот како

[78] Spicker, P., (2000), *The Welfare State: A General Theory*, Sage Publications Ltd, London, p.22

значајно прашање во семејната политика. Либералниот феминизам ги нагласува правата на жените како поединци, аргументира против дискриминација и стереотипи, и го истакнува правото за еднаквост на можности. Аргументите против границите на можностите на жените за кариера се класично либерални, тие укажуваат на тоа дека жените треба да имаат корист од сите нееднаквости, како и мажите. Марксистичкиот феминизмот го гледа угнетувањето на жените како резултат на економската структура на општеството. Домашните односи се гледаат како класни односи и како средства за производство. Радикалниот феминизам тврди дека во општеството доминира патријархатот, структура на моќ во која доминираат мажите. Патријаршија е сексуална политика преку која мажите ја воспоставуваат нивната моќ и одржување на контрола.

Според Робила (Robila), семејната политика треба да промовира родова еднаквост во семејството и во општеството преку промени во родовата поделба на трудот, преку политики кои промовираат баланс меѓу платениот труд и семејниот живот[79]. Иако владите на Источно европските земји се обидуваат да обезбедат родова еднаквост, сепак, сѐ уште постојат значителни разлики меѓу мажите и жените, посебно на пазарот на трудот, со разлики во платата согласно полот, со достапност на подобро платени и повисоки позиции само за мажите, како и со недостаток на препознавање на неплатениот труд. Многу мал акцент се става на политики кои на жените би им овозможиле комбинирање на професионалните и родителските задачи. Акцентот е ставен на финансиските бенефиции и продолжување на родителското отсуство, со што се поттикнуваат жените да останат дома. Со цел да се промовира родова еднаквост се препорачуваат специјални политики за родителското отсуство (особено за татковци), отсуства од работа за грижа за болните членови на семејството (особено за мажите), флексибилно работно време за да се олесни грижата за децата, и еднаква плата за двата пола.

[79] Robila. M., (2003), *Family Policy in Eastern Europe: Developments and Recommendations*, Queens College City University of New York, p. 7

Целта на семејната политика е олеснување на усогласеноста меѓу платениот труд и домашната работа, и промовирање на родова еднаквост преку зајакнување на можностите на родителите да учествуваат на пазарот на трудот и да се грижат за своите деца. Одредбите за родителското отсуство и јавните сервиси за згрижување деца се препознаваат како две најзначајни компоненти на политиките за детска заштита, и обично се оценувани преку нивната севкупност, квалитет и универзалност.

### 3.8. Различни семејни модели – различни семејни политики

Креаторите на политиките и социјалните научници кои се занимаваат со семејната и социјалната политика во иднина ќе треба да водат многу поголема сметка за женските вредности, желби и цели. Дури и денес, жените сè уште се занемаруваат од страна на политичарите. Истражувањата на Хаким (Hakim) покажале дека еднаш штом се отворат вистински избори за нив, жените избираат три различни стилови на живот: домот во центарот на интересот, работата во центарот на интересот, или прилагодливост[80]. Овие различни животни параметри се пронаоѓаат на сите нивоа на образование и во сите општествени класи. Тие ја претставуваат основната разновидност на животните параметри што оди и надвор од сегашниот модерен акцент на „разновидност“ поради културните, верските, класните или етничките разлики.

Адаптивните жени преферираат да ги комбинираат вработувањето и семејството, и не даваат фиксен приоритет на ниеден избор. Тие сакаат да уживаат во најдоброто од двата света. Адаптивните жени се генерално најголемата група меѓу жените, и се пронаоѓаат во повеќето професии. Одредени професии, како што е наставничка во училиште, се најпривлечни за жените, бидејќи со нив се постигнува рамнотежа меѓу работата и семејството.

[80] Hakim, C., (2003) *Competing Family Models, Competing Social Policies*, Summary of paper presented to the annual conference of the Australian Institute for Family Studies, London School of Economics, p. 6

И покрај масовниот прилив на жени во високото образование и во професионалните и менаџерските професии во последните три децении, жените кои ја ставаат работата во центарот на интересот се малцинство. Тие се фокусирани на компетитивните активности во јавната сфера, во кариерата, спортот, политиката или уметноста, а семејниот живот е прилагоден на нивната работа. Многу од овие жени остануваат бездетни, дури и кога во брак. За разлика од овие жени, мажите кои ја ставаат работат во центарот на својот интерес се апсолутно мнозинство.

И третата група, жените кои го ставаат домот во центарот на својот интерес, се малцинска, дури и невидлива група, со оглед на актуелниот политички и медиумиски фокус на вработените жени. По склучувањето на брак, овој вид на жени даваат приоритет на приватниот и семејниот живот, најчесто имаат големи семејства, и не се вклучуваат во пазарот на труд освен ако семејството има финансиски проблеми.

За развој на семејната политика, треба да се води сметка за разновидноста на животните параметри, наместо вообичаениот пристап кон потребите на поединецот. Политиките кои ги третираат жените како хомогена група се осудени на неуспех, или на парцијален успех. Во денешно време, семејната политика е главно фокусирана на жените кои се вработени и ги игнорираат жените во чиј главен интерес е домот. На пример, правото на породилно отсуство и користењето на јавните сервиси за згрижување на деца најчесто им се од полза на жените чиј приоритет е кариерата, кои се враќаат на работа извесно време по породувањето. Но, овие права се помалку корисни за адаптивните жени, кои или излегуваат од пазарот на трудот додека им се мали децата, или прифаќаат скратено работно време ако е тоа можно. Јавните сервиси за згрижување деца и породилното отсуство немаат никаква вредност за жените чиј приоритет е домот, бидејќи тие сами ги чуваат своите деца и најчесто се невработени.

Затоа, треба да се идентификуваат неутрални семејни политики меѓу трите групи на жени. Накратко, мора да се признае дека политиките кои ги третираат сите исто (one-size-fits-all policies), не се доволни. Креирањето политики мора да стане повеќе комплексна иницијатива,

која ќе нуди различни типови на поддршка за секоја поединечна група. Во најдобар случај, треба да се градат флексибилни и неутрални политики, кои ќе им оставаат на луѓето слободно да изберат како да ги користат достапните бенефиции. И најважно, треба да се преиспита сегашната пристрасност на политиките за поддршка на вработените жени.

## IV ПОГЛАВЈЕ

## САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ ВО ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И СЕМЕЈНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 4.1. Родителското право во Република Македонија

Родителското право претставува дел на семејното право кој се занимава со регулирање на односите меѓу родителите и децата, но и со регулирање на односите и на други категории на роднини[81]. Тоа има неколку значења. Во првото значење, родителското право е дел од правниот систем на една држава и ги претставува позитивните прописи, т.е. збирот на правните мерки со кои се уредуваат односите меѓу родителите и децата, и други роднини. Со нив се опфаќаат правилата кои ги регулираат условите за засновање на родителско-правниот однос, содржината, вршењето, престанокот и продолжувањето на родителското право. Во второто значење, родителското право е дел од семејното право кој се занимава со изучување на правното регулирање на односите на родителите и децата. На крајот, во третото значење, родителското право се однесува на субјективното право на родителот, каде се јавува како објективно право кое во принцип трае до полнолетство на децата.

При регулирањето на содржините и вршењето на родителското право во нашата земја, законодавецот ги става во еднаква положба и двата родитела, без оглед на полот, верската, расната или етничката припадност, односно родителското право подеднакво им припаѓа и на мајката и на таткото. Родителското право го сочинуваат правата и должностите на родителите да се грижат за личноста, правата и интересите на своите малолетни деца и децата над кои е продолжено родителското право.

Посебно место во семејноправната регулатива во РМ зазема вршењето на родителското право, бидејќи со поблиското определување како ќе се остваруваат правата и обврските меѓу родителите и децата, се остварува суштината на родителското право. Поаѓајќи секогаш од интересите на детето, оваа функција родителите ја вршат заеднички и спогодбено (согласно со начелото за рамноправност меѓу половите), а во случај на несогласување на родителите во вршењето на

[81] Спировиќ – Трпеновска. Љ., (2008), *Семејно право*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, стр. 145

родителското право решава ЦСР. Ако еден од родителите е починат, не е познат или му е одземено родителското право или ако од други причини е спречен да го врши родителското право, родителското право го врши другиот родител. Ако тоа го бараат интересите на детето, родителите можат да го доверат детето на чување и воспитание на трето лице или да го сместат во соодветна установа.

Со помали отстапувања, сите модерни семејни законодавства се доближуваат до концепцијата за определување на правата и должностите кои меѓусебно ги имаат и остваруваат родителите и децата, во смисла на издржување, грижа за животот и здравјето, заштита на интересите, и друго. Законот за семејството на РМ припаѓа во таа група на семејноправни регулативи, и ги определува правата и должностите на родителите и децата. Во смисла на овој закон, родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитание, школување и стручно оспособување[82].

Ако детето живее со едниот родител, другиот родител има право и должност да одржува лични односи и непосредни контакти со своето дете. Одржувањето на контакти со детето се однесува и на родителите и други блиски роднини на родителот кој е умрен, на кого му е одземено родителското право или од други причини е спречен да го врши родителското право[83].

Согласно поставеноста на ЦСР и нивната улога во заштитата на интересите на малолетните деца, според законот, тие се надлежни во решавањето на споровите во вршењето на родителското право.

Улогата на ЦСР е активна и значајна особено во случаите кога родителите не живеат заедно поради фактички прекин на брачната заедница, или поради развод на бракот. Во вакви случаи, родителите треба да се спогодат кај кој од нив ќе останат децата. Ако не се спогодат, или ако нивната спогодба е спротивна на интересите на детето, решение за тоа донесува ЦСР. Таквото решение не е од трајна природа, може да

[82] Закон за семејството (Сл. Весник на РМ, бр. 80/2008), член 46
[83] Op. Cit., член 47

се менува согласно промената на разни околности. Исто така, ЦСР донесува решение за начинот на одржување на непосредни контакти во случај кога не се остварува правото на малолетното дете да одржува непосредни контакти со родителите и други блиски роднини на родителот кој е умрен, на кого му е одземено родителското право или од други причини е спречен да го врши родителското право.

Во случај на развод на брак, доколку родителите не се спогодиле или ако нивната спогодба не одговара на интересите на децата, за чувањето, воспитанието и издржувањето на заедничките деца, одлучува судот. Откако ќе прибави мислење од ЦСР и ќе ги испита сите околности, судот одлучува дали децата ќе останат на чување и воспитание кај еден родител или, некои ќе останат кај мајката, а некои кај таткото, или сите ќе бидат доверени на некое трето лице или установа. По барање на еден од разведените брачни другари или на ЦСР, судот може да ја измени одлуката за чување и воспитание на децата и за односите на разведените брачни другари спрема нивните заеднички деца, доколку тоа го бараат изменетите околности.

Како орган за старателство, ЦСР има голема улога на вршење на надзор над вршењето на родителското право. ЦСР е должен да презема потребни мерки заради заштита на личноста, правата и интересите на детето. Активната улога на оваа институција доаѓа до израз во остварувањето на правото да дејствува секогаш кога ќе констатира недостатоци во воспитанието и развојот на детето. Ако тоа го бараат интересите на детето, ЦСР ги предупредува родителите на недостатоците во воспитанието и развојот на детето и им помага детето правилно да го развиваат и воспитуваат, а може да ги упати тие самите или заедно со детето да посетат соодветно советувалиште или некоја друга здравствена, социјална или воспитна установа која може да им даде потребен совет[84].

Во дијапазонот на ингеренции на ЦСР се и ограничувањето и одземањето на родителското право.

[84] Op. Cit., член 85

Иако со начелото за еднаквост на родителите во воспитувањето на децата се регулирани законските одредби што се однесуваат на правата и должностите во одгледувањето на децата, тие се само декларативни без јасна спецификација на заеднички должности и обврски на родителите. Законот за семејството не ја дефинира концепцијата на односите меѓу половите во контекст на семејството. Македонскиот законодавец го избегнува мешањето во приватниот однос меѓу брачните партнери во однос на поделбата на домашниот труд, одговорностите и грижата за децата, односно тоа е оставено на доброволна одлука на членовите на семејството.

Исто така, нема ни препораки за социјалната и културната концепција на брачните и родителските должности. Согласно овој закон[85], државата креира и гарантира научни, економски и социјални услови за планирање на семејството и за слободно и одговорно родителство, но не се наведени начините на кои тие услови ќе бидат загарантирани.

Законот за семејството го уредува и прашањето на издржување на децата, на родителите и на другите роднини, при што е определено дека родителите се должни да ги издржуваат своите малолетни деца[86]. При определувањето на потребата за издржување на некое лице, судот ја зема предвид неговата имотна состојба, способноста за работа, можноста за вработување, здравствената положба, како и други околности од кои зависи оценката на неговите потреби. Притоа, не е прецизирано кои се тие други околности.

Од друга страна, при определувањето на можностите на лицето кое е должно да дава издржување, судот ги зема предвид сите негови приходи и вистинските можности за стекнување на заработка, како и неговите сопствени потреби и законски обврски по основ на издржување спрема други лица. Во случаите кога се определува издршка за дете, судот ја зема предвид и возраста на детето, како и потребите за школување на детето. Исто така, во овој закон е определено дека во спорот на родителите околу издржувањето на детето, судот како

---

[85] Op. Cit., член 5

[86] Op. Cit., член 179

придонес за издржување на детето на родителот на кого детето му е доверено на чување и воспитание, ќе ги цени работата и грижата на тој родител кој ги внесува во воспитанието и подигањето на детето[87]. И во овој случај, не е прецизирано како и колку ќе се мери тоа.

Во тој контекст, потребна е натамошна регулација на одредени партнерски односи, особено во однос на еднаква поделба на семејните и родителските одговорности и задачи, како и на улогата на родителот кај кого детето не е доверено на чување и воспитување по развод на брак.

## 4.2. Постојните права на самохраните родители во македонското законодавство

И покрај недостигот на јасна дефиниција за помиот самохран родител, одредени закони во РМ дефинираат некои права кои може да ги користи оваа категорија на граѓани.

Според **Законот за социјална заштита**[88], лицата неспособни за работа и материјално необезбедени кои не можат да обезбедат средства за својата егзистенција, имаат право на ППП. Меѓу категориите на лица неспособни за работа се вбројуваат и самохрана жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и самохран родител до три години возраст на детето. Иако е позитивен фактот што државата на некој начин финансиски ја поддржува оваа група на граѓани, загрижувачко е вбројувањето на самохраната жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и самохраниот родител до три години возраст на детето, во категории на лица неспособни за работа. Ваквата определба е до одреден степен дискриминаторска, бидејќи во случајот на мајчинството и заштитата на самохраните родители, неспособноста за работа е само привремена. Затоа е препорачливо поинакво дефинирање на неспособноста за работа, која може да биде и стимулирачка за пасивност на поединците за понатамошно барање на работа и нивна континуирана зависност од

[87] Op. Cit., член 195
[88] Закон за социјалната заштита (Сл. Весник на РМ, бр. 79/2009), член 57

социјални бенефиции. Од аспект на полова структура меѓу самохраните родители како корисници на ППП, има повеќе жени. Тоа произлегува од фактот дека во практиката тие најчесто се во оваа категорија, како и поради очигледноста на основата за користење на ова право (самохраните жени во последниот месец од бременоста).

Од родов аспект, впечатливи се ограничувањата во остварувањето на правото на ППП, на двете категории. Имено, самохраниот родител може да ја користи помошта во првите три години на детето и заклучно до првите три деца по ред на раѓање. Тоа секако претставува рестрикција и за самохраните родители и за нивните деца, како поради ограничувањето на времетраењето на правото, така и поради ограничувањето на бројот на децата. Од друга страна, по истекот на предвидените три години, практиката покажува дека ако самохраниот родител сѐ уште нема извори на приходи, се префрла во друга категорија опфатена со системот на социјална заштита, односно стануваат корисници на СПП. При тоа, на самохраните родители им се намалува износот на средства кои ги добиваат како корисници на ППП, со оглед дека износот на СПП е значително помал.

Согласно со стариот Закон за социјална заштита, лицата од оваа категорија не можеа да користат ППП бидејќи законската издршка за дете се засметуваше како приход на домаќинството. Со одредбите од Законот за социјалната заштита од 2009 година[89] се воведоа промени на овој план, па е определено дека како материјално необезбедено лице, се смета лице кое нема приходи или чии приходи по сите основи по член на семејство се помали од 4000 денари. Со Правилникот за начинот за остварување на правото на постојана парична помош[90], меѓу надоместоците, додатоците и помоштите кои не се сметаат како извор на приходи се наведува и законска издршка за дете во висина до 5.000 денари, која се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од ДЗС, во јануари за тековната година. И покрај овие промени, поради непостоењето на систем за следење на

[89] Op. Cit., член 59

[90] Правилник за начинот за остварување на правото на постојана парична помош (Сл. Весник на РМ., бр. 122/2009)

исполнувањето на законската обврска за издршка на детето, самохраниот родител може да се доведе во двојно потешка состојба, бидејќи може да биде оневозможен во пристапот кон остварувањето на правото на ППП, поради ненавремено исплаќање на издршката, или ако таа воопшто не се исплаќа.

Според Законот за социјалната заштита, самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето може да оствари и право на институционална заштита. Имено, во ЈУ за сместување на доенчиња и деца без родители и без родителска грижа до тригодишна возраст, може да се организира привремено сместување и престој на овие категории на граѓани. Исто така, како услуга од областа на социјалната заштита, самохран невработен родител може да се смести и во згрижувачко семејство[91]. Но, во истиот закон[92], е наведено дека право на сместување во згрижувачко семејство има лице кое нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство. Меѓу набројаните категории[93], самохраните родители ги нема. Истовремено, и во Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисници кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите што му се обезбедуваат на сместеното лице[94], никаде не се споменуваат самохраните родители.

Од друга страна, позитивна е одредбата во **Законот за спречување и заштита од дискриминација**, каде се утврдени заштитните механизми за одредени категории на лица, при што е наведено дека нема да се смета за дискриминација посебната заштита

[91] Op. Cit., член 116
[92] Op. Cit., член 32
[93] Дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средно образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин; дете со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство; малолетен сторител на кривично дело или прекршок; лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега, и старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој кое не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин.
[94] Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на кприсниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице (Сл. Весник на РМ., бр. 54/2010)

предвидена со закон, на деца без родители, малолетници, самохрани родители и лица со инвалидитет[95].

Во одредени случаи, **Законот за работните односи** определува забрана за вршење работа подолга од полното работно време. Имено, работодавачот не смее да наложи работа подолго од полното работно време на одредени категории на лица, меѓу кои и на работникот жена поради заштита на бременоста, раѓање и родителството, како и на мајка со дете до три години старост и самохран родител со дете до шест години старост, (освен ако работникот даде писмена изјава дека доброволно се согласува со прекувремена работа)[96]. Исто така, согласно од овој закон, еден од родителите на дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби има право да работи со половина од полното работно време ако двајцата родители се во работен однос или ако родителот е самохран, врз основа на наод од надлежна лекарска комисија, ако детето не е сместено во установа за социјално-здравствено згрижување[97]. Ова скратеното работно време се смета како полно работно време, а правото на надомест на плата се исплатува според прописите за социјална заштита.

Согласно овој закон, работникот може да одбие испраќање на работа во странство од оправдани причини, меѓу кои и бременост, грижа за дете кое не наполнило седум годишна возраст и грижа за дете кое не наполнило 15 години возраст, ако работникот живее сам со детето и се грижи за неговото воспитување и заштита[98]. Исто така, на еден од работниците - родители кој има дете помладо од седум години или тешко болно дете или дете со телесен или душевен недостаток и кој живее сам со детето и се грижи за неговото воспитување и заштита, може да му се наложи да врши прекувремена работа или работа ноќе, само по негова претходна писмена согласност.

Исто така, **Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи**, определува дека се забранува работа со прераспределени работни часови на помлад работник, работник -

[95] Закон за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РМ, бр. 50/2010), член 15
[96] Закон за работните односи (Сл. Весник на РМ., бр. 52/2012), член 120
[97] Op.Cit., член 169
[98] Op. Cit., член 248

инвалидно лице, бремена работничка, работник кој постојано се грижи за дете до три годишна возраст, работник - самохран родител кој постојано се грижи за дете помладо од 15 годишна возраст[99].

Согласно **Законот за бесплатна правна помош**[100], право на бесплатна правна помош имаат лицата кои, со оглед на својата материјална положба, не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство. Право на бесплатна правна помош, согласно со овој закон, имаат државјаните на РМ со постојано живеалиште во РМ. Иако е поставено одредено ограничување (корисници на правото на детски додаток), во опфатените категории[101] се вбројуваат и семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца.

Во листата на надлежности на ЕЛС, согласно **Законот за локалната самоуправа**[102], е наведена и социјалната заштита на бројни категории на лица, меѓу кои и деца од еднородителски семејства. Вршењето на оваа надлежност е во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

**Законот за домување** ги прецизира категориите на лица со право на непрофитно домување, дефинирајќи го непрофитниот стан како станбена единица која ги задоволува стандардите за минимално, односно соодветно домување во сопственост на државата, општината или друга непрофитна станбена организација[103]. Според овој Закон, право на непрофитен стан под закуп во сопственост на државата, општината, или непрофитна станбена организација, имаат државјани на РМ кои се станбено необезбедени. Првенствено право за доделување на непрофитен стан под закуп имаат лица во социјален ризик кои во подрачјето на ЕЛС се процентуално најзастапени, како што се семејства со ниски приходи, млади лица кои посебно се истакнуваат во одделни

[99] Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи (Сл. Весник бр. 13/2013), член 25
[100] Закон за бесплатна правна помош (Сл. Весник на РМ., бр. 161/2009), член 12
[101] Лица корисници на социјална помош, корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности, корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него.
[102] Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ., бр. 5/2012), член 22
[103] Закон за домување (Сл. Весник на РМ., бр. 99/2009), член 91

области, млади брачни парови, самохрани родители, пензионери над 60 години возраст кои немаат стан во сопственост и други категории на лица во социјален ризик. Истовремено, **Стратегијата за домување (2007-2012)** како стратешки документ кој требаше да воведе избалансиран и одржлив развој во согласност со државната политика и загарантираните човекови права, го уредуваше и прашањето за социјалното домување и домувањето на ранливите групи. Во стратегијата беше наведена потребата од прецизно дефинирање на категоријата ранлива група која заради нискиот стандард тешко го остварува правото на дом. Меѓу другите категории, во овој документ како ранлива група се издвојуваа и самохраните родители.

**Законот за заштита и спасување**[104], ја определува должноста за учество во силите за заштита и спасување на сите работоспособни граѓани со навршени 18 години живот до наполнети 55 години за мажи, односно 50 години живот за жени. Од должноста за учество во заштитата и спасувањето се ослободуваат бремени жени, мајки и самохрани родители и старатели кои имаат или се грижат за дете до седум години, односно за две или повеќе деца до десет години.

Со **Законот за азил и привремена заштита**[105], се земаат предвид посебните потреби на ранливите лица, кои се баратели на право на азил, признаени бегалци, лица под супсидијарна заштита или лица под привремена заштита. Во смисла на овој закон, ранливи лица се процесно неспособни лица, малолетни лица, малолетни лица без придружба, тешко болни лица, лица со пречки во развојот, стари лица, бремени жени, самохрани родители со малолетни деца, жртви на трговија со луѓе и лица кои биле изложени на мачење, силување или други тешки форми на психолошко, физичко или сексуално насилство.

Согласно **Законот за одбрана**[106], во остварувањето на одбраната на Републиката, граѓаните имаат право и должност да извршуваат воена служба, работна и материјална обврска. Должност да извршуваат работна обврска имаат сите работоспособни граѓани на возраст од 18 до

---

[104] Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ., бр. 93/2012), член 42
[105] Закон за азил и привремена заштита (Сл. Весник на РМ., бр. 19/2009), член 23
[106] Закон за одбрана (Сл. Весник на РМ., бр. 185/2011)

65 години живот за мажи, односно 60 години живот за жени, освен одредени категории дефинирани со овој закон. Тоа се бремени жени, мајки, односно самохрани родители и старатели кои имаат или се грижат за дете до седум години, односно две и повеќе деца до десет години, граѓани кои се здравствено неспособни за работа и граѓани кои имаат распоред во Армијата и републичките сили за заштита и спасување.

На крајот, неопходно е да се истакне дека во однос на заштитата на самохраните родители, државата треба да понуди подобри можности за да се издржат сите трошоци поврзани со родителството, како и нивно побрзо вклучување или враќање на пазарот на трудот. Затоа, како позитивни треба да се истакнат владините активни политики за вработување со кои самохраните родители се опфатени во дел од мерките, чија цел е надминување на долгорочната зависност на самохраните родители од системот на социјалната заштита, како и нивно економско зајакнување.

### 4.3. Родова анализа на семејната политика во Република Македонија

Согласно најшироката дефиниција, дека семејната политика го опфаќа сè она што Владата го чини за семејството, или како сите мерки кои се насочени кон семејството, во овој дел од трудот ќе бидат разгледани правата и услугите што државата ги нуди на семејството (особено на самохраните родители), од аспект на социјалната и семејната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, работните односи, здравствената и детската заштита.

Истовремено, согласно предметот на овој труд, во овој дел ќе биде разгледано прашањето за родовата рамноправност во РМ и меѓународните документи кои го регулираат прашањето за еднаквите можности на мажите и жените.

### 4.3.1. Социјална и семејна заштита

Согласно **Законот за социјалната заштита**[107], социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Меѓу категориите на социјални ризици[108], се вбројуваат и ризици на еднородителско семејство. Во остварување на правата од социјалната заштита, се забранува директна или индиректна дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожата, национална, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло.

Одредбите од овој закон кои се релевантни за семејната политика се вградени во мерките кои се преземаат за остварување на социјална превенција, вонинституционална и институционална заштита и парична помош од социјална заштита.

Од родов аспект се издвојува правото на домашна нега и помош на поединец и семејството (од правата на парична помош) кое опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот. Како што истакнува Борнарова, со реализицијата на ова право се поддржува неформалната заштита на семејството, која најчесто ја дава жената[109].

Од аспект на самохраните родители како предмет на интерес во овој труд, се издвојува правото на институционалната заштита на самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето, како и правото на ППП. Подетална анализа на овие права е дадена во делот 4.2.

---

[107] Закон за социјалната заштита (Сл. Весник на РМ, бр. 79/2009), член 4

[108] ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност); ризици на старост и стареење; ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично; ризици од сиромаштија и ризици од друг вид на социјална исклученост.

[109] Борнарова. С., (нема година), *Семејна политика,* (учебник во подготовка), Филозофски факултет, Скопје, стр. 135 (цитирано со дозвола на авторката)

За овој докторски труд, значајна е и **Националната програма за развој на социјалната заштита (2011 – 2021),** чија основна цел е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Оваа програма дава богата анализа на постоечката состојба во доменот на услугите и мерките од социјалната заштита (социјалната превенција, вонинституционалната и институционалната заштита и правата на парична помош од социјална заштита), цели и мерки за нивно зајакнување, стратешките правци за развој на системот на социјалната заштита, механизмите за следење и евалуација, и финансирањето.

Одредени мерки од оваа програма се особено значајни за самохраните родители. Во делот на социјалната превенција, значајна е предвидената мерка за организирање на групи на самопомош меѓу корисниците на социјална заштита (меѓу кои и самохраните родители), како и мерките за отворање на советувалишта во системот на социјална заштита (предбрачно, брачно, за деца и млади и други) и назначување на стручни лица при ЦСР за вршење на советувалишна и советодавна работа, кои ќе бидат тесно специјализирани во таа област.

Во делот на правата на парична помош од социјална заштита, оваа програма предвидува неколку цели кои се значајни и за самохраните родители (поради правото на ППП). Поради утврдените недостатоци, програмата истакнува потреба од унапредување на правата на парична помош од социјална заштита, воспоставување на мрежна соработка меѓу релевантни институции, олеснување на постапката за реализација на овие права, зајакнување на капацитетите за реализација на правата и зајакнување на соработката и координацијата меѓу ЦСР и АВРМ (центри за вработување).

Од анализата на постоечката состојба на социјалните услуги за институционалната заштита, во програмата се нагласува потребата за зајакнување на социјалните услуги за институционалната заштита. Предвидените мерки се однесуваат на сите јавни установи во системот на социјалната заштита. Истовремено, оваа програма потенцира дека критериумите за сместување во установа за институционална социјална

заштита треба да се доработат во насока на постручно и посоодветно сместување на корисниците, и дека при сместувањето не се спроведува задоволителна проценка на целокупната животна ситуација и расположливите ресурси на корисниците во насока на избегнување на непотребната институционализација.

Во делот на социјални услуги за вонинституционална заштита, за овој труд е значајна забелешката дека згрижувачкото семејство како форма на заштита со долга традиција, која во основа треба да има привремен карактер, сепак останува фокусирано на долгорочна заштита на категоријата на деца со инвалидност и деца без родители и родителска грижа, а не и на останатите категории во социјален ризик, за кои според Законот за социјална заштита може да се примени и оваа форма на заштита. Истовремено, во делот на мерката за промовирање на формата сместување во згрижувачко семејство за категориите на корисници за кои оваа форма на заштита досега е помалку применувана, меѓу другите категории[110], недостасуваат самохраните родители. Исто така, самохраните родители недостасуваат и во мерката за регулирање на примената на сместување во згрижувачко семејство соодветно на категоријата на згрижени лица и локалните згрижувачки капацитети во подзаконската регулатива. Тоа најверојатно се должи на изостанувањето на оваа категорија и во Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисници кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство, и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице.

Во делот на овие услуги, оваа програма предвидува цели и мерки за нивна реализиација. Сепак, во мерката за збогатување на мрежата на центри за дневно и привремено прифаќање и згрижување, преку отворање на дополнителни центри, територијално распоредени согласно со локалните потреби на населението, пожелно е како ризични групи да се предвидат невработените самохрани родители и предшколските деца на самохрани родители (особено ако не се вклучени во системот на услугите во детски градинки).

---

[110] Дете со воспитно-социјални проблеми; дете жртва на семејно насилство; малолетен сторител на кривично дело или прекршок; старо лице; возрасно лице со инвалидитет

За овој труд, особено е значајна **Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија**. Оваа стратегија ги зема предвид и ризиците на еднородителско семејство, потврдувајќи дека постојат многу малку податоци за бројот на самохраните родители. Исто така, со овој документ се потврдува постоечката рестрикција на правото на ППП на самохраниот родител кое е ограничено до првите три години на детето, и заклучно со првите три деца по ред на раѓање.

Како високо ризична група од аспект на социјална исклученост, оваа стратегија ги препознава и самохраните мајки, поради нередовноста или недостатокот на плаќањето на законската издршка за дете од поранешниот партнер. Поради тоа, самохраните мајки се ограничени во остварувањето на правата на СПП или ППП, што води кон сиромаштија. Од друга страна, и да е жената вработена, товарот на самостојно одгледување на децата го намалува животниот стандард на тоа еднородителско семејство, и тоа води кон сиромаштија. Потребна е ревизија на законската регулатива заради утврдување и отстранување на рестриктивни законски одредби кои го ограничуваат правото на социјална заштита и помош за самохраните родители – мајки.

Охрабрува фактот дека во оваа стратегија се нагласува проблемот на самохраните мајки кои не се во работен однос. Тие немаат право на надомест заради породилно боледување, што ги става во исклучително ризична состојба.

Посебно се позитивни мерките за заштита на еднородителските семејства што ги предвидува оваа стратегија, преку: оформување на фонд за поддршка на еднородителски семејства; продолжување на напорите кои ги вложува државата за активно вклучување на самохраните родители на пазарот на трудот, преку активните мерки за вработување; ревизија и измена на законските одредби кои се рестриктивни за добивање на СПП на самохраните родители и обезбедување СПП за подмирување на основните режиски трошоци (струја и вода) за еднородителските семејства кои остаруваат минимални приходи.

Во областа на домувањето, оваа стратегија, препознава шест категории на станбено необезбедени граѓани кои се потенцијални корисници на социјални станови, меѓу кои и самохраните родители со малолетни деца.

Во дефинирањето на групите кои се најмногу изложени на ризик од сиромаштија и социјално исклучување, оваа стратегија издвојува неколку категории, меѓу кои и домаќинства со деца, особено домаќинства во кои паровите не се во брак, и домаќинства во кои главата на семејството има ниско ниво на образование (без образование, незавршено основно образование или само основно образование). Овие две категории се дискутабилни. Многудетноста во семејството очекувано влијае на зголемувањето на ризикот од сиромаштија, но фактот дали паровите се или не се во брак не е одлучувачки. Имено, согласно Законот за семејството[111], брачната и вонбрачната заедница која траела најмалку една година се изедначени во поглед на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траење на таа заедница, а издржувањето е право и должност на родителите, на децата и на другите роднини, како и на лицата кои живеат во брачна или вонбрачна заедница. Во однос на втората категорија, нискиот степен на образование исто така е ризик за сиромаштија, но употребата на терминот „глава на семејството“ и неговото значење бара дополнителни објаснувања.

Од друга страна, како исклучително значајно прашање во справувањето со сиромаштијата и невработеноста, обезбедувањето на еднакви можности и квалитетен живот за сите, оваа стратегија го смета и прашањето на рамноправност и вклучување на родовите перспективи во главните текови. Ова е особено важен елемент со оглед на фактот дека социјалната исклученост и сиромаштијата содржат јасна родова компонента, правејќи ги жените многу поподложни на ризик од сиромаштија, соочувајќи се со помала стапка на активност на пазарот на труд, поголема стапка на (долготрајна) невработеност и со силно застапена дискриминација врз основа на пол на пазарот на труд.

---

[111] Закон за семејството (Сл. Весник на РМ, бр. 80/2008), членови 13 и 11

Хоризонталната и вертикалната професионална сегрегација и родовиот јаз во заработувањето, манифестирани преку поголемата присутност на жените на помалу платените работни позиции и професии, и помалата стапка на учество на жените во процесите на одлучување дополнително води кон феминизација на сиромаштијата, економска зависност на жената, а сето тоа како резултат го носи ризикот од социјална исклученост. Родот во комбинација со други фактори често ги одредува карактеристиките на групите кои се соочуваат со ризик од маргинализација и социјална исклученост. Во ризичните групи се вбројуваат самохраните мајки, жртвите на родово базираното насилство, жените од руралните средини, жените од етничките заедници, возрасните жени, жените кои примаат долготрајната нега, девојчињата кои го напуштаат образовниот процес.

За овој труд, исто така значајна е и **Стратегијата за демографски развој (2008 – 2015)** која предвидува специфични мерки и интервенции за зголемување на природниот пораст на населението преку поттикнување на раѓање и грижа за децата, подобрување на условите за планирање на семејството и мајчинството, еднакви можности помеѓу мажите и жените и подобрување на квалитетот на животот во недоволно развиените региони.

Во овој документ се предвидени поголем број на специфични мерки и интервенции кои опфаќаат бројни области: финансиски стимулации, даночни олеснувања, зголемување на стапката на вработеност кај одредени ризични групи, зголемување на бројот на јавни установи за заштита на децата, советувалишна работа, механизми за поддршка на професионалниот и семејниот живот, планирање на семејството и развој на одговорно родителство, еднаквост на половите, здравствена заштита, образование (особено на девојчиња), семејно насилство, и други. Иако во повеќето мерки се предвидени самохраните мајки, сепак ограничувачка е мерката за финансиско стимулирање за второродено и трето родено дете за брачни парови кои потекнуваат од региони во кои стапката на фертилитет е под 2,1 живородено дете на жена. Ваквата мерка ги дискриминира самохраните родители.

**Законот за семејството**[112] ги уредува бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, семејното насилство, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови и постапката за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство.

Според овој закон, семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување, а односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца. Републиката обезбедува посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа, и заштита од семејно насилство.

Во овој дел ќе бидат анализирани одредени одредби од овој Закон кои се значајни согледно предметот на овој труд.

Овој закон јасно ја определува улогата на ЦСР и на судот во постапката за доверување на дете по развод на брак, и за задолжителната меѓусебна издршка на родителите и децата. Согласно законските одредби за овие области, и улогата на овие институции, може да се заклучи дека поимот „самохран" се поврзува исклучително со висината на издршката која треба да ја дава родителот кај кој детето не е доверено на чување и воспитание. Поради тоа, согласно нашето законодавство, разведените родители со деца, не се самохрани. Но, ако родителите имаат еднакви права и должности кон своите деца, што подразбира грижа за подигнување, чување, воспитание и образование на децата, и развивање на нивните работни способности и навики[113], тогаш определбата на улогата на родителот кај кој не е доверено детето по развод на брак согласно содржината на родителските права и обврски, е неоправдана.

Бидејќи семејството може да настане со раѓање на деца и со посвојување, во овој дел ќе се обрне внимание и на посвојувањето.

---

[112] Op.Cit. член 19
[113] Op.Cit., член 8

Согласно законски поставените услови за посвојување[114], како посвоител може да се јави и самец (маж или жена). Во **Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството**[115], се утврдени критериумите врз основа на кои ќе се врши изборот на посвоител, и тоа: здравствена состојба, психосоцијален статус, материјални услови, станбени услови, време на чекање, степен на образование, брачен статус и државјанство. Овие критериуми, подетално се пропишани во **Правилникот за поблиските критериуми и начинот на избор на посвоител по електронски пат**, при што за секој од овие критериуми е определен соодветен број на поени.

Од анализата на критериумите за психосоцијален статус на можните посвоители, материјалните услови и брачниот статус, јасно се забележува дискриминација на самците кои би сакале да посвојат дете.

Еден од основните критериуми за утврдување на психосоцијалниот статус[116] на можните посвоители, е квалитетот на функционалност на брачната заедница. Поради поставените критериуми[117], лице самец, кое би сакало да посвои дете, не би можело да добие ниту еден поен.

При утврдување на материјалните услови на можниот посвоител се земаат предвид приходите по сите основи. Но, бројот на можните поени зависи од висината на нето просечната плата во РМ за претходната година, и од тоа дали подносителот на барањето е самец, или е во брачна/вонбрачна заедница, вклучувајќи ги и децата. Максималниот број на поени од материјалните услови е 18, при што се вреднува висината на остварените приходи и поседувањето на движен или недвижен имот, без прецизна определба на зависноста од тоа дали подносителот на барањето е самец, или е во брачна/вонбрачна заедница.

---

[114] Посвоител може да биде лице кое е деловно способно, кое ила лични својства за успешно вршење на родителските права и да не е постаро од 45 години. Посвоител може да биде лице најмалку 18 години постаро од посвоеникот.

[115] Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството (Сл. Весник бр. 67/2010), член 5

[116] Возраст, подготвеност за родителство, лични ставови во однос на детето кое ќе се посвои и квалитет на живеење - начин на организирање на слободното време.

[117] Подготвеност на двајцата партнери за прифаќање на неможноста да бидат родители по биолошки пат (2), задоволство на двајцата партнери од функционирањето на брачната заедница (1), заедничко планирање на иднината (1) и меѓусебна поддршка во надминување на проблеми и потешкотии (2).

При утврдување на брачниот статус на можниот посвоител се зема предвид дали лицето е во брак или не, и дали живее во брачна или вонбрачна заедница. Самците мажи или жени кои сакаат да го остварат родителството преку посвојување дете се дискриминирани, поради фаворизирање на паровите во брачна заедница што јасно се забележува од бројот на можни поени по оваа основа[118].

Во периодот од 2004 година, кога е формирана Комисијата за посвојување при МТСП, до донесувањето на Правилникот за поблиските критериуми и начин на избор на посвоител по електронски пат, само 4 деца биле посвоени од самци, и тоа сите жени[119].

Во одредбите кои се однесуваат на старателството е определено дека за одредени категории на граѓани (меѓу кои и дете без родителска грижа), се поставува старател како лице кое има лични својства и способности за вршење на должноста старател, со претходно дадена согласност да биде старател. Првенствено, за старател се поставува близок роднина на лицето под старателството. При тоа, јасно е определено дека старателот на малолетно лице е должен да се грижи како родител за личноста на малолетникот, а особено за неговото здравје, воспитание, образование и оспособување за самостоен живот и работа[120].

Ако функцијата на старателот (кога е близок сродник) се поклопува со содржината на родителското право, дали може да се размислува дека додека трае старателството, старателот (ако е самец) има улога на самохран родител?

---

[118] Максималниот број на поени за критериумот брачен статус е 13 поени. Максимумот број на поени може да го добие лице кое живее во брачна заедница над 3 години. Парови кои живеат во брачна заедница помалку од 3 години можат да добијат 10 поени, а парови од вонбрачна заедница, 4 поени. Самец (маж или жена) добива само 1 поен.

[119] Податокот е добиен од претседателката на Комисијата за посвојување, при нестандизирано интервју одржано на 16.09.2012 година.

[120] Закон за семејството (Сл. Весник на РМ, бр. 80/2008), член 160

### 4.3.2. Пензиското и инвалидското осигурување

**Законот за пензиското и инвалидското осигурување**, меѓу правата од пензиско и инвалидско осигурување[121], што е од особено значење за овој труд, го вбројува и правото на семејна пензија. Согласно овој закон[122], семејна пензија можат да остварат членовите на семејството: брачниот другар, децата (родени во брак или надвор од брак или посвоени, посиноците кои ги издржувал осигуреникот, внучињата и други деца без родители кои ги издржувал осигуреникот) и родителите (таткото и мајката, очувот и маќеата) и посвоителот, што ги издржувал осигуреникот. Исто така, ако со судска одлука му е утврдено право на издржување, семејна пензија може да оствари и брачниот другар од разведен брак. Во зависност од носителот на семејната пензија, законот јасно ги определува условите за стекнување на ова право.

Позитивни се одредбите на овој закон според кои се дефинира стажот на осигурување што се смета за ефективно траење, при што во стаж на осигурување се смета сето време поминато во работен однос со полно работно време, под кое се подразбира и времето што во работен однос со скратено работно време ќе го поминат работничките - заради доење или нега на дете, односно работниците - заради нега на дете, како и времето за кое осигуреникот користи право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на потешко хендикепирано дете согласно со Законот за социјална заштита (член 101, став 1 и 2).

Во **Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување**[123] се дефинирани податоците кои се собираат за осигурениците, при што, од особено значење за овој труд е собирањето на податоци за полот на осигурениците. Со тоа се овозможува собирање на полово разделена статистика што е во согласност со Законот за

---

[121] Право на старосна пензија, право на инвалидска пензија, право на професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци, право на паричен надоместок за телесно оштетување и право на најнизок износ на пензија.

[122] Закон за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. Весник бр. 98/2012), член 57

[123] Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување (Сл. Весник бр. 16/04)

еднаквите можности на мажите и жените[124], според кој сите субјекти одговорни за усвојување и спроведување на мерките за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите, се должни да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци, и да ги прикажуваат според половата припадност. Истовремено, според Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување, во податоците кои се внесуваат за корисниците на семејна пензија, се вбројува и полот на корисникот на семејна пензија[125].

### 4.3.3. Работни односи

Согласно **Законот за работните односи**, на жените и мажите мораат да им бидат обезбедени еднакви можности и еднаков третман во врска со пристап до вработување (вклучувајќи унапредување и стручна и професионална обука во работата), условите за работа, еднаква исплата за еднаква работа, професионални шеми за социјалното осигурување, отсуство од работа, работно време и откажување на договорот за вработување[126]. Овој принцип на еднаков третман подразбира забрана за директна и/или индиректна дискриминација, бидејќи работодачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности. Од друга страна, сите мерки кои се однесуваат на посебната заштита и помош на определена категорија на работници, а посебно на оние за заштита на инвалидите, постарите работници, бремените жени и жените кои користат некое од правата од заштита на

[124] Закон за еднакви можности на жените и мажите (Сл. Весник на РМ, бр. 6/2012), член 18
[125] Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување (Сл. Весник бр. 16/04), член 12
[126] Закон за работните односи (Сл. Весник на РМ., бр. 52/2012), член 6

мајчинството, како и одредбите кои се однесуваат на посебните права на родителите, посвоителите и штитениците, не се сметаат за дискриминација, ниту смеат да бидат основа за дискриминација.

Овој закон содржи одредби за заштита на жените на работното место, со кои се забранува ноќна работа на работничка од областа на индустријата и градежништвото, како и вршење на подземни работи во рудниците за работничките.

Законот за работните односи содржи и бројни одредби за заштита при работа во случај на бременост, раѓање и родителство. Согласно овој закон, работодавачот е должен да воведе повеќекратно оценување на ризиците кои можат да влијаат на бремената жена, нејзиното неродено или новородено дете. Исто така, работодавачот треба да воведе мерки за подобрување на здравјето и безбедноста при работа на бремената работничка, работничка која неодамна родила или дои, како и отстранување или намалување на опасноста на ризикот од неповратни ефекти, предизвикување рак, наследни генетски оштетувања, предизвикување штети на нероденото дете и предизвикување штети на исхраната на детето.

Во однос на правото на правото на годишен одмор, кој не бил искористен во тековната календарска година заради отсутност поради породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до 30 јуни идната календарска година. Согласно овој Закон[127], работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности (за склучување на брак, раѓање на дете (само за таткото) и/или смрт на близок роднина), до седум работни дена.

Согласно овој закон, работниците поради бременост и родителство имаат право на посебна заштита во работниот однос, а работодавачот е должен на работниците да им овозможи полесно усогласување на семејните и професионалните обврски[128].

Законот за работните односи забранува вршење работа за време на бременост, по породување и на работници од специфични ризични групи. Имено, за време на бременост и уште една година по

---

[127] Op.Cit., член 146

[128] Op.Cit., член 161

породувањето, работничката не смее да врши работи, ако тие со зголемена опасност влијаат на нејзиното здравје или здравјето на детето, а бремените работнички кои работат со опасни хемиски материи треба да бидат запознаени со дополнителните ризици од овие супстанции за нив и неродените деца.

Законот гарантира посебна заштита за време на бременоста. Имено, работодавачот не смее да бара какви било податоци за бременоста на работничката, освен ако таа самата не ги достави заради остварувањето на правата за време на бременоста[129]. Ако работничката врши работа која за време на нејзината бременост може штетно да влијае на нејзиното здравје или здравјето на детето, работодавачот е должен да ѝ обезбеди вршење на друга соодветна работа и плата, како да ја вршела својата работа, ако тоа за неа е поповолно. Во спорот меѓу работодавачот и работничката одлучувачко е мислењето на избраниот лекар, односно лекарската комисија.

Согласно овој Закон[130], за време на бременост или со дете до една година возраст, работничката не смее да врши прекувремена работа или да работи ноќе, а на работничката која има дете од една до три години возраст, може да ѝ се наложи да врши прекувремена работа или работа ноќе, само по нејзина претходна писмена согласност. Овие права ги има и работникот - татко на детето, односно работникот кој го негува детето, доколку мајката умре, го напушти детето, односно ако врз основа на мислењето на надлежната лекарска комисија според прописите на здравственото осигурување е неспособна за самостојно живеење и работа.

За време на бременост, раѓање и родителство, работничката има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеца непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) една година. Работничка која посвојува дете има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а доколку посвоила повеќе деца (две или повеќе) една година.

---

[129] Op.Cit., член 163

[130] Op.Cit., член 164

Работничката, покрај правото на плата, има право и на надомест на плата за отсуство поради бременост и родителство, во висина од 50% од утврдениот износ на надоместокот за отсуството според прописите за здравствена заштита. На крајот на родителското отсуство работникот има право да се врати на истото работно место или, доколку тоа не е возможно, на соодветно работно место според условите од договорот за вработување. Доколку отсуството од работа за родителство не го користи работничката, правото на отсуство од работа за родителство го користи таткото или посвоителот на детето.

Поради раѓање на мртво дете, или ако детето умре пред истекот на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, работничката има право да го продолжи отсуството за време колку што според наодот на лекар е потребно да закрепне од раѓањето и од психичката состојба предизвикана со губењето на детето, а најмалку 45 дена, за кое време и припаѓаат сите права врз основа на отсуството за бременост, раѓање и родителство[131]. Во овој период, работничката има право на надомест на плата според прописите за здравствена заштита.

Работничката која го дои детето и по изминувањето на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, ќе започне да работи со полно работно време, има право на платена пауза во текот на работното време (до 1 година на детето), во траење од еден ипол час дневно, во кое време се засметува и дневната пауза.

Родово сензививна е и одредбата на Законот за работните односи, според која работно правните односи на работниците кои се испратени од нивниот работодавач за извршување на работи за давање на услуги за друг работодавач од територијата на земја членка на ЕУ во територијата на РМ се утврдени со овој закон, посебни правила или релевантен колективен договор со кој, меѓу другото, се регулираат и условите за работа на жените, младите лица и работничките кои се грижат за дете помало од три години и еднаков третман на мажите и на жените и забрана на дискриминација[132].

[131] Op.Cit., член 168

[132] Op.Cit., член 249-а

Без оглед на времетраењето и видот на работниот однос, **Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи**[133] предвидува заштита од дискриминација на работничка по основ на бременост, раѓање и родителство. Исто така, согласно овој закон, работодавачот не смее да го откаже договорот за вработување на работникот за време на бременост, раѓање и родителство, за време на сместување на дете кај посвоител, отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете и скратено работно време поради грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби и спреченост за нега на дете до тригодишна возраст.

Од аспект на работните односи, за овој труд значаен е **Националниот акционен план за вработување на Република Македонија (2011 – 2013)**, кој предвидува мерки за зголемување на учеството на пазарот на трудот и намалување на структуралната невработеност. Со цел, стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот, со овој документ се предвидиува мерка, субвенции за вработување на ранливи групи, меѓу кои се предвидуваат и самохраните родители.

Од друга страна, програмите на **Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2012 – 2013** година треба да обезбедат паметен, одржлив и инклузивен раст, со што ќе се овозможи поголема одржливост и ефикасност на активните програми за вработување. Во овој документ, самохраните родители се вбројани во категориите на невработени лица во програмите за инклузивен раст (Програма за субвенционирање, Програма за практикантство, Пилот програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште, Програма за општо – корисна работа, Програми со комбинирани пакети на поддршка за вработување). Исто така, самохраните родители се вбројани и во категоријата на ранливи групи дефинирани во програмата за субвенционирање и во програмата за општо - корисна работа.

[133] Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи (Сл. Весник бр. 13/2013), член 4

### 4.3.4. Здравствена заштита

Сите модерните држави, вклучувајќи ја и РМ, гарантираат право на здравје и здравствена заштита на сите свои граѓани, особено на мајките, новородените и децата, што е од посебен интерес и за меѓународната заедница. Согласно **Законот за здравствената заштита**[134], секој има право на здравствена заштита и обврска да се грижи и да го чува и унапредува своето здравје. Здравствената заштита во РМ се заснова врз начелата на достапност, ефикасност, континуираност, правичност, сеопфатност и обезбедување на квалитетен и сигурен здравствен третман[135].

**Законот за здравственото осигурување** набројува широка лепеза на осигуреници и членови на семејството на осигуреникот кои имаат право на здравстено осигурување согласно овој закон. Како членови на семејство на осигуреникот, во смисла на овој закон, се сметаат: брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување[136]. Меѓу основните здравствени услуги, е вбројана и здравствената заштита во врска со бременост и породување.

Во рамките на задолжителното здравствено осигурување се обезбедува право на парични надоместоци[137]. За овој труд значајно е правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда, кое меѓу другото, осигурениците можат да остварат и во случај на негување на болно дете до тригодишна возраст, негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст (најмногу до 30 дена) и неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување (најмногу до 30 дена)[138]. Исто така, значајно е и правото на надоместок на патни трошоци кое претставува можност за сместување и исхрана на

---

[134] Закон за здравствената заштита (Службен весник на РМ, бр. 43/2012), член 3
[135] Op.Cit., член 5
[136] Закон за здравственото осигурување (Службен весник на РМ, бр. 65/2012), член 6
[137] Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство; право на надоместок на патни трошоци и правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство
[138] Закон за здравственото осигурување (Службен весник на РМ, бр. 65/2012), член 13

придружник при неопходно придружување на дете до 3 годишна возраст, додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена. Оправдана е претпоставката дека овие две право најчесто го користат жените, поради фактот што во практиката, овие работи во семејството најчесто ги вршат мајките (жените).

Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, можат да остварат осигуреници кои биле здравствено осигурани, непрекинато, најмалку 6 месеци пред започнувањето на отсуството[139]. Ваквата законска определба ги дискриминира невработените самохрани мајки.

Во насока на унапредување на превентивните мерки и активности за унапредување на здравствената состојба и квалитетот на здравствената заштита на децата и жените во репродуктивен период, Владата на РМ донесе и **Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата**[140]. Сите мерки од оваа програма се сензитивни за потребата за зачувување и унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на жената, за зголемување на достапноста на сите услуги до сите жени (особено во руралните средини), за промоција на принципите на одговорното родителство и безбедно мајчинство, за превенција на ризично сексуално однесување и можноста за планирање на семејството. Особено заслужува внимание одредбата дека жените во репродуктивен период (од 15-49 години) без оглед на брачната состојба, степен на образование, верска и етничка припадност ќе добиваат навремени и правилни информации за планирање на семејството и превенција на сексуално-преносливи инфекции. Од друга страна, овие мерки го истакнуваат значењето на едукација на родителите во однос на потребата за унапредување на здравјето и развојот на децата, која посебно треба да биде насочена кон подобрување на интеракцијата мајка-дете, како и потребата од изготвување на здравствено воспитни материјали за нега и исхрана на леунката и поддршка на доењето во домашни услови. Но, во овие мерки недостасува истакнување на

---

[139] Op.Cit., член 15

[140] Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата (Сл. Весник на РМ,. Бр. 20/2010)

значењето на таткото во интеракцијата со детето, и во унапредување на здравјето и развојот на децата. Истовремено, недостасуваат одредби за зајакнување на капацитетите на родителот за успешна реализација на родителската улога во случај родителот (мајка – татко) од одредени причини сам да се грижи за детето.

Во контекст на здравствената заштита на мајките и децата, значајна е и **Стратегија за безбедно мајчинство на Република Македонија 2010 – 2015 година**. Согласно оваа стратегија, сите жени и новороденчиња, без разлика на нивниот општествено-економски статус, културолошка, верска, етничка, расна или друга ориентација и потекло, имаат право на здравствени услуги со највисок достижен стандард. Затоа, процесите за подобрување на здравјето на мајките во себе мора да ја подразбираат и компонентата на еманципација на жените, т.е. овозможување нивно активно учество во економскиот и општествениот живот и почитување на нивниот избор.

Позитивен е фактот што оваа стратегија ја анализира ситуацијата на здравјето на мајките и децата, во сите периоди (пре-концепција, антенатална грижа, породување и постнатална грижа), како и фактот дека услугите за безбедно мајчинство ќе се обезбедуваат во „средина блиска до семејството“ со што, меѓу другото, ќе се гарантира приватноста на мајките и нивните семејства, учеството на партнерот и семејството, како соодветна психолошка поддршка (согласно Програма за болници - пријателки на бебињата). Сепак, во овој национален документ јасно се забележува недостиг на индивидуален пристап за работа со поединец (жена) која можеби сама одлучила да роди дете. Од друга страна, во периодот на постнатална грижа најмногу се истакнува потребата од воведување во ексклузивно доење, вакцинација, постнатална грижа за мајки, семејно планирање, развивање на мајчинското чувство и грижата за новороденчето, учење на мајките да ги препознаваат знаците на опасност кај нивните бебиња, со помош на обуки на здравствени работници и мајки, како и преку дистрибуција на промотивен материјал. Во овој период недостига програма или индикатори за зајакнување на родителската улога на таткото, како психо-социјална работа и советодавен третман за соочување со секојдневните

предизвици на родителството, посебно ако се работи со самохрана мајка, или самохран татко.

Комлементарен сегмент на **Националната стратегија за сексуалното и репродуктивното здравје во Република Македонија (2010-2020)** е зајакнување на статусот на жената во остварување на нејзините репродуктивните права и нејзино слободно одлучување за бројот и периодот на раѓање на децата. Во утврдувањето на водечките принципи во унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје во земјите на Европскиот регион на Светската здравствена организација и РМ се истакнува и фактот дека треба да се превземаат сите соодветни мерки со цел да се обезбеди еднаквост меѓу мажот и жената, достапност на здравствени услуги, вклучувајќи ги и тие што се однесуваат на репродуктивното здравје, а вклучуваат планирање на семејство и сексуално здравје.

Една од целите на оваа стратегија е планирање на семејството и контрацепција, при што целта е да се зголеми свеста кај населението и знаењата, како на паровите, така и на поединците за користење на модерната контрацепција и донесување информирани одлуки за планирање на семејството и родителството.

### 4.3.5. Детска заштита

Согласно **Законот за заштитата на децата**, заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика[141]. Државата, како и ЕЛС се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

[141] Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр. 170/2010), член 2

Заштита на децата во смисла на овој закон се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата[142]. Во обезбедувањето на заштитата на детето и неговите права утврдени со закон[143] се вклучени родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, институциите на државната и локалната власт и јавните организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

Позитивна е одредбата од овој закон со која се забранува секоја форма на дискриминација врз основа на раса, боја на кожата, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничко или социјално потекло, културна или друга припадност, имотната состојба, онеспособеноста, раѓање или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател[144].

Во однос на правото на детски додаток, согласно предметот на овој труд, значајна е одредбата дека правото на детски додаток може да го оствари еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот ЦСР му е доверено детето и живее во семејство со него[145]. Детскиот додаток следува за децата што родителот ги издржува и тоа за: деца родени во брак или вон брак, посвоени деца, внуци, браќа, сестри како и за други деца земени на издржување[146]. Висината на ова право се определува во зависност од возраста на детето, и материјалната состојба на семејството која се утврдува врз основа на приходите кои ги остварува семејството и бројот на членовите на семејството. Право на детски додаток има дете во семејство чии приходи по сите основи по член на семејство изнесуваат до 2.415 денари, а за дете на самохран родител пресметковниот износ се зголемува за 75% и изнесува 4.226 денари.

---

[142] Op.Cit., член 3

[143] Права за заштита на децата во смисла на овој закон се: детски додаток; посебен додаток; еднократна парична помош за новороденче; партиципација и родителски додаток за дете, а облици на заштита на децата се: згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст; одмор и рекреација на деца и други облици на заштита.

[144] Op.Cit., член 90

[145] Op.Cit., член 16

[146] Op.Cit., член 19

При тоа, за остварување на правото на детски додаток, законската издршка која ја дава родителот од разведен брак не се смета како приход на семејството. Иако од една страна ваквата одредба е позитивна, сепак, од друга страна тоа го доведува во прашање пресметувањето како приход на законската издршка што ја дава родителот (од раведен брак) кој не живее со детето, кога станува збор за остварување на правото на ППП на самохран родител до 3 годишна возраст на детето.

### 4.3.6. Родова интеграција во македонското законодавство

Република Македонија е демократска и социјална држава во која сите граѓани се еднакви пред Уставот и законите, а политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во РМ, е загарантирана со Уставот од 1991 година[147], со кој во делот на граѓански и политички слободи и права утврдува дека граѓаните на РМ се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Со наведените одредби се утврдува принципот на рамноправност и се гарантираат еднакви права на сите граѓани, независно од полот.

Во последните години се воочува евидентен напредокот на РМ на полето на родовата рамноправност. Со донесувањето на **Законот за еднаквите можности на жените и мажите**[148], неговите измени и дополнувања[149], и новиот Закон[150], нашата земја се приклучи кон европските земји кои покажаа подготвеност да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите во сите политики и

[147] Устав на Република Македонија (Сл. Весник на РМ. бр. 52/1991)
[148] Закон за еднакви можности на жените и мажите (Сл. Весник на РМ, бр. 66/2006)
[149] Закон за изменување и дополнување на Законот за за еднакви можности на жените и мажите (Сл. Весник на РМ, бр. 117/2008)
[150] Закон за еднакви можности на жените и мажите (Сл. Весник на РМ, бр. 6/2012)

програми. Законот за еднакви можности претставува општ закон со кој се уредува прашањето на родовата рамноправност и се забранува дискриминацијата (индирекна или директна) врз основа на пол во сите сфери на општественото живење. Со овој закон се создаде правна основа за воспоставување на општи и посебни мерки преку кои ќе се промовира и ќе се унапредува родовата рамноправност во сите области од општествениот живот.

Законот за еднаквите можности ја постави инстутиционална родова машинерија која се грижи за спроведување на родовата политика и унапредување на статусот на жената, на национално и на локално ниво. Во март 2007 година, при МТСП е формиран Сектор за еднакви можности составен од Одделение за родова рамноправност и Одделение за заштита од секаков вид дискриминација. Со цел правна заштита во случај на нееднаков третман на жените и мажите, во Секторот за еднакви можности, од редот на државни службеници вработено е лице (правен застапник) кое е задолжено да ја води постапката за утврдување на нееднаков третман на жените и мажите. Во Собранието на РМ, од 2003 година функционира Клуб на жени пратенички, а во септември 2006 година беше формирана Комисија за еднакви можности на жените и мажите. Во рамките на министерствата при Владата на РМ и во дел од државните агенции и установи именувани се координатори за еднакви можности на жените и мажите.

Во јуни 2007 година од страна на Владата на РМ беше усвоен вториот **Национален план за акција за родова рамноправност 2007-2012**, чија основна цел беше да се подобри статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност. Овој документ беше насочен кон унапредување на родовата рамноправност во десет[151] стратешки области за дејствување (меѓу кои и социјалната заштита) каде преку конкретни стратешки цели и активности ќе се унапредува статусот на жената. Во стратешка област, Жената и социјалната заштита, беа утврдени три стратешки цели, и тоа:

---

[151] жената и човековите права, жената во процесите на одлучување, жената и здравјето, жената и образованието, жената и вработувањето, жената и насилството, жената и медиумите, жената и мировните активности, жената и животната средина.

поефикасна заштита на маргинализираните групи на население, унапредување на грижата и заштитата на старите лица и обезбедување релевантни, навремени и сеопфатни статистички показатели за корисниците на системот на социјална заштита. Во првата стратешка цел беше предвидена и подготовка и спроведување на прилагодени програми за социјално вклучување со фокус на одредени целни групи, меѓу кои и самохраните родители.

Од аспект на родовата рамноправност на национално ниво, значајно е и донесувањето на **Националната стратегија за еднаквост и недискриминација по основа на етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и пол (2012 – 2015)**, како и **Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Македонија (2012 - 2017)**.

И на локално ниво се формирани родови механизми кои се грижат за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политиките и програмите на локалната самоуправа. Во рамки на Советите формирани се и Комисии за еднакви можности на жените и мажите, а во рамките на локалната самоуправа именувано е лице, државен службеник од општинската администрација за координатор за еднакви можности на жените и мажите. Согласно улогата што ЕЛС ја имаат според Законот за еднаквите можности на жените и мажите, за поздравување е донесувањето на **Стратегијата за родова еднаквост на град Скопје,** во септември 2011 година. Овој документ има за цел да го воведе концептот на родовата интеграција при креирањето на јавните локални политики, при креирањето на буџетот на град Скопје и при доставувањето на локалните јавни услуги.

Значаен напредок во промовирањето и заштитата на еднаквите можности, преку еден покомплексен пристап се направи со донесувањето на **Законот за спречување и заштита од дискриминација**[152]. Со овој закон се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз

[152] Закон за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РМ, бр. 50/2010)

основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор. Во широката лепеза на области[153] во кои се применува овој закон, се вбројува и социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита. Донесувањето на овој закон има за цел да обезбеди механизам на мерки и активности за правна заштита во случај на појава на дискриминација по различни основи, и во овој контекст, законот е особено значаен инструмент во справувањето со двојната и повеќекратна дискриминација со која жените се соочуваат како резултат на интеракцијата на родот со другите нивни идентитети.

Би можело да се заклучи дека целокупното национално законодавство, стратешките документи, воспоставената родова машинерија на централно и локално ниво, механизмите за постапување во случај на дискриминација, како и неформалниот систем на превенција и заштитита од страна на невладиниот сектор, претставуваат една сеопфатна рамка која делува во насока на заштитата и промовирање на правата на жената, во насока на намалувањето на социјалната исклученост.

Но, фактичката состојба и положбата на жената во семејниот и општествениот живот, укажуваат на потребата од натамошно дејствување во насока на систематска превенција и информирање, со силна родова димензија во сите области. Потребно е преземање на дополнителни активности и мерки за намалување на сиромаштијата и ризикот од социјална исклученост, како и активности за олеснување на пристапот до системот на социјална заштита. Истовремено, потребно е

[153] работата и работните односи; образование, наука и спорт; правосудство и управа; домување; јавно информирање и медиуми; пристап до добра и услуги; членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство; култура и други области определени со закон.

зголемување на степенот на имплементација на законските одредби и зголемување на бројот на сервиси за упатување, достапни до женската популација.

Затоа, се очекува **Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020**[154] да ја обезбеди рамката за целосна еднаквост на жените и мажите како крос-секторски, хоризонтален и универзален социјален и политички приоритет. Исто така, се очекува овој документ да ги постави основните чекори и специфичните насоки за целосно постигнување на родовата еднаквост во РМ. Врз основа на оваа стратегија, донесен е и **Национален акциски план за родова еднаквост 2013 – 2016** во кој е предвидена посебна стратешка цел за подобрен пристап и квалитет на услуги за жените и мажите од областа на социјална заштита како резултат на зајакнати капацитети на давателите на услуги на полето на родова еднаквост и социјална работа. Една од целните групи се самохраните родители.

### 4.3.7. Меѓународни документи кои ја регулираат родовата рамноправност и дел од социјалните права

Освен со Уставот и законите, правната положба и статусот на жените во РМ, се регулирани и со меѓународни договори кои РМ ги има потпишано, ратификувано и/или кон кои има пристапено, а кои согласно со член 118 од Уставот на РМ се составен дел на нашиот правен поредок. Во процесот на унапредување на правата на жената, Македонија има усвоено голем број меѓународни документи кои се однесуваат на унапредување и заштита на правата на жената.

Еден од позначајните меѓународни договори кој претставува основна правна рамка во подрачјето на еднаквите можности на жените и мажите е **Конвенцијата за елиминација на сите облици на дискриминација на жените (CEDAW)**. РМ го потпиша и Факултативниот протокол кон оваа конвенција во 2000 година, со што, РМ ја признава

[154] Стратегија за родова еднаквост 2013-2020 (Сл. Весник на РМ. бр. 6/12)

надлежноста на Комитетот за елиминација на сите облици на дискриминација на жената и на тој начин им овозможува на граѓаните обраќање до Комитетот во случај на повреда на кое било право утврдено со Конвенцијата.

Исто така, РМ е обврзана да работи на исполнување на Милениумските развојни цели донесени од ОН, односно да обезбеди комплементарност на домашните политики со меѓународните обврски.

Република Македонија ја има ратификувано и **Европската конвенција за заштита на човековите права и темелните слободи на Советот на Европа (ЕЦХР-1950)**, која пропишува дека остварувањето на правата и слободите утврдени во Конвенцијата ќе се остваруваат без дискриминација во поглед на пол, раса, боја на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

За евро-атлантските интеграции, како приотитет на РМ, значајно е и склучувањето на **Спогодба за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки**, во април 2006 година. Една од целите на оваа спогодба е прилагодување на законодавството на РМ согласно *acquis communautaire* и пропишаните стандарди во однос на работните услови и еднаквите можности на жените и мажите, со цел да се обезбеди целосна законска рамка во врска со оваа проблематика.

Од исклучителна важност е и **Пекиншката декларација и Платформа за акција**, донесени на четвртата Светска конференција за жената, организирана од ОН во Пекинг, НР Кина, во септември 1995. Со нивното прифаќањето, меѓународната заедница се обврза за подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во јавниот и во приватниот живот. Земјите членки на ООН се обврзаа на имплементација на Платформата за акција која опфаќа области од посебен интерес за жените.

Прашањата за еднаквите можности меѓу мажите и жените и недискриминацијата, во однос на остварувањето на социјални, економски и културни права се гарантирани и со други меѓународни

документи[155]. За овој труд, од особено значење е **Европската социјална повелба**, во која посебно се нагласува дека сите права кои се гарантираат на семејството, се однесуваат и на семејствата на самохраните родители[156].

На локално ниво, родовата перспектива мора да биде интегрирана во сите области на политика и управување во локалната самоуправа. За тоа значајна е **Светската декларација за жените во локалната самоуправа** – 1998 година ((Worldwide Declaration on Women in Local Government), која повикува на создавање одржливи, еднакви и демократски локални власти каде што мажите и жените имаат еднаков пристап до услугите, еднаков пристап во процесите на донесување одлуки и рамноправен третман.

Според **Европската повелба за еднаквост на мажите и жените во локалниот живот** 2006 година (European Charter for Equality of Women and Men in Local Life), еднаквоста на жените и мажите е основно право на сите, и е од суштинско значење за вредноста на секоја демократија.

Покрај ова, предмет на транспозиција во домашното законодавство се и бројни директиви, регулативи и препораки на ЕУ и ЕЗ за еднаквите можности за жените и мажите во различните сфери. Она што е уште побитно е следењето на нивното спроведување, бидејќи ЕУ, во годишните извештаи за напредокот на реформите и приближувањето на РМ кон ЕУ, редовно ја оценува состојбата и постигнатиот напредок и дава препораки.

---

[155] Универзална декларација за човекови права, Конвенција за правата на детето, Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права.
[156] Европска социјална повелба, член 16

# ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Формулација на проблемот на истражување

Потребата за проучување на родовата димензија во дефинирањето на социјалниот статус на самохраните родители се јавува од неколку причини. Од една страна, неопходно е да се изврши позитивно влијание на научната јавност за поинтензивно проучување на родовите односи и состојби во македонското општество. Дополнителен мотив беше непостоењето на јасна дефиниција на поимот самохран родител во македонското законодавство, начините на кој одредено лице може да се стекне со овој статус и јасното диференцирање на социјални права и услуги кои би можела да ги користи оваа група на граѓани. Предизвикот беше надополнет и со констатацијата дека досега во РМ не е спроведено поопсежно и подлабоко истражување на оваа категорија, особено без вклучување на родовото прашање. Истовремено, вградувањето на родовата димензија во дефинирањето на социјалниот статус на самохраните родители се гледа и како можност за унапредување на семејната политика.

Спроведеното истражување има цел да утврди дали семејната политика е родово сензитивна и дали може да ги задоволи потребите на самохраните родители.

Во ова истражување ќе бидат прикажани систематски податоци за законската регулатива од областа на семејната политика во РМ во однос на нејзината сензитивност за родовиот и социјалниот статус на самохраните родители. Исто така, ќе биде утврдена и сензитивноста на стручните работници во системот на социјалната заштита во РМ во однос на потребите на самохраните родители. И, на крај, ќе биде утврдено и дали родовата несензитивност на законската регулатива и дискриминаторскиот став на потесната и пошироката заедница се пречки за задоволување на потребите на самохраните родители.

Поради тоа, на самиот почеток треба да се прецизира што означува поимот самохран родител. Во ова истражување прифатена е дефиницијата од Касеј и Малдонадо (Casey & Maldonado), според кои самохран родител (мајка или татко) е родител кој сам се грижи за

дете/деца до 18 годишна возраст, и не живее со партнер или со другиот родител на детето.

Поради сè поголемото значење на родот во сите аспекти на човековото живеење, во овој докторски труд како главен проблем кон кој ќе биде насочено ова истражување е **дали семејната политика во Република Македонија е родово сензитивна и дали може да ги задоволи потребите на самохраните родители.**

## 2. Цели на истражување

**Основна цел** на ова истражување е да одговори на поставеното истражувачко прашање, односно, да покаже дали семејната политика во РМ е родово сензитивна и дали може да ги задоволи потребите на самохраните родители.

Од оваа основна цел, произлегуваат неколку **посебни цели** на истражувањето:

- да се анализира дали законската регулатива од областа на семејната политика е сензитивна за родовиот и социјалниот статус на самохраните родители,
- да се утврди дали стручните работници во системот на социјалната заштита во РМ се родово сензитивни за потребите на самохраните родители, и
- да се утврди дали родовата несензитивност на законската регулатива и дискриминаторскиот став на потесната и пошироката заедница се пречки за задоволување на потребите на самохраните родители.

**Практичната цел** на ова истражување е да се надомести една празнина во однос на проблематиката на самохраните родители, и да се изврши позитивно влијание врз сензибилизацијата на научната јавност за поинтензивно проучување на родовите односи и состојби на општество во транзиција, како што е македонското општество.

Резултатите добиени од истражувањето се основа за откривање на родовата специфичност на одреден социјален проблем, кој се препознава како типично женски проблем, со што се збогува теоретската основа на социјалната работа. Истовремено се очекува резултатите да бидат од полза за креаторите на политиките во социјалната заштита, како и во родовата рамноправност, што може да резултира и со проширување на практичните перспективи за социјалните работници во РМ, и на други професионалци кои работат на полето на родова рамноправност. Истовремено, овој труд го истакнува значењето на имплементацијата на родовата рамноправност во постојната законска регулатива, особено во делот на семејната политика.

## 3. Предмет на истражување

### 3.1. Теоретско определување на предметот на истражување

Основен предмет на ова истражување е да се испитаат родовиот и социјалниот статус на самохраните родители, со посебен акцент на влијанието на родовата димензија во дефинирањето на социјалниот статус на самохраните родители. Во таа насока, истражувањето ќе ја согледа актуелната состојба во семејната политика, а добиените резултати и научните сознанија од трудот би биле во функција на нејзино унапредување.

Ова истражување дава одговор на поставеното истражувачко прашање, при што добиените сознанија ќе ја збогатат семејната политика со нови содржини од родов аспект на прашање кое досега не било актуелно, ниту дискутирано.

## 3.2. Дефинирање на клучните поими

Во ова истражување се појавуваат неколку клучни поими: ***род, самохран родител, социјален статус*** и ***семејна политика.*** Бидејќи поимот самохран родител, како и поимот еднородителско семејство единствено се споменати во Законот за социјалната заштита, во поимно-хипотетичката рамка на овој докторски труд ќе се издвои и терминот ***социјална заштита***.

▪ **Род** - Поимот род е поврзан со социјалното значење на машкоста и женскоста во некое општество. Родот како теоретска категорија нуди различни перспективи за анализа: значењето на конструкцијата на машкоста и женскоста во интеракција со индивидуата и значењето на родот во институциите и општеството. Родот е една категорија која укажува на нееднаквостите во сите општества. Родот е примарен аспект на личниот и социјалниот идентитет на единката. Оваа идентификација започнува во најраната социјализација, преку начините на кои го одгледуваме бебето, се однесуваме кон него и му зборуваме. Наученото од детството ги учи индивидуите на правилното однесување кое се очекува од другите и ја обликува личноста на единката да се сообрази со културните норми. Преку прифаќањето на улогите и евалуацијата на вредностите, девојчињата и момчињата ги усвојуваат своите „родови" идентитети. Тие учат вештини и ставови кои им овозможуваат активно да функционираат во заедницата. Женски и машки се раѓаат, но жените и мажите се производи на енкултурација. Следствено, родот реферира на социјално договорени улоги, однесувања, вредности, и активности и атрибути кои дадено општество ги смета за соодветни за жените и мажите. Родот е стекнат идентитет којшто е научен, се менува со текот на времето и најшироко варира во и низ културата[157].

---

[157] Bonvillain, N., (1998), *Woman and Man – Cultural Constructs of Gender,* Simon & Schuster, New Jersy

▪ **<u>Самохран родител</u>** - Самохран родител (мајка или татко) е родител кој сам се грижи за дете/деца до 18 годишна возраст, и не живее со партнер или со другиот родител на детето[158].

▪ **<u>Социјален статус</u>** - Социјалниот статус е положба која поединецот ја зазема во одредена социјална група или општествена структура, благодарејќи на своето потекло, економската моќ или личните способности и образование. Социјалниот статус ги одредува вредностите, правата, моќта и карактеристичното однесување на луѓето, кое вклучува одредени норми и ограничувања што се изразува со соодветни симболи.

▪ **<u>Семејна политика</u>** - Семејна политика е целовит и составен збир на мерки кои делуваат во корист на семејството, пред сѐ во корист на семејствата со деца. Тие мерки им помагаат во проблематичните ситуации од економски, социјален, здравствен, станбен или сличен карактер, ублажувајќи го финансискиот терет што го претставуваат децата, овозможуваат усогласување на семејните и работните обврски, ги штитат трудниците и децата[159].

▪ **<u>Социјална заштита</u>** - За потребите на овој докторски труд, ја издвојувам дефиницијата од Законот за социјалната заштита[160], согласно кој, социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик, во смисла на овој закон, се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност),
- ризици на старост и стареење,

[158] Casey. T., Maldonado. L., (2012), *Worst off – Single parent Families in the united States, A Cross-National Comparison of Single parenthood in the U.S. and Sexteeen Other High-Income Countries*, Legal Momentum, The Women's Legal Defense and Education Fund, p. 3
[159] Stropnik. N., (1996), *Obiteljske politike u Europi,* Institut za ekonomska istrazivanja, Ljubljana, str. 105
[160] Закон за социјалната заштита (Сл. Весник на РМ, бр. 79/2009), член 2

- ризици на еднородителско семејство,
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично,
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

# 4. Хипотези во истражувањето

## 4.1. Општа хипотеза

Семејната политика во Република Македонија не е родово сензитивна и не може да ги задоволи потребите на самохраните родители.

## 4.2. Поединечни хипотези

Од поставената општа хипотеза, произлегуваат следниве поединечни хипотези:

- Законската регулатива од областа на семејната политика во РМ не е сензитивна за родовиот и социјалниот статус на самохраните родители;
- Стручните работници во системот на социјалната заштита во РМ не се родово сензитивни за потребите на самохраните родители;
- Родовата несензитивност на законската регулатива и дискриминаторскиот став на потесната и пошироката заедница се пречки за задоволување на потребите на самохраните родители.

# 5. Метод на истражување

## 5.1. Пристап – истражувачка стратегија

Поради потребата од подлабока анализа на истражувачкото прашање и постоечките претпоставки кои треба да се истражат, во докторската дисертација е применет пристапот на триангулација, како комбинација на квалитативниот и квантитативниот метод.

Истражувањето дава поттик за подлабока анализа на родот како одлучувачка димензија во дефинирањето на социјалниот статус на категоријата самохрани родители во РМ.

Експлоративната природа на истражувањето се огледа во фактот што се проучува проблем кој во РМ не е истражуван, со тоа се дава можност за попрецизно формулирање и отворање на одредени прашања кои ќе дадат поттик за некои идни истражувања.

На добиените податоци од пополнетите прашалници најпрво им е извршена содржинска и логичка контрола. Со содржинската контрола направен е преглед на одговорените, неодговорените или полуодговорените прашања, а со логичката контрола елиминирани се контрадикторните одговори на сродните или поврзани прашања. Направено е и затворање на отворените и полуотворените прашања и внесување на прашалниците во SPSS 19.0 (Statistical Packeg for Social Science). Потоа со помош на компјутерската програма е преминато кон статистичка обработка на податоците. Добиените податоци од истражувањето се третирани и прикажани во статистички табели, врз основа на различни белези на статистичките единици. При обработка на податоците во истражувањето користени се дискриптивни техники (аритметичка средина, фреквенција и процент), анализа на взаемните влијанија меѓу испитуваните појави со хи-квадрат тест на нулта хипотеза и коефициент на корелација.

Добиените податоци дескриптивно и графички се прикажани во соодност со поставената хипотетичка рамка на истражувањето. Направено е и статистичко заклучување.

## 5.2. Техники за собирање на податоци

Согласно големината на примерокот и потребата за докажување на постоечките претпоставки на ова истражување, конструирани се неколку инструменти.

- **Прашалник за државни советници при МТСП** (за родова рамноправност и за социјална заштита), кој се состои од 8 прашања (7 полуотворени и 1 отворено). Прашањата се однесуваат на нивното мислење за родовата сензитивност и за прилагоденоста на законодавството за потребите на самохраните родители, како и за потребата од подобрување на нивниот социјален и родов статус.
- **Прашалник за градоначалници**, кој се состои од 14 прашања (6 затворени, 4 полуотворени и 4 отворени), кои се однесуваат на форми на заштита, програми за работа и активности со самохрани родители и деца од еднородителски семејства во локалната заедница, како и за родовата сензитивност и за прилагоденоста на законодавството за потребите на самохраните родители.
- **Прашалник за претседател во Семеен суд**, кој се состои од 12 прашања (2 затворени, 7 полуотворени и 3 затворени). Прашањата се однесуваат на целите на Семејниот суд, за одлуката за доверување на дете по развод на брак, како и за родовата сензитивност и за прилагоденоста на законодавството за потребите на самохраните родители.
- **Прашалникот за директори на центри за социјална работа во РМ**, се состои од 9 прашања (5 затворени, 1 полуотворено и 3 отворени), кои се однесуваат на нивното лично мислење за социјалните услуги кои му стојат на располагање на еднородителското семејство, како и за нивната улога во процесот на креирање и давање на тие услуги.
- **Прашалник за стручни работници кои работат во одделенија за парични давања (во делот на ППП) во ЦСР во РМ**, кој се состои од 11 прашања (4 затворени и 7 полуотворени), кои се однесуваат на одредени демографски карактеристики на самохраните родители како корисници на ППП евидентирани во ЦСР, како и прашања за обука за работа со самохрани родители и родова обука.

- **Прашалник за стручни работници кои работат во одделенија за брак и семејство во ЦСР во РМ**, кој се состои од 28 прашања (9 затворени, 14 полуотворени и 5 отворени), поделени во две групи. Првата група на прашања се индикатори за стручниот работник, а втората група на прашања се однесуваат на стручната проблематика, доверување дете/деца по развод на брак.
- **Прашалник за директор на ЈУ Дом за доенчина и мали деца – Битола**, кој се состои од 17 прашања. Од нив, 8 прашања (7 полуотворени и 1 отворено) се однесуваат на формите на заштита и програмите за работа во установата, за родова обука и обука за работа со самохрани родители. Другите 9 прашања (7 затворени и 2 полуотворени), преку табеларни прикази се однесуваат на одредени статистички податоци за самохраните родители кои биле сместени во установата во периодот од 2001 до 2012 година.
- **Прашалник за претседателки на здруженија на самохрани родители во РМ**, кој се состои од 21 прашање (8 затворени, 4 полуотворени и 9 отворени). Првата група се демографски прашања, а втората група се однесуваат на мотивите за основање, целите и методите на работа, како и задоволство од формите на заштита на самохраните родители.
- **Прашалник за самохрани родители**, кој има 36 прашања (16 затворени, 10 полутворени и 10 отворени), кои се однесуваат на некои демографски карактеристики на самохраниот родител, проблемите со кои се соочуваат, дискриминација од потесната и поширократа заедница, како и формите на заштита кои ги користат и задоволството од законската регулатива.

Врз основа на одговорите добиени на отворените прашања и дополнителните одговори на полуотворените прашања во сите прашалници, направена е категоризација на одговорите.

Сите прашалници се дадени во прилог на овој труд.

Истовремено, за потребите на истражувањето, се примени и **квалитативна анализа на содржина**. Како конкретен извор на податоци на анализата на содржината во овој труд беа корисени закони и подзаконски акти кои регулираат некои услуги и права на семејството,

самохраните родители и децата од еднородителските семјства, како и домашни и меѓународни документи од областа на родовата рамноправност. Анализата е дадена во IV поглавје од теоретскиот дел на трудот.

## 5.3. Дефинирање на истражувачкиот примерок

Во недостиг на прецизна дефиниција за самохран родител во македонското законодавство, при определувањето на примерокот за ова истражување беше користена дефиницијата дадена во дефинирањето на клучните поими (точка 3.2.). Во таа насока, со истражувањето беа опфатени сите актери кои имаат некаква улога во заштитата на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства.

Достапниот примерок во истражувањето го сочинуваат:

- двајца советници од МТСП (Сектор за социјална заштита и Сектор за еднакви можности),
- градоначалници, по случаен избор, кои доброволно прифатија да учествуваат во истражувањето (N = 8),
- претседател на Семеен суд, при Основен суд – Скопје 1,
- директори на сите ЦСР во Република Македонија (N = 30),
- по еден стручен работник од одделенијата за парични давања (ППП) во секој ЦСР, по случаен избор кои доброволно прифатија да учествуваат во истражувањето (N = 30),
- по двајца стручни работници од одделенијата за брак и семејство во секој ЦСР, по случаен избор кои доброволно прифатија да учествуваат во истражувањето (N = 60),
- директорка на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола,
- претседателки на активни здруженија на самохрани родители (N = 4),
- самохрани родители, членови на активните здруженија, по случаен избор кои сакаа да учествуваат во истражувањето (N = 151).

### 5.4. Тек на истражување

Поради големината и карактеристиките на примерокот, фазата на реализација на истражувањето траеше подолго време, од септември 2011 до декември 2012 година. Сите испитаници беа интервјуирани од страна на истражувачот, а прашалниците за самохраните родители и стручните работници од ЦСР (одделенија за брак и семејство и одделенија за парични давања) им беа поделени сами да ги пополнат, и дополнително беа собрани.

При организирање и реализација на истражувањето, испитаниците беа известени дека податоците ќе бидат користени само за овој докторски труд, а запознаени беа и со целта на истражувањето.

## 6. Резултати од истражувањето

Резултатите од ова истражување ќе бидат поделени во три дела, согласно поставените поединечни хипотези.

### 6.1. Резултати од првата хипотеза

За докажување на првата хипотеза (*Законската регулатива од областа на семејната политика во Република Македонија не е сензитивна за родовиот и социјалниот статус на самохраните родители*), освен анализата на законодавството од областа на семејната политика и родовата рамноправност, дадено во IV поглавје на теоретскиот дел, ќе послужат резултатите од истражувањето, добиени од:

6.1.1. Интервју со советници во МТСП,

6.1.2. Интервју со градоначалници,

6.1.3. Интервју со претседател на Семеен суд.

### 6.1.1. Интервју со советници во МТСП

За утврдување на сензитивноста на законската регулатива од областа на семејната политика во РМ во однос на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители, беше спроведено интервју со двајца советници од МТСП (за социјална заштита и за еднакви можности).

Двајцата испитаници се согласни дека македонското законодавство не е прилагодено на потребите на самохраните родители. При тоа, беше напоменато дека е потребно да се земе некој пример од развиените Европски земји каде самохраните родители имаат поголеми права, и во однос на паричните бенефиции и во однос на социјалните услуги. Беше истакнато дека законодавството не ги опфаќа сите категории на лица кои можат да се препознаат во овој ризик, и дека не е јасно дефиниран нивниот статус во општеството. Истовремено, беше подвлечена потребата за воведување на законски одредби кои поексплицитно ќе го дефинираат овој ризик, како и категориите на граѓани кои можат да се најдат во него.

Во однос на родовата сензитивност на законодавството за потребите на самохраните родители, двајцата испитаници имаат различни мислења. Едниот испитаник смета дека македонското законодавство е родово сензитивно за потребите на самохраните родители, бидејќи тоа е прилагодено на потребите на двата пола. Но, другиот испитаник смета дека не се води сметка како законската регулатива ќе се рефлектира врз положбата и различните потреби на мажите и жените, и затоа истакна дека постојното законодавство не е родово сензитивно за потребите на самохраните родители.

Исто така, испитаниците имаат спротивно мислење и за прашањето, дали самохраните родители како корисници на социјална заштита се дискриминирани поради засметувањето на законската издршка за дете (во износ од над 5000 денари) како приход на домаќинството. Едниот испитаник смета дека со тоа не се врши дискриминација на самохраните родители како корисници на социјална заштита, бидејќи тоа е сепак приход, а семејство кое има приход не е во

социјален ризик. Но, другиот испитаник смета дека со тоа се врши дискриминација, и дека во однос на статусот на самохраните родители законодавството треба да биде пофлексибилно во однос на она што ќе се смета за приход на семејството, и во однос на висината на тој приход по член на семејство.

Од друга страна, двајцата испитаници се согласни дека, со одредбата дека самохран родител може да ја користи ППП до првите три години на детето и заклучно со првите 3 деца по ред на раѓање, се врши рестикција и за самохраните родители и за нивните деца. Во однос на овој дел тие сметаат дека се потребни промени во законодавството, без конкретен пример за какви промени. Истовремено, тие се согласни и дека по престанокот на правото на ППП, самохраниот родител не добива соодветна социјална заштита со префрлање на СПП, со оглед на фактот дека СПП е пониска од ППП. Тие сметаат дека на самохраниот родител треба да му се понудат различни форми на заштита, пронаоѓајќи некој соодветен модел од Европските земји.

Двајцата испитаници одговорија дека немаат воспоставено директна соработка со НВО кои работат на полето на заштита на самохраните родители. Исто така, немаат воспоставено соработка со ЕЛС за унапредување на социјалниот и родовиот статус на самохраните родители.

Испитаниците сметаат дека е потребно системско решение за покомплексна грижа за самохраните родители и за подобрување на нивниот социјален и родов статус. Тие истакнаа дека е неопходно законско регулирање на посебните права на самохраните родители, компаративни анализи за искуствата на другите земји, широки дебати во кои ќе учествуваат многу субјекти (Владата, НВО, јавниот сектор...). Исто така, потребно е сите актери на социјалната заштита да се вклучат во дефинирањето на родовата димензија во социјалната заштита на сите категории на граѓани во социјален ризик, во согласност со меѓународното законодавство.

### 6.1.2. Интервју со градоначалници

За потребите на истражувањето беше реализирано интервју со градоначалници на 8 општини во РМ, од кои 5 урбани (Струмица, Охрид, Гостивар, Крива Паланка и Карпош), и 3 рурални (Дебарца, Босилово и Ново Село).

Во однос на законската обврска на општината, градот Скопје и општините на градот Скопје, да обезбедуваат остварување на социјална заштита на бројни категории на лица во социјален ризик, меѓу кои и децата од еднородителски семејства, испитаниците кои учествуваа во истражувањето дадоа различни одговори за формите на помош и заштита кои ги нудат (табела 1).

**Табела 1. Форми на помош и заштита на лица во социјален ризик во ЕЛС**

| Форми на помош и заштита на лица во социјален ризик | Број на одговори |
|---|---|
| Финансиска помош на социјално загрозени семејства | 3 |
| Соработка со приватен сектор за вработување на самохрани родители | 1 |
| Стипендии за талентирани студенти и спортисти | 1 |
| Воспоставена дата база на податоци за лица во социјален ризик | 2 |
| Никакви мерки | 3 |

Истражувањето покажа дека само во три општини се води евиденција за бројот на корисници на права од областа на социјалната заштита на локално ниво. Една општина има воспоставено голема соработка со ЦСР и со бројни НВО на својата територија, и од нив редовно добива податоци за бројот на лица во социјален ризик во рамките на општината. Другите четири општини воопшто немаат евиденција за бројот на корисници на права од областа на социјалната заштита на локално ниво.

Од сите општини кои учествуваа во истражувањето, само во две се донесува годишна програма и акциски планови за социјална заштита за лицата во социјален ризик, меѓу кои како категорија се истакнуваат и децата од еднородителските семејства.

На полето на социјална заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства, 4 општини немаат спроведено

никакви активности, а другите 4 имаат спроведено различни активности за заштита на оваа категорија на граѓани.

Иако сите општини покажаа заинтересираност за соработка и поддршка на НВО кои директно работат на полето на заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства, во ниту една општина не постои таква НВО со која општината би воспоставила соработка. Исто така, сите општини покажаа заинтересираност за спроведување на одредени активности на полето на социјална заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства, во иднина.

Од општините кои учествуваат во истражувањето, три одговорија дека на полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства, не соработуваат со меснонадлежниот ЦСР во нивната општина.

За реализација на одредени активности (проекти) на полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства, ниту една од општините нема добиено донација или помош од државата. Но, од друга страна, три општини имаат добиено помош од меѓународни организации.

Табела 2 ги прикажува одговорите на испитаниците во поглед на прилагоденоста на законодавството на потребите на самохраните родители, како и за родова сензитивност на законодавството кон корисниците на социјалните услуги, особено за самохраните родители.

**Табела 2. Мислење на испитаниците за законодавството**

| Прашања | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали сметате дека законите и другите подзаконски акти се прилагодени на потребите на самохраните родители? | 6 | 2 |
| Дали сметате дека законите се родово сензитивни кон корисниците на социјалните услуги, особено за самохраните родители? | 6 | 2 |

### 6.1.3. Интервју со претседателот на Семејниот суд

За потребите на истражувањето беше спроведено интервју со претседателот на Семејниот суд при Основниот суд – Скопје 2, кој е

основан во мај, 2010 година. Неговата цел е поефикасно и побрзо решавање на спорови во случаи на семејно насилство, развод на брак и законска издршка.

Согласно законските одредби, ЦСР доставува предлог за доверување на дете при развод на брак, а судот донесува одлука. Во однос на ова, испитаникот одговори дека во најголем број на случаи, судот го прифаќа предлогот на ЦСР, без дополнително образложение зошто го прави тоа. Притоа, во однос на задоволството од воспоставена соработка, испитаникот одговори дека е делумно задоволен, бидејќи стручните работници од ЦСР понекогаш не го почитуваат законскиот рок во кој треба да доставaт предлог мислење на кој родител да му се довери детето при развод на брак. Во такви случаи, судот бара итно постапување по тие предмети, а понекогаш ги повикува лично и им зема изјави.

Со оглед на фактот што статистичките податоци покажуваат дека после развод на брак децата најчесто се доверуваат на мајките, испитаникот одговори дека таква одлука се донесува во најголем број на случаи бидејќи и најголемиот број на предлози од ЦСР се такви. Исто така, тој истакна дека доколку детото е над 10 години се цени и неговото мислење. Ако се согласат родителите и нивните адвокати, децата се сослушуваат сами, за да нема влијание од родителите.

При определувањето на висината на законската издршка за дете, испитаникот истакна дека се зема предвид улогата на другиот родител во одгледувањето и воспитувањето на децата, бидејќи тоа е и нивна законска обврска.

Испитаникот не знаеше дали постојното законодавство е прилагодено на потребите на самохраните родители, ниту пак дали е родово сензитивно. По однос на неговиот став за овие прашања, тој само истакна дека какви закони се донесуваат, судот такви применува. Исто така, истакна дека иако им е потребно, никогаш не добиле обука за постапување по Законот за еднакви можности на жените и мажите, ниту пак по Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## 6.2. Резултати од втората хипотеза

За докажување на втората хипотеза (*Стручните работници во системот на социјалната заштита во РМ не се родово сензитивни за потребите на самохраните родители*), ќе послужат резултатите од истражувањето, добиени од:

6.2.1. Интервју со директори на ЦСР во РМ,
6.2.2. Анкетни прашалници со стручни работници од ЦСР, од одделенија за парични давања,
6.2.3. Анкетни прашалници со стручни работници од ЦСР, од одделенија за брак и семејство,
6.2.4. Интервју со директорката на ЈУ Дом за доенчина и мали деца – Битола.

### 6.2.1. Интервју со директори на ЦСР во РМ

За потребите на истражувањето беше спроведено интервју со директорите на сите ЦСР во РМ.

И покрај широкиот спектар на права и услуги кои семејствата можат да ги користат од ЦСР, испитаниците издвоија многу малку одговори. Во најголем број на случаи (48) беа препознаени паричните давања, во 21 случај се издвои стручно советодавна работа при нарушени брачни и семејни односи, а со по еден одговор се извоија здравствената заштита и помошта при вработување.

Скоро сите (29 испитаници) одговорија дека сите права и услуги кои ЦСР ги дава на семејството, им се на располагање и на еднородителските семејства. Табела 3 ги прикажува конкретните одговори на прашањето, во кои права и услуги од областа на социјалната заштита, како корисници ги препознаваат самохраните родители, или еднородителските семејства.

**Табела 3. Права или услуги на самохрани родители и еднородителски семејства**

| Вид на право или услуга | Број на одговори |
|---|---|
| Парично давање | 54 |
| Стручно советодавна работа при нарушени брачни и семејни односи | 13 |
| Помош при вработување | 5 |
| Издавање потврди дека се самохрани родители за остварување на некои права | 2 |
| Помош при решавање на станбен статус | 2 |
| Здравствена заштита | 2 |
| Во никои посебно | 2 |

Согласно улогата на ЦСР, за давање предлог за доверување на дете/деца на чување и воспитување кај еден од родителите, 16 од испитаниците се изјаснија дека не учествуваат во оваа постапка, а 14 дека учествуваат. При тоа, 18 од испитаниците се изјаснија дека понекогаш се под притисок од локалното население за поголемо влијание во постапката за давање предлог за доверување на дете/деца на чување и воспитување кај еден од родителите, а 12 дека не се.

Скоро половина (16 испитаници) одговорија дека се вклучени во процесот на креирање политики за социјална (особено семејна) заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства. Седум од нив одговорија дека се вклучени и во постапката за донесување/изменување на закони и подзаконски акти од областа на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства.

На полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства, 20 испитаниците потврдија дека соработуваат со градоначалникот во нивната општина, и тоа на неколку начини: помош околу решавање на станбено прашање, давање парична помош, стипендирање на дете на самохран родител, приоритет при вработување, остварување на некои права, новогодишни подароци за децата, давање на училишен прибор и екскурзии за децата. Се издвои и соработката во вид на активно партиципирање со конкретни предлози и сугестии во донесувањето на соодветни локални акти имајќи ја предвид состојбата на самохраните родители, и подобрување на стандардите во образованието за децата на самохраните родители.

### 6.2.2. Анкетни прашалници со стручни работници од ЦСР, од одделенијата за парични давања

Овој дел од истражувањето беше спроведен со 30 стручни работници кои работат во одделенијата за непосредна социјална заштита. Резултатите од интервјуто покажаа дека од вкупно 30 ЦСР, во 25 се води посебна евиденција за различните категории на корисници на ППП (согласно Законот за социјалната заштита), а во 5 не се води. По престанувањето на правото на ППП, доколку ги исполнуваат условите, самохраните родители можат да се префрлат на СПП. Во врска со ова, 19 ЦСР изјавија дека водат, а 11 ЦСР дека не водат евиденција за бројот на самохраните родители кои по завршувањето на правото на ППП, се префрлуваат на СПП.

Во 23 ЦСР изјавија дека немаат регистрирано самохран родител како корисник на ППП на возраст помеѓу 16 и 18 години. Во еден ЦСР изјавија дека не водат евиденција за самохраните родители на возраст меѓу 16 и 18 години. Останатите 6 ЦСР имаат регистрирано самохран родител на возраст од 16 до 18 години, и тоа, во 2 ЦСР по 3 лица, а во 4 ЦСР по 1 лице.

Од вкупно 30 ЦСР во РМ, во 17 (56,7%) најголемиот број на евидентирани самохрани родители се на возраст од 18 до 24 години. Табела 4 ја покажува возраста во која најчесто се евидентирани самохраните родители, корисници на ППП и во колку ЦСР.

**Табела 4. Возраст на евидентираните самохрани родители во ЦСР**

| **возраст** | **Број на ЦСР** | **процент** |
|---|---|---|
| Од 18 до 24 | 17 | 56,7 |
| Од 25 до 29 | 7 | 23,3 |
| Од 30 до 34 | 2 | 6,7 |
| Од 35 до 40 | / | 0 |
| Над 40 години | 1 | 3,3 |
| Не се води евиденција | 3 | 10 |
| ***Вкупно*** | **30** | **100%** |

За овој докторски труд беа значајни и етничката припадност и степенот на образование на самохраните родители евидентирани како корисници на ППП. Во најголем број на ЦСР (16) преовладува

македонската етничка припадност на самохраните родители корисници на ППП, во 10 ЦСР албанската, во по 1 ЦСР преовладува ромската и турската етничка припадност. Во ниту еден ЦСР не преовладуваат српската, влашката и бошњачката етничка припадност. Во 2 ЦСР не се води евиденција за етничката припадност. Според степенот на образование, во 10 ЦСР најмногу се евидентирани самохраните родители корисници на ППП со завршено основно образование, а во 9 ЦСР со средно образование. Во 5 ЦСР најмногу има евидентирани корисници со незавршено основно образование, а во 3 ЦСР преовладуваат самохрани родители без образование. Во 3 ЦСР не се води евиденција за степенот на образование.

Согласно Законот за социјалната заштита, самохран родител остварува право на ППП заклучно до третото дете по ред на раѓање. Според бројот на децата, во најголем број на ЦСР (21) најчесто се евидентирани самохрани родители со едно дете, во 4 ЦСР со две деца, а во 3 ЦСР со 3 деца. Испитаници од 2 ЦСР одговорија дека не се води точна евиденција за бројот на децата.

Табела 5 го покажува бројот на испитаници кои поминале обука за работа со самохрани родители и родова обука.

**Табела 5. Обуки на испитаници од ЦСР (одделенија за парични давања)**

| Помината обука | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| За работа со самохрани родители | 2[161] | 28 |
| Родова обука | 5[162] | 25 |

Од вкупниот број на испитаници, 12 сметаат дека немаат ни потреба за обука за работа со самохрани родители. Останатите 18 имаат потреба за обука, и тоа за: како треба да се работи со оваа категорија, каква помош треба да им се овозможи, соодветна програма за евиденција и упатства за користење на евентуална апликација, за пристап и едукација на самохрани родители, какви совети да им се даваат.

[161] Обуката се однесува на работа со партнери при развод на брак
[162] Еднодневна информативна средба со Сектор за еднакви можности при МТСП

Од испитаниците, 10 не ни чувствуваат потреба да добијат родова обука. Останатите 20 би сакале, и тоа било каква обука која ќе им помогне во работата со корисниците од двата пола, посебно во примената на формите на стручна и советодавна работа.

### 6.2.3. Анкетни прашалници со стручни работници од ЦСР, од одделенија за брак и семејство

Овој дел од истражувањето беше спроведен на примерок од 60 стручни работници од сите ЦСР во РМ, кои работат во одделенијата за брак и семејство. Од нив, 20 се социјални работници, 18 се психолози, 14 педагози, 7 правници и еден економист. Табела 6 ја покажува возраста на испитаниците кои учествуваа во истражувањето.

**Табела 6. Возраст на испитаници од ЦСР (одделенија за брак и семејство)**

| **Возраст** | **Број на испитаници** |
|---|---|
| Од 23 до 29 години | 6 |
| Од 30 до 39 години | 7 |
| Од 40 до 49 години | 14 |
| Од 50 до 59 години | 26 |
| Над 60 години | 7 |
| **Вкупно** | **60** |

Согласно тоа, колку време работат на оваа проблематика, 20 стручни работници имаат меѓу 20 и 29 години работно искуство на брак и семејство, 17 имаат до 5 години работно искуство, по 8 стручни работници има во категориите, од 11 до 19, и од 30 до 39 години работно искуство, 6 стручни работници имаат искуство меѓу 6 и 10 години, и само еден стручен работник, на оваа проблематика работи преку 40 години.

Графиконот 1 ја прикажува половата структура на испитаниците, од кој јасно се гледа дека преовладува женскиот пол со 83%.




**Графикон 1. Испитаници според пол (ЦСР – одделенија за брак и семејство)**

Во табела 7 е даден преглед на најчестите проблеми кои стручните работници ги воочуваат кога работат со партнери во постапката за доверување на деца при развод на брак. Најголем дел од испитаниците ја истакнуваат неподготвеност на мајката и на таткото да го прифатат фактот дека родителското право подеднакво им припаѓа на двата родители, како и неподготвеност на партнерите да ги прифатат нормите за работа на стручните лица. Потоа, како проблем се издвојува и насилно однесување на мажот кон жената. Останатите проблеми се поретко воочени.

**Табела 7. Најчести проблеми кои стручните работници ги воочуваат кога работат со партнери во постапката за доверување на деца при развод на брак**

| **Проблеми** | **Број на одговори** |
|---|---|
| Неподготвеност на мајката да го прифати фактот дека родителското право подеднакво им припаѓа на двата родители | 51 |
| Неподготвеност на таткото да го прифати фактот дека родителското право подеднакво им припаѓа на двата родители | 46 |
| Неподготвеност на партнерите да ги прифатат нормите за работа на стручните лица | 41 |
| Насилно однесување на мажот кон жената | 32 |
| Насилно однесување на жената кон мажот | 3 |
| Неподготвеност на родителите за комуникација на родителско ниво | 2 |
| Родителите ги користат децата како оружје во нивната меѓусебна борба | 2 |
| Родителите не можат да сфатат дека и по разводот имаат исти права и обврски кон децата | 1 |
| Непостоење самокритичност кај партнерите | 1 |
| Двајцата партнери мислат дека имаат повеќе права на детето од другиот | 1 |

За полесно и покомпетентно справување со проблемите со кои се соочуваат во текот на постапката за доверување на деца по развод на брак, стручните работници сметаат дека им се потребни одредени дополнителни знаења. Нивните одговори се дадени во табела 8.

**Табела 8. Потреби за дополнителни знаења**

| Потреби за дополнителни знаења | Број на одговори |
|---|---|
| Зголемување на свеста за потребата од надминување на традиционалното верување дека мајката е подобар родител од таткото | 46 |
| Дефинирање на појасни процедури на процесуирање на комплексните случаи | 45 |
| Сеопфатно знаење за човековите конфликти во постапката на развод на брак и доверување на деца | 40 |
| Развивање и/или зајакнување на мрежата на локални ресурси релевантни за решавање на проблемите | 26 |
| Зголемени знаења за родовиот аспект на постапката за доверување на деца при развод на брак | 20 |
| Разграничување на улогата на членовите на тимот | 2 |
| Продолжување на рокот за работа | 1 |

Во поглед на целокупната стручна работа во постапката за доверување на деца при развод на брак, стручните работници се соочуваат со одредени тешкотии. Табела 9 покажува прилично изедначено препознавање на повеќе тешкотии и проблеми присутни во секојдневната работа.

**Табела 9. Тешкотии и проблеми во секојдневната работа**

| Тешкотии и проблеми | Број на одговори |
|---|---|
| Проблеми поврзани со природата на проблемот (агресивност, немотивираност на партнерите, емоционална тензија...) | 37 |
| Проблеми поврзани со внатрешната организација и методологија на работа во центрите за социјална работа (законска регулатива, тимска работа, стручни постапки...) | 31 |
| Проблеми кои се однесуваат на постоечките општествено-економски услови кои ја ограничуваат можноста за брза и стручна социјална работа | 31 |
| Проблеми со непостоењето на ефикасни механизми за промена на тековните околности | 30 |
| Проблеми поврзани со меѓусебната соработка на институциите кои работат на оваа проблематика (ЦСР, судство, здравство, МТСП) | 27 |
| Проблеми со постоечките вградени предрасуди дека мајката е подобар родител од таткото | 24 |

Согласно Законот за семејството, во постапката за доверување на дете при развод на брак, ЦСР дава предлог, а судот донесува одлука. Во однос на меѓусебната соработка на овие две институции, 77% од испитаниците одговориле дека се целосно задоволни, 3% се делумно задоволни, а 20% не се задоволни од квалитетот на соработката.

Графикон 2 го претставува процентот на прифатени предлози од ЦСР за доверување на детето/децата кај еден од родителите, од страна на судот.




**Графикон 2. Прифатени предлози на ЦСР од страна на судот за доверување на дете кај еден од родителите**

Во случаите, кога судот не го прифатил предлогот од ЦСР за доверување на дете кај еден од родителите, според одговорите на стручните работници тоа најчесто се должи на:

- недоволна комуникација на судот со тимот од ЦСР,
- нови информации до кои дошол Судот од други извори,
- кога ЦСР дава предлог да се поделат децата кај двајцата родители,
- поради пријателските врски што ги има другиот родител и притисоци кои ги врши,
- фактот дека судот става поголем акцент на материјалната обезбеденост на другиот родителот,

- поради промени настанати во семејството од средбата во ЦСР до рочиштето за мирење на партнерите,
- разлики во мислењата,
- несеопфатност во наодите на стручните работници,
- доколку родителите во меѓувреме меѓусебно се договориле по однос на доверувањето на детето.

Во зависност од возраста на децата, во текот на постапката, стручните работници можат и да ги прашаат децата со кој родител би сакале да живеат. Од вкупниот број на испитаници, 10 одговорија дека во текот на постапката не ги прашуваат децата со кој родител сакаат да живеат. Од 50 стручни работници кои ги прашуваат децата со кој родител сакаат да живеат, 24 тоа го прават со деца на возраст од 8 до 10 години, 18 со деца на возраст од 11 до 13 години, 6 со деца од 5 до 7 години и двајца стручни работници ги прашуваат децата со над 14 години.

Испитаниците беа прашани и дали во нивната пракса, полот на детето/децата влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите. Од 60 испитаници, кај 54 полот на детето/децата не влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите. Од 6 испитаници кај кои полот на детето/децата влијае на предлогот за доверување на дете кај еден од родителите, двајца одговорија дека секогаш даваат предлог детето да биде доверено кај родителот од истиот пол, без дополнително образложение зошто.

Освен за полот, испитаниците беа прашани и дали во нивната пракса, возраста на детето/децата влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите. Кај 16 од нив, возраста на детето/децата не влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите. Кај 44 испитаници, возраста на детето/децата влијае на предлогот за доверување на дете кај еден од родителите, при што помалите деца најчесто се доверуваат на мајката. Табела 10 ги прикажува причините за тоа.

**Табела 10. Причини поради кои помали деца најчесто се доверуваат на мајката**

| **Причина поради која помалите деца најчесто се доверуваат на мајката** | **Број на одговори** |
|---|---|
| Биолошката предодреденост на мајката да се грижи за децата | 16 |
| Поголемата емоционална поврзаност на мајката со детето | 15 |
| Потребата на децата од мајчинска љубов и континуирана грижа | 7 |
| Поради статусот на жената во семејството и нејзините природни обврски за грижа за другите членови во семејството | 4 |
| Мајката е подобар родител од таткото, бидејќи е жена | 3 |
| Неподготвеноста на таткото за нега и грижа за помали деца | 2 |

Освен за децата, од значење за овој труд беа и одредени индикатори за родителите кои можат да влијаат на предлогот за доверување на дете, како на пример, етничката припадност и возраста (особено за малолетните родители). Од 60 испитаници, кај 57 е констатирано дека етничката припадност на родителите не влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите. Кај оние 3-ца кај кои етничката припадност на родителите влијае на предлогот за доверување на дете кај еден од родителите, како причини се наведуваат традиционалниот однос кој постои меѓу родителите и фактот дека кај албанската популација, родителите најчесто се договараат детето/децата да останат кај таткото.

Кај 50 од 60 испитаници возраста на родителите не влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите. Кај останатите 10, кај кои возраста на родителите влијае на предлогот за доверување на дете кај еден од родителите, 3-ца не би дале предлог за доверување на дете кај малолетна мајка. Табела 11 ги дава причините поради кои другите 7 би дале предлог дете да се довери на малолетна мајка.

**Табела 11. Причини за доверување на дете на малолетна мајка**

| **Причини за доверување на дете на малолетна мајка** | **Број на одговори** |
|---|---|
| Емоционалната врска меѓу детето и мајката | 3 |
| Доколку е подготвена и има поддршка од родителите | 2 |
| Ако е мотивирана и има ресурси | 1 |
| Бидејќи мајката најсоодветно одговара на родителските функции | 5 |
| Законски се стекнала со тоа право со стапувањето во брак | 1 |
| Доколку нема друга можност | 1 |

Согласно статистичките податоци, при бракоразводи, во најголем број случаи децата се доверуваат на мајката. Испитаниците сметаат дека тоа се должи на неколку причини. Нивните одговори се дадени во табела 12.

**Табела 12. Причини за доверување на децата кај мајките**

| **Причини за доверување на децата кај мајките** | **Број на одговори** |
|---|---|
| Големата емоционална поврзаност меѓу детето и мајката | 29 |
| Возраста на детето | 16 |
| Традиционалното верување дека мајката е подобар родител | 14 |
| Предрасудите кои владеат во постоечката средина за улогата на мајката во семејството | 8 |
| Мајките имаат повеќе слободно време | 6 |
| Взаемниот договор на родителите | 4 |
| Поголемата подготвеност на жената да се прилагоди и да преземе одговорност за самостојно функционирање | 2 |
| Сеопфатна проценка на стручниот тим во ЦСР | 1 |

Во секојдневната пракса, многу е значаен и односот меѓу стручниот работник и родителите. При тоа, 53 испитаници се изјаснија дека односот на родителите спрема нив, не влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите, а 7 дека им влијае. Истовремено, 52 испитаници се изјаснија дека во текот на секојдневното работење немаат обичај да даваат предлог за доверување на децата кај родителот од нивниот пол, а 8 дека имаат.

И покрај фактот што и по завршувањето на постапката за развод и по доверувањето на децата, стручните работници остануваат во контакт со родителите заради регулирање на видувањата меѓу детето и родителот кај кој не е доверено детето, 12 стручни работници не им даваат никакво советување/помош за правата кои ги имаат како самохрани родители, на родителите кои се стекнале со тој статус по развод на брак. Табела 13 ги покажува советите кои другите 48 стручни работници ги даваат на родителите кои по развод на брак се стекнале со статус на самохран родител.

**Табела 13. Вид на советување/помош**

| **Вид на советување/помош** | **Број на одговори** |
|---|---|
| Упатување за користење на одредено парично давање | 21 |
| Советодавна работа | 11 |
| Упатување во други одделенија или институции за остварување на одредени права | 8 |
| Насоки за практикување на родителството и помош околу воспитувањето на децата | 7 |
| Регулирање на видувањата на децата со другиот родител | 7 |
| Психосоцијална поддршка | 3 |

По завршувањето на постапката за развод и по доверувањето на децата, од 60 испитаници, 18 не ги запознаваат родителите кои се стекнале со статусот самохран родител со последиците од самохраното родителство. Табела 14 ги прикажува последиците од самохрано родителство, со кои другите 42 ги запознаваат родителите кои се стекнале со статусот самохран родител по развод на брак.

**Табела 14. Последици од самохрано родителство**

| **Последици од самохрано родителство** | **Број на одговори** |
|---|---|
| Зголемување на обврските околу децата и последиците од еднострано воспитување на децата | 18 |
| Акцентирање на улогата и потребата за соработка со другиот родител и регулирање на контактите | 11 |
| Осудување од околината | 8 |
| Со проблемите со кои ќе се соочи: економски, станбени, едукативни, социо-психолошки | 7 |
| Справување со траумите од распадот на семејството | 4 |
| Одговорно родителство и самостоен живот | 2 |

Согласно предметот на овој труд, стручните работници кои беа дел од истражувањето, беа прашани дали добиле обука за работа со самохрани родители, и дали добиле некаква родова обука. Од 60 стручни работници, 57 или 95% изјавија дека не поминале обука за работа со самохрани родители, а 3 ја препознаа добиената обука од ЗСД за семејни и партнерски односи како обука за работа со самохрани родители. Од вкупниот број на испитаници, 12 сметаат дека немаат ни потреба за обука. Останатите 48 имаат потреба за обука, за различни области, наведени во табела 15.

**Табела 15. Вид на потребна обука**

| Вид на потребна обука | Број на одговори |
|---|---|
| Било каква обука поради секојдневното соочување со проблеми во работа со оваа категорија | 27 |
| Стручно методолошки пристап во работата со самохраните родители | 4 |
| Дефинирање на поимот и категории на лица кои се самохрани родители | 3 |
| За тоа дека родителството не престанува со разводот, дека исти права и обврски имаат и тие родители кај кои не се доверени децата | 2 |
| Обука за надминување на стресот од загубата и за живот после развод | 2 |
| Подигнување на родителските потенцијали | 2 |

Од 60 испитаници, 49 или 81,65% изјавија дека не поминале родова обука, а 11 имаат поминато некаква родова обука, од МТСП, ЗСД, НВО. Од вкупниот број на испитаници, 12 сметаат дека немаат ни потреба за обука. Останатите 48 имаат потреба за обука. Од нив, дури 85% имаат потреба од било каква обука од аспект на родовите прашања, посебно издвојувајќи неколку различни области: како полот влијае на родителството, конфликтни подрачја во партнерските односи, хумани односи меѓу половите, менталитет и традиција, мотивација и ставови.

### 6.2.4. Интервју со директорката на ЈУ Дом за доенчина и мали деца – Битола

За потребите на истражувањето беше извршено полуструктурирано интервју со директорката на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола.

На интервјуто беше истакнато дека, освен домување, исхрана, облекување, нега и грижа, што како услуги од областа на социјалната заштита им се нудат на самохрана невработена бремена жена и самохран родител до 3 месечна возраст на детето, вработените во установата ги придружуваат родилките до болница за да се изврши породувањето. По потреба, се врши придружба и до друга установа за вадење на лична документација.

При напуштањето на установата, самохраните родители кои го задржале детето, задолжително се советуваат да се обратат во надлежниот ЦСР заради остварување на правото на ППП. Освен оваа советодавна работа, им се воочуваат и последиците од самохраното родителство и проблемите со кои можат да се соочат. Имено, од установата добиваат совети, да не се обрнува внимание на осудувањето од околината, ако има можност да се склучи брак со таткото на детето, ако засноваат нова врска на новиот партнер да му се каже за детето, да не се прави пак истата грешка во иднина.

Директорката на установата изјави дека ниту таа, ниту некој од вработените немаат добиено некаква обука за работа со самохрани родители. Истовремено, таа смета дека обука е неопходна, особено за воспоставување на интеракција меѓу самохраниот родител и детето, како и меѓу самохраниот родител и неговото семејство. Таа истакна дека е потребно и подобрување на комуникацијата меѓу самохраниот родител и стручните работници во установата. Досега сѐ се сведува само на комуникација за потребните документи, особено кога се напушта установата. Од досегашната пракса, во установата има најдобра комуникација има помеѓу самохраниот родител и лекарот. Бидејќи оваа установа е дел од системот на установи во областа на социјалната заштита, директорката смета дека е потребно и зајакнување на соработката со ЦСР за работа со самохрани родители, како и да се облагороди работата на ЈУ за доенчиња и мали деца, бидејќи тоа не е установа само за елементарно сместување.

Директорката и социјалната работничка од установата имаат поминато една родова обука во организација на ЗСД, но смета дека им се потребни уште обуки на таа тема.

Исто така, директорката истакна дека установата нема програма за работа со самохраните родители, независно од нивниот пол. Од интервјуто беше воочено дека во установата најчесто се дава советодавна работа со мајките за да го задржат детето. Нивните искуства покажуваат дека повозрасните мајки (над 30 години) почесто се убедуваат да го задржат детето, особено оние кои веќе имаат дете/деца.

Помладите мајки во многу малку случаи се убедуваат да го задржат детето.

Освен интервјуто со директорката, за потребите на истражувањето беа замени одредени статистички податоци од евиденцијата што во установата ја води социјалниот работник.

Табела 16 го покажува бројот на корисници за кои било организирано привремено сместување и престој во установата, за периодот од 2001 до 2012 година.

**Табела 16. Број на корисници во периодот од 2001 до 2012**

| година | број | година | број |
|---|---|---|---|
| 2001 | 8 | 2006 | 7 |
| 2002 | 8 | 2007 | 3 |
| 2003 | 16 | 2008 | 4 |
| 2004 | 13 | 2009 | 4 |
| 2005 | 4 | 2010 | 3 |
| 2011 | 3 | 2012 | 2 |

Податоците во табела 16 се однесуваат само на самохрани мајки. Во периодот од 2001 до 2012 година во оваа установа не бил сместен ниту еден самохран татко.

Бројот на самохрани мајки кои ги задржале децата при напуштањето на установата е прикажан во табела 17.

**Табела 17. Број на мајки кои го задржале детето**

| година | број на мајки | година | број на мајки |
|---|---|---|---|
| 2001 | 2 | 2006 | 1 |
| 2002 | 1 | 2007 | 1 |
| 2003 | 1 | 2008 | / |
| 2004 | 1 | 2009 | / |
| 2005 | 1 | 2010 | / |
| 2011 | / | 2012 | / |

Самохраните невработени бремени жени еден месец пред породувањето и самохраните родители до тримесечна возраст на детето, кои најчесто користеле услуги од оваа установа биле од македонска етничка припадност, со завршено средно образование, и на возраст од 18 до 24 години. Но, беше напоменато дека понекогаш во

установата биле сместени и мајки на возраст од 16 до 18 години, како и мајки на само 15 годишна возраст.

Табела 18 го покажува бројот на самохрани мајки на возраст помеѓу 16 и 18 години, на годишно ниво.

**Табела 18. Број на мајки на возраст од 16 до 18 години**

| година | број на мајки | година | број на мајки |
|---|---|---|---|
| 2001 | / | 2006 | 1 - 15 год. |
| 2002 | 2 | 2007 | / |
| 2003 | 4 | 2008 | 1 |
| 2004 | 3 | 2009 | 1 |
| 2005 | 1 | 2010 | 1 – 15 год. |
| 2011 | / | 2012 | / |

Притоа, при напуштањето на установата, ниту една од овие мајки не биле убедени да ги задржат децата.

И покрај законската можност, самохраните невработени бремени жени еден месец пред породувањето и самохраните родители до тримесечна возраст на детето, да користат услуга за сместување во згрижувачко семејство, оваа установа нема евиденција за тоа, ниту пак дали се сместуваат со децата или без.

### 6.3. Резултати од третата хипотеза

За докажување на третата хипотеза (*Родовата несензитивност на законската регулатива и дискриминаторскиот став на потесната и поширокта заедница се пречки за задоволување на потребите на самохраните родители*), ќе послужат резултатите од истражувањето, добиени од:

6.3.1. Интервју со председателки на НВО

6.3.2. Анкетни прашалници со самохрани родители

### 6.3.1. Интервју со председателки на НВО

За потребите на истражувањето беше реализирано интервју со претседателките на четири здруженија на самохрани родители: „Сонце за сите“ од Скопје (основано во 2006 година), „Аурора“ од Штип (основано во 1991 година), „Изгрев“ од Пехчево (основано во 1999 година) и „Надеж“ од Кочани (основано во 1995 година).

Сите се од женски пол, припаднички на македонската етничка припадност македонска и се на возраст меѓу 40 и 60 години. Според степенот на завршено образование, две се со средно, а две со високо образование. Според работниот статус, една испитаничка е вработена, две се невработени, а една е пензионерка.

Главните мотиви за основање на здруженијата им произлегле од желбата да се помогне во подобрувањето на социјалниот статус на самохраните родители, да се изврши влијание врз институциите и врз пошироката јавност за потребите на овие граѓани, да се дадат предлози за донесување позитивни законски регулативи за заштита на самохраните родители.

Според бројот на членови, во сите здруженија преовладува женскиот пол.

**Табела 19. Полова структура на членовите во здруженијата**

| | Штип | Пехчево | Кочани | Скопје |
|---|---|---|---|---|
| Број на женски членови | 400 | 86 | 340 | 2200 |
| Број на машки членови | 120 | 13 | 75 | 300 |
| **Вкупно** | **520** | **99** | **410** | **2500** |

Како најголеми проблеми со кои се соочуваат самохраните родители, испитаничките ги издвојуваат невработеноста, нерешеното станбено прашање, дискриминацијата на работното место, семејното насилство, но и неинформираноста на самохраните родители за нивните права и непостоењето на институција каде можат да се обратат.

Како главни цели на здруженијата се наведуваат потребата за подигнување на јавната свест за проблемите на самохраните родители, советодавна и информативна помош (поради немање можност за материјална), зајакнување на злоупотребените жени, едукација за нивните права, за добивање на приоритет при вработување и

поттикнување за работа на проектите за самофинансирање. Претседателката на здружението од Скопје истакна дека една од целите на тоа здружение е згрижување во сопствен Шелтер центар за време од 48 часа.

Во текот на своето работење, во здруженијата се применуваат различни методи на работа, како на пример, состаноци, трибини, тркалезни маси, разговор со институциите на локално ниво, работилници за меѓусебна поддршка, јавни собири. Во здружението од Скопје работи тим од волонтери (психијатри и социјални работници) кој има воспоставено соработка со приватни фирми за вработување на самохрани родители, како и со агенции за недвижности со цел да се обезбеди колку што е можно поефтино сместување на самохраниот родител со децата, во стан под наем.

Во сите здруженија се применуваат исти методи за работа со самохраните мајки и татковци, бидејќи сите сметаат дека е подеднакво тешко да се биде самохран родител независно од полот, и дека обврските за децата се исти, и за мајките и за татковците. Но, беше воочено и дека на самохраните татковци им треба помалку помош од НВО, и дека не се уценувани при засновање на работен однос поради статусот на самохран родител.

Во однос на издавачката дејност, две од здруженијата имаат издадено бројни информативни флаери на различни теми, за превенција од семејно насилство, за учество на жената во политичкиот живот, за економско јакнење на жената.

Испитаничките беа прашани дали на полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства, соработуваат со ЦСР, градоначалникот и други НВО. Во табела 20 се дадени нивните одговори.

**Табела 20. Соработка на здруженијата со други институции**

| **Остварена соработка** | **ДА** | **НЕ** |
|---|---|---|
| Со ЦСР | 2 | 2 |
| Со градоначалник | 2 | 2 |
| Со други НВО | 3 | 1 |

Три здруженија дејствуваат на локално ниво, а едно здружение дејствува и на национално и на меѓународно ниво. Претседателките на сите здруженија се самохрани мајки, и тие истовремено пополнија и прашалник за самохрани родители.

### 6.3.2. Анкетни прашалници со самохрани родители

Овој дел од истражувањето беше реализиран со примерокот од 151 самохран родител, членови на здруженијата чии претседателки беа интервјуирани. Добиените резултати се претставени во 5 групи:

А. Профил на самохраните родители

Б. Социо-економски статус на самохраните родители

В. Дискриминација на самохраните родители

Г. Проблеми со кои се соочуваат и форми на помош кои ги користат, и

Д. Задоволство од законската регулатива

### А. Профил на самохраните родители

Согласно половата структура на испитаниците, во истражувањето учествуваа 124 (82,12%) самохрани мајки и 27 (17,88%) самохрани татковци.




**Графикон 3. Полова структура на испитаниците**

Според местото на живеење, најголем број на испитаници се од градска средина (131), и тоа од двата пола, самохрани мајки (112) и самохрани татковци (19). Само 20 испитаници се од селска средина, и тоа 12 женски и 8 машки.

Според етничката припадност, најголемиот број на испитаници се од Македонска етничка припадност (128 испитаници), од кои 107 се жени, а 21 се мажи. Другите етнички заедници се помалку процентуално застапени (табела 20).

**Табела 20. Профил на иститаниците според етничката припадност**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | |
|---|---|---|---|---|
| ***Етничка припадност*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Македонец/ка | 107 | 86,29 | 21 | 77,78 |
| Албанец/ка | 3 | 2,42 | 0 | 0 |
| Турчин/ка | 2 | 1,61 | 2 | 7,41 |
| Ром/ка | 6 | 4,83 | 1 | 3,70 |
| Влав/инка | 2 | 1,61 | 2 | 7,41 |
| Србин/ка | 2 | 1,61 | 0 | 0 |
| Бошњак/чка | 0 | 0 | 1 | 3,70 |
| Друго | 2 | 1,61 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **124** | **100** | **27** | **100** |

Табела 21 го покажува процентуалното учество на испитаниците во различни возрасни групи, при што јасно се забележува дека со различен процент самохраните мајки се регистрирани во сите возрасни групи, а дека кај самохраните татковци нема регистриран испитаник помлад од 24 години.

**Табела 21. Профил на испитаниците според возраста**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | |
|---|---|---|---|---|
| ***Возраст*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| До 18 г. | 4 | 3,22 | 0 | 0 |
| 19 - 24 | 4 | 3,22 | 0 | 0 |
| 25 - 30 | 14 | 11,30 | 2 | 7,41 |
| 31 - 35 | 27 | 21,77 | 3 | 11,11 |
| 36 - 40 | 24 | 19,35 | 9 | 33,33 |
| 41 - 45 | 26 | 20,97 | 6 | 22,22 |
| 46 - 50 | 16 | 12,91 | 3 | 11,11 |
| Над 50 | 9 | 7,26 | 4 | 14,81 |
| **Вкупно** | **124** | **100** | **27** | **100** |

За истражувањето беше значајно и прашањето за начинот на кој испитаниците го стекнале статусот на самохран родител. Кај испитаниците од двата пола, најмногу случаи (88) се регистирани кај категоријата со развод на брак, и тоа 74 случаи кај жени, и 14 случаи кај мажи. Начините на кои другите испитаници го стекнале статусот самохран родител се дадени во табела 22.

**Табела 22. Начин на стекнување статус на самохран родител**

| | ***Самохрани мајки*** | | ***Самохрани татковци*** | |
|---|---|---|---|---|
| ***Категории*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Со развод на брак | 74 | 59,67 | 14 | 51,85 |
| Со разделување од партнерот | 20 | 16,12 | 4 | 14,81 |
| По смрт на партнерот | 25 | 20,16 | 9 | 33,33 |
| По самостојна одлука да родам дете | 5 | 4,03 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **124** | **100** | **27** | **100** |

Притоа, просечната возраст на која го стекнале статусот на самохран родител, кај испитаниците од женски пол изнесува 31,33 години, додека кај машкиот пол таа возраст изнесува 34,63 години. Во однос на времето колку се самохрани родители кај испитаните од женски пол тоа изнесува 8,26 години, додека кај испитаниците од машки пол овој период е пократок и изнесува 5,81 години.

### Б. Социо-економски статус на самохрани родители

За прикажување на социо-економскиот статус на самохраните родители, ќе послужат резултатите од истражувањето во однос на степенот на нивното образование, работниот статус, изворот и висината на приходите, како и задоволството од висината на приходите. Исто така, во овој дел се прикажани резултатите за тоа со кого живеат самохраните родители, задоволството од станбените услови, бројот на деца и здравственото осигурување.

Според степенот на образование, најголем број на испитаници, и мажи (20) и жени (65), се со средно образование. Во табела 23 е

прикажан бројот, како и процентуалната застапеност на останатите испитаници, согласно степенот на нивното образование.

**Табела 23. Профил на испитаниците според степен на образование**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | |
|---|---|---|---|---|
| ***Степен на образование*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Без образование | 4 | 3,22 | 1 | 3,70 |
| Незавршено основно образование | 2 | 1,61 | 1 | 3,70 |
| Основно образование | 9 | 7,26 | 2 | 7,41 |
| Специјално основно училиште | 2 | 1,61 | 0 | 0 |
| Посебна паралелка во основно училиште | 1 | 0,8 | 0 | 0 |
| Средно образование | 65 | 52,42 | 20 | 74,07 |
| Високо образование | 38 | 30,64 | 3 | 11,11 |
| Магистратура | 2 | 1,61 | 0 | 0 |
| Докторат | 1 | 0,81 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **124** | **100** | **27** | **100** |

Во однос на работниот статус, во најголем број на случаи, и машките и женските испитаници се вработени, 62,96% мажи и 67,74% жени. Кај двата пола, по број на случаи следи статусот невработен/а, и тоа 37,04% мажи и 28,22% жени. Кај женските испитанички регистрирани се и 4 пензионерки и едно лице неспособно за работа. Со оглед на фактот дека најголемиот број на испитаници се вработени, резултатите кои се добиени на прашањето за изворот на приходи на испитаниците се очекувани. Имено, кај двата пола најголем процент на испитаници како извор на приход имаат плата и надоместоци од плата. Бројот на случаи и процентуалната застапеност на изворите на приходи кај женските и машките испитаници е прикажан во табела 24, при што неколку испитаници наведоа дека имаат повеќе извори на приходи.

**Табела 24. Извор на приходи на испитаниците**

| | Самохрани мајки | | Самохрани татковци | |
|---|---|---|---|---|
| ***Извори на приход*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Плата и надоместоци од плата | 84 | 60,87% | 17 | 58,62% |
| Семејна пензија | 4 | 2,90% | 0 | 0 |
| Надоместок за волонтерско ангажирање | 1 | 0,72% | 0 | 0 |
| Социјална парична помош | 16 | 11,60% | 3 | 10,34% |
| Надоместок од Агенција за вработување | 1 | 0,72% | 2 | 6,90% |
| Законска издршка за дете | 13 | 9,42% | 2 | 6,90% |
| Приходи од земјоделска дејност | 1 | 0,72% | 1 | 3,45% |
| Без приходи | 18 | 13,05% | 4 | 13,79% |
| ***Вкупно*** | **138** | **100** | **29** | **100** |

Во однос на износот на примањата, резултатите покажаа дека кај испитаниците од женски пол добиена е просечна плата од 8.300 денари, а кај испитаниците од машки пол е повисока, и изнесува 14.570 денари. Истражувањето покажа дека дури 133 испитаници (88%), од кои 108 (87,10%) женски и 25 машки (92,59%), одговорија дека висината на нивните приходи не ги задоволува нивните потреби и потребите на нивните деца.

Во табела 25 се претставени резултатите добиени на прашањето со кого живеат самохраните родители. Испитаниците од женски пол во најголем број на случаи, живеат во заеднички домаќинстава со децата и родителите (38,71%), а просечниот број на членови на семејството изнесува 4,15. Испитаниците од машки пол, во најголем број на случаи живеат сами со децата (40,74%), а просечниот број на членови на семејството изнесува 3,94. Притоа, во однос на задоволството од станбените услови 37,10% од испитаниците од женски пол и 44,44% од испитаниците од машки пол, сметаат дека тие се добри.

**Табела 25. Со кого живеат испитаниците**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | |
|---|---|---|---|---|
| Со кого живеат | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Сами со децата во сопствен стан | 27 | 21,77 | 11 | 40,74 |
| Сами со децата во стан во сопственост на моите родители/роднини | 27 | 21,77 | 7 | 25,92 |
| Сами со децата во стан под закуп | 11 | 8,87 | 2 | 7,41 |
| Со децата и со родителите во заедничко домаќинство | 48 | 38,71 | 5 | 18,52 |
| Со децата и со други роднини во заедничко домаќинство | 3 | 2,41 | 2 | 7,41 |
| Со децата во стан во сопственост на поранешниот партнер | 5 | 4,03 | 0 | 0 |
| Друго | 3 | 2,42 | 0 | 0 |
| ***Вкупно*** | **124** | **100** | **27** | **100** |

Во однос на здравственото осигурување, најголемиот број на испитаници (139) се здравствено осигурани, и тоа од двата пола, жените 91,94% и мажите 92,59%.

Во однос на бројот на децата, најголем број на самохрани мајки живеат со едно дете (59), но висок е и бројот на самохрани мајки кои живеат со две деца (53). Од останатите, 11 самохрани мајки живеат со 3 деца и една самохрана мајка живее со 4 деца. Најголем број на самохрани татковци (17) живеат со 2 деца. Понатаму, 7 самохрани татковци живеат со 1 дете, а 3 самохрани татковци живеат со 3 деца.

## В. Дискриминација на самохрани родители

Во овој дел, се прикажани резултатите за дискриминацијата која ја доживуваат самохраните родители. Табела 26, ги покажува резултатите за дискриминираност на женските и машките испитаници поради статусот на самохрани родители. Кај женските испитаници видлива е голема разлика во одговорите. Високи 74,19% од самохраните мајки се почувствувале дискриминирани поради тој статус. Разликата во одговорите кај машките испитаници е помала. Нешто повеќе од

половината од самохраните татковци (55,56%) се почувствувале дискриминирани поради тој статус.

За истражувањето беше значајно дали постои поврзаност помеѓу полот на испитаниците и дискриминираноста поради статусот на самохрани родители. Добиената вредност од пресметаниот коефициент на корелација (r(149)=0,16, p<0,05) покажува дека постои поврзаност.

**Табела 26. Дискриминирација поради статусот на самохран родител**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % |
| Да | 92 | 74,19 | 15 | 55,56 | 107 | 70,86 |
| Не | 32 | 25,81 | 12 | 44,44 | 44 | 29,14 |
| ***Вкупно*** | **124** | **100** | **27** | **100** | **151** | **100** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| N=151 | φ=0,16 | df=149 | P<0,05 |

Истовремено, за истражувањето беше значајно дали постои поврзаност помеѓу начинот на кој испитаниците се стекнале со статус на самохрани родители и дискриминираноста со која се соочиле во однос на статусот самохран родител. Направено е вкрстување на добиените одговори а пресметаниот коефициент на корелација (r(149)=0,15, p<0,05) покажува дека постои статистичка значајна поврзаност помеѓу испитуваните варијабли.

**Табела 27. Поврзаност помеѓу испитаниците со различни основи по кои го стекнале статусот на самохрани родители и дискриминираност поради статусот на самохран родител**

| | | *Како се стекнавте со статусот на самохран родител* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Со развод* | *Со разделување* | *По смрт на партнерот* | *По самостојна одлука* | Σ |
| ***Дали некогаш сте се почуствувале дискриминирани поради статусо на самохран родител*** | *Да* | 66 | 18 | 20 | 3 | 107 |
| | *Не* | 22 | 6 | 14 | 2 | 44 |
| | Σ | 88 | 24 | 34 | 5 | 151 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| N=151 | C=0,15 | df=149 | p<0,05 |

Во однос на прашањето, од кого се почувствувале дискриминирани, добиени се разновидни одговори. Во најголем број на случаи, самохраните мајки се почувствувале дискриминирани од пошироката заедница (33,66%), а самохраните татковци од роднините (30,77%). Останатиот број на регистрирани случаи на дискриминација од различни субјекти и нивната процентуална застапеност е прикажан во табела 28.

**Табела 28. Дискриминација од различни субјекти**

| | ***Самохрани мајки*** | | ***Самохрани татковци*** | |
|---|---|---|---|---|
| ***Дисриминираност од:*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Родители | 18 | 8,78 | 5 | 19,23 |
| Роднини | 26 | 12,68 | 8 | 30,77 |
| Колеги/колешки на работа | 20 | 9,76 | 2 | 7,69 |
| Соседи | 35 | 17,07 | 4 | 15,38 |
| Поширока заедница | 69 | 33,66 | 5 | 19,23 |
| Работодавец | 22 | 10,73 | 2 | 7,69 |
| Службени лица (ЦСР, образование, здравство...) | 15 | 7,32 | 0 | 0 |

За истражувањето беше значајно и дали испитаниците некогаш се почувствувале дискриминирани поради нивниот пол. Дополнително, за да се утврди дали постои поврзаност помеѓу варијаблите пол и дискриминираност во однос на полот пресметан е соодветен коефициент на корелација. Добиената вредност ($r(149)=0,24$, $p<0,01$) покажува дека оваа поврзаност постои и е статистички значајна. Направено е и дополнително тестирање на варијаблите пол и дискриминираност врз основа на пол, со помош на хи квадрат. Добиената вредност ($\chi^2(1)=8,89$, $p<0,01$) укажува дека тестираната разлика помеѓу добиените и очекуваните вредности е статистички значајна.

**Табела 29. Дискриминација поради полот**

| | ***Самохрани мајки*** | | ***Самохрани татковци*** | | ***Вкупно*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % |
| Да | 57 | 46,00 | 4 | 14,81 | 62 | 41,06 |
| Не | 67 | 54,00 | 23 | 85,18 | 89 | 58,94 |
| ***Вкупно*** | **124** | **100** | **27** | **100** | **151** | **100** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| N=151 | $\varphi=0,24$ | df=149 | P<0,01 |
| | $\chi^2=8,89$ | df=1 | P<0,01 |

Табела 30 ги покажува формите на препознаена полова дискриминација.

**Табела 30. Форми на полова дискриминираност**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | |
|---|---|---|---|---|
| ***Форми на полова дисриминирација:*** | *Број на случаи* | *%* | *Број на случаи* | *%* |
| Без одговор | 12 | 20,34 | 3 | 60 |
| Поради фактот што во нашето општетство, разведената жена е неморална | 26 | 44,07 | | 0 |
| Поради разни стереотипи за статусот самохрана мајка | 13 | 22,03 | 0 | 0 |
| Бидејќи сум самохрана мајка со зголемени обврски околу децата, постојано сум под закана за губење на работното место | 2 | 3,39 | 0 | 0 |
| Како жена, бев жртва на семејно насилство | 1 | 2,17 | 0 | 0 |
| Како татко, не знам да чувам деца бидејќи сум маж | 0 | 0 | 2 | 40 |
| Ме сметаат за неморална жена бидејќи вонбрачно сум родила дете | 4 | 6,78 | 0 | 0 |
| Пречки во напредување на работното место, бидејќи сум разведен/а | 1 | 2,17 | 0 | 0 |
| ***Вкупно*** | **59** | **100** | **5** | **100** |

За истражувањето беше значајно, дали постои поврзаност помеѓу начинот на кој испитаниците го стекнале статусот на самохран родител и дискриминираноста по основ на пол (табела 31). Добиен е коефициент на корелација ($r(149)=0,27$, $p<0,01$) кој покажува дека постои статистички значајна поврзаност помеѓу варијаблите. Односно, причината како го стекнале статусот на самохран родител е поврзана со дискриминираноста по основ на пол. Направено е и дополнително тестирање со помош на хи квадрат. Добиената вредност ($\chi^2(3)=12,74$, $p<0,01$) укажува дека тестираната разлика помеѓу добиените и очекуваните вредности е статистички значајна.

**Табела 31. Поврзаност помеѓу испитаниците со различни основи по кои го стекнале статусот на самохрани родители и дискриминираност по основ на полот**

| | | *Како се стекнавте со статусот на самохран родител* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Со развод* | *Со разделување* | *По смрт на партнерот* | *По самостојна одлука* | ∑ |
| ***Дали како самохран родител сте се почуствувале дискриминирани поради полот*** | *Да* | 39 | 13 | 6 | 4 | 62 |
| | *Не* | 49 | 11 | 28 | 1 | 89 |
| | ∑ | 88 | 24 | 34 | 5 | 151 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| N=151 | C=0,27 | df=149 | p<0,01 |
| | $\chi^2$=12,74 | df=3 | p<0,01 |

Табела 32 ги прикажува податоците во однос дискриминираноста на самохраните родители на пазарот на трудот поради нивниот пол. Добиената вредност на пресметаниот коефициент на корелација (r(149)=0,11, P>0,05) покажува дека не постои статистички значајна поврзаност помеѓу варијаблите. Направено е и дополнително тестирање на варијаблите со помош на хи квадрат. Добиената вредност ($\chi^2$(1)=1,21, p<0,01) укажува дека тестираната разлика помеѓу добиените и очекуваните вредности е статистички незначајна.

**Табела 32. Дискриминација на пазар на труд на самохран родител и пол**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % |
| Да | 44 | 35,48 | 6 | 22,22 | 51 | 33,77 |
| Не | 80 | 64,52 | 21 | 77,78 | 100 | 66,22 |
| ***Вкупно*** | 124 | 100 | 27 | 100 | 151 | 100 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| N=151 | φ=0,11 | df=149 | P>0,05 |
| | $\chi^2$=1,21 | df=1 | P>0,05 |

Иако резултатите не покажуваат поврзаност меѓу полот на самохраниот родител и дискриминацијата на пазар на труд, сепак од 151

испитаник, 50 (44 самохрани мајки и 6 самохрани татковци) одговориле дека се почувствувале дискриминирани на пазарот на трудот поради нивниот пол. Нивните одговори (табела 33) за видот на почувствувана дискриминација на пазарот на труд се значајни за анализа.

**Табела 33. Вид на дискриминираност на пазарот на труд**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | |
|---|---|---|---|---|
| ***Вид на дисриминираност на пазарот на труд:*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Без одговор | 8 | 18,18 | 2 | 33,33 |
| Работодавци не ме примале на работа само поради тоа што сум самохран родител и имам поголеми обврски околу децата | 20 | 45,45 | 3 | 50,00 |
| Поради стереотипната поделба на машки и женски работни места | 4 | 9,10 | 0 | 0 |
| Бидејќи сум самохрана мајка со зголемени обврски околу децата, ме сменија од раководно место | 1 | 2,27 | 0 | 0 |
| Уценување и условување за засновање на работен однос | 6 | 13,64 | 0 | 0 |
| Намалување на плата поради отсуство заради нега на болно дете | 2 | 4,55 | 0 | 0 |
| Дискриминација поради возраста | 1 | 2,27 | 1 | 16,67 |
| Мобинг на работно место | 1 | 2,27 | 0 | 0 |
| Дискриминација од колеги поради статусот самохран родител | 1 | 2,27 | 0 | 0 |
| ***Вкупно*** | **44** | **100** | **6** | **100** |

## Г. Проблеми со кои се соочуваат и форми на помош кои ги користат

По стекнувањето на статусот на самохрани родители, тие се соочуваат со бројни проблеми во секојдневниот живот. Табела 34 ги прикажува одговорите на испитаниците по однос на проблемите со кои се соочиле по стекнувањето на статусот самохран родител.

**Табела 34. Проблеми со кои најтешко се соочиле самохраните родители, со стекнувањето на статусот самохран родител**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | |
|---|---|---|---|---|
| ***Соочување со проблеми:*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Влошување на финансиската ситуација | 107 | 39,05 | 21 | 27,27 |
| Нова љубовна врска/брак на Вашиот/та партнер/ка | 19 | 6,93 | 6 | 7,79 |
| Неприфаќање/отфрлање од страна на Вашите родители | 9 | 3,28 | 4 | 5,19 |
| Промена на местото на живеење | 49 | 17,88 | 3 | 3,90 |
| Прекин или влошување на контактите со поширокото семејство | 23 | 8,39 | 10 | 12,99 |
| Соочување со предрасудите и стереотипите од околината | 85 | 31,02 | 14 | 18,18 |
| Проблеми со децата поради настанатата ситуација | 56 | 20,44 | 18 | 23,38 |
| Друго | 11 | 4,01 | 1 | 1,30 |
| ***Вкупно*** | **274** | **100** | **77** | **100** |

За сите испитаници, освен за оние кои го стекнале статусот на самохран родител по смрт на партнерот, како проблем може да се јави и неодржувањето или нередовното одржување на личните односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее, како и нередовноста на исплата на законската издршка на дете, доколку за тоа постои судска одлука.

Од табела 35 е воочливо дека од 117 испитаници, само 28 испитаници одговориле дека нивното дете остварува редовни контакти со другиот родител. Од останатите, 37 испитаници одговорија дека нивното дете има повремени контакти со другиот родител, а 52 испитаници дека нивното дете воопшто не остварува контакт со другиот родител.

**Табела 35. Контакт на детето/децата со родителот со кој не живее/ат**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % |
| Да, редовно | 25 | 25,25 | 3 | 16,67 | 28 | 23,93 |
| Повремено | 33 | 33,33 | 4 | 22,22 | 37 | 31,63 |
| Не | 41 | 41,42 | 11 | 61,11 | 52 | 44,44 |
| ***Вкупно*** | **99** | **100** | **18** | **100** | **117** | **100** |

Испитаниците кои го стекнале статусот самохран родител по развод на брак (74 самохрани мајки и 14 самохрани татковци), беа прашани дали со судска одлука, другиот родител има обврска да плаќа законска издршка за дете. Од вкупно 88 испитаници, 65 (58 самохрани мајки и 7 самохрани татковци) одговорија потврдно, а 23 (16 самохрани мајки и 7 самохрани татковци) одговорија дека другиот родител нема таква обврска. Табела 36 ја покажува фреквенцијата на плаќањето на законската издршка на оние кои имаат таква обврска.

**Табела 36. Редовнот на плаќање на законска издршка**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % |
| Редовно | 11 | 18,97 | 4 | 57,14 | 15 | 23,08 |
| Повремено | 22 | 37,93 | 2 | 28,57 | 24 | 36,92 |
| Не | 25 | 43,10 | 1 | 14,29 | 26 | 40 |
| ***Вкупно*** | **58** | **100** | **7** | **100** | **65** | **100** |

За овој дел од истражувањето значајно беше и прашањето за видот на помош што ја добиваат самохраните родители. Прашањата се однесуваа во однос на помошта од ЦСР, општината и училиштето.

Графикон 3 го покажува бројот на машки и женски испитаници кои користат или не користат некаква помош од ЦСР. Видливо е дека 97 (78,23%) самохрани мајки и 21 (77,78%) самохрани татковци не користат никаква помош од ЦСР.




**Графикон 3. Користење помош од ЦСР**

Испитаниците кои изјавија дека користат некаква помош од ЦСР (21,77% самохрани мајки и 22,22% самохрани татковци), дадоа различни одговори за видот на помош (табела 37).

**Табела 37. Видови на помош од ЦСР**

| | ***Самохрани мајки*** | | ***Самохрани татковци*** | |
|---|---|---|---|---|
| ***Видови на помош од центри за социјална работа*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Користам социјална парична помош | 17 | 54,84 | 2 | 9,52 |
| Користам постојана парична помош | 3 | 9,67 | 4 | 19,05 |
| Користам детски додаток | 6 | 19,35 | 4 | 19,05 |
| Користам родителски додаток | 1 | 3,22 | 3 | 14,28 |
| Добивам советодавна и/или советувалишна работа | 2 | 6,45 | 2 | 9,52 |
| Добивам психо-социјална помош и поддршка од вработените | 2 | 6,45 | 6 | 28,57 |
| ***Вкупно*** | **31** | **100** | **21** | **100** |

Од вкупно 151 испитаник, 147 имаат деца на училишна возраст. При тоа, загрижувачки висок процент и кај двата пола (98% самохрани мајки и 96% самохрани татковци) одговориле дека не добиваат никаква помош од училиштето (графикон 4). Согласно член 6 од Законот за учебници за основно и средно образование[163], учебниците за учениците во јавните основни и средни училишта се бесплатни. Поради тоа, помошта што дополнително може да се добие од училиштата може да се однесува на бесплатна исхрана или екскурзии. Ваков вид на помош добиле мал процент на испитаници (2% самохрани мајки и 4% самохрани татковци).

[163] Сл. Весник на РМ., бр. 98/2008




**Графикон 4. Користење помош од училиште**

Графикон 5 ги покажува одговори на испитаниците во однос на прашањето за користење помош од општината во која живеат. Иако согласно Законот за социјална заштита, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат остварување на социјалната заштита на бројни категории на лица меѓу кои и децата од еднородителски семејства, како и подигнување на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита, одговорите на ова прашање се загрижувачки. Сите женски испитаници (100%) и високи 96% од машките испитаници, одговорија дека не добиваат никаква помош од општината во која живеат. Само еден самохран татко одговори дека добива помош од општината во која живее, без конкретно да наведе за каков вид на помош станува збор.




**Графикон 5. Помош од општината**

### Д. Задоволство од законската регулатива

За да се утврди задоволството од законската регулатива, испитаниците беа прашани дали се запознаени/информирани за нивните права како самохрани родители и од каде се информирани.

Во однос на информираноста за нивните права, 90 од 151 испитаници (59,60%), одговорија дека не се запознаени. Процентот на неинформираност е дополнително загрижувачки ако се разгледува и во однос на различните одговорите на двата пола на испитаници. Неинформираноста е висока и кај женските (55,64%) и кај машките (77,78%) испитаници (табела 38).

**Табела 38. Информираност за правата согласно статус на самохран родител**

| | ***Самохрани мајки*** | | ***Самохрани татковци*** | | ***Вкупно*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % |
| Да | 55 | 44,35 | 6 | 22,22 | 61 | 40,40 |
| Не | 69 | 55,64 | 21 | 77,78 | 90 | 59,60 |
| ***Вкупно*** | **124** | **100** | **27** | **100** | **151** | **100** |

Табела 39 ги покажува изворите на информации за правата на самохраните родители кои одговорија дека се информирани. Од резултатите е видливо дека самохраните мајки користеле поширок ранг на извори за да се информираат за своите права, а самохраните татковци ја користеле поблиската околина (родители, роднини, пријатели).

**Табела 39. Извори на информации**

| | ***Самохрани мајки*** | | ***Самохрани татковци*** | |
|---|---|---|---|---|
| ***Извори на информации за правата на самохраните родители*** | *Број на случаи* | % | *Број на случаи* | % |
| Од родителите/роднините | 7 | 6,14 | 3 | 50,00 |
| Од пријатели | 23 | 20,18 | 2 | 33,33 |
| Од стручни работници во ЦСР | 16 | 14,04 | 0 | 0 |
| Од други службени лица | 5 | 4,38 | 0 | 0 |
| Сами (читав Закони) | 26 | 22,81 | 1 | 16,67 |
| Од медиуми | 19 | 16,67 | 0 | 0 |
| Од НВО | 16 | 14,04 | 0 | 0 |
| Од локалната заедница | 2 | 1,75 | 0 | 0 |
| ***Вкупно*** | **114** | **100** | **6** | **100** |

Во однос на задоволството од законската регулатива, резултатите покажуваат дека 128 испитаници (84,77%), од кои 103 (83,06%) самохрани мајки и 25 (92,59%) самохрани татковци, не се задоволни (табела 40).

**Табела 40. Задоволство од формите на заштита кои државата ги нуди на самохраните родители**

| | ***Самохрани мајки*** | | ***Самохрани татковци*** | | ***Вкупно*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % | Бр. на случаи | % |
| Да | 21 | 16,94 | 2 | 7,41 | 23 | 15,23 |
| Не | 103 | 83,06 | 25 | 92,59 | 128 | 84,77 |
| ***Вкупно*** | **124** | **100** | **27** | **100** | **151** | **100** |

Од испитаниците кои одговорија дека не се задоволни од формите на заштита кои државата ги нуди на самохраните родители, дополнително беа прашани што сметаат дека треба да се направи за да се подобри семејната политика во поглед на унапредување на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители во РМ. Нивните одговори се дадени во табела 41. Од 128 испитаници кои изразија незадоволство од формите за заштита кои државата ги нуди на самохраните родители во РМ, 26 немаа конкретни предлози што треба да се направи за да се подобри социјалниот и родовиот статус на оваа категорија на граѓани. Останатите дадоа и по неколку предлози.

**Табела 41. Предлози за подобрување на семејната политика во поглед на унапредување на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители во РМ**

| | *Самохрани мајки* | | *Самохрани татковци* | |
|---|---|---|---|---|
| ***Начини како да се подобри семејната политика во Република Македонија*** | *Бр.на случаи* | % | *Бр.на случаи* | % |
| Без одговор | 20 | 10,15 | 6 | 17,65 |
| Законско регулирање на статусот и на посебните права на самохраните родители и на нивните деца | 17 | 8,63 | 7 | 20,59 |
| Бесплатна здравствена заштита | 0 | 0 | 1 | 2,94 |
| Помош и/или предност при засновање на работен однос | 26 | 13,20 | 5 | 14,70 |
| Посебни финансиски бенефиции | 27 | 13,70 | 9 | 26,47 |
| Да се отворат посебни советувалишта за работа со оваа група на граѓани | 7 | 3,55 | 2 | 5,88 |
| Помош при образование на децата | 25 | 12,69 | 3 | 8,82 |
| Да не се дискриминираат поради статусот на самохран родител | 11 | 5,58 | 0 | 0 |
| Да се зголеми јавната свест за проблемите на самохраните родители | 9 | 4,57 | 0 | 0 |
| Зголемување или сигурност на примањата (приходите) | 1 | 0,51 | 0 | 0 |
| Законско регулирање за начинот на плаќање на алиментација од едниот родител по судска одлука | 3 | 1,52 | 0 | 0 |
| Помош во решавање на станбено прашање | 21 | 10,65 | 1 | 2,94 |
| Даночни олеснувања | 4 | 2,03 | 0 | 0 |
| Зголемена информираност за правата на самохраните родители | 6 | 3,04 | 0 | 0 |
| Почитување на работното време во приватниот сектор | 2 | 1,02 | 0 | 0 |
| Градинките да работат и во сабота | 1 | 0,51 | 0 | 0 |
| Посебни курсеви за надоградба на образованието | 1 | 0,51 | 0 | 0 |
| Поголема стручност на професионалците кои работат на развод на брак | 12 | 6,09 | 0 | 0 |
| Поголема грижа за децата на самохраните родители, особено на децата со хендикеп | 4 | 2,03 | 0 | 0 |

# 7. Дискусија

## 7.1. Дискусија за резултатите од истражувањето за првата хипотеза

(*Законската регулатива од областа на семејната политика во Република Македонија не е сензитивна за родовиот и социјалниот статус на самохраните родители*).

### 7.1.1. Интервју со советници во МТСП

Дискусијата по однос на одговорите на двајцата советници од МТСП (за социјална заштита и за еднакви можности) ќе се разгледа од два аспекти, и тоа по однос на прашањата за кои беа, и по однос на прашањата за кои испитаниците не беа согласни.

Согласноста на испитаниците дека македонското законодавство не е прилагодено на потребите на самохраните родители, и истакнувањето на недостигот на законски одредби кои поексплицитно ќе го дефинираат овој ризик и категориите на граѓани кои можат да се најдат во него, е во прилог на овој труд. Истовремено, рестрикцијата на самохраните родители и на нивните деца во однос на ограничувањето на правото на ППП до првите три години на детето и заклучно со првите 3 деца по ред на раѓање, ја препознаваат двајцата испитаници и се согласни дека овој дел од законодавството треба да претрпи соодветни измени. Испитаниците се согласни и дека со префрлање на СПП по престанокот на правото на ППП, самохраниот родител не добива соодветна социјална заштита, истакнувајќи дека на самохраниот родител треба да му се понудат различни форми на заштита, пронаоѓајќи некој соодветен модел од европските земји.

Во прилог на овој труд е и согласноста на двајцата испитаници дека е потребно подобрување на социјалниот и родовиот статус на самохраните родители. Како системско решение за покомплексна грижа, се нагласува потребата за законско регулирање на посебните права на самохраните родители, за комплетна анализа на законодавството, за

компаративни анализи за искуствата на другите земји, за широки дебати со различни субјекти (Владата, НВО, јавниот сектор). Особено е значајно препознавањето на неопходноста за дефинирање на родовата димензија во социјалната заштита на сите категории на граѓани во социјален ризик.

Испитаниците не беа согласни за прашањето дали македонското законодавство е родово сензитивно за потребите на самохраните родители. Различните гледишта по однос на ова прашање може да упатуваат на потребата за родова сензибилизација на службениците во МТСП, во однос на зајакнување на нивните капацитети за препознавање на рефлексиите на законодавството врз различните потреби на мажите и жените како корисници на социјални услуги.

Спротивното мислење на испитаниците и за прашањето, дали самохраните родители како корисници на социјална заштита се дискриминирани поради засметувањето на законската издршка за дете (во износ од над 5000 денари) како приход на домаќинството, ја истакнува потребата за сензибилизација и поголема флексибилност на креаторите на политиките за заштита на семејството, и за тоа што ќе се смета за приход на семејството, во зависност од специфичноста на различните социјални ризици.

За овој дел од истражувањето значајно е и препознавањето на потребата за воспоставување на соработка со НВО и со ЕЛС, со цел унапредување на социјалниот и родовиот статус на самохраните родители. Ова произлегува од фактот дека двата сектори од МТСП немаат воспоставено таква соработка.

### 7.1.2. Интервју со градоначалници

Овој дел од истражувањето јасно покажува дека општините немаат воедначен пристап во остварувањето на социјалната заштита на граѓаните согласно Законот за социјалната заштита.

Во однос на прашањето за видот на мерките на заштита што општината ги обезбедува на децата од еднородителските семејства,

добиени се различни одговори (табела 1). Нивната анализа упатува на заклучокот дека во најголем број случаи, помошта се сведува на некој вид на парично давање што веројатно се реализира во зависност од финансиските можности на општините. Во однос на други социјални услуги, позитивно се оценува воспоставената соработка со приватниот сектор за вработување на самохрани родители, што може да биде пример и за другите општини. Исто така, како позитивен пример може да послужи и воспоставувањето на база на податоци во две општини, во која меѓу другите категории, се евидентираат и децата од еднородителските семејства. Од друга страна, во истражувањето се покажа дека три општини немаат преземено никакви мерки за остварување на социјална заштита на лица во социјален ризик, што може да упатува на заклучокот дека или не се почитуваат законските обврски, или општините немаат доволно ресурси за нивно остварување.

Непочитувањето на законските обврски се потврди и во однос на евиденцијата за бројот на корисници на права од областа на социјалната заштита, бидејќи и покрај законските обврски, истражувањето покажа дека во половина од општините не се води евиденција. Во другата половина на општини опфатени со истражувањето, се забележува различен пристап во однос на водењето евиденција на лица во социјален ризик. Во две општини се води воспоставена дата база на податоци (само за 4 категории на лица во социјален ризик), една општина редовно добива податоци за бројот на лица во социјален ризик во рамките на општината од ЦСР и бројните НВО, а една општина прави сопствена социјална слика за загрозени семејства во различни социјални ризици во општината.

Иако Законот за социјалната заштита пропишува дека општините донесуваат програми и акциски планови за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, истражувањето покажа дека само две општини секоја година го прават тоа. Бидејќи изработката на програма и акциски планови за социјална заштита нема финансиски апликации, можеме ли да се запрашаме дали ова упатува на непочитување на законските одредби од страна на другите општини?

Од друга страна, позитивно се оценува воспоставената соработка на 5 од општините кои учествуваа во истражувањето со ЦСР, што треба да биде позитивен пример и за другите општини. Исто така, позитивен е фактот што сите општини покажаа интерес за спроведување на одредени активности на полето на социјална заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства, во иднина, како и за соработка и поддршка на НВО кои директно работат на оваа проблематика.

Истражувањето покажа дека државата нема донирано средства за реализација на одредени активности (проекти) на полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства на ниту една од општините кои учествуваа во истражувањето. Во однос на ова, може да претпоставиме дека или општините не покажале заинтересираност да реализираат активности на ова подрачје и не побарале помош од државата, или државата не обезбедила доволно средства за помош на општините и нивна активност на полето на социјална заштита на граѓаните. Од друга страна, позитивен е фактот што одредени активности се реализирани со помош на меѓународни организации (UNDP и Американска фондација за развој - ANG – Group).

Во однос на прашањата за прилагоденоста на законодавството на потребите на самохраните родители, и неговата родова сензитивност, одговорите се загрижувачки (табела 2). Само двајца испитаници сметаат дека законите и другите подзаконски акти не се прилагодени на потребите на самохраните родители. Тоа упатува на претпоставката дека само двајца од 8 испитаници ги препознаваат потребите на самохраните родители и можат да заклучат дека законодавството не е прилагодено на нив. И во однос на родовата сензитивност на законодавството, само двајца испитаници одговорија негативно. Недостигот на подетално објаснување за тоа што треба да се промени во однос на различните потреби за самохраните мајки и татковци кај овие 2 испитаници, како и одговорот на другите 6 испитаници дека законодавството е родово сензитивно но без дополнително објаснување, отвора нови прашања. Дали законодавството е експлицитно родово сензитивно или родовите димензии се имплицитно вградени, па се

очекува да бидат препознаени, но и дали се тие обучени за да ги препознаат.

### 7.1.3. Интервју со претседателот на Семејниот суд

За потребите на истражувањето беше спроведено интервју со претседателот на Семејниот суд при Основниот суд – Скопје 2. Во однос на меѓусебната соработка на Судот со ЦСР, во постапката за доверување на дете по развод на брак, беше истакнато дека во најголем број на случаи судот го прифаќа предлогот на ЦСР. Ако појдеме од фактот дека стручните работници од ЦСР најчесто даваат предлог детето да се довери кај мајката (што се докажа во делот на истражување на стручните работници од одделенијата за брак и семејство), значи судот автоматски донесува одлука за тоа. Недостигот на дополнително образложение зошто во најголем број случаи се прифаќа предлогот на ЦСР, ја наметнува потребата за сензибилизација на судските службеници за различната положба на мажите и жените во бракоразводната постапка. Исто така, се наметнува и потребата за воспоставување на поголема соработка меѓу овие две институции.

Истражувањето ја наметнува потребата од законско регулирање на возраста на која детето треба да биде прашано со кој родител сака да живее после разводот на бракот на неговите родители. Ова произлегува од фактот дека претседателот на Семејниот суд и стручните работници од одделенијата за брак и семејство во ЦСР, имаат различни одговори за ова прашање.

Во однос на прашањата дали постојното законодавство е прилагодено на потребите на самохраните родители и дали е родово сензитивно, испитаникот одговори дека не знае. Од ова може да се претпостави дека судските службеници не се обучени да ги препознаат родовите димензии на законодавството, што од друга страна упатува на потребата од нивно дефинирање како целна група за обука. Во контекст на ова е и изјавата на испитаникот дека им е потребна обука за постапување по Законот за еднакви можности на жените и мажите, и по

Законот за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи досега немаат добиено.

Од друга страна, недостигот на прецизни законски одредби за правата на самохраните родители се надополнува со неговата изјава дека какви закони се донесуваат, судот такви применува.

**Врз основа на резултатите и дискусијата во однос на целните групи преку кој се тестираше првата хипотеза (*Законската регулатива од областа на семејната политика во Република Македонија не е сензитивна за родовиот и социјалниот статус на самохраните родители*), истражувањето покажа дека хипотезата е потврдена.**

## 7.2. Дискусија за резултатите од истражувањето за втората хипотеза

(*Стручните работници во системот на социјалната заштита во Република Македонија не се родово сензитивни за потребите на самохраните родители*).

### 7.2.1. Интервју со директори на ЦСР во РМ

Иако законската регулатива нуди широк спектар на права и услуги кои семејствата можат да ги користат од ЦСР, испитаниците од овој дел на истражувањето издвоија малку одговори. Во најголем број се издиференцирани паричните давања, а во многу помалку случаи се издвоија социјални услуги во областа на стручната социјална работа. Ист е случајот и со правата и услугите кои им се на располагање на еднородителските семејства, кои и во Законот за социјалната заштита се препознаени како посебна категорија на социјален ризик (табела 3). Паричните давања повторно се најбројна категорија на одговори, а социјалните услуги се помалку препознаени. Ова најверојатно се должи и на фактот што законот (освен правото на ППП и правото на привремен

престој во ЈУ) нема прецизирано други конкретни права и услуги за граѓаните кои се во овој социјален ризик.

Во однос на улогата на ЦСР, за давање предлог за доверување на дете/деца на чување и воспитување кај еден од родителите, 18 испитаници (60%) одговорија дека понекогаш се под притисок од локалното население за поголемо влијание во оваа постапка. Овде би можело да се претпостави дека родителите кои се во постапка за развод на брак ги користат личните пријателски или други врски за да влијаат на предлогот за доверување на дете. Или пак, можеби родителите немаат доверба во одлуката на стручниот тим од ЦСР кој вообичаено ја спроведува оваа постапка, па се врши дополнително влијание преку позицијата директор на установата.

Од вкупниот број на испитаници, 53,3% одговорија дека се вклучени во процесот на креирање политики за социјална (особено семејна) заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства, а 23,3% дека учествуваат и во постапката за донесување/изменување на закони и подзаконски акти за социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства. Во контекст на ова, би можело да се истакне потребата за поконкретни заложби на сите учесници во креирањето на политиките, за проширување и/или надополнување на законската и подзаконската регулатива за граѓаните кои се наоѓаат во овој ризик.

На полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства, за пофалба е соработката на 20 ЦСР со ЕЛС, преку различни начини. Но, со оглед на законските налдежности на ЦСР и ЕЛС на ова поле, потребно е воспоставување на соработка меѓу сите ЦСР и општините кои тие ги покриваат во рамките на својата месна надлежност.

### 7.2.2. Анкетни прашалници со стручни работници од ЦСР, од одделенија за парични давања

Во делот од истражувањето кое се спроведе во одделенијата за парични давања во сите ЦСР, учествуваа 30 стручни работници. Иако Законот за социјалната заштита (член 134) определува дека во делогругот на јавните овластувања кои ги врши ЦСР, се вбројува и водење евиденција и прибирање документација за корисниците на социјалната и семејно-правната заштита за применетите облици на социјална заштита, испитаниците немаа изедначени одговори во делот на прашањата за евидентирање на самохраните родители како корисници на ППП. Имено, во 5 ЦСР не се води евиденција за различните категории на корисници на ППП, а 11 ЦСР дека не водат евиденција за бројот на самохраните родители кои по завршувањето на правото на ППП се префрлуваат на СПП. Понатаму, испитаници од 3 ЦСР (табела 4) изјавија дека не водат евиденција за возраста на самохраните родители, а во 2 ЦСР дека не се води евиденција за нивната етничката припадност. Во 3 ЦСР не се води евиденција ниту за степенот на образование на евидентираните самохрани родители.

Истовремено, согласно Законот за социјалната заштита, самохран родител остварува право на ППП заклучно до третото дете по ред на раѓање. Во врска со ова, испитаници од 2 ЦСР одговорија дека не се води точна евиденција за бројот на децата, што е зачудувачки бидејќи од бројот на децата зависи и висината на ППП.

Разликите на начинот на евидентирање на самохраните родители како корисници на ППП, веројатно се должеше на непостоењето на правилник за евиденција кој би пропишал начин на изедначена електронска евиденција на корисниците на сите парични давања и социјални услуги. Изедначената електронска евиденција стана задолжителна дури со донесувањето на Правилникот за начинот на водење и содржина на евиденција за корисниците на правата од социјална заштита и документација за стручната работа[164].

[164] Сл. Весник бр. 171, од 13.12.2011 година

Истовремено, преку втората компонента на СПИЛ[165] проектот е предвидена поддршка на програмата за социјална заштита, преку воспоставување на интегриран информациски систем и развој на комуникациските врски меѓу МТСП, ЦСР и други институции во рамките на системот на социјалната заштита, подобрување на администрирањето на социјалните парични надоместоци и нивно подобро таргетирање.

Фактот што истражувањето на оваа целна група беше реализирано пред донесувањето на овој правилник и имплементацијата на СПИЛ проектот, не го оправдува предходното неизедначено евидентирање на самохраните родители како корисници на ППП. Освен обврската за водење евиденција и прибирање документација за корисниците на социјалната и семејно-правната заштита според Законот за социјалната заштита, ЦСР уште од 2006 година, со Законот за еднаквите можности на жените и мажите (член 20) се задолжени да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци, како и да ги прикажуваат според половата припадност.

Согласно поставеноста на институциите за социјална заштита, ЗСД е институција која е надлежна за организирање и спроведување на едукација на стручните работници во областа на социјалната заштита. Веројатно е безбедно да претпоставиме дека загрижувачкиот факт што 28 од 30 испитаници (93%) изјавија дека не поминале обука за работа со самохрани родители, се должи на фактот дека ЗСД воопшто нема организирано таква обука. Но, од друга страна, и недостигот на јасно дефинирање на овој поим во законодавството и на поширока лепеза на социјални услуги кои би можела да ги користи оваа група на граѓани, е можен одговор за неорганизирањето на обуки за оваа проблематика. Сепак, позитивен е фактот што повеќе од половината, 18 од 30 испитаници (60%), имаат потреба од обука.

Од друга страна, по донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите, МТСП, ЗСД и невладиниот сектор, започнаа со серија обуки за родова рамноправност, меѓу кои и во делот

[165] Проект за имплементација на социјалната заштита

на социјалната работа и социјалната заштита. Во овој дел од истражувањето, сепак се покажа дека 25 од 30 испитаници (83,33%) не поминале никаква родова обука. Причините за тоа може да бидат различни: или стручните работници од ЦСР не биле приоритетна група за обука, или бројот на учесници бил многу мал или селективен. Веројатно поради тоа, како и поради фактот што овој примерок беше случајно избран, во ова истражување е толку висок процентот на стручни работници кои не поминале родова обука. Од друга страна, охрабрувачки е фактот што 20 од 30 испитаници (66,66%) имаат потреба од родова обука.

### 7.2.3. Анкетни прашалници со стручни работници од ЦСР, од одделенија за брак и семејство

За овој дел од истражувањето, беа реализирани анкетни прашалници во одделенијата за брак и семејство во сите ЦСР. Примерок беа 60 стручни работници со различна професија, различна возраст, различно времетраење на работно искуство. Согласно полот, во истражувањето доминираше женскиот пол со 83% (графикон 1), што беше очекувано поради фактот што жените од секогаш доминирале во социјалната работа, уште од самиот почеток на нејзиното формирање како професија. Тоа се потврдува и со последното истражување на ЗСД[166] од 2005 година за организација и развој на ЦСР, според кое од вкупниот број на вработени стручни работници, 64% биле жени. Меѓутоа, фактот што доминираат жените, не имплицира нивна поголема сензитивност за различните потреби на мажите и жените во постапката за развод на брак и доверување на дете.

Во текот на својата секојдневна работа на оваа осетлива проблематика, стручните работници се соочуваат со бројни проблеми во работата со парнерите (табела 7). Иако според Законот за семејството

[166] Котевска, М., Самојловска, В., (2005), *Организација и развој на центрите за социјална работа – информација*, ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, стр. 204

(член 35) родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво, сепак како еден од најголемите проблеми, испитаниците ја издвоија токму неподготвеност на партнерите да го прифатат фактот дека родителското право подеднакво им припаѓа на двата родители, како и неподготвеност на партнерите да ги прифатат нормите за работа на стручните лица.

Во поглед на целокупната стручна работа во постапката за доверување на деца при развод на брак, испитанците препознаа одредени проблеми и тешкотии, со прилично изедначена застапеност во одговорите (табела 9). Иако повеќето одговори се однесуваат на методологијата на работа и пошироките општествени влијанија, за поздравување е препознавањето на постоечките вградени предрасуди дека мајката е подобар родител од таткото. Исто така, во набројувањето на дополнителни знаења кои им се потребни за полесно и покомпетентно справување со проблемите со кои се соочуваат во текот на постапката за доверување на деца по развод на брак (табела 8), испитаниците ги наведоа и потребите за зголемување на свеста дека е потребно надминување на традиционалното верување дека мајката е подобар родител од таткото, и за зголемени знаења за родовиот аспект на постапката за доверување на деца при развод на брак.

Во недостиг на законска определба за тоа на колку годишна возраст, децата би требало да бидат прашани со кој родител би сакале да живеат при развод на брак, стручните работници одлучуваат врз основа на сопствена проценка. Од 60 испитаници, 10 (16,7%) одговорија дека во текот на постапката не ги прашуваат децата со кој родител сакаат да живеат, а останатите 50 (83,3%) ги прашуваат, и тоа на различна возраст. Ова упатува на потребата за законско определување на соодветната возраст на децата, на која тие би требало да бидат консултирани со кој родител би сакале да живеат во случај на развод на бракот.

За овој дел од истражувањето, беше значајно дали за доверување на дете кај еден од родителите, на стручните работници им влијае полот и возраста на детето на детето. Иако 54 од 60 испитаници (90%) одговорија дека полот на детето не влијае на нивниот предлог за

доверување дете кај еден од родителите, сепак фактот дека на 6 испитаници им влијае остава простор за дополнители прашања, бидејќи тие не дадоа дополнително образложение за својот став.

Од друга страна, во однос на влијанието на возраста на детето предлогот за доверување дете кај еден од родителите, 16 испитаници (26,7%) одговорија дека не влијае. Кај останатите 44 испитаници (73,3%), возраста на детето/децата влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите, при што сите тие изјавија дека секогаш даваат предлог помалите деца да се доверат на мајката. Поголемиот број од наведените причини поради кои го прават тоа (табела 10), јасно упатуваат на родова несензитивност на стручните работници. Во нивните одговори се препознава поврзување на мајката со нејзината стереотипно очекувана улога во семејството и во однос на грижата за децата, што од друга страна е спротивно и на законската определба дека родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности, и дека родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво, и го вршат заеднички и спогодбено.

За овој труд значајни беа и одредени индикатори за родителите (етничката припадност и возраста, особено за малолетните родители), кои можат да влијаат на предлогот за доверување на дете. Во однос на етничката припадност, од 60 испитаници, само 3 (5%) одговорија дека тоа влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите, и тоа за родители од албанската етничка припадност. Како причини беа наведени традиционалниот однос кој постои меѓу родителите и фактот дека кај албанската популација родителите најчесто се договараат децата да останат кај таткото. Би можело да се претпостави дека станува збор за културна традиција обоена со патријархални тонови.

Во однос на возраста на родителите, од 60 испитаници, 10 (16,7%) одговорија дека тоа влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите. Од нив, 3 не би дале предлод за доверување на дете кај малолетна мајка, а 7 би дале. Причините поради кои 7 испитаници би дале предлог за доверување на дете на малолетна мајка (табела 11) може да се протолкуваат различно. Од една страна, тоа

може да е оправдано доколку тоа е единствен избор, или доколку мајката е мотивирана и има ресурси. Но, доверувањето дете на малолетна мајка поради биолошката предодреденост и „природната" емоционална врска со детето, како и тоа дека мајката најсоодветно одговара на родителските функции само поради тоа што е жена, отвора други прашања. Од една страна, возраста на мајката ги става пред испит некои од основните права на децата (здрав психолошки развој, заштита на здравјето, правото на образование), и го наметнува прашањето за нивната подготвеност да воспитуваат и одгледуваат дете. Од друга страна, може да се претпостави дека возраста на мајката можеби и се занемарува поради неоправданото очекување за нејзината улога во животот на детето (штом веќе се родило), само поради тоа што е женско.

Независно од возраста на родителите, статистичките податоци покажуваат дека при развод на брак, во најголем број случаи децата се доверуваат на мајката. Во одговорите на испитаниците, зошто е тоа така, се препознаваат различни мислења. Од една страна, тоа може да е заемен договор на родителите, кој се почитува. Исто така, оправдани се случаите кога е тоа резултат на сеопфатна проценка на стручниот тим во ЦСР за можностите на мајката сама да се грижи за детето. Но, во останатите одговори (табела 12), повторно се доведува во прашање нивната родова сензитивност. Издвојувањето на одговорите: традиционалното верување дека мајката е подобар родител, предрасудите кои владеат во постоечката средина за улогата на мајката во семејството, зачудувачкото верување дека мајките имаат повеќе слободно време, како и поголемата подготвеност на жената да се прилагоди и да преземе одговорност за самостојно функционирање, се само уште еден доказ за нивното стереотипно верување дека мајките се биолошки предодредени за грижата за децата. Но, ако веќе во сопствените одговори препознаваат дека станува збор за традиционално верување и за предрасуди за улогата на мајката, тогаш слободно може да се запрашаме, зошто го прават тоа?

Во однос на меѓусебната соработка на ЦСР со Судот, високи 77% од испитаниците одговориле дека се целосно задоволни. Истовремено, истражувањето покажа дека дури во 93% од случаите (графикон 2),

Судот го прифаќа предлогот за доверување на детето/децата кај еден од родителите. Ако најголемиот број на предлози на ЦСР се дадени во однос на мајката, а Судот ги прифаќа, тогаш треба да се запрашаме, дали и вработените во Судот ги делат истите мислења како и стручните работници во ЦСР за причините за доверување на детето кај мајката, или без размислување ги прифаќаат нивните предлози повикувајќи се на довербата во проценката на ЦСР.

Во својата секојдневна работа, стручните работници од ЦСР се во постојан контакт со родителите. Од 60 испитаници, 7 (11,7%) одговорија дека меѓусебниот однос влијае на нивниот предлог за доверување на дете кај еден од родителите. Ако стручните работници почесто се во контакт со мајките, тогаш би можело да се претпостави дека и тоа е една од причините за поголемиот број на доверување на дете кај мајката. Во прилог на ова е истражувањето на ЗСД, според кое брачните проблеми се наоѓаат на врвот на листата на социјални проблеми кои ги пријавуваат жените во ЦСР[167].

Истовремено, 8 (13,3%) испитаници се изјаснија дека во текот на секојдневното работење имаат обичај да даваат предлог за доверување на децата кај родителот со ист пол како нивниот. Во недостиг на дополнително објаснување зошто е тоа така, може да се постави прашањето, дали тоа се случува поради фактот што во ЦСР се вработени поголем број жени, и поради тоа што жените почесто пријавуваат брачни и семејни проблеми во ЦСР.

Самохраниот родител кој се стекнал со овој статус по развод на брак, може да остварува одредени права и услуги. При тоа, истражувањето покажа дека 48 од 60 испитаници (80%) им даваат некакво советување или помош на овие корисници. Иако е висок процентот на испитаници кои наведоа разни видови на советувања и помош кои им ги нудат на разведените самохрани родители (табела 13), сепак оправдана е загриженоста за останатите 12 испитаници кои не го прават тоа. Би требало да се очекува сите стручни работници кои

---

[167] Страмшак-Ѓуровска, Б., (2012), *Социјалната работа низ родова призма – ризици и услуги,* ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, стр. 46

работат со оваа категорија на корисници да нудат соодветни услуги и права, бидејќи и по завршувањето на постапката за развод и по доверувањето на децата, тие остануваат во контакт со родителите заради регулирање на видувањата меѓу детето и родителот кому не му е доверено детето.

Од 60 испитаници, 42 (70%) одговорија дека на родителите кои се стекнале со статусот самохран родител по развод на брак, им ги предочуваат последиците од самохраното родителство. Иако видот на последици кои им се предочуваат на овие корисници (табела 14) е оправдан и очекуван, фактот дека тие не се препознаени од сите испитаници е сериозен сам по себе, и упатува на нивна недоволна сензибилизација за сериозноста на овој проблем.

Исто како и кај стручните работници кои работат на парични давања, и кај овие испитаници истражувањето покажа загрижувачки резултати во однос на помината обука за работа со самохрани родители и родова обука. Имено, од 60 стручни работници, 57 или 95% изјавија дека не поминале обука за работа со самохрани родители, а 3 ја препознаа добиената обука од ЗСД за семејни и партнерски односи како обука за работа со самохрани родители. Во однос на помината родова обука, 49 или 81,65% изјавија дека не поминале никаква родова обука, а 11 имаат поминато некаква родова обука, од МТСП, ЗСД или НВО. Како и кај стручните работници од одделенијата за непосредна социјална заштита, и овде би можела да се истакне истата претпоставка, дека недостигот на обуки се должи на тоа дека ЗСД нема организирано таква обука, но и истото оправдание дека недостигот на јасно дефинирање на овој поим во законодавството и поширока лепеза на социјални услуги кои би можела да ги користи оваа група на граѓани во социјален ризик, е можен одговор за неорганизирањето на обуки за самохрани родители од страна на ЗСД. Од друга страна, отсуството на родови обуки во овој случај може да се должи и на фактот дека согласно законските одредби, разведените родители со деца не се самохрани, па стручните работници кои работат на оваа проблематика не биле целна група за обука.

Сепак, и овде е позитивен фактот што повеќе од половината, 48 од 60 испитаници (80%), имаат потреба за обука за работа со самохрани

родители на различни теми (табела 15). Ист процент на испитаници изјавија дека имаат потреба и од родова обука. Значењето на потребата од родова обука е видливо и во наведените области: како полот влијае на родителството, конфликтни подрачја во партнерските односи, хумани односи меѓу половите, менталитет и традиција, мотивација и ставови.

### 7.2.4. Интервју со директорката на ЈУ Дом за доенчина и мали деца – Битола

Согласно Законот за социјалната заштита, ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола обезбедува домување, исхрана, облекување, нега и грижа на самохрана невработена бремена жена еден месец пред породување и самохран родител до 3 месечна возраст на детето. Освен овие услуги, на интервјуто со директорката на оваа установа, беше истакнато дека вработените во установата нудат и некои други услуги, како на пример придружување на родилките до болница за да се изврши породувањето, како и придружба и до друга установа за вадење на лична документација. Ова упатува на фактот дека корисниците на услугите се оставени сами да се соочуваат со овој ризик, без присуство на поблизок член од семејството.

Позитивен е фактот што, при напуштањето на установата корисниците се упатуваат во надлежниот ЦСР заради остварување на правото на ППП. Освен оваа советодавна работа, на корисниците им се предочуваат и последиците од самохраното родителство и проблемите со кои можат да се соочат. Охрабрувачки е фактот што од установата се добиваат совети да не се обрнува внимание на осудувањето од околината, што во македонското традиционално стереотипно општество е реално да се очекува. Од друга страна, советувањето да се склучи брак со таткото на детето (доколку е тоа можно), како и „опомената“ да не се прави пак истата грешка во иднина, упатува на стереотипност кај вработените во установата, и фаворизирање на брачната дијада со деца како најприфатена форма на семејство. Јасно се забележува недостиг на форми на советодавна работа за зајакнување на капацитетите за

родителска улога и соочување со сите предизвици што ги носи самохраното мајчинство.

Ова донекаде може да се оправда со недостигот на обука за работа со самохрани родители, а вработените во оваа установа треба да се приоритетна група, бидејќи станува збор за единствена установа за социјална заштита за сместување на самохрани родители. Во врска со ова, и директорката изјави дека обука за работа со самохрани родители е неопходна, особено за воспоставување на интеракција меѓу самохраниот родител и детето, како и меѓу самохраниот родител и неговото семејство. Истовремено, потребно е и подобрување на комуникацијата меѓу самохраниот родител и стручните работници во установата, бидејќи досега сѐ се сведува само на комуникација за потребните документи, особено кога се напушта установата. Позитивно се оценува и истакнувањето на неопходноста за зајакнување на соработката со ЦСР за работа со самохрани родители, како и облагородување на работата на оваа установа, бидејќи нејзината цел не треба да е само елементарно сместување.

Исто така, иако директорката и социјалната работничка од установата имаат поминато една родова обука во организација на ЗСД, напоменато е дека им се потребни уште обуки на таа тема, поради силните родови димензии на самохраното родителство.

Од анализата на статистичките податоци на установата, видливо е дека во периодот од 2001 до 2012 година, ЈУ Дом за доенчиња и мали деца, има организирано привремено сместување и престој, само на жени корисници. Имено, во овој период, установата имала вкупно 75 корисници, 100% жени (табела 16). Овој податок до некаде е оправдан кога станува збор за самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето, согласно видот на корисник. Но, привремено сместување и престој на самохран родител до тримесечна возраст на детето не се однесува само на самохрана мајка.

Причините поради кои во установата се давани услуги само на жени корисници, може да лежи во неколку претпоставки. Прва сериозна забелешка е тоа што установата воопшто нема програма за работа, со која би се предвидела можноста за давање на соодветни услуги и на

самохраните мајки и на самохраните татковци. Понатаму, бидејќи во оваа установа корисниците се сместуваат со решение од ЦСР, би можело да се претпостави дека ЦСР никогаш нема донесено решение за сместување на самохран татко во таа установа. Тоа упатува на неодоволна сензибилизиација на стручните работници од ЦСР, дека татковците кои станале самохрани од различни причини (пр. смрт на мајката, затворска казна или подолгорајно боледување на мајката) можат да се упатат во установата и да добијат услуги за зајакнување на капацитетите за родителство. Можеби ова е резултат и на фактот што таткото во ваков случај може да има ресурси во пошироката или потесната средина (обично женски член на семејството), кој би ја презел улогата околу грижата за децата, и тоа да е доволно за стручните работници во ЦСР. Од овој дел би можела да се препознае и можност за сензибилизација на медицинскиот персонал во породилиштата, кој доколку има сознанија, би можел да ги упатува самохраните родители на советодавни услуги во оваа установа.

Од вкупно 75 корисници кои во периодот од 2001 до 2012 година користеле услуга за сместување во оваа установа, само 8 (10,7%) ја напуштиле установата со детето (табела 17). Притоа, установата нема податок дали овие самохрани мајки останале во системот на социјална заштита преку користење на некое парично давање или социјална услуга, бидејќи со напуштањето на установата се прекинуваат контактите со мајката. Тоа повторно упатува на недостиг на комуникација меѓу ЦСР и установите за социјална заштита.

Од вкупниот број на корисници за наведениот период, најголемиот број биле од македонска етничка припадност, со завршено средно образование, и на возраст од 18 до 24 години. Во евиденцијата на установата се регистрирани и 12 кориснички на возраст од 16 до 18 години, и 2 кориснички со само 15 години (табела 18). Ова отвора широко поле за дискусија во однос на последиците од рана бременост. Со активниот сексуален живот, овие девојчиња биле изложени на поголеми можности за заразување со разни полови болести, па и со ХИВ/СИДА, поради генералниот недостиг од превенција и едукација во однос на репродуктивното здравје. Опасноста по однос на здравјето е

уште поголема поради фактот што на таа возраст, растењето уште трае, па репродуктивните органи се недоволно развиени. Иако ниту една од овие мајки не била убедена да го задржи детето, сепак има простор за прашањето, ако биле убедени да го задржат детето, колку тие самите би биле подготвени да бидат родители, и колку би биле подготвени за одгледување и воспитување на идните генерации.

Исто така, недостигот на евиденција дали самохраните невработени бремени жени еден месец пред породувањето и самохраните родители до тримесечна возраст на детето, користат услуга за сместување во згрижувачко семејство со децата или без, е сериозна забелешка. Со ова се отвора простор за истакнување на потребата за зајакнување на капацитетите на згрижувачките семејства кои би згрижиле ваква категорија на лица во социјален ризик за зајакнување на капацитетите на родителот (мајка или татко), како и советување по однос на последиците од самохраното родителство, и правата и услугите кои им стојат на располагање од државата.

**Врз основа на резултатите и дискусијата во однос на целните групи преку кој се тестираше втората хипотеза (*Стручните работници во системот на социјалната заштита во Република Македонија не се родово сензитивни за потребите на самохраните родители*), истражувањето покажа дека хипотезата е потврдена.**

## 7.3. Дискусија за резултатите од истражувањето за третата хипотеза

(*Родовата несензитивност на законската регулатива и дискриминаторскиот став на потесната и пошироката заедница се пречки за задоволување на потребите на самохраните родители*).

### 7.3.1. Интервју со председателки на НВО

Во недостиг на јасна дефиниција и на поширока лепеза на права и услуги за специфичните форми на заштита на самохраните родители, треба да се одбележи активизмот на невладиниот сектор на ова подрачје, во рамките на своите можности. При тоа, анализата на главните мотиви за основање на здруженијата, јасно го истакнува согледувањето на претседателките дека е потребно подобрување на социјалниот статус на самохраните родители, вршење влијание врз институциите и врз пошироката јавност за нивните специфични потреби, како и согледувањето на недостигот на јасни законски регулативи за заштита на самохраните родители.

Од половата структура на членовите, јасно е видливо дека доминира женскиот пол, во Штип (77%), во Пехчево (87%), во Кочани (83%) и во Скопје (88%), (табела 19). Ова упатува на заклучокот дека, дека независно од начинот на кој се стекнале со статусот самохран родител, жените многу почесто се соочени со овој ризик и се подготвени да побараат помош од НВО.

Од интервјуто е видливо дека претседателките ги имаат воочено најчестите проблеми на самохраните родители, и тоа невработеноста, нерешеното станбено прашање, дискриминацијата на работното место, семејното насилство. Исто така, сериозен проблем е и неинформираноста на самохраните родители за нивните права и непостоењето на институција каде можат да се обратат, што освен на недостигот, може да се должи и на недоволна ангажираност на надлежните институции. Затоа, за поздравување е издавачката дејност на две од здруженијата кои имаат издадено многубројни информативни

флаери на различни теми, за превенција од семејно насилство, за учество на жената во политичкиот живот, за економско јакнење на жената, и други теми преку кои жените можат да го зголемат нивото на информираност од различни области.

Поради тоа, како глави цели на здруженијата се поставени: подигнување на јавната свест за проблемите на самохраните родители, советодавна и информативна помош, зајакнување на злоставувани жени, едукација за нивните права, за добивање на приоритет при вработување и поттикнување за работа на проектите за самофинансирање. Очекувано делотворни се и различните методи на работа, како состаноци, трибини, тркалезни маси, разговор со институциите на локално ниво, работилници за меѓусебна поддршка, јавни собири. При тоа, истите методи за работа се применуваат со сите самохрани родители независно од полот, бидејќи обврските за децата се исти, и за мајките и за татковците. Испитаничките беа согласни дека на самохраните татковци им треба помалку помош од НВО, и дека не се уценувани при засновање на работен однос поради статусот на самохран родител.

Посебно треба да се одбележи афирмативниот пристап на здружението од Скопје, кое во својот Шелтер центар 48 часа згрижува самохрани родители, кои од најразлични причини не можат да бидат во својот дом. Тимот на волонтери (психијатри и социјални работници) кои работат во ова здружение, воспоставената соработка со приватни фирми за вработување на самохрани родители, како и со Агенции за недвижности со цел да се обезбеди колку што е можно поефтино сместување на самохраниот родител со децата во стан под наем, е дополнителен доказ за сериозноста на проблемите со кои се соочуваат самохраните родители на пазарот на трудот, како и проблемите за решавање на станбеното прашање.

Согласно улогата на ЦСР и ЕЛС во социјалната заштита на самохраните родители и децата од еднородителските семејства, препорачлива е соработка на НВО со овие институции.

### 7.3.2. Анкетни прашалници со самохрани родители

Овој дел од истражувањето беше реализиран со примерокот од 151 самохран родител, членови на здруженијата чии претседателки беа интервјуирани.

Согласно половата структура на испитаниците, во истражувањето учествуваа 124 (82,12%) самохрани мајки и 27 (17,88%) самохрани татковци. Добиените резултати по однос на полот на испитаниците се очекувани, бидејќи сите статистички податоци го потврдуваат фактот дека најголемиот број на самохрани родители се жени.

Според местото на живеење, најголем број на самохраните родители од двата пола се од градска средина (131 испитаник), и тоа 112 самохраните мајки и 19 самохраните татковци. Преваленцијата на самохрани родители од градската средина може да се должи на фактот дека градската средина има поголем број на достапни ресурси кои им стојат на располагање на самохраните родители, каде тие можат да се обратат за некаков вид на помош или услуга.

Најголемиот број на испитаници се од македонска етничка припадност (128 испитаници), од кои 107 се жени, а 21 се мажи (табела 20). Другите етнички заедници се помалку процентуално застапени. Добивањето на статусот самохран родител не е поврзан со етничката припадност, па за преваленцијата на регистрирани испитаници од македонската етничка припадност може само да се претпоставува. Од една страна, тоа може да се должи на поголемата отвореност на македонското семејство кон институциите на државата и подготвеноста на неговите членови да побараат помош или услуга од надлежни владини или невладини институции или организации. Но, од друга, можеби самохраните родители од другите етнички заедници имаат поголема поддршка и ресурси од нивната потесна и поширока среднина, па немаат поголема потреба од помош од надлежните институции и организации.

Истражувањето покажа дека според возраста, најголем број на самохрани мајки се во категоријата од 31 до 35 години (21,77%), а

самохрани татковци најмногу се регистрирани во категоријата од 36 до 40 години (33,33%). Исто така, се покажа дека самохраните мајки се регистрирани во сите возрасни групи, а кај самохраните татковци нема регистриран испитаник помлад од 24 години. Во однос на возраста на самохраните мајки, забележлив е податокот дека се регистирани 4 малолетнички. Иако истражувањето не покажа по кој основ малолетните самохрани мајки се стекнале со овој статус, сепак фактот дека малолетно лице само се грижи за дете е значаен сам по себе. Освен проблемите и тешкотиите што ги носи самохраното родителство, тука може да се постават и други значајни прашања, како на пример за образованието на девојчињата и нивната здравствена состојба во однос на бременоста и раѓањето.

Иако според нашето законодавство, разведените родители кои живеат со децата не се самохрани, сепак истражувањето покажа дека најголемиот број на разведени испитаници се препознаваат во оваа категорија. Имено, според начинот на кој се стекнале со статусот на самохран родител, најмногу случаи (88) од испитаниците од двата пола, се регистирани кај категоријата со развод на брак, и тоа 74 случаи кај жени, и 14 случаи кај мажи (табела 22). Притоа, просечната возраст на која испитаниците од женски пол го стекнале статусот на самохран родител изнесува 31,33 години, а времето колку се самохрани родители 8,26 години. Просечната возраст на која машките испитаници го стекнале статусот на самохран родител изнесува 34,63 години, а времето колку се самохрани родители изнесува 5,81 година. Можеме да заклучиме дека жените се стекнуваат со овој статус на помлади години, со што и подолго време се наоѓаат во овој ризик.

Согласно резултатите во однос на образованието на испитаниците може да се заклучи дека и мажите и жените може да се соочат со ризикот од самохрано родителство независно од степенот на образование. Испитаниците се со различен степен на образование, а најмногу се евидентирани со завршено средно образование, и тоа 20 мажи и 65 жени (табела 23).

Во однос на работниот статус на испитаниците, најголем број на случаи на машки и женски испитаници се вработени, 62,96% самохрани

татковци и 67,74% самохрани мајки. Согласно овој податок, добиените резултати дека најголем процент на испитаници како извор на приход имаат плата и надоместоци од плата (58,62% самохрани татковци и 60,87% самохрани мајки), се очекувани (табела 24). Во однос на износот на примањата, самохраните мајки имаат просечна плата од 8.300 денари, а самохраните татковци имаат повисока, која изнесува 14.570 денари. Овој резултат е во прилог на фактот дека жените имаат пониски приходи од мажите и се со поголем ризик од сиромаштија.

Независно од тоа што најголем број на испитаници од двата пола се вработени, истражувањето покажа дека дури 133 испитаници (88%), од кои 108 женски и 25 машки, одговорија дека висината на нивните приходи не ги задоволува нивните потреби и потребите на нивните деца. Ова е само потврда дека висината на приходот на еден родител со дете/деца, не може да ги задоволи потребите на целото семејство, независно од полот на родителот.

Во однос на прашањето со кого живеат самохраните родители, истражувањето покажа различни резултати (табела 25). Испитаниците од женски пол во најголем број на случаи, живеат во заеднички домаќинстава со децата и родителите (38,71%), а испитаниците од машки пол, во најголем број на случаи живеат сами со децата (40,74%). Притоа, просечниот број на членови на семејството на самохраната мајка изнесува 4,15. а на семејството на самохраниот татко 3,94. Во однос на задоволството од станбените услови 37,10% од испитаниците од женски пол и 44,44% од испитаниците од машки пол, сметаат дека тие се добри. Но, независно од тоа, согласно фактот што најголемиот број на самохрани татковци живеат сами со децата во сопствен стан, може да се претпостави дека тие имаат решено станбено прашање и дека имаат подобри услови за живот. Од друга страна, најголемиот број на самохрани мајки кои живеат со децата и со родителите во заедничко домаќинство, веројатно немаат решено станбено прашање. Исто така, независно од големината на станбениот простор, фактот што неколку генерации живеат заедно може да создаде низа проблеми во секојдневниот живот на самохраните мајки.

Во однос на дискриминацијата која ја доживуваат испитаниците поради статусот на самохран родител, истражувањето покажа дека 74,19% од самохраните мајки и 55,56% од самохраните татковци се почувствувале дискриминирани поради тој статус (табела 26). Високиот процент на дискриминирани испитаници се надополни и со пресметаниот коефициент на корелација ($r(149)=0{,}16$, $p<0{,}05$) кој покажува дека постои поврзаност меѓу полот и статусот на самохран родител.

Истовремено, истражувањето покажа дека постои поврзаност помеѓу начинот на кој испитаниците се стекнале со статус на самохрани родители и дискриминираноста со која се соочиле во однос на статусот самохран родител (табела 27). Направено е вкрстување на добиените одговори а пресметаниот коефициент на корелација ($r(149)=0{,}15$, $p<0{,}05$) покажува дека постои статистичка значајна поврзаност помеѓу испитуваните варијабли. Резултатите упатуваат на заклучокот дека самохраните родители се изложени на дискриминација, независно од начинот на кој го стекнале тој статус.

Во однос на прашањето, од кого се почувствувале дискриминирани, добиени се разновидни одговори (табела 28). Во најголем број случаи, самохраните мајки се почувствувале дискриминирани од пошироката заедница (33,66%), а самохраните татковци од роднините (30,77%). Независно од разликите во најголемиот број на случаи на почувствувана дискриминацијата од различни извори, сепак за овој труд е значајно што и женските и машките испитаници се почувствувале дискриминирани од бројни различни субјекти.

Истражувањето покажа дека самохраните родители се имаат почувствувано дискриминирани поради нивниот пол (табела 29). Тоа дополнително беше потврдено и со добиената вредност на коефициент на корелација ($r(149)=0{,}24$, $p<0{,}01$) кој покажува дека оваа поврзаност постои и е статистички значајна. И дополнително тестирање на варијаблите пол и дискриминираност врз основа на пол со помош на хи квадрат, ($\chi^2(1)=8{,}89$, $p<0{,}01$) укажува дека тестираната разлика помеѓу добиените и очекуваните вредности е статистички значајна.

Формите на препознаена полова дискриминација на самохраните родители (табела 30) се доказ за стереотипноста на македонското

општество во однос на оваа категорија на граѓани. Кај одговорите на самохраните мајки се забележува континуитет на ретроградни традиционални и патријархални сфаќања за односите и улогите на мажите и жените во фаворизираното семејство со два родители. Во тој контекст, се издвојуваат 26 случаи на дискриминација на самохраните мајки дека се неморални бидејќи се разведени, 13 случаи на препознаени стереотипи поради самиот статус на самохрана мајка. Не се за занемарување и 4 случаи на препознаена осуда за неморалност поради вонбрачно раѓање на дете, ниту пак случаите кога една самохрана мајка била жртва на семејно насилство, и една самохрана мајка имала пречки во напредувањето на работното место, само поради фактот дека е разведена. Од друга страна, двата случаи на почувствувана дискриминација од самохраните татковци дека не знаат да чуваат деца само затоа што се мажи, оди во прилог на традиционалното верување дека грижата за децата е „женска“ работа.

Резултатите покажаа поврзаност и помеѓу причините како испитаниците го стекнале статусот на самохран родител и дискриминираноста во однос на полот (табела 31). Добиениот коефициент на корелација ($r(149)=0,27$, $p<0,01$) покажува дека постои статистички значајна поврзаност помеѓу варијаблите, односно причината како го стекнале статусот на самохран родител е поврзана со дискриминираноста по основ на пол. И дополнително тестирање со помош на хи квадрат ($\chi^2(3)=12,74$, $p<0,01$) укажува дека тестираната разлика помеѓу добиените и очекуваните вредности е статистички значајна.

Во однос на дискриминираноста на самохраните родители на пазарот на трудот поради нивниот пол, добиената вредност на пресметаниот коефициент на корелација ($r(149)=0,11$, $P>0,05$) покажа дека не постои статистички значајна поврзаност помеѓу варијаблите. Исто така, и дополнително тестирање на варијаблите со помош на хи квадрат ($\chi^2(1)=1,21$, $p<0,01$) покажа дека тестираната разлика помеѓу добиените и очекуваните вредности е статистички незначајна (табела 32). Иако резултатите не покажуваат поврзаност меѓу полот на самохраниот родител и дискриминацијата на пазар на труд, сепак од 151

испитаник, 50 (44 самохрани мајки и 6 самохрани татковци) одговориле дека се почувствувале дискриминирани на пазарот на трудот поради нивниот пол. Нивните одговори (табела 33) за видот на почувствувана дискриминација на пазарот на труд се значајни за анализа. Од вкупниот број на испитаници (50) кои почувствувале дискриминација на пазарот на трудот поради нивниот пол, 10 (8 самохрани мајки и 2 самохрани татковци) не дале конкретен одговор за видот на почувствувана дискриминација. Тоа може да се должи на неколку претпоставки, или не сакале да одговорат или не знаеле како да ја дефинираат препознаената дискриминација. Во однос на формите на препознаена дискриминација, високи 50% од самохраните татковци и 45,45% од самохраните мајки изјавија дека работодавци не ги примале на работа бидејќи се самохрани родители и имаат поголеми обврски околу децата. Тоа може да упатува на претпоставката дека работодавецот ги дискриминира самохраните родители бидејќи нема преземено мерки за усогласување на работниот и семејниот живот на работниците, како и дека нема сензитивност за зголемените семејни обврски на оваа категорија на граѓани. Понатаму, еден самохран татко се има почувствувано дискриминиран на пазарот на труд поради возраста, а кај самохраните мајки се издиференцираа повеќе форми на препознаена дискриминација на пазарот на труд. Самохраните мајки препознаа дека се дискриминирани на пазарот на трудот поради стереотипната поделба на машки и женски работи (9,10%), дека се уценувани и условувани за *засновање на работен однос* (13,64%), намалување на плата поради нега на болно дете (4,55%). Една самохрана мајка била сменета од раководно место поради зголеми обврски околу детето, и по една самохрана мајка препознале дискриминација на пазарот на трудот поради возраста, мобинг на работно место и дискриминација од колеги поради статус на самохрана мајка. Разновидноста на препознаените форми се доказ за реалната дискриминација со која се соочуваат самохраните родители на пазарот на трудот.

Самохраните родители се соочуваат со повеќе проблеми во секојдневниот живот (табела 34). Притоа, врз основа на резултатите би можеле да заклучиме дека кај двата пола на испитаници, влошувањето

на финансиската ситуација е најголем проблем. Изостанувањето на приходите на другиот родител значително го намалува приходот по член на семејството, и со тоа се зголемува ризикот од сиромаштија и социјална исклученост. Истовремено, проблемите со децата поради настанатата ситуација, појавата на нова љубовна врска/брак на партнерот/ката, како и неприфаќањето од страна на родителите и прекинот или влошувањето на контактите со поширокото семејство се реални и подеднакво очекувани и за двата пола. Но, од друга страна, промената на местото на живеење е проблем со кој значително повеќе се соочуваат самохраните мајки. Во најголем број на случаи, по разводот на бракот, домот го напушта мајката со детето/децата, и очекувано проблемите поврзани со селидбата и потребата од реорганизација на животот во сосема нова средина, ги погодува нив. Исто така, и соочувањето со предрасудите и стереотипите од околината (најверојатно поради разводот на бракот) како проблем го препознаа поголем број самохрани мајки. Тоа е во прилог на конзервативноста на македонското општество, и неподготвеноста за прифаќање на предизвиците на модерното време.

Од друга страна, за 117 испитаници (освен за оние кои го стекнале статусот на самохран родител по смрт на партнерот), како проблем може да се јави и неодржувањето или нередовното одржување на личните односи и непосредни контакти на детето со другиот родител со кој не живее, како и нередовноста на исплата на законската издршка на дете, доколку за тоа постои судска одлука. Истражувањето покажа дека само 28 испитаници одговориле дека нивното дете остварува редовни контакти со другиот родител (табела 35). Од останатите, 37 испитаници одговорија дека нивното дете има повремени контакти со другиот родител, а 52 испитаници дека нивното дете воопшто не остварува контакт со другиот родител. Причините за повремените контакти и недостигот од нив можат да бидат различни. Можеме само да претпоставиме дека или родителите кои не живеат заедно не се спогодиле за начинот на одржување на личните односи и непосредните контакти со детето, или не се почитува решението на ЦСР. Од друга страна, во одредени случаи можеби станува збор и за ограничување или

привремена забрана за одржување на лични односи меѓу родителот и детето, заради заштита на здравјето и други интереси на детето.

Испитаниците кои го стекнале статусот самохран родител по развод на брак, беа прашани дали со судска одлука, другиот родител има обврска да плаќа законска издршка за дете. Од вкупно 88 испитаници, 65 (58 самохрани мајки и 7 самохрани татковци) одговорија потврдно, а 23 (16 самохрани мајки и 7 самохрани татковци) дека другиот родител нема таква обврска. Редовна исплата на законската издршка има кај најнизок процент на случаи од сите испитаници (23,08%), повремена исплата има во 36,92% од случаите, а воопшто нема исплата кај 40% од случаите (табела 36). Индивидуалната анализа на разликите во редовноста на исплатата на законската издршка за дете меѓу самохраните мајки и самохраните татковци, предочува подлабоки разлики. Имено, кај самохраните татковци сепак се забележуваат највисоки 57,14% кога редовно ја добиваат издршката за детето од нивната партнерка, што не е случај со самохраните мајки. Кај нив се забележува дека во 43,10% воопшто не ја добиваат законска издршка за дете од нивниот партнер, или пак ја добиваат само привремено во 37,93% од случаите. Тоа упатува на фактот дека самохраните мајки или воопшто не ја добиваат или само повремено ја добиваат паричната помош за задоволување на потребите на детето, која законски им следува. Недостигот на законско регулирање на оваа исплата, само дополнително ја отежнува ситуацијата во која се наоѓаат, особено во случаите кога тоа е единствен приход на семејството на самохраната мајка.

За истражувањето значајно беше и прашањето за видот на помош што ја добиваат самохраните родители, и тоа од ЦСР, општината и училиштето.

Во однос на помошта од ЦСР, 97 (78,23%) од самохраните мајки и 21 (77,78%) од самохраните татковци не користат никаква помош од ЦСР (графикон 3). Може само да се претпостави дека или немаат потреба од некое право или услуга од ЦСР, или пак не исполнуваат некој услов за остварување на одредено право или услуга, согласно недоволната законска регулатива за правата и услугите на оваа група на граѓани.

Испитаниците кои изјавија дека користат некаква помош од ЦСР (21,77% самохрани мајки и 22,22% самохрани татковци), дадоа различни одговори за видот на помош (табела 37). При тоа, самохраните мајки во најголем број на случаи се регистрирани како корисннчки на одредено парично давање, а кај самохраните татковци највисок процент на користена помош се забележува кај психо-социјална помош и поддршка од вработените во ЦСР. Разликите во видот на помош кај испитаниците од двата пола, може да се базира на неколку претпоставки. Од една страна, може да се претпостави дека самохраните мајки се обраќаат до ЦСР за да добијат некое парично давање, поради големата веројатност од ниски приходи или невработеност кај женскиот пол, или пак да не ја препознаваат советодавната и/или советувалишна работа, како и психо-социјална помош и поддршка од вработените во ЦСР како посебен вид на помош. Од друга страна, ако самохраните татковци имаат поголеми приходи, тогаш веројатно во помал процент ќе бидат зависни од финансиската помош што би можеле да ја добијат од ЦСР. Добивањето на психо-социјална помош и поддршка од вработените, може да се должи на фактот што веројатно им е повеќе потребна па се обраќаат до ЦСР за тоа, или пак едноставно ја препознаваат како дадена услуга.

Во однос на помошта од училиштето, загрижувачки висок процент и кај двата пола на испитаници кои имаат училишни деца (147), 98% самохрани мајки и 96% самохрани татковци одговориле дека не добиваат никаква помош (графикон 4). Во однос на ова, би требало да се напомене дека учебниците за учениците во јавните основни и средни училишта се бесплатни[168]. Но, во однос на децата на оваа категорија на граѓани, државата треба да воведе други видови на училишна помош.

Истовремено, загрижувачки се одговорите и во поглед на помошта која испитаниците ја добиваат од општината во која живеат (графикон 5). Сите женски испитаници (100%) и високи 96% од машките испитаници, одговорија дека не добиваат никаква помош од општината во која живеат, и покрај законската обврска на ЕЛС да обезбедуваат остварување на социјалната заштита на бројни категории на лица меѓу

[168] Закон за учебници за основно и средно образование, Сл. Весник на РМ., бр. 98/2008. член 6

кои и децата од еднородителски семејства. Во однос на ова може да се запрашаме, дали самохраните родители се имаат обратено за помош во општината во која живеат, или пак и покрај законските задолженија, општините немаат план и програма за остварување на социјалната заштита на граѓаните на територијата која ја покриваат (како што се покажа и во делот на истражувањето во општините).

Од вкупниот број на испитаници, 90 (59,60%) одговорија дека не се информирани за нивните права како самохрани родители, при што неинформираноста е висока и кај женските (55,64%) и кај машките (77,78%) испитаници (табела 38). За високиот процент на неинформираност за правата на самохраните родители од двата пола, може да се запрашаме дали непостоењето или недоволната застапеност на права и услуги наменети само за оваа категорија на лица, може да делува ограничувачки или немотивирачки за обраќање во надлежните институции.

Во однос на изворите на информации кои ги користеле самохраните родители кои одговорија дека се информирани, истражувањето покажа дека самохраните мајки користеле поширок ранг на извори за да се информираат за своите права, а самохраните татковци ја користеле поблиската околина на родители, роднини и пријатели (табела 39). Разликите во одговорите за изворите на информациите преку кои самохраните родители се информирале за своите права, упатува на неколку претпоставки. Фактот дека самохраните мајки користат поголем број на извори на информации, може да упатува на фактот дека овој социјален проблем повеќе и/или подлабоко ги погодува, па се приморани да бараат помош или информација од различни места. Или пак, ставени во ситуација на недоволна помош и поддршка од поблиската околина, тие ги користат сите ресурси од поширок ранг. Од друга страна, помошта и поддршката што самохраните татковци ја добиваат од семејството и поблиското опкружување може да им е доволно, и не бараат нови информации од други извори.

Во однос на задоволството од законската регулатива, резултатите покажуваа дека 128 испитаници (84,77%), од кои 103 (83,06%) самохрани

мајки и 25 (92,59%) самохрани татковци, не се задоволни (табела 40). Високиот процент на незадоволство од законската регулатива кај испитаниците од двата пола е силен показател на неприлагоденоста на законската регулатива на потребите на самохраните родители. Во прилог на ова се и одговорите на прашањето, што сметаат дека треба да се направи за да се подобри семејната политика во поглед на унапредување на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители во РМ (табела 41). Од 128 испитаници кои изразија незадоволство од формите за заштита кои државата ги нуди на самохраните родители во РМ, 26 немаа конкретни предлози што треба да се направи за да се подобри социјалниот и родовиот статус на оваа категорија на граѓани. Останатите дадоа и по неколку предлози.

Резултатите покажуваат дека самохраните мајки и татковци имаат неколку исти предлози за подобрување на нивниот социјален статус. Тоа се забележува во бројот на дадени предлози за законско регулирање на статусот и на посебните права на самохраните родители и на нивните деца, бесплатна здравствена заштита, помош и/или предност при засновање на работен однос, посебни финансиски бенефиции, отворање на посебни советувалишта за работа со оваа група на граѓани и помош при образование на децата.

Но, не може да се покаже рамнодушност кон разликите во другите предлози кои ги имаат дадено испитаниците. Претпоставената веројатност за нерешено станбено прашање на самохраните мајки се надополнува со нивниот предлог за обезбедување помош во решавањето на тој проблем. Ваков предлог за подобрување на социјалниот статус на самохраните родители имаат дадено 21 самохрана мајка и само 1 самохран татко.

Од друга страна, воочена е широка лепеза на предлози дадени само од самохрани мајки, веројатно поради проблеми со кои само тие се соочуваат. Имено, само испитаниците од женски пол ја истакнаа потребата од борба против дискриминација поради статусот на самохран родител, зголемување на јавната свест за проблемите на самохраните родители, зголемена информираност за правата на самохраните родители, поголема грижа за децата на самохраните родители, особено

на децата со хендикеп, даночни олеснувања, посебни курсеви за надоградба на образованието, зголемување или сигурност на примањата (приходите). Исто така, поради фактот што после развод на бракот, децата најчесто им се доверуваат на чување и воспитување на мајките, испитаниците од женски пол ги истакнаа и потребите за поголема стручност на професионалците кои работат на развод на брак, како и законско регулирање за начинот на плаќање на законската издршка од едниот родител по судска одлука.

На крај, вредни се за споменување и предлозите за почитување на работното време во приватниот сектор, како и потребата за регулирање на работното време на градинките и во текот на викендот, поради големата веројатност за недостиг на ресурси за чување на децата на самохраните мајки кои се вработени во приватниот сектор за кои саботата е редовен работен ден.

**Врз основа на резултатите и дискусијата во однос на целните групи преку кој се тестираше третата хипотеза (*Родовата несензитивност на законската регулатива и дискриминаторскиот став на потесната и пошироката заедница се пречки за задоволување на потребите на самохраните родители*), истражувањето покажа дека хипотезата е потврдена.**

* *
* * *

**Врз основа на резултатите добиени од анализата на трите поединечни хипотези, може да се изведе заклучок дека главната хипотеза поставена во овој докторски труд е потврдена, односно, семејната политика во Република Македонија не е родово сензитивна и не може да ги задоволи потребите на самохраните родители.**

# ЗАКЛУЧОК СО ПРЕПОРАКИ

Од теоретските сознанија и резултатите од истражувањето во овој труд, изведени се бројни заклучоци кои отвораат нови прашања, но и сугерираат многу практични решенија.

Обемната консултирана литература сведочи за енормните напори на науката да го дефинира овој проблем. Како синоними на поимот самохран родител се сретнуваат многу терминолошки изрази, кои најчесто упатуваат на категоријата семејство или семејната структура, а помалку на самата индивидуа. Тоа веројатно произлегува од фактот дека самохраните родители не се едноставна категорија, како и поради тоа што станува збор за специфични ситуации кои е тешко прецизно да се издиференцираат.

Но, самохраните родители и нивните семејства не се нов социјален феномен. Луѓето од секогаш умирале, се разведувале или разделувале, и вонбрачните сексуални односи не биле некоја особена реткост. Сепак, самохраните родители станале предмет на интерес во 60-те години од XIX век, а за постојаното зголемување на нивниот број се наведуваат неколку причини. Врз промената на семејната структура влијаеле зголемувањето на бројот на вдовци/вдовици, намалување на стапката на фертилитетот, порастот на бројот на разводите, вонбрачните раѓања како свесен избор на жените, зголемувањето на економската моќ на жените и на нивната свест за менување на улогите во нивниот живот, сексуалната револуција, како и дејствувањето на феминистичкото движење за еманципација на жените.

Разновидноста на терминолошките изрази истовремено сведочи за традиционалното поимање на бракот и семејството, но и на општествената положба на жената. Семејствата на самохраните родители претставуваат најраширен вид на нарушување на традиционалниот образец на родителството (нуклеарно семејство на пар со дете или деца), иако истовремено не го надминуваат традиционално воспоставениот образец на асиметрични улоги и положбата на мајката и таткото. Имено, и во овој трансформиран вид на семејство, се одржува

асиметријата на родово родителски улоги, бидејќи во најголемиот број случаи, станува збор за мајка со дете. Семејствата на самохраните мајки се доживувале или дефинирале како девијантни форми со негативни културни вредности, или како индикатори за криза во семејството. Поддржувањето на брачно дводородителско семејство на материјален и идеолошки начин, и притисокот на традицијата, ги акцентираат проблемите на стигматизација и сиромаштија на семејствата на самохраните мајки, како значајни родови прашања. А современиот начин на живот неминовно наметнува преиспитување на специфичните родови улоги на мајките и татковците.

Од друга страна, истакнувајќи претпоставки дека семејните обврски треба да се вршат само во семејството, семејната политика ги занемарува семејните обврски на самохраната мајка. Политиките кои се насочени кон стандардниот работен однос и кон бракот, ја отежнуваат состојбата на самохраните мајки, бидејќи тие ја зајакнуваат традиционално родовата поделба на трудот и ја попречуваат социјалната интеграција.

Но, спроведувањето на активна семејна политика значи дека соодветното општество е свесно за големината на трошоците за одгледувањето на децата, особено ако станува збор за самохран родител. Притоа, семејната политика треба да промовира родова еднаквост и во семејството и во општеството, преку политики кои промовираат рамнотежа меѓу платениот труд и семејниот живот, преку промени во родовата поделба на трудот. Семејната политика, треба да се води сметка за разновидноста на животните параметри и да ги акцентира политиките кои на жените би им овозможиле комбинирање на професионалните и родителските задачи, а не да се фокусира на финансиските бенефиции и продолжување на родителското отсуство, со што се поттикнуваат жените да останат дома.

Идејата да се истражи можноста за унапредување на семејната политика преку вградување на родовата компонента во дефинирањето на социјалниот статус на самохраните родители, претставува актуелизирање на едно извонредно прашање кое досега не било загатнато во Република Македонија.

Без конкретни чекори во регулирањето на приватниот однос меѓу брачните партнери во однос на поделбата на домашниот труд, одговорностите и грижата за децата, македонскиот законодавец не дава јасна спецификација на заеднички должности и обврски на родителите, ниту пак наведува препораки за социјалната и културната концепција на брачните и родителските должности.

Во однос на самохраните родители, се издиференцираа многу закони кои уредуваат некои права кои може да ги користи оваа категорија на граѓани. Но, отсуството на прецизна дефиниција на самохраните родители во македонското законодавство, го актуелизира прашањето, за кого точно се наменети овие права? Истовремено, се наметнува и потребата за допрецизирање на веќе постојните права како и усогласување на законската и подзаконската регулатива за правата и услуги на оваа категорија на граѓани.

Од аспект на националното законодавство во делот на родовата рамноправност, се чини дека во РМ е поставена една сеопфатна рамка во насока за заштита и промовирање на правата на жената. Но, фактичката состојба и положбата на жената во семејниот и општествениот живот, укажуваат силна родова димензија во овие области. Се наметнува потребата за натамошно дејствување во насока на системска превенција и информирање, како и следење на модерните текови од аспект на вградување на родовата перспектива во сите општествени текови.

Истовремено, и резултатите од спроведеното истражување ја потврдуваат претпоставката за вградувањето на родовата компонента во дефинирањето на социјалниот статус на самохраните родители, како можност за унапредување на семејната политика.

Неопходноста за прилагодување на законодавството во однос на потребите на самохраните родители дополнително се потврди со ставовите на голем број на испитаници за овие прашања, кои ја препознаа потребата за законско регулирање на посебни права на самохраните родители, за комплетна анализа на законодавството за заштита на оваа категорија на граѓани, и за преземање на искуства од другите земји. Се нагласува и можноста за поконкретни заложби на сите

учесници во креирањето на политиките, за проширување и/или надополнување и на подзаконската регулатива за граѓаните кои се наоѓаат во овој ризик.

Резултатите од истражувањето ја наметнуваат потребата за вградување на родовата димензија на законодавството во областа на социјалната заштита, и за признавање на различните потреби на мажите и жените. Ова дополнително го отвора и прашањето за родова сензибилизација на професионалните работници од различни институции, во однос на зајакнување на нивните капацитети за препознавање на рефлексиите на законските одредби врз различните потреби на мажите и жените како корисници на социјални услуги. Ова несомнено се однесува на стручните лица од повеќе инститиции, МТСП, ЗСД, ЦСР, ЈУ, НВО, ЕЛС, како и судските службеници.

Врз основа на севкупните резултати од истражувањето може да се констатира неопходност за организирање и спроведување на обуки за работа со самохрани родители, како и на родови обуки. Тоа оди во прилог на нивната подготвеност за препознавање на релевантните родови димензии во нивното секојдневно работење, како и за идентификување и отворање на прашањата на кој начин да се справуваат со различните потреби на лицата во социјален ризик, кои се родово обоени.

Истражувањето ја истакна потребата за воспоставување и/или подобрување на меѓусебната соработка на институциите надлежни за спроведување на одредени активности на полето на социјална заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства. Истовремено, потребно е зголемување на поддршката од државата, како и преземање на сопствени иницијативи (програми, проекти) за реализација на активности од областа на социјалната заштита на национално и на локално ниво.

Резултатите од истражувањето го потврдија присуството на родови стереотипи и предрасуди кај голем дел од оние кои нудат социјални права и услуги на самохраните родители (стручните работници во системот на социјалната заштита). Работата со еднородителските семејства како посебен облик на семејна

организација, поставува бројни барања и особени предизвици за професионалците кои работат на ова осетливо подрачје. Притоа, значајна улога има пред сè нивното признавање, препознавање и разбирањето на нивните потреби. Поддржувањето на традиционалното семејство на мајка, татко и дете/деца како идеал, и поврзување на мајката со нејзината стереотипно очекувана улога во семејството и во однос на грижата за децата, е сосема контрапродуктивно во помагањето на тие семејства.

За истакнување е активизмот на невладиниот сектор на полето на заштита на самохраните родители кој произлегува од препознавањето на потребата за подобрување на социјалниот и родовиот статус на самохраните родители, како и од согледувањето на недостигот на јасни законски регулативи за заштита на самохраните родители. НВО се моќен инструмент за вршење влијание врз институциите и врз пошироката јавност за потребите на самохраните родители, како и за воочувањето на најчестите проблеми со кои тие секојдневно се соочуваат.

Резултатите од истражувањето одат во прилог на сите статистички податоци дека најголемиот број на самохрани родители се жени. Најголемиот број на нив се од градска средина, со средно образование, од Македонска етничка припадност, и во најголемиот број на случаи, статусот на самохрани мајки го стекнале со развод на брак. При тоа жените се стекнуваат со овој статус на помлади години и подолго време се наоѓаат во овој ризик. Самохраните мајки имаат пониски приходи од самохраните татковци и се со поголем ризик од сиромаштија, а во најголем број на случаи немаат решено станбено прашање.

Истражувањето го потврди постоењето на дискриминацијата на самохраните родители како лица во социјален ризик, по различни основи и области на дискриминација и од различни субјекти. Се покажа дека самохраните родители се чувствуваат дискриминирани поради статусот на самохран родител, поради полот и начинот на кој се стекнале со статус на самохрани родители. Формите на препознаена полова дискриминација на самохраните родители се доказ за стереотипноста на македонското општество во однос на оваа категорија на граѓани. Особено се впечатливи формите на дискриминација на самохраните

мајки во кои се забележува континуитет на ретроградни традиционални и патријархални сфаќања за односите и улогите на мажите и жените во фаворизираното семејство со два родители.

Во истражувањето се издиференцираа повеќе проблеми од секојдневниот живот на самохраните родители. Иако одредени проблеми се карактеристични за двата пола, сепак родовата анализа на самохраното родителство јасно укажа на бројни проблеми со кои во најголем број случаи се соочуваат самохраните мајки. Тоа веројатно произлегува од конзервативноста на македонското општество, и неподготвеноста за прифаќање на предизвиците на модерното време.

Резултатите од истражувањето покажаа дека самохраните родители воопшто не добиваат, или во мал процент добиваат некаква помош од надлежни институции (ЦСР, општината и училиштето). Тоа ја наметнува потребата за преиспитување на законската регулатива за правата и услугите на оваа група на граѓани, како и можноста за проширување на услугите на институциите и потребата за надзор над спроведувањето на законските одредби што ги имаат институциите. Високиот процент на незадоволство од законската регулатива е силен показател за неговата неприлагоденост на потребите на самохраните родители.

Во истражувањето се добија многу информации и конкретни предлози од испитаниците за подобрување на семејната политика во поглед на унапредување на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители во РМ. Нивните предлози беа добро формулирани, образложени и оправдани, па дел од нив се инкорпорирани како препораки на овој труд.

Врз основа на теоретските сознанија и вкупните истражувачки резултати од проблемот што се истражува, во насока на подобрување на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители и унапредување на семејната политика, се наведуваат следниве препораки:

## 1. Унапредување на законската регулатива во однос на заштитата на самохраните родители

- Неопходно е законско регулирање на статусот самохран родител, што ќе содржи јасно дефинирање на поимот, издиференцирање на начините на кои едно лице може да се стекне со овој статус и определување на времетраењето на статусот. Оваа препорака се надополнува со потребата за донесување на подзаконски акти за регулирање на статусот и правата на самохраните родители.
- Се препорачува родова анализа на законските мерки од областа на семејната политика и нивна сензибилизација или измена, што би резултирало со поквалитетни услуги на мажите и жените во социјални ризици со силна родова обоеност.
- Се препорачува усогласување на законската и подзаконската регулатива од областа на социјалната заштита.
- Потребно е преиспитување на системот на социјални парични бенефиции и негово проширување со соодветни надоместоци за самохрани родители (намалување на цената на услуга за сместување на дете во градинка, финансиска помош за дете на самохран родител и други).
- Препорачливо е сензибилизирање на работното законодавство во однос на потребите и можностите на самохраните родители за усогласување на семејниот и работниот живот. Продуктивни би биле и одредени даночни олеснувања за работодавци кои вработуваат самохрани родители.
- Потребно е законското регулирање на возраста на која децата ќе се прашуваат со кој родител би сакале да живеат по разводот на нивните родители, како и законско регулирање за начинот на плаќање на законската издршка од едниот родител по судска одлука.
- Потребна е подетална регулација на одредени партнерски односи, особено во однос на еднаква поделба на семејните и родителските одговорности и задачи.
- Потребно е преземање на дополнителни активности и мерки за намалување на сиромаштијата и ризикот од социјална исклученост, како

и активности за олеснување на пристапот до системот на социјална заштита.

## 2. Подигнување на капацитетите и зајакнување на улогата на надлежните институции за унапредување на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители

- Се препорачува континуирано јакнење на капацитетите во Секторот за еднакви можности при МТСП, како и во ЗСД, ЦСР и ЈУ, преку зголемување на бројот на вработени и преку определување на соодветен буџет за реализација на програмите и активностите.
- Неопходно е зајакнување на соработката меѓу сите институции кои имаат надлежност за работа со самохрани родители и децата од еднородителки семејства, (МТСП, ЗСД, ЦСР, ЈУ, ЕЛС, НВО и Судовите).
- Препорачливо е донесување годишни програми и акциски планови за социјална заштита во сите ЕЛС, при што би се земале предвид потребите на граѓаните, искористување на инфраструктурните капацитети и други ресурси на општините. Исто така, се препорачува формирање на заеднички административни тела за реализација на активности и проекти од областа на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства.
- Неопходно е донесување годишна програма за работа со самохрани родители (мајки и татковци) кои користат услуги во ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола, како единствена установа од областа на социјалната заштита за привремено сместување на оваа категорија на граѓани.
- Се препорачува организирање на обуки за работа со самохрани родители на сите стручни работници во системот на социјалната заштита, како и во другите надлежни владини и невладини организации.
- Потребно е организирање на родови обуки за администрацијата во МТСП, ЗСД, ЦСР, ЈУ, ЕЛС, НВО и судовите, како и специјализирани обуки за работа со лица во различни социјални ризици кои имаат силна родова димензија. Истовремено, потребна е и сензибилизација на медицинскиот персонал кој работи во породилиштата во РМ.

- Се препорачува воведување на задолжителна електронска евиденција на корисниците на социјалните услуги во сите надлежни институции, со особен нагласок на значењето на собирањето на родово разделена статистика. Истовремено, се препорачува објавување на редовни (полугодишни и годишни) извештаи за состојбата со социјалните ризици од родова перспектива и нивно поставување на веб-страниците на надлежните институции.
- Како дел од задолжителните обуки во системот на лиценцирање (во организација на ЗСД) на стручните работници во системот на социјалната заштита во РМ, се препорачува изработка на Модул за работа со самохрани родители.

**3. Зголемување на квалитетот на услугите и обезбедување ресурси за задоволување на потребите на самохраните родители**

- Се препорачува зголемување на расположливите ресурси на национално и локално ниво, преку отворање на советувалишта за самохрани родители, дневни центри за предшколските деца на самохраните родители кои не посетуваат градинка, донесување различни програми за работа со самохрани родители (програма за решавање на проблеми и соочување со стрес од самохраното родителство, за партнерско родителство, за развивање на родителски вештини и компетенции, за разбивање на стереотипи).
- Потребно е ангажирање на сите надлежни (владини и невладини) институции, како и на училиштата и медиумите, за иницирање превентивни активности и кампањи за намалување на дискриминацијата и стигматизацијата на самохраните родители, и за подигнување на јавната свест за нивниот родов и социјален статус.
- Се препорачува посветување на особено внимание на алокацијата на финансии на женските организации и поддржување на нивните иницијативи и програми за решавање на проблемите на жените.
- Препорачливо е унапредување на механизмите за информирање на самохраните родители за нивните права.

## ***Библиографија***


*Achieving Equality and Social Inclusion for all One-parent Families in Ireland* (2004), One Family – Voice, Support, Action for One-Parent Families

Alam, N., Saha, K. S., Ginneken, J. K., (2000), *„Determinants of Divorce in a Traditional Muslim Community in Bangladesh“, Demographic Research, Vol.3., Article 4*

Ambrosini. A., Stanghellini. G., (2012), Myths of motherhood. The role of culture in the development of postpartum depression, in: *Ann Ist Super Sanità 2012 | Vol. 48, No. 3: 277-286* , Università degli Studi “G. d’Annunzio”, Dipartimento di Scienze Biomediche, Chieti, Italy

Anderson, K.J., et all., Requirements, Risks and Responsibility: Mothering and Fathering in Books about Raising Boys, in: *Analyses of Social Issues and Public Policy, Vol. 2, No. I., 2002, p. 205-221*

Andrea. E., Klungness. L., (2006), *The Complete Single Mother: Reassuring Answers to Your Most Challenging Concerns – Paperback*, Adams Media, F+W Publications Company

Aranda. B. E., Hernández. R.L., Ramírez. M.T.G., Depression and Quality of Life for Women in Single-parent and Nuclear Families, (2009), in *The Spanish Journal of Psychology Copyright, The Spanish Journal of Psychology Vol. 12, No. 1, 171-183*

Arendell, T., (2000), Conceiving and Investigating Motherhood: The Decade's Scholarship, in *Journal of Marriage and the Family, N. 62, p. 1192-1207*

Barber. N., (2005), Evolutionary Explanations for Societal Differences in Single Parenthood, in *Evolutionary Psychology Journal, Vol. 3, No. 1, 142-174*

Barker, R.W., (1995), *Lone Fathers and Masculinities*, Avebury, Aldershot

Beaujot. R., Matthews. B., (1995), *Gender Roles and Family Strategies,* International Union for Scientific Study of Population

Bekeny. Y., (2009), *Childcare and Fatherhood: Scandinavian Perspectives*, Development & Cooperation

Bergman H., Hobson B., (2002), Compulsory Fatherhood: the Coding of Fatherhood in the Swedish Welfare State, in: *Making Men into Fathers: Men, Masculinities and the Social Politics of Fatherhood, p. 92-125*, Cambridge University Press

Biller, H., (1993), *Fathers & Families-Paternal Factors in Child Development*, Greenwood, Westport USA

Berthoud, R., 2000, The dynamics of Social Change, in *Seven Years in the Lives of British Families: Evidence on the Dynamics of Social Change from the British Household Panel Survey*, Bristol, The Policy Press p.1-20

Bok, G., (2005), *Zena u istoriji Evrope, od srednjeg veka do danas*, Clio, Beograd

Bonvillain, N., (1998), *Woman and Man – Cultural Constructs of Gender,* Simon & Schuster, New Jersy

Boulton M.G., 1983, *On Being a Mother*, London Tavistock Publications

Bradshaw, I., et all., (1999), *Absent Fathers?*, London Routledge

Branica. V., (2004), *MOGUĆI PRISTUP RODU I SPOLU U SOCIJALNOM RADU,* Studijski centar socijalnog rada, Pravni fakultet, Zagrebu

Branigan. L., Shannon. K., (2004), *A Feminist Family Agenda: Putting the Mother back into Sole Parenting*, Council of Single Mothers and their Children

Brayfield, A (1995.) Juggling Jobs and Kids: The Impact of Employment Schedules on Father's Caring for Children, in *Journal of Marriage and the Family N. 57, p. 321-332*

Brook, E., Davis, A., (1985), *Women, the Family, and Social Work,* Routledge, London

Burgess, A., Ruxton S., (1996), *Men and their Children: Proposals for Public Policy*, London, Institute for Public Policy Research

Campion. J. M., (1995), *Who's Fit to Be a Parent?*, Routledge, London

Casey. T., Maldonado. L., (2012), *Worst off – Single parent Families in the United States, A Cross-National Comparison of Single Parenthood in the U.S. and Sexteeen Other High-Income Countries*, Legal Momentum, The Women's Legal Defense and Education Fund

Chaudhury. S. R., (2006), *Child Influence in Female Headed Single-Parent Households: Agenda for Consumer Research,* New Mexico State University

Cherian L., (1995), „Relationship of Divorce, Gender, Socioeconomic Status and Unhappiness to Mathematics Achievement of Children", *The Journal of Family Welfare, Vol. 41, No.30-7,* Department of Psychology of Education, University of the North Sovenga

Christopher. K., at all., (2000), *Gender Inequality in Poverty in Affluent Nations: The Role of Single Motherhood and the State*, The Policy Press, University of Arizona

Ciabattari. T., (2005), *Single Mothers, Social Capital, and Work-Family Conflict*, Sonoma State University

Colman. R., (1999), *Gender Equality in the Genuine Progress Index*, Maritime Centre of Excellence for Women's Health

Coonitz, S., (1988), *The Social Origins of Private Life, A History of American Families 1600 – 1900,* Verso, New York

Crespi, I., (2006), *Gender Mainstreaming and Family Policy in Europe: Perspectives, Researches and Debates*, Faculty of Education, University of Macerata, Italy

Gill, K., Sharma. D., Verma. S., (2003), Adolescent in Single Parent Families, *in The Journal of Family Welfare, Vol. 49, N. 1, June 2003*

Gonzalez, L., (2003), *Single Mothers and Work,* Northwestern University

Gordon, B., D., Moretti, E., (2007), *The Demand for Sons,* University of California, San Diego and NBER

Graham, H., (1983), Caring: a Labour of Love, in: *A Labour of Love: Women, Work and Caring,* London, Routledge

Grozdanić, S., (2000), *Jednoroditeljske obitelji prema uzrocima njihova nastanka,* Studijski centar socijalnog rada, Pravni fakultet Sveucilista u Zagrebu

Dale. A., Ruspini. E., (2002), *The Gender Dimension of Social Change: the Contribution of Dynamic Research,* The Policy Press

Deutsch, F. M., (2001), Equally Shared Parenting, in *Journal of Current Directions in Psychological Science, N. 10, p. 25-28*

Diduck. A., (2006), *Family Law, Gender and the State*, Hart Publishing

Dienhart, A., (1998), *Reshaping Fatherhood - The Social Construction of Shared Parenting*, London, Sage Publications

Down. E. N., (1997), *In Defence of Single Parent Families,* NYU Press

Dumon. W., Family Policy in Europe Old and New Issues, in *Journal of Population and Social Security (Population) Vol.1 No.11*

Duncan, S., Edwards, R., (1999), *Lone Mothers, Paid Work and Gendered Moral Rationalities*, London, Macmillan Press Ltd.

Dunne, G.A., (1999), A Passion for 'Sameness'? Sexuality and Gender Accountability, in: *The New Family?*, London, Sage p.p. 66-82

Elliot, F. B., (1986), *The Family: Change or Continuity,* Macmillan Education

Ellwood. T. D., Jencks. C., (2002), *The Spread of Single-Parent Families in the United States since 1960*, Harvard University

Ferri, E., Smith, K., (1996), *Parenting in the 1990s*, Family Policy Studies Centre, London

Fišer. S., et all., (2006), *"ZA" i "O" jednoroditeljskim obiteljima,* Nacionalna i sveučilišna knjižnica, Zagreb

Fox, E., (2002), *Lone Fatherhood: Experience and Perception, Choice and Constraint*, University of Nottingham

Gerson, K., (1993), *No Man's Land: Men's Changing Commitments to Family and Work*, New York, Basic Books

Gerson, K., (1997), An Institutional Perspective on Generative Fathering, in *Hawkins, A.J., and Dollahite, D.C., (Eds) 1997, Generative Fathering: Beyond Deficit Perspectives, London, Sage p.p.36-51*

Hakim, C., (1996), *Female Heterogeneity and the Polarisation of Women's Employment*, London, The Athlone Press Ltd.

Hakim, C., (2003) *Competing Family Models, Competing Social Policies*, Summary of paper presented to the annual conference of the Australian Institute for Family Studies, London School of Economics

Hanson. S., (1994), *Single Parents: Diversity, Myths and Realities,* Rouledge, London

Hochschild, A.R., 1989, *The Second Shift*, New York, Avon Books Inc.

Jamieson, L., (1998), *Intimacy: Personal Relationships in Modern Societies*, Cambridge, Polity Press

Kazarcanin. L., Gajic. Z., Vulevic. D., (1988), *Samohrana porodica – polozaj i zastita dece i samohranih roditelja,* Zavod za proucavanje socijanih problema grada Beograda

Kerestec. G., (2001), *Roditeljsko ponasanje i obitelska klima u obiteljime samohranih majka,* Filozofski fakultet, Zagreb

Kiecolt, K. J., Acock, A. C., (1988). The Long - Term Effects of Family Structure on Gender - Role Attitudes, in *Journal of Marriage and the Family, No. 50, Vol. 3, p. 709 -717*

Kiernan. K., Land. H., Lewis. J., (1998*), Lone Motherhood in Twentieth-Century Britain*, Clarendon Press

Kinnear. L.K., (1999), *Single Parents: a Reference Handbook*, ABC-CLIO's

Lee. G. Y., Paulin. D. G., (2002), Expenditures of Single Parents: How Does Gender Figure in?, in: *Montly Labor Review*

Lewis. J., Hobson. B., Siim, B., (2002), *Contested Concepts in Gender and Social Politics*, Edward Elgar Publishing

Lewis. J., (2009), *Work-Family Balance, Gender and Policy*, Edward Elgar Publishing

*Lone Parents Experience of Isolation and Stigmatization*, (2006), Building Healthy Communities Programme, Research Report

Lupton, D., Barclay, L,, (1997), *Constructing Fatherhood: Discourses and Experiences*, London Sage

Maclean. M., (2003), *One Parents Families*, University of Oxford, Department of Social Policy

Mandel. H., (2009), *Family Policy and Gender Inequality Across Classes,* Department of Sociology, Tel-Aviv University

McKee, K., O'Brien, M., (1982), *The Father Figure*, London Tavistock

Milic, A., (2001), *Sociologija porodice*, Cigoja, Beograd

Milojkovic, M., Srna, J., Micovic, R., (1997), *Porodicna Terapija*, Centar za brak i porodicu, Beograd

Moreno. M. A., (2003), *The Persistence of Male Breadwinner Model in Southern European Countries in a Compared Perspective: Families', Employment and Family Policies*, Department of Sociology and Social Work, University of Valladolid, Spain

Morgan, D.H,J., (1996), *Family Connections: An Introduction to Family Studies*, Cambridge Polity Press & Blackwell Publishers Ltd.

Obradovic, J., Obradovic – Cudina, M., (2003), Potpora roditeljstva: izazovi i mogucnosti, u: *Revija za socijalnu politiku, br. 1, str. 45-68,* Uciteljska akademija, Sveuciliste u Zagrebu

Pecnik. N., Raboteg. S.Z., (2004), *Neformalna i formalna podrška jednoroditeljskim i dvoroditeljskim obiteljima,* Studijski centar socijalnog rada Pravni fakultet Sveučilište u Zagrebu

*Poverty and Social Exclusion among Lone-Parent Households,* (2008), European Commission, Community Action Programme on Social Exclusion

Practices that Promote and Protect the Rights of Specific Group, *in Growing the Sheltering Tree, Protecting Rights Thought Humanitarian Action,* (2002), Inter-Agency Standing Committee, United Nations

Prud'homme, N., (2004), *Changes in Family Structures in the World and Adaptation of Family Policies*, International Social Security Association

Pugh, A., (2005), *Selling Compromise: Toys, Motherhood, and the Cultural Deal,* SAGE Publications

Puljuz. V., (1994), *Socijalna politika i obitelj,* Pravni faultet, Sveuciliste u Zagrebu

Puljiz. V., (1999), Profili obiteljske politike, u *Revija za socijalnu politiku, Svezak 6, Br. 1*, Studijski centar socijalnog rada Pravnog fakulteta, Sveučilište u Zagrebu

Puljiz. V., Zrinščak. S., (2002), *Hrvatska obiteljska politika u europskom kontekstu*, Studijski centar socijalnog rada Pravnog fakulteta, Sveučilište u Zagrebu

Rabotek-Šaric, Z., Pecnik, N., (2009), *Stavovi prema samohranom roditeljstvu,* Studijski centar socijalnog rada, Pravni fakultet Sveučilište u Zagrebu, Zagreb

Ribbens, J., (1994), *Mothers and Their Children: A Feminist Sociology of Child Rearing*, London, SAGE Publications

Richmond. G., (2003), *Successful Single Parenting*, Harvest House Publishers

Robila. M., (2003), *Family Policy in Eastern Europe: Developments and Recommendations,* Queens College City University of New York

Rogers. R.H., (1998), *Poor Woman, Poor Children: American Poverty in the 1990's,* M.E. Sharpe

Ruddich S., (1990), *Maternal Thinking: Towards a Politics of Peace*, London, The Women's Press

Ruddich S., (1994), Thinking Mothers/Conceiving Birth, in: *Representations of Motherhood, New Haven CT*, Yale University Press, p.p. 29-45

Sabatelli, R.M., Waldron, R.J., (1995) Measurement Issues in the Assessment of the Experience of Parenthood, in *Journal of Marriage and the Family N. 57, p. 969-980*

Seidman, S., (1998), *Contested Knowledge: Social Theory in the Postmodern Era, (2nd. Ed)*, Oxford, Blackwell Publishers Ltd

Semyonov, M., Mandel, H., (2005), Family Policies, Wage Structures, and Gender Gaps: Sources of Earnings Inequality in 20 Countries, in *American Sociological Review, Vol. 70, p. 949 – 967,* The Hebrew University of

Jerusalem, Tel Aviv University, Israel and Israel University of Illinois at Chicago

Silva, E.B., (1996) *Good Enough Mothering?*, London, Routledge

Smart, C., Neale, B., (1999), *Family Fragments?*, Cambridge, Polity Press

Spicker, P., (2000), *The Welfare State: A General Theory*, Sage Publications Ltd, London

Stropnik. N., (1995), *Ciljevi, mjere i posledice populacijske i obiteljske politike,* Institut za ekonomska istrazivanja, Ljubljana

Stropnik. N., (1996), *Obiteljske politike u Europi,* Institut za ekonomska istrazivanja, Ljubljana

Valent. D., Vranic. J., Katalinic. D., (2008), *Samohrano roditeljstvo,* Odjel za izobrazbu uciteljica i odgoitelja predskolske djece, Zadar

Warin, J., at all., (1999), *Fathers, Work and Family Life*, London, Family Policy Studies Centre

## ***Литература од македонско потекло***

*Анкета на работната сила, 2011,* (2012), Државен завод за статистика

Борнарова. С., (нема година), *Семејна политика,* (учебник во подготовка), Филозофски факултет, Скопје

Вукович. Д., Перишиќ. Н., (2008), „Активна социјална политика – Содржина и предизвиците на промените", во *Врамување нова социјална политика,* Институт за социјална работа и социјална политика, Скопје

Доневска, М., (1999), *Теоретските основи на социјалната работа,* Филозофски факултет, Скопје

Европската конвенција за заштита на човековите права и темелните слободи на Советот на Европа (ЕЦХР-1950)

Европска социјална повелба

*Жените и мажите во Република Македонија*, (2012), Државен завод за статистика

Закон за азил и привремена заштита (Сл. Весник на РМ., бр. 19/2009)

Закон за бесплатна правна помош (Сл. Весник на РМ., бр. 161/2009)

Закон за домување (Сл. Весник на РМ., бр. 99/2009)

Закон за еднакви можности на жените и мажите (Сл. Весник на РМ, бр. 66/2006)

Закон за изменување и дополнување на Законот за за еднакви можности на жените и мажите (Сл. Весник на РМ, бр. 117/2008)

Закон за еднакви можности на жените и мажите (Сл. Весник на РМ, бр. 6/2012)

Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр. 170/2010)

Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ., бр. 93/2012)

Закон за здравствената заштита (Службен весник на РМ, бр. 43/2012)

Закон за здравственото осигурување (Службен весник на РМ, бр. 65/2012)

Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ., бр. 5/2012)

Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување (Сл. Весник бр. 16/04)

Закон за наследување (Сл. Весник на РМ, бр.47/1996)

Закон за одбрана (Сл. Весник на РМ., бр. 185/2011)

Закон за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. Весник бр. 98/2012)

Закон за работните односи (Сл. Весник на РМ., бр. 52/2012)

Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи (Сл. Весник бр. 25/2013)

Закон за семејството (Сл. Весник на РМ, бр. 80/2008)

Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството (Сл. Весник на РМ, бр. 67/2010)

Закон за социјалната заштита (Сл. Весник на РМ, бр. 79/2009)

Закон за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РМ, бр. 50/2010)

Закон за учебници за основно и средно образование (Сл. Весник на РМ., бр. 98/2008)

*Јавни установи за згрижување и воспитание на деца – детски градинки, 2011*, (2012), Државен завод за статистика

Јашари, Х., (2007), *Социологијата и родот, мажите и жените во современото општество*, Евро-Балкан Прес, Скопје

Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената

Котевска, М., Самојловска, В., (2005), *Организација и развој на центрите за социјална работа – информација*, ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје

Национален акционен план за вработување на Република Македонија (2011 – 2013)

Национален план за акција за родова рамноправност (2007 - 2012)

Национален акциски план за родова еднаквост (2013 – 2016)

Националната програма за развој на социјалната заштита (2011 – 2021)

Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија – Ревизија (2009), Влада на Република Македонија

Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија (2010 - 2020)

Национална стратегија за сексуалното и репродуктивното здравје во Република Македонија (2010-2020)

Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2012 – 2013 година.

Пекиншката декларација и Платформа за акција

Правилник за начинот за остварување на правото на постојана парична помош (Сл. Весник на РМ., бр. 122/2009)

Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на кприсниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице (Сл. Весник на РМ., бр. 54/2010)

Правилник за поблиските критериуми и начинот на избор на посвоител по електронски пат

Повелба за еднаквост на мажите и жените во локалниот живот 2006 година

*Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, дефинитивни податоци*, (2005), Државен завод за статистика

Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата (Сл. Весник на РМ,. Бр. 20/2010)

Светска декларација за жените во локалната самоуправа – 1998 година

*Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2011-2012,* (2012), Државен завод за статистика

Спировиќ – Трпеновска. Љ., (2008), *Семејно право*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје

Страмшак-Ѓуровска, Б., (2012), *Социјалната работа низ родова призма – ризици и услуги,* ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје

Стратегија за безбедно мајчинство на Република Македонија (2010 – 2015)

Стратегијата за демографски развој (2008 – 2015)

Стратегија за домување (2007-2012)

Стратегија за родова еднаквост 2013-2020 (Сл. Весник на РМ. бр. 6/12)

Стратегија за родова еднаквост на град Скопје

Устав на Република Македонија (Сл. Весник на РМ. бр. 52/1991)

## ПРИЛОЗИ

**ПРИЛОГ 1:** Прашалник за државни советници при МТСП (Сектор за социјална заштита и Сектор за еднакви можности)

**ПРИЛОГ 2:** Прашалник за градоначалници

**ПРИЛОГ 3:** Прашалник за претседател на Семеен суд

**ПРИЛОГ 4:** Прашалник за директори на центри за социјална работа

**ПРИЛОГ 5:** Прашалник за стручни работници од одделенија за непосредна социјална заштита во центри за социјална работа

**ПРИЛОГ 6:** Прашалник за стручни работници од одделенија за брак и семејство во центри за социјална работа

**ПРИЛОГ 7:** Прашалник за директорка на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола

**ПРИЛОГ 8:** Прашалник за претседателки на здруженија на самохрани родители

**ПРИЛОГ 9:** Прашалник за самохрани родители

**ПРИЛОГ 1:** Прашалник за државни советници при МТСП (Сектор за социјална заштита и Сектор за еднакви можности)

**1. Дали сметате дека постојното законодавство е прилагодено на потребите на самохраните родители?**

1.1. ДА (Ве молиме објаснете)

__________________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________________.

1.2. НЕ (Ве молиме наведете што сметате дека треба да се промени)

__________________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________________.

1.3. НЕ ЗНАМ

**2. Дали сметате дека постојното законодавство е родово сензитивно за потребите на самохраните родители?**

2.1. ДА (Ве молиме објаснете)

__________________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________________.

2.2. НЕ (Ве молиме наведете што сметате дека треба да се промени)

__________________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________________.

2.3. НЕ ЗНАМ

**3. Со оглед на фактот дека законската издршка чиј износ е над 5000 денари се пресметува како приход во домаќинството, дали сметате дека со тоа се врши еден вид на дискриминација на самохраните родители како корисници на социјална заштита?**

3.1. ДА (зошто?)

__________________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________________.

3.2. НЕ (зошто?)

__________________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________________.

3.3. НЕ ЗНАМ

**4. Со оглед на фактот дека самохран родител може да ја користи ППП до првите три години на детето и заклучно со првите 3 деца по ред на раѓање, сметате ли дека ваквата одредба врши рестикција и за самохраните родители, и за нивните деца?**

4.1. ДА (Ве молиме објаснете)

______________________________________________

______________________________________________.

4.2. НЕ (Ве молиме наведете што сметате дека треба да се промени)

______________________________________________

______________________________________________.

4.3. НЕ ЗНАМ

**5. Дали сметате дека по престанокот на правото на ППП, самохраниот родител добива соодветна социјална заштита префрлувајќи се на СПП, со оглед на фактот дека СПП е пониска од ППП?**

5.1. ДА (зошто?)

______________________________________________

______________________________________________.

5.2. НЕ (зошто?)

______________________________________________

______________________________________________.

5.3. НЕ ЗНАМ

**6. Дали соработувате со НВО кои работат на полето на заштита на самохраните родители?**

6.1. ДА (со кои и како?)

______________________________________________

______________________________________________.

6.2. НЕ (зошто?)

______________________________________________

______________________________________________.

**7. Дали соработувате со локалната самоуправа за унапредување на социјалниот и родовиот статус на самохраните родители?**

7.1. ДА (со кои и како?)

______________________________________________

______________________________________________.

7.2. НЕ (зошто?)

______________________________________________

______________________________________________.

**8. Што мислите дека треба да се направи за подобрување на социјалниот и родовиот статус на самохраните родители, како системско решение за покомплексна грижа?**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
_______.

**ПРИЛОГ 2:** Прашалник за градоначалници

**1. Во чл. 11 од Законот за социјалната заштита е определено дека општината, градот Скопје и општините на градот Скопје, обезбедуваат остварување на социјална заштита на бројни категории на лица во социјален ризик, меѓу кои и децата од еднородителски семејства. Какви мерки на заштита обезбедува Вашата општина за заштита на оваа категорија на лица?**

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
__________________________.

**2. Дали во Вашата општина се води евиденција за бројот на корисници на права од областа на социјалната заштита и по кои индикатори?**

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
___________________________________________.

**3. Дали Вашата општина има годишна програма за заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства?**

3.1. ДА 3.2. НЕ

**4. Дали Вашата општина има акциски планови за заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства?**

4.1. ДА 4.2. НЕ

**5. Дали до сега имате спроведено некои активности на полето на социјална заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства?**

5.1. ДА (како/колку)

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
_____.

5.2. НЕ

**6. Дали во Вашата општина постојат НВО кои работат на полето на заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства?**

6.1. ДА 6.2. НЕ

**7. Дали поддржувате НВО кои работат на заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства?**

7.1. ДА (како/колку)

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

_____.

7.2. НЕ

**8. Дали во иднина планирате да спроведете одредени активности на полето на социјална заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства?**

8.1. ДА (какви/со кого)

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

_____.

8.2. НЕ

**9. Дали на полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства соработувате со месноналежниот центар за социјална работа во Вашата општина?**

9.1. ДА 9.2. НЕ

**10. Дали од државата или меѓународни фонадации имате донации за реализација на одредени активности (проекти) на оваа проблематика?**

10.1. ДА (какви/со кого)

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

_____.

10.2. НЕ

**11. Дали сметате дека законите и другите подзаконски акти се прилагодени на потребите на самохраните родители?**

11.1. ДА 11.2. НЕ

**12. Доколку одговорот е НЕ, што сметате дека треба да се промени?**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________.

**13. Дали сметате дека законите се родово сензитивни кон корисниците на социјалните услуги, особено за самохраните родители?**

13.1. ДА 13.2. НЕ

**14. Доколку одговорот е НЕ, што сметате дека треба да се промени?**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________.

**ПРИЛОГ 3:** Прашалник за претседател на Семеен суд

1. **Од кога постои семејниот суд?** ___________ (година)

2. **Која е неговата цел?**

 ______________________________________________________________
 ______________________________________________________________
 ___________________________________.

3. **Дали сте задоволни од соработката со ЦСР од РМ?**

 3.1. ДА (Ве молам објаснете)

 ______________________________________________________________
 ___________________________________________________________.

 3.2. ДЕЛУМНО (Ве молам објаснете)

 ______________________________________________________________
 ___________________________________________________________.

 3.3. НЕ (Ве молам наведете што сметате дека треба да се промени)

 ______________________________________________________________
 ___________________________________________________________.

4. **Согласно законските одредби, ЦСР Ви доставува предлог за доверување на дете при развод на брак. Дали најчесто го прифаќате предлогот на ЦСР?**

 4.1. ДА (зошто?)

 ______________________________________________________________
 ___________________________________________________________.

 4.2. ПОНЕКОГАШ (зошто?)

 ______________________________________________________________
 ___________________________________________________________.

 4.3. НЕ (зошто?)

 ______________________________________________________________
 ___________________________________________________________.

5. **Статистичките податоци покажуваат дека, после развод на брак децата најчесто се доверуваат на мајките. Зошто најчесто донесувате таква одлука?**

 ______________________________________________________________
 ______________________________________________________________
 ______________________________________________________________
 __________________________.

6. **Дали ја земате предвид улогата на другиот родител во одгледувањето и воспитувањето на децата, при определувањето на висината на алиментацијата?**

6.1. ДА (зошто?)

____________________________________________________________
____________________________________________________________
________________________________________________________.

6.2. ДЕЛУМНО (зошто?)

____________________________________________________________
____________________________________________________________
________________________________________________________.

6.3. НЕ (зошто?)

____________________________________________________________
____________________________________________________________
________________________________________________________.

7. **Дали сметате дека постојното законодавство е прилагодено на потребите на самохраните родители?**

7.1. ДА (Ве молиме објаснете)

____________________________________________________________
____________________________________________________________
________________________________________________________.

7.2. НЕ (Ве молиме наведете што сметате дека треба да се промени)

____________________________________________________________
____________________________________________________________
________________________________________________________.

7.3. НЕ ЗНАМ

8. **Дали сметате дека постојното законодавство е родово сензитивно за потребите на самохраните родители?**

8.1. ДА (Ве молиме објаснете)

____________________________________________________________
____________________________________________________________
________________________________________________________.

8.2. НЕ (Ве молиме наведете што сметате дека треба да се промени)

____________________________________________________________
____________________________________________________________
________________________________________________________.

8.3. НЕ ЗНАМ

**9. Дали сте добиле обука за постапување по Закон за спречување и заштита од дискриминација?**

9.1. ДА (од кого) ____________________

9.2. НЕ

**10. Ако НЕ, дали сметате дека Ви е потребна обука?**

10.1. ДА 10.2. НЕ

**11. Дали сте добиле обука за постапување по Закон за еднакви можности на жените и мажите?**

11.1. ДА (од кого) __________________

11.2. НЕ

**12. Ако НЕ, дали сметате дека Ви е потребна обука?**

12.1. ДА 12.2. НЕ

**ПРИЛОГ 4:** Прашалник за директори на центри за социјална работа

1. **Во кои права и услуги од областа на социјалната заштита, како корисници ги препознавате самохраните родители т.е. еднородителските семејства?**

_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
____________________________________.

2. **Каков вид помош или услуги кон семејството најчесто се даваат во Вашиот центар за социјална работа?**

_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
____________________________________.

3. **Дали истите права и услуги им се на располагање и на еднородителските семејства?**

    3.1. ДА
    3.2. НЕ (зошто)

    ________________________________________
    _______________________________________.

4. **Дали како дирекотор/ка на центар за социјална работа учествувате во постапката за давање предлог за доверување на дете/деца на чување и воспитување кај еден од родителите, во случај на развод на брак?**

    4.1. ДА    4.2. НЕ    4.3. ПОНЕКОГАШ

5. **Дали понекогаш сте под притисок од локалното население за поголемо влијание во постапката за давање предлог за доверување на дете/деца на чување и воспитување кај еден од родителите?**

    5.1. ДА    5.2. НЕ    5.3. ПОНЕКОГАШ

6. **Дали сте вклучени во процесот на креирање политики за социјална (особено семејна) заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства?**

    6.1. ДА    6.2. НЕ    6.3. ПОНЕКОГАШ

7. **Дали сте вклучени во постапката за донесување/изменување на закони/подзаконски акти/стратегии/правилници за социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства?**

7.1. ДА 7.2. НЕ

8. **Дали на полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства соработувате со градоначалникот во Вашата општина?**

8.1. ДА 8.2. НЕ

9. **Доколку одговорот е ДА, како?**

__________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________.

**ПРИЛОГ 5:** Прашалник за стручни работници од одделенија за непосредна социјална заштита во центри за социјална работа

1. **Дали водите посебна евиденција за различните категории на корисници на постојана парична помош?**

   1.1. ДА    1.2. НЕ

2. **Дали водите евиденција за бројот на самохраните родители кои по завршувањето на правото на постојана парична помош, се префрлуваат на социјална парична помош?**

   2.1. ДА    2.2. НЕ

3. **Дали во Вашиот центар за социјална работа имате регистрирано самохран родител како корисник на постојана парична помош на возраст помеѓу 16 и 18 години?**

   3.1. ДА ________ (колку?)    3.2. НЕ

4. **На која возраст се најчесто самохраните родители корисници на постојана парична помош во Вашиот центар?**

   4.1. од 18 до 24
   4.2. од 25 до 29
   4.3. од 30 до 34
   4.4. од 35 до 40
   4.5. над 40 години

5. **Од која етничка припадност се најчесто самохраните родители кориснички на постојана парична помош во Вашиот центар?**

   5.1. македонска
   5.2. албанска
   5.3. ромска
   5.4. турска
   5.5. српска
   5.6. влашка
   5.7. бошњачка
   5.8. друго ________________ (наведете)

6. **Со кој степен на завршено образование се најчесто самохраните родители корисници на постојана парична помош во Вашиот центар?**

   6.1. без образование
   6.2. незавршено одновно
   6.3. основно образование
   6.4. средно образование
   6.5. високо образование
   6.6. магистратура
   6.7. докторат
   6.8.друго________________ (наведете)

7. **Со колку деца се најчесто самохраните родители корисници на постојана парична помош во Вашиот центар?**

   7.1. со едно

7.2. со две
7.3. со три

**8. Дали имате добиено некаква обука за работа со самохрани родители?**

8.1. ДА (од кого и за што)

________________________________________________________

________________________________________________________.

8.2. НЕ

**9. Доколку одговорот е НЕ, дали чувствувате потреба за обука?**

9.1. ДА (каква, за што)

________________________________________________________

________________________________________________________.

9.2. НЕ

**10. Дали имате добиено некаква родова обука?**

10.1. ДА (од кого и за што)

________________________________________________________

________________________________________________________.

10.2. НЕ

**11. Доколку одговорот е НЕ, дали чувствувате потреба за обука?**

11.1. ДА (каква, за што)

________________________________________________________

________________________________________________________.

11.2. НЕ

**ПРИЛОГ 6:** Прашалник за стручни работници од одделенија за брак и семејство во центри за социјална работа

## I. Индикатори за стручниот работник

**1. Пол** 1.1. машки 1.2. женски

**2. Возраст** ______ (наведете)

**3. Стручен профил:**

3.1. социјален работник
3.2. психолог
3.3. педагог
3.4. правник
3.5. друго ________________________ (наведете)

**4. Колку време работите на оваа проблематика?** ________ (наведете)

## II. Прашања за проблематиката: Доверување на дете/деца по развод на брак

**5. Кој вид проблеми најчесто ги воочувате кога работите со партнерите во постапката за доверување на деца при развод на брак? (одберете 3)**

5.1. насилно однесување на мажот кон жената
5.2. насилно однесување на жената кон мажот
5.3. неподготвеност на партнерите да ги прифатат нормите за работа на стручните лица
5.4. неподготвеност на мајката да го прифати фактот дека родителското право подеднакво им припаѓа на двата родители
5.5. неподготвеност на таткото да го прифати фактот дека родителското право подеднакво им припаѓа на двата родители
5.6.друго______________________________________________________________
______________________________________________________________________
________________________________ (наведете)

**6. Кои дополнителни знаења сметате дека Ви се потребни за полесно и покомпетентно справување со проблемите со кои се соочувате во текот на постапката за доверување на деца по развод на брак? (одберете 3)**

6.1. дефинирање на појасни процедури на процесуирање на комплексните случаи
6.2. развивање и/или зајакнување на мрежата на локални ресурси релевантни за решавање на проблемите
6.3. сеопфатно знаење за човековите конфликти во постапката на развод на брак и доверување на деца
6.4. зголемени знаења за родовиот аспект на постапката за доверување на деца при развод на брак
6.5. зголемување на свеста за потребата од надминување на традиционалното верување дека мајката е подобар родител од таткото
6.6.друго______________________________________________________________
________________________________ (наведете)

**7. Кои тешкотии и проблеми ги воочувате во поглед на стручната работа во постапката за доверување на деца при развод на брак? (одберете 3)**

7.1. проблеми кои се однесуваат на постоечките општествено-економски услови кои ја ограничуваат можноста за брза и стручна социјална работа
7.2. проблеми поврзани со природата на проблемот (агресивност, немотивираност на партнерите, емоционална тензија...)
7.3. проблеми поврзани со внатрешната организација и методологија на работа во центрите за социјална работа (законска регулатива, тимска работа, стручни постапки...)
7.4. проблеми поврзани со меѓусебната соработка на институциите кои работат на оваа проблематика (центри за социјална работа, судство, здравство, Министерство)
7.5. проблеми со непостоењето на ефикасни механизми за промена на тековните околности
7.6. проблеми со постоечките вградени предрасуди дека мајката е подобар родител од таткото
7.7.друго__________________________________________
____________________________________________________
___________________________ (наведете)

**8. Дали сте задоволни од квалитетот на соработката со Судот?**

8.1. ДА 8.2. НЕ 8.3. ДЕЛУМНО

**9. Дали Судот во најголем број случаи го прифаќа Вашиот предлог за доверување на детето/децата кај еден од родителите?**

9.1. ДА 9.2. НЕ 9.3. ДЕЛУМНО

**10. Ако Судот не го прифатил Вашиот предлог за доверување на дете кај еден од родителите, тоа најчесто се должи на:**

____________________________________________________
____________________________________________________.

**11. Дали во текот на постапката ги прашувате децата со кој родител сакаат да живеат?**

11.1. ДА 11.2. НЕ

**12. Доколку одговорот е ДА, која е минималната возраст на која треба да е детето за да се вреднува неговиот одговор?**

____________________ (наведете)

**13. Дали во Вашата пракса, полот на детето/децата влијае на Вашиот предлог за доверување на дете кај еден од родителите?**

13.1. ДА 13.2. НЕ

**14. Доколку одговорот е ДА, дали давате предлог детето да биде доверено кај родителот од истиот пол?**

14.1. ДА        14.2. НЕ

**15. Дали во Вашата пракса, возраста на детето/децата влијае на Вашиот предлог за доверување на дете кај еден од родителите?**

15.1. ДА        15.2. НЕ

**16. Доколку одговорот е ДА, дали помалите деца најчесто ги доверувате на мајката?**

16.1. ДА (зошто)

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________.

16.2. НЕ

**17. Дали во Вашата пракса, етничката припадност на родителите влијае на Вашиот предлог за доверување на дете кај еден од родителите?**

17.1. ДА (зошто)

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________.

17.2. НЕ

**18. Дали во Вашата пракса, возраста на родителите влијае на Вашиот предлог за доверување на дете кај еден од родителите?**

18.1. ДА (зошто)

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________.

18.2. НЕ

**19. Доколку одговорот е ДА, дали би довериле дете на малолетна мајка?**

19.1. ДА (зошто)

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________.

19.2. НЕ

**20. Согласно статистичките податоци, при бракоразводи, во најголем број случаи децата се доверуваат на мајката. Според Ваше мислење, тоа најчесто се должи на:**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
_________________________________________________________________.

**21. Дали во текот на постапката, односот на родителите спрема Вас влијае на Вашиот предлог за доверување на дете кај едниот од нив?**

21.1. ДА 21.2. НЕ

**22. Дали во Вашата пракса имате обичај да давате предлог за доверување на децата кај родителот од Вашиот пол?**

22.1. ДА 22.2. НЕ

**23. Дали по завршувањето на постапката за развод и по доверувањето на децата, на родителите кои се стекнале со статусот самохран родител им давате некакво советување/помош за правата кои ги има како самохран родител?**

23.1. ДА (што)

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________.

23.2. НЕ

**24. Дали по завршувањето на постапката за развод и по доверувањето на децата, родителите кои се стекнале со статусот самохран родител ги запознавате со последиците од самохраното родителство?**

24.1. ДА (што)

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________.

24.2. НЕ

**25. Дали имате добиено некаква обука за работа со самохрани родители?**

25.1. ДА (од кого и за што)

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________.

25.2. НЕ

**26. Доколку одговорот е НЕ, дали чувствувате потреба за обука?**

26.1. ДА (каква, за што)

______________________________________________________________

______________________________________________________________.

26.2. НЕ

**27. Дали имате добиено некаква родова обука?**

27.1. ДА (од кого и за што)

______________________________________________________________

______________________________________________________________.

27.2. НЕ

**28. Доколку одговорот е НЕ, дали чувствувате потреба за обука?**

28.1. ДА (каква, за што)

______________________________________________________________

______________________________________________________________.

28.2. НЕ

**ПРИЛОГ 7:** Прашалник за директорка на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола

1. **Какви услуги од областа на социјалната заштита (освен домување, исхрана, облекување, нега и грижа) им нудите на самохрана невработена бремена жена и самохран родител до 3 месечна возраст на детето?**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
__________________________________________________.

**2. Согласно чл. 116 од Законот за социјалната заштита, во Вашата Установа може да се организира привремено сместување и престој на самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето. Дали имате евиденција на бројот на бремени самохрани невработени жени на годишно ниво?**

2.1. ДА (пополнете ја табелата) 2.2. НЕ

| година | број | година | број |
|---|---|---|---|
| 2001 | | 2006 | |
| 2002 | | 2007 | |
| 2003 | | 2008 | |
| 2004 | | 2009 | |
| 2005 | | 2010 | |
| 2011 | | 2012 | |

3. **Дали во Вашата установа досега сте имале сместено самохран татко до тримесечна возраст на детето?**

3.1. ДА (пополнете ја табелата) 3.2. НЕ

| година | број | година | број |
|---|---|---|---|
| 2001 | | 2006 | |
| 2002 | | 2007 | |
| 2003 | | 2008 | |
| 2004 | | 2009 | |
| 2005 | | 2010 | |
| 2011 | | 2012 | |

4. **Дали имате развиено посебни програми за работа со самохрани мајки и самохрани татковци?**

4.1. ДА (во што е разликата)

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
______.

4.2. НЕ

**5. На која возраст се најчесто самохраните невработени бремени жени еден месец пред породувањето и самохраните родители до тримесечна возраст на детето, кои користат услуги од Вашата установа?**

| МАЈКИ | ТАТКОВЦИ |
|---|---|
| 5.1. од 18 до 24 | 5.1. од 18 до 24 |
| 5.2. од 25 до 29 | 5.2. од 25 до 29 |
| 5.3. од 30 до 34 | 5.3. од 30 до 34 |
| 5.4. од 35 до 40 | 5.4. од 35 до 40 |
| 5.5. над 40 години | 5.5. над 40 години |

**6. Од која етничка припадност се најчесто самохраните невработени бремени жени еден месец пред породувањето и самохраните родители до тримесечна возраст на детето, кои користат услуги од Вашата установа?**

| МАЈКИ | ТАТКОВЦИ |
|---|---|
| 6.1. македонска | 6.1. македонска |
| 6.2. албанска | 6.2. албанска |
| 6.3. ромска | 6.3. ромска |
| 6.4. турска | 6.4. турска |
| 6.5. српска | 6.5. српска |
| 6.6. влашка | 6.6. влашка |
| 6.7. бошњачка | 6.7. бошњачка |
| 6.8. друго ___________ (наведете) | 6.8. друго ___________ (наведете) |

7. **Со кој степен на завршено образование се најчесто самохраните невработени бремени жени еден месец пред породувањето и самохраните родители до тримесечна возраст на детето, кои користат услуги од Вашата установа?**

| МАЈКИ | ТАТКОВЦИ |
|---|---|
| 7.1. без образование | 7.1. без образование |
| 7.2. незавршено основно | 7.2. незавршено основно |
| 7.3. основно образование | 7.3. основно образование |
| 7.4. средно образование | 7.4. средно образование |
| 7.5. високо образование | 7.5. високо образование |
| 7.6. магистратура | 7.6. магистратура |
| 7.7. докторат | 7.7. докторат |
| 7.8. друго _________ (наведете) | 7.8. друго _________ (наведете) |

**8. Дали имате евиденција за бројот на самохраните невработени бремени жени еден месец пред породувањето и самохраните родители до тримесечна возраст на детето, сместени во згрижувачко семејство (и дали се сместуваат со децата или без)**

8.1. ДА (пополнете ја табелата) ` 8.2. НЕ

| година | СО деца | БЕЗ деца | година | СО деца | БЕЗ деца |
|---|---|---|---|---|---|
| 2001 | | | 2006 | | |
| 2002 | | | 2007 | | |
| 2003 | | | 2008 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | 2009 | | |
| 2005 | | | 2010 | | |
| 2011 | | | 2012 | | |

**9. Дали, на годишно ниво, имате податоци за бројот на самохраните невработени бремени жени еден месец пред породувањето и самохраните родители до тримесечна возраст на детето, кои сте ги убедиле да ги задржат децата?**

9.1. ДА (пополнете ја табелата) 9.2. НЕ

| година | број на МАЈКИ | број на ТАТКОВЦИ | година | број на МАЈКИ | број на ТАТКОВЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2001 | | | 2006 | | |
| 2002 | | | 2007 | | |
| 2003 | | | 2008 | | |
| 2004 | | | 2009 | | |
| 2005 | | | 2010 | | |
| 2011 | | | 2012 | | |

**10. Дали во Вашата установа имате сместено самохрана бремена невработена жена и самохран родител до 3 месеци на детето, на возраст помеѓу 16 и 18 години, на годишно ниво?**

10.1. ДА (пополнете ја табелата) 10.2. НЕ

| година | број на МАЈКИ | број на ТАТКОВЦИ | година | број на МАЈКИ | број на ТАТКОВЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2001 | | | 2006 | | |
| 2002 | | | 2007 | | |
| 2003 | | | 2008 | | |
| 2004 | | | 2009 | | |
| 2005 | | | 2010 | | |
| 2011 | | | 2012 | | |

**11. Доколку одговорот е ДА, колку од нив на годишно ниво сте ги убедиле да ги задржат децата?**

| година | број на МАЈКИ | број на ТАТКОВЦИ | година | број на МАЈКИ | број на ТАТКОВЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2001 | | | 2006 | | |
| 2002 | | | 2007 | | |
| 2003 | | | 2008 | | |
| 2004 | | | 2009 | | |
| 2005 | | | 2010 | | |
| 2011 | | | 2012 | | |

**12. Дали на самохрана бремена невработена жена или самохран родител до 3 месеци на детето, кои сте ги убедиле да го задржат детето, при**

**напуштањето на Вашата установа им давате некакво советување/помош за правата кои ги имаат како самохран родител?**

12.1. ДА (што)

____________________________________________________________

____________________________________________________________.

12.2. НЕ

**13. Дали на самохрана бремена невработена жена и самохран родител до 3 месеци на детето, кои сте ги убедиле да го задржат детето, при напуштањето на Вашата установа им ги воочувате и последиците од самохраното родителство и проблемите со кои можат да се соочат?**

13.1. ДА (што)

____________________________________________________________

____________________________________________________________.

13.2. НЕ

**14. Дали Вие или вработените во Вашата установа имате добиено некаква обука за работа со самохрани родители?**

14.1. ДА (од кого и за што)

____________________________________________________________

____________________________________________________________.

14.2. НЕ

**15. Доколку одговорот е НЕ, дали сметате дека Ви е потребна?**

15.1. ДА (каква, за што)

____________________________________________________________

____________________________________________________________.

15.2. НЕ

**16. Дали Вие или вработените во Вашата установа имате добиено некаква родова обука?**

16.1. ДА (од кого и за што)

____________________________________________________________

____________________________________________________________.

16.2. НЕ

**17. Доколку одговорот е НЕ, дали сметате дека Ви е потребна?**

17.1. ДА (каква, за што)

____________________________________________________________

____________________________________________________________.

17.2. НЕ

## **ПРИЛОГ 8:** Прашалник за претседателки на здруженија на самохрани родители

ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

1. **Пол** 1.1. машки 1.2. женски

2. **Националност**
   - 2.1. Македонец/ка 2.2. Албанец/ка
   - 2.3. Турчин/ка 2.4. Ром/ка
   - 2.5. Влав/инка 2.6. Србин/ка
   - 2.7. Бошњак/чка 2.8. друго ___________

3. **Возраст** ______ (наведете)

4. **Степен на завршено образование**
   - 4.1. без образование
   - 4.2. незавршено основно образование
   - 4.3. основно училиште
   - 4.4. специјално основно училиште
   - 4.5. посебна паралелка во основно училиште
   - 4.6. средно училиште
   - 4.7. специјално основно училиште
   - 4.8. високо образование
   - 4.9. магистратура
   - 4.10. докторат

5. **Работен статус**
   - 5.1. вработен/а
   - 5.2. невработен/а
   - 5.3. ученик/чка – студент/ка
   - 5.3. домаќин/ка
   - 5.5. пензионер/ка
   - 5.6. лице неспособно з аработа
   - 5.7. друго _________________________________ (наведете)

**ПРАШАЊА ЗА РАБОТАТА**

**6. Која година го основавте Вашето здружение?** ________ (наведете)

**7. Која беше основната идеја (мотив) за основање на Здружението?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

_____________________________________.

**8. Колку члена брои Вашето здружение и нивна распределеност по пол?**

| | |
|---|---|
| **Број на женски членови** | |
| **Број на машки членови** | |
| **ВКУПЕН број на членови** | |

**9. Според Ваше мислење, кои се најголемите проблеми со кои се соочуваат самохраните родители?**

____________________________________________________________
____________________________________________________________
______________________________________.

**10. Која е главната цел на Вашето здружение?**

____________________________________________________________
____________________________________________________________
______________________________________.

**11. Кои методи ги применувате во Вашата работа?**

____________________________________________________________
____________________________________________________________
______________________________________.

**12. Дали во Вашата работа применувате исти методи за работа со самохраните мајки и самохраните татковци?**

12.1. ДА (зошто)

____________________________________________________________
________________________________________.

12.2. НЕ (зошто)

____________________________________________________________
________________________________________.

**13. Дали Вашето здружение има издадено некаква публикација?**

13.1. ДА (каква)

____________________________________________________________
________________________________________.

13.2. НЕ

**14. Дали на полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства соработувате со месноналежниот ЦСР во Вашата општина?**

14.1. ДА 14.2. НЕ

**15. Дали на полето на социјална заштита на самохраните родители и децата од еднородителски семејства соработувате со градоначалникот во Вашата општина?**

15.1. ДА 15.2. НЕ

**16. Со кои НВО и други организации соработувате?**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
____________________________________________.

**17. На кое ниво дејствувате?**

17.1. локално
17.2. национално
17.3. меѓународно

**18. Дали Вие сте самохран родител?**

18.1. ДА 18.2. НЕ

* **Доколку Вие сте самохран родител,** Ве молам пополнете го и прашалникот за самохрани родители. Нема потреба да се осговорат следните прашања од овој прашалник.

* **Доколку Вие не сте самохран родител,** Ве молам продолжете со пополнување на овој прашалник

**19. Ако Вие не сте самохран родител, кој Ви беше мотивот за основање на ваков вид на Здружение?**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
____________________________________________.

**20. Дали сте задоволни од формите на заштита кои државата ги нуди на самохраните родители во Република Македонија?**

20.1. ДА (крај на прашалникот) 20.2. НЕ

**21. Доколку не сте задоволни, наведете што сметате дека државата треба да направи за подобрување на семејната политика во поглед на подобрување на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители во Република Македонија.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
____________________________

**ПРИЛОГ 9:** Прашалник за самохрани родители

1. **Пол** 1.1. машки 1.2. женски

2. **Место на живеење:** 2.1. село 2.2. град

3. **Националност**
   3.1. македонец/ка 3.2. албанец/ка
   3.3. турчин/ка 3.4. ром/ка
   3.5. влав/инка 3.6. србин/ка
   3.7. бошњак/чка 3.8. друго ___________

4. **Возраст** ______ (наведете)

5. **Степен на завршено образование**
   5.1. без образование
   5.2. незавршено основно образование
   5.3. основно училиште
   5.3. специјални основно училиште
   5.5. посебна паралелка во основно училиште
   5.6. средно училиште
   5.7. специјално основно училиште
   5.8. високо образование
   5.9. магистратура
   5.10. докторат

6. **Работен статус**
   6.1. вработен/а
   6.2. невработен/а
   6.3. ученик/чка – студент/ка
   6.4. пензионер/ка
   6.5. лице неспособно з аработа
   6.6. друго ________________________________ (наведете)

7. **Наведете го изворот и висината на Вашите приходи**
___________________________________________________________

8. **Дали висината на Вашите приходи ги задоволува Вашите потреби и потребите на Вашите деца?**
   8.1. ДА 8.2. НЕ

9. **Дали сте здравствено осигурани?**
   9.1. ДА 9.2. НЕ

10. **Како се стекнавте со статусот на самохран родител?**

10.1. со развод на брак
10.2. со разделување од партнерот
______________________________________________ (наведете ја причината)
10.3. по смрт на партнерот

10.4. по самостојна одлука да родам дете
10.5. друго ______________________________ (наведете)

**11. Колку време сте самохран родител?** ____________ (наведете)

**12. На која возраст станавте самохран родител?** ________ (наведете)

**13. Со кого живеете?**
13.1. сами со децата во сопствен стан
13.2. сами со децата во стан во сопственост на моите родители/роднини
13.3. сами со децата во стан под закуп
13.4. со децата и со родителите во заедничко домаќинство
13.5. со децата и со други роднини во заедничко домаќинство
13.6. со децата во стан во сопственост на поранешниот партнер
13.7. друго ______________________________ (наведете)

**14. Вкупен број на членови на Вашето домаќинство _____ (наведете)**

**15. По Ваше мислење, какви се станбените услови во кои живеете?**
15.1. многу добри
15.2. добри
15.3. задоволувачки
15.4. лоши

**16. Дали некогаш сте се почувствувале дискриминирани поради статусот на самохран родител?**
16.1. ДА (од кого)
16.1.1. родителите
16.1.2. роднините
16.1.3. колегите/колешките на работа
16.1.4. соседите
16.1.5. пошироката заедница
16.1.6. работодавецот
16.1.7. службени лица (ЦСР, образование, здравство..)
16.1.8. друго ______________________ (наведете)

16.2. НЕ

**17. Дали како самохран родител сте се почувствувале дискриминирани поради полот?**
17.1. ДА 17.2. НЕ

**18. Ако ДА, како?**
____________________________________________________________
_____________________________________________ (наведете)

**19. Дали сте се соочиле со дискриминација на пазарот на труд поради статусот самохран родител?**
19.1. ДА 19.2. НЕ

**20. Ако ДА, како?**
____________________________________________________________
_____________________________________________ (наведете)

**21. Број на деца:**

21.1. 1 дете на возраст од ____________ години
21.2. 2 деца на возраст од ____ и ____ години
21.3. 3 деца на возраст од ___, ___ и ___ години
21.4. 4 и повеќе деца на возраст од ________________ години.

**22. Кога станавте самохран родител, со кои проблеми Ви беше најтешко да се соочите? (заокружете 3 одговори)**

22.1. влошување на финансиската ситуација
22.2. нова љубовна врска/брак на Вашиот/та партнер/ка
22.3. неприфаќање/отфрлање од страна на Вашите родители
22.4. промена на местото на живеење
22.5. прекин или влошување на контактите со поширокото семејство
22.6. соочување со предрасудите и стереотипите од околината
22.7. проблеми со децата поради настанатата ситуација
22.8. друго ____________________________________________ (наведете)

**23. Дали сте запознаени/информирани за Вашите права како самохран родител?**

23.1. ДА 23.2. НЕ

**24. Ако да, како се информиравте:** (можни се повеќе одговори)

24.1. од родителите/роднините
24.2. од пријатели
24.3. од стручни работници во ЦСР
24.4. од други службени лица _______________________ (наведете кои)
24.5. сами (читав Закони)
24.6. од медиуми
24.7. од НВО
24.8. од локалната заедница
24.9. друго ___________________________________ (наведете)

**25. Дали добивате некаква помош од центарот за социјална работа во Вашата општина?**

25.1. ДА 25.2. НЕ

**26. Ако да, каква?** (можни се повеќе одговори)

26.1. користам социјална парична помош
26.2. користам постојана парична помош
26.3. користам детски додаток
26.4. користам родителски додаток
26.5. добивам советодавна и/или советувалишна работа
26.6. добивам психо-социјална помош и поддршка од вработените
26.7. друго ___________________________________ (наведете)

**27. Ако Вашето дете оди на училиште, дали како самохран родител добивате попусти/помош од училиштето?**

27.1. ДА 27.2. НЕ

**28. Ако ДА, како?**

____________________________________________________________________
________________________________________ (наведете)

**29. Дали како самохран родител добивате некаква помош од општината (локалната заедница) во која живеете?**

29.1. ДА 29.2. НЕ

**30. Ако ДА, каква?**

_______________________________________________________________

_____________________________________ (наведете)

**31. Од кој од срединатa добивате најмногу поддршка?** (можни се повеќе одговори)

31.1. од родителите
31.2. од родниините
31.3. од соседите
31.4. од колегите/колешките на работа
31.5. од поранешниот партнер
31.6. од сегашниот партнер
31.7. од членови на семејството на поранешниот партнер
31.8. од членови на семејството на сегашниот партнер
31.9. од црквата
31.10. од Невладини организации во Вашата општина
31.11. друго ______________________ (наведете)

**32. Дали Вашето дете/деца има контакти со другиот родител?**

32.1. да, редовно
32.2. повремено
32.3. не

**33. Дали другиот родител има обврска (по судска одлука) да плаќа алиментација за детето/децата?**

33.1. ДА 33.2. НЕ

**34. Ако ДА, дали ја плаќа?**

34.1. да, редовно
34.2. повремено
34.3. воопшто не ја плаќа

**35. Дали сте задоволни од формите на заштита кои државата ги нуди на самохраните родители во Република Македонија?**

35.1. ДА (крај на прашалникот) 35.2. НЕ

**36. Ако НЕ, наведете што сметате дека државата треба да направи за подобрување на семејната политика во поглед на подобрување на родовиот и социјалниот статус на самохраните родители во Република Македонија.**

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
__________________________.